# ОСНОВИ НА БИБЛИЈАТА

Прирачна студија

која ја открива радоста

и спокојството

на вистинското

христијанство

DUNCAN  HEASTER

**The Christadelphian Advancement Trust**

**49 The Woodfields, Sanderstead, Surrey, CR2 0HJ England**

**Registered Charity No. 1014651**

“Bible Basics” in Macedonian

Duncan Heaster

Carelinks, PO Box 152, Menai NSW 2234 AUSTRALIA

www.carelinks.net   info@carelinks.net

## Вовед

Сите човечки суштества кои прифатиле дека **има** Бог, и дека Библијата е Негово откровение до човекот, треба озбилно да се приложат, на откривање на нејзината основна порака. Многу од нив нарекувајќи се 'христијани' прават сиромашна работа при тоа, неколку стихови од Новиот завет во недела, Библија некаде во домот која никогаш не е отворена, матно помнење на грст приказни од Библијата. Не е ни чудо дека со таков лежерен став кон Божјото моќно Слово на вистина, има толку многу забуна и несигурност во животот и свеста на многу.

Од друга страна, ги има оние со мала христијанска позадина кои одлучиле да се обидат да ја дознаат библиската порака, но наоѓаат дека при секој приод им се нуди еден пакет на доктрини и човечки филозофии кои **нетемелно** ги одразуваат зборовите на Библијата.

Намера на 'Основи на Библијата' е да ја анализира пораката библиска на активно, систематичен начин. Обликувана е да се чита како книга, или алтернативно да се користи за дописен курс. Одговори на прашањата при крајот на секоја студија може да се испратат на долу наведената адреса; вашите одговори потоа ќе се предадат до личен тутор кој ќе кореспондира со вас во текот на понатамошниот прогрес низ студиите. Се цени дека некои читатели ќе се срамат од идејата за одговарање на прашања, но повеќе би **прашувале** за некои работи кои им се нејасни, или не ќе се сложуваат со даденото толкување. Повторно, ако таа кореспонденција се испрати на адресата долу, ќе се дадат особни одговори.

Убедување на авторот е дека основната порака на Библијата е многу јасна. Меѓутоа, секогаш ќе има пасуси и теми кои изгледаат површно во несклад со главната тема од Писмото. Некои од нив како и други аспекти на евангелието кои би интересирале само некои читатели се расправани во Освртите. Можно е да се сфати библиската основна порака без читање на Освртите, но е предвидено дека читателите ќе читаат низ повеќето од нив. Библискиот превод главно користен во овие студии е ИИ издание од Светото Писмо. Меѓутоа, каде што има нејаснотии при обработката, цитирани се: Тхе Ревисед Версион (Р.В.),

Ревисед Стандард Версион (Р.С.В.), Ревисед Аутхоризед Версион (Р.А.В.) и Нењ Интернатионал Версион (Н.И.В.).

Има многу луѓе на кои треба да им се заблагодари за нивната помош во издавањето на оваа книга; посебно сум задолжен на Цливе Риверс за мајсторските серии на фотографии што ги дарува, и на оние кои коментираа на нацртите. Меѓутоа мојот главен долг лежи во стотиците луѓе во Африка, Карибите,Филипините и источна Европа, чии прашања и жед за вистина ме присилија да промислувам низ Библиските Основи повторно нивната убавина и сила само се зголемува со гледањето од толку различни агли. Во претрпани таџи-и, на отворени трактори и комбиња, од хотелски сали до запурни балкони, овие теми се расправани со библиски ученици од сите области на животот. Моите христаделфијански браќа со кои имав привилегија да работам, беа неисцрпен извор на сила и помош. Материјалот на многу од Освртите во оваа книга беше често расфрлуван меѓу нас во хотелски соби, после една измешана седница со група на студенти од библискиот дописен курс. Дружењето и пријателството кое доаѓа од заедничката поврзаност од овие основни учења на библиската вистина е сигурно ненадминливо во човечкото искуство. Така, на сите "мои соработници за царството Божјо" им оддавам признание, надевајќи се дека ќе го најдат овој том од помош во големото дело за издавање на вистинското евангелие "до сите народи".

Сфаќањето на стварната вистина на евангелието како што е учено во библиските страници ќе се одрази на секој дел од нашиот живот, водејќи ги луѓето од целиот свет исправно да му оддадат слава на Бога како што одредил, и сега и за вечност. Секој што ја наоѓа вистината наоѓа "бесценет бисер", и ќе ги знае чувствата на Јеремија за себе: "Ги најдов зборовите Твои и ги проголтав; Твоето слово ми беше за радост и веселба на срцето мое" (Јер.15:16). Да се постигне тоа, треба да се побара Божја помош во молитва за разбирање на словото пред зафаќањето со секоја од овие студии. "А сега... ве предавам на Бога и на словото од Неговата благодат; Он може да ве унапреди подобро и да ви даде наследство меѓу сите осветени" (Дела 20:32). **Д.Х.**

Прашањата на крајот од поглавјата се од два вида: повеќекратен избор (каде треба да се одбере еден од наведените одговори на прашањето), и обични прашања за кои треба неколку реченици во одговор. Напиши ги своите одговори на посебен лист хартија, не заборавајќи да го напишеш читко името и адресата. **Одговорите можат да се испратат на адреса:**

Библе Басицс, П.О. 49 Тхе Њоодфиелдс, Сандерстеад, Сурреѕ ЦР2 0XJ ЕНГЛАНД

## КРАТЕНКИ УПОТРЕБУВАНИ ЗА КНИГИТЕ ОД БИБЛИЈАТА:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Битие | - Бит. | Матеј | -Мт. |
| Исход | - Исх. | Марко | -Мк. |
| Левит | - Лев. | Лука | -Лк. |
| Броеви | - Бро. | Јован | -Јв. |
| 5Мојсеева | - 5Мој. | Јаков | -Јак. |
| Судии | - Суд. | 1Петар | -1Пет. |
| 1Царства | - 1Цар. | 2Петар | -2Пет. |
| 2Царства | - 2Цар. | 1Јован | -1Јв. |
| 3Царства | - 3Цар. | 2Јован | -2Јв. |
| 4Царства | - 4Цар. | 3Јован | -3Јв. |
| 1Летописи | - 1Лет. | Римјани | -Рим. |
| 2Летописи | - 2Лет. | 1Коринтјани | -1Кор. |
| Неемија | - Неем. | 2Коринтјани | -2Кор. |
| Псалми | - Пс. | Галатјани | -Гал. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изреки | - Изрек. | Ефесјани | -Еф. |
| Проповедник | - Проп. | Филипјани | -Филип. |
| Исаија | - Иса. | Колосјани | -Кол. |
| Јеремија | - Јер. | 1Солунјани | -1Сол. |
| Језекија | - Јез. | 2Солунјани | -2Сол. |
| Даниел | - Дан. | 1Тимотеја | -1Тим. |
| Осија | - Ос. | 2Тимотеја | -2Тим. |
| Михеј | - Мих. | Евреите | -Евр. |
| Авакум | -Авак. | Откровение | -Отк. |
| Софонија | - Соф. | Спореди | -ср. |
| Захарија | - Зах. | Стих | -в. |
| Малахија | - Мал. | Стихови | -вс. |

**Основи на Библијата**
**Дел 1:**

**‘Евангелието за царството Божјо’**

**Студија 1: Бог.........................................................................................................1**

1.1 Постоењето на Бог........................................................................................1

1.2 Личноста Божја...............................................................................................2

1.3 Божјото Име и карактер..................................................................................7

1.4 Ангели................................................................................................................9

Осврт 1: Бог е Дух...................................................................................14

Осврт 2: Употребата на Божјото Име.............................................................16

Осврт 3: Божјо објавување.............................................................................17

**Студија 2: Божјиот Дух...................................................................................23**

2.1 Дефиниција..........................................................................................23

2.2 Вдахновение........................................................................................26

2.3 Дарови на Светиот Дух.............................................................32

2.4 Повлекувањето на даровите.........................................................................45

2.5 Библијата единствениот авторитет..........................................................50

Осврт 4: Дали е Светиот Дух личност?...........................................................51

Осврт 5: Принципот на олицетворување...........................................................55

Осврт 6: Калвинизам.......................................................................................57

Осврт 7: ‘и ќе примите дар од Светиот Дух’......................................................59

Осврт 8: ‘А знаците на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие’............63

**Студија 3: Божјите ветувања...........................................................................68**

3.1 Вовед..................................................................................................................68

3.2 Ветувањето во Едем...............................................................................70

3.3 Ветувањето до Ное...............................................................................75

3.4 Ветувањето до Авраам...............................................................................77

3.5 Ветувањето до Давид...............................................................................86

Осврт 9: Пропаста на небесата и земјата.........................................................90

Осврт 10: Тврдењата на ‘Британскиот Израелизам’......................................92

**Студија 4: Бог и смрт........................................................................................97**

4.1 Природата на човекот...............................................................................97

4.2 Душата..................................................................................................................99

4.3 Духот на човекот...............................................................................101

4.4 Смртта е бесвесност...............................................................................103

4.5 Воскресението.....................................................................................104

4.6 Судот..................................................................................................................106

4.7 Местото на награда: небесата или земјата?..............................................109

4.8 Одговорноста кон Бога........................................................................110

4.9 Пекол........................................................................................................114

Осврт 11: Чистилиште................................................................................119

Осврт 12: Духови и препородување..........................................................120

Осврт 13: Со каква природа сме воскреснати?.........................................120

Осврт 14: Опфатеност.................................................................................122

**Студија 5: Божјото царство..................................................................127**

5.1 Дефинирање на царството...................................................................127

5.2 Царството не е сега воспоставено.......................................................128

5.3 Царството Божјо во минатото...............................................................130

5.4 Царството Божјо во иднина..................................................................135

5.5 Милениумот............................................................................................139

Осврт 15: Буквалноста на царството........................................................142

Осврт 16: Збир на израелската историја...................................................143

**Студија 6: Бог и зло................................................................................149**

6.1 Бог и зло..................................................................................................149

6.2 Ѓаволот и сатаната.................................................................................152

6.3 Демони....................................................................................................157

Осврт 17: Вештерство.................................................................................167

Осврт 18: Што се случи во Едем?........................................................................171

Осврт 19: Луцифер..........................................................................................174

Осврт 20: Искушенијата на Исус......................................................................176

Осврт 21: ‘Војна на небото’...............................................................................180

**Дел 2:**

**‘и за името на Исуса Христа’ (Дела 8:12)**

**Студија 7: Потеклото на Исус..........................................................................189**

7.1 Пророштва во Стариот завет за Исус...........................................................189

7.2 Девственото раѓање.........................................................................................191

7.3 Христовото место во Божјиот план................................................................194

7.4 ‘Во почетокот беше Словото’..........................................................................196

Осврт 22: Историскиот Исус.............................................................................200

Осврт 23: ‘Слегов од небото’.............................................................................203

Осврт 24: Дали Исус ја создаде земјата?.........................................................205

Осврт 25: ‘Јас постојам уште пред да се роди Авраам’..................................206

Осврт 26: Мелхиседек.......................................................................................207

**Студија 8: Природата на Исус.........................................................................213**

8.1 Вовед..............................................................................................................213

8.2 Разлики помеѓу Бога и Исуса..........................................................................214

8.3 Природата на Исус..........................................................................................215

8.4 Човечноста на Исус.......................................................................................217

8.5 Божјиот однос со Исуса.......................................................................................220

Осврт 27: ‘Беше во обличје Божјо’.......................................................................221

**Студија 9: Победата на Исус.......................................................................227**

9.1 Победата на Исус.......................................................................................227

9.2 Крвта на Исус.......................................................................................230

9.3 Понудата за нас и за самиот себе.......................................................................233

9.4 Исус како наш претставник.......................................................................235

9.5 Исус и законот Мојсеев.......................................................................236

9.6 Саботата.......................................................................................240

Осврт 28: Распетието.......................................................................................243

Осврт 29: Дали Исус се роди на 25 декември?.......................................................................244

**Студија 10: Крштевањето во Исуса.......................................................................248**

10.1 Суштественото значење на крштевањето.......................................................................248

10.2 Како треба да сме крстени?.......................................................................250

10.3 Значењето на крштевањето.......................................................................253

10.4 Крштевањето и спасението.......................................................................254

Осврт 30: Повторното крштевање.......................................................................258

Осврт 31: Степенот на знаење потребен за крштевање.......................................................................259

Осврт 32: Распнатиот крадец.......................................................................267

Осврт 33: Еден пример на крштевка.......................................................................269

**Студија 11: Животот во Христа.......................................................................276**

11.1 Вовед...................................................................................................276

11.2 Светост................................................................................................276

11.2.1 Употреба на сила...............................................................................277

11.2.2 Политика............................................................................................278

11.2.3 Светски задоволства.........................................................................280

11.3 Практичен христијански живот..........................................................281

11.3.1 Библиско проучување........................................................................281

11.3.2 Молитва..............................................................................................282

11.3.3 Проповедање.....................................................................................282

11.3.4 Живот во еклезијата..........................................................................283

11.3.5 Кршење леб........................................................................................287

11.4 Брак......................................................................................................289

11.5 Дружење.............................................................................................293

Додаток 1: Збир на основните библиски учења.............................................297

Додаток 2: Нашиот став за учење на библиската вистина...........................300

Додаток 3: Близината на Христовото враќање..............................................302

Додаток 4: Праведноста Божја.........................................................................306

## 1.1 Постоењето на Бог

"Бидејќи оние, кои доаѓаат при Бога, треба да веруваат оти Он постои и дека ги наградува оние, кои Го бараат" (Евр.11:6). Целта на овие студии е да им помогне на оние кои сакаат да дојдат при Бога, кои прво поверувале дека "Он постои"; затоа нема да се грижиме за докази кои ја потврдуваат вербата во Неговото постоење. Испитувајќи го заплетканиот состав на нашите тела (Пс.138:14), јасниот облик на цветот, гледајќи горе во огромната пространост на ведрата ноќ, и безброј други внимателни одрази на животот сигурно го прават атеизмот невозможен. Верувањето дека нема Бог сигурно бара повеќе вера отколку да се верува дека постои. Без Бога нема никаков ред, причина или крајно објаснување во универзумот, и тоа секако ќе се одрази во животот на атеистот. Имајќи го тоа во предвид, не е ни чудо дека мнозинството луѓе признаваат до некој степен верба во Бога- дури и во општества каде материјализмот е 'бог' кој преовладува во животот на народот.

Но има голема разлика меѓу имањето бледа претстава дека има повисока сила, и всушност да се биде сигурен во она, што Тој нуди за возврат на верно служење. Евр.11:6 го посочува тоа, ние треба да веруваме дека

"Он постои **И** дека ги наградува оние што Го бараат".

Многу од Библијата е на сметка од историјата за Божјиот народ Израел; повремено се посочува дека нивното прифаќање за Божјото постоење не беше соодветно на нивната вера во Неговите ветувања. Им беше кажано од нивниот голем водач Мојсеј "така, знај сега и вразуми се, дека Господ... е Бог на небото горе и на земјата долу, и нема друг освен Него; и пази ги наредбите Негови и заповедите Негови" (5Мој.4:39,40).

До нас се посочува исто- свесност во нас дека има Бог не значи дека сме автоматски прифатливи за Бога. Ако сериозно се согласиме дека стварно имаме Создател, треба да ги пазиме "заповедите Негови". Намера на оваа серија на студии е да објасни кои се тие заповеди и како да се запазат. Со наше пребарување на Писмото по тоа, ќе откриеме дека нашата вера во Неговото постоење се зајакнува:

"Верата иде од слушање, а слушањето- од словото Божјо" (Рим.10:17). Слично Иса.43:9-12 покажува како разбирањето на Божјите пророштва за иднината нѐ

прави да знаеме "Јас сум тој" (Иса.43:13)- т.е. дека Божјото име 'Јас сум Оној кој сум' е совршено вистинско (Исх.3:14). Апостол Павле пристигнал во месноста Бер, сега северна Грција. Како и обично тој го проповедаше евангелието (‘добри вести’- 'благовестие') од Бога; но наместо народот да го прифати само Павловиот збор "го примија словото (од Бога не од Павле) со голема усрдност и секој ден го испитуваа Писмото, дали е тоа така. И мнозина од нив поверуваа" (Дела 17:11,12). Нивното верување се должеше на нивната отвореност редовно (‘секој ден’) и систематски да пребаруваат низ Библијата. Здобивањето вистинска вера значи не се должеше на Бога одеднаш да ги направи да ја имаат со некаков духовен хируршки зафат на срцето несвојствено со словото Божјо. Па како луѓето од светот кои ќе влезат во од Биллѕ Грахам крстоносница или пентекостален состанок излегуваат повторно како 'верници'? Колку дневно пребарување на Писмото е внесено во тие случаи? Овој недостиг на вистинска библиски- заснована вера несомнено се должи на празнината која многу вакви ‘преобратеници’ ја откриваат во подоцнежното христијанско искуство, и затоа толку многу се одвраќаат од евангелиското движење.

Целта на овој курс од студии е да даде работна рамка за сопствено ваше систематско пребарување на Писмото, па да исто "така и вие поверувате". Врската помеѓу слушање на вистинското евангелие и имањето вистинска вера е често истакнувана во записот на евангелиското проповедање:

-"Мнозина Коринтјани, *слушајќи* поверуваа и се покрстија" (Дела 18:8)

-Луѓе "да го *чујат* словото евангелиско и да поверуваат" (Дела 15:7)

-"така *проповедале* и вие така поверувавте" (1Кор.15:11)

-‘Семето’ во параболата со сејачот е словото Божјо (Лк.8:11); додека во онаа со синаповото зрно е верата (Лк.17:6), бидејќи верата доаѓа од прифаќање на "словото на верата" (Рим.10:8), "зборовите на верата и на доброто учење" (1Тим.4:6), во една отвореност кон вера во Бога и Неговото слово (Гал.2:2 ср. Евр.4:2)

-Апостол Јован вели за пишаниот запис за животот на нашиот Господ дека "кажува вистина, за да поверувате вие" (Јв.19:35). И така Божјото слово е наречено "вистина" (Јв.17 :17) за да поверуваме.

## 1.2 Личноста Божја

Тоа е величенствена, славна тема од Библијата дека Бог е откриен за стварна допирлива личност, со телесно постоење. Темелно начело на христијанството е дека Исус е син Божји. Доколку Бог не е телесно суштество, тогаш е невозможно за Него да има син кој беше "обличје на Неговото **суштество**" (Евр.1:3). Понатаму, станува тешко да се развива личен, животен однос со 'Бога', ако е 'Бог' само поим во нашата свест, сноп од дух некаде во празнината на просторот. Трагично е што повеќето религии ја имаат оваа нестварна, недопирлива концепција за Бога.

Бог дека е бескрајно поголем од нас, разбирливо е што кај многу луѓе верата се препречила пред јасните ветувања дека конечно ќе го видиме Бога. Израел ја немаше верата да го види 'обликот' Божји (Јв.5:37), јасно покажувајќи дека Тој има вистински облик. Таква вера доаѓа од познавањето на Бога и верувањето во Неговото слово:

-"Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бога (Мт.5:8).

-Божјите "слуги ќе Му служат и ќе Го гледаат лицето Негово, а името Негово (Божјото име- Отк.3:12) ќе им биде на челата нивни" (Отк.22:3,4).

Ваква прекрасна надеж, ако навистина веруваме, ќе има темелно практичен учинок врз нашите животи:

"Грижете се да имате мир со сите и светост, без која никој нема да Го види Господа" (Евр.12:14).

Ние не треба да се колнеме, зашто "кој се заколне во небото, се колне во престолот Божји и во Оној, што седи на него" (Мт.23:22). Ова е бесмислица ако Бог не е телесно суштество.

"Ќе Го видиме каков што е (откриен во Христа). И секој, што ја има таа надеж во Него, се очистува самиот себе, како што е чист Он" (1Јв.3:2,3).

Во овој живот нашето разбирање за Небесниот Отец е многу непотполно, но можеме да гледаме напред, низ густиот мрак на овој живот, кон конечната средба со Него. Нашето физичко гледање на Него несомнено ќе биде

пропратено од нашето поголемо духовно разбирање за Него. Така од апсолутните длабочини на човечкото страдање, Јов можеше да се радува во целосниот личен однос со Бога кој, потполно ќе го доживее во последниот ден:

"Иако после мојата кожа (т.е. смрт) црви го уништат ова тело, сепак во моето тело ќе го видам јас Бога: кого ќе го видам за себе, моите очи ќе го гледаат, а не на друг" (Јов 19:26,27 евр. текст).

И апостол Павле извика од еден друг живот на бол и страдање: "Сега гледаме како низ стакло, темно; но тогаш лице во лице" (1Кор.13:12).

## СТАРОЗАВЕТНИ ДОКАЗИ

Овие ветувања од Новиот завет се изградени врз значителен осврт на старозаветни докази за еден суштествен телесен Бог. Не може да се преистакне дека е основно да се сфати природата Божја ако сакаме навистина да разбереме што е тоа библиски темелена религија. Стариот завет постојано говори за Бога како за личност; лице-кон-лице однос со Бога, за кој говори и Стариот и Новиот завет, е единствен, на вистинската христијанска надеж. Следниве силни аргументи се во прилог на еден суштествен, телесен Бог:

-"Рече Бог: Да создадеме човек според Нашиот образ и подобие како што сме ние" (Бит.1:26). Така човекот е направен по образот и подобието Божјо, како што е откриен низ ангелите. Јак.3:9 говори за "луѓето, создадени според подобието Божјо". Овие зборови не можат да се применат на човечкиот духовен лик, бидејќи по природа нашиот ум е потполно оддалечен од Бога и на многу начини битно спротивен на Неговата праведност: "Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се Мои патишта, вели Господ. Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои- повисоко од вашите мисли" (Иса.55:8,9). Према тоа образот и подобието кое што го делиме со Бога мора да е физичкиот лик. Кога и да се ангели пратени на земјата се опишани дека имаат облик на луѓе- пр. Авраам нагости ангели несвесно, мислејќи дека се обични луѓе. Нашето создавање по образот Божји сигурно значи дека можеме да заклучиме нешто за вистинскиот објект од кој сме тек еден образ. Така Бог, кого ние го одразуваме, не е нешто небулозно за кое што не можеме да замислиме.

-Самите ангели се еден одраз Божји. Така Бог може да каже за Мојсеј, "Со него Јас ќе говорам уста со уста, и јавно... и сличноста Господова ќе биде видена" (Бро.12:8 евр. текст). Ова се однесува за Мојсеј кој добива инструкции од ангел кој го носи името Господово (Исх.23:20,21). Ако ангелот беше сличен на Господа следува дека Бог е во истиот облик како ангелите- т.е. во човечка физичка појава, иако со бескрајно повисока природа него крв и месо: "Господ зборуваше со Мојсеја лице в лице, како што човек зборува со пријател свој" (Исх.33:11; 5Мој.34:10). Господ беше објавен во Својот ангел чие лице и уста ги одразуваа оние на Самиот Бог.

-"Он го знае нашиот состав (Пс.102:14); Тој посакува да размислуваме за Него како за суштествена особа. Тоа би ги објаснало многуте препораки на Божјите дланки, раце, очи и.т.н. Ако Бог беше еден животен сноп некаде на небото, што треба да биде нашето поимање за Бога ако отфрлиме дека е суштествен, тогаш овие препораки погрешно нѐ водат и не служат на никаква намена за учење.

-Описите за Божјото место на живеење јасно покажуваат дека ‘Бог’ има лична локација: "Бог е на небото" (Проп.5:1); "се јави од светата Своја височина, Господ од небесата погледна на земјата" (Пс.101:19); "чуј од небото, од местото на Твоето живеалиште" (3Цар.8:39). Сепак поодредено од ова, ние читаме дека Бог има "престол" (2Лет.9:8; Пс.10:4; Иса.6:1; 66:1). Ваков јазик е тешко да се примени на неодредена суштественост која постои некаде во небесното подрачје. За Бога се говори дека се ‘симнува’ кога Се објавува. Тоа ја сугерира Божјата небесна локација. Невозможно е да се разбере идејата за 'Божјо објавување' без почитувањето на особната, телесна природа Божја.

-Исаија 45 е исполнет со препораки од Бога за Неговата лична вклученост во аферите на Својот народ: "Јас сум Господ, и нема друг... Јас, Господ, го вршам сето тоа... Јас Господ, го правам тоа. Тешко му на оној, кој се расправа со Создателот свој... Јас- Моите раце ги простреја небесата... Кон Мене обрнете се, и ќе бидете спасени, сите краишта земни". Оваа последна реченица посебно го покажува личното постоење на Бога, Тој посакува луѓето да Го погледнат, да замислат за Неговото дословно постоење со окото на верата.

-Бог ни е откриен како Бог кој простува, кој говори зборови до луѓето. Сепак простување и говорење можат да произлезат само од особа, тие се душевни дела. Така Давид беше човек по срцето Божјо (1Цар.13:14), покажувајќи дека Бог има свест (срце), кое е способно да се реплицира до некаде кај човекот, сепак човекот по природа не е по срцето Божјо. Пасуси како "се покаја Бог што го беше создал човекот, па се разжалости во срцето Свое" (Бит.6:6), го откриваат Бога како чувствително свесно суштество, повеќе отколку некој замислен здив од дух во атмосферата. Тоа ни помага да сфатиме како навистина можеме да Му угодиме или не угодиме, како што може дете на својот природен татко.

АКО БОГ  НЕ Е СУШТЕСТВЕН...

Ако Бог не е едно вистинско, суштествено битие, тогаш концептот за духовноста е тежок за поимање. Ако Бог е потполно праведен но не е материјално суштество, тогаш не можеме стварно да ја замислиме Неговата праведност откриена на луѓето. Двата апостати христијанството и еврејството појмуваат дека Божјата праведност влегува во нашите животи преку еден небулозен 'свети Дух' кој некако нѐ претвора во Божјиот душевен лик, и прифатливи за Него. Напротив, еднаш кога ќе сфатиме дека има суштествена особа наречена Бог, тогаш можеме да работиме на нашиот карактер, со Негова помош и влијанието на Неговото слово за да ги одразиме Божјите карактеристики во нас.

Божјата намера е да Се открие во мноштво прославени особи. Неговото спомен име, Јехова Елохим, го покажува тоа ('Тој кој ќе бидат моќните', е приближен превод). Ако Бог не е телесна особа, тогаш наградата на верниците е да имаат нефизичко постоење како Бог. Но описите за наградата на верниците во Божјото царство кое доаѓа на земјата покажуваат дека тие ќе имаат допирливо, телесно постоење, иако не повеќе подложни на слабостите на човечката природа. Јов копнееше за "последниот ден" кога ќе добие воскресение на своето тело (Јов 19:25-27); Авраам мора да е еден од "многумина од оние што спијат во земниот прав (кои) ќе се разбудат... за вечен живот" (Дан.12:2) за да го прими ветувањето за вечно наследство на земјата ханаанска, една физичка локација на земјава (Бит.7:8). "Светците радосно ќе воскликнуваат... нека пеат гласно врз леглата свои... и извршат пресуда врз безбожниците" (Пс.131:16; 149:5,7 евр. текст). Еден неуспех и од Евреин и од безбожник да сфатат пасуси како овие, како и битниот дословен, физички увоз на ветувањата кон Авраама, довеле до погрешното мнение за една "бесмртна душа" како вистинска форма на човечкото постоење. Таа идеја е потполно лишена од библиска поддршка. Бог е едно бесмртно, славно битие и Тој ја изработува Својата цел за луѓето да можат да бидат повикани да живеат во Неговото идно царство на земјава, да ги делат Неговите својства, изразени во еден телесен облик.

На верниците им е ветено дека ќе ја наследат Божјата природа (2Пет.1:4). Ако Бог не е особа, тогаш тоа значи дека ние би живееле вечно како нематеријални духови. Но тоа не е библиско учење. Нас ќе ни се даде тело како она на Исус (Филип.3:21), и ние знаеме дека ќе имаме буквално тело во царството, кое ќе има раце, очи и уши (Зах.13:6; Иса.11:3). Доктрината за личноста Божја е према тоа поврзана со евангелието на царството.

Треба да е јасно дека не може да има стварен концепт на обожавање, религија или личен однос со Бога додека не се сфати дека Бог е личност, дека сме ние по Неговиот физички образ, иако многу несовршан образ и треба да го развиваме Неговиот душевен лик за да можеме да ја преземеме полноста на Неговиот физички облик во царството Божјо. Многу повеќе смисла и утеха сега може да се извлече од пасусите кои говорат за Бога како за Отец кој љуби, нè казнува како човекот својот син (пр. 5Мој.8:5). Во контекст на Христовите страдања читаме дека на "Господа му беше угодно да Го бие" (Иса.53:10 евр. текст), иако тој "извика кон Бога: тој го слушна мојот глас... и мојот плач дојде до него, дури до неговите уши" (Пс.7:6) евр. текст). Божјото ветување до Давид за семето кое ќе биде Божји син, го побаруваше чудесното раѓање на едно човечко битие; ако Бог не беше личност, не ќе можеше да има таков син.

Правилното разбирање за Бога е клуч кој отвара многу други важни подрачја од библиското учење. Но како што една лага води кон друга лага, така и едно лажно поимање за Бога го замрачува системот на вистина која Писмото ја нуди. Ако го најде овој оддел убедлив, или барем делумно, се поставува прашањето: 'дали навистина го познаваш Бога?' Сега понатаму ќе го иследуваме библиското учење за Него.

## 1.3 Божјото Име и карактер

Ако има Бог, логично е да се помисли дека Тој би создал некакви средства за да ни каже за Себе. Ние веруваме дека Библијата е Божјо откровение до човекот, и дека во неа го гледаме откриен карактерот Божји. Затоа словото Божјо е опишано како Негово ‘семе’ (1Пет.1:23), бидејќи ако има реакција во нашата свест, ново суштество се формира во нас кое ги има Божјите својства (Јак.1:18; 2Кор.5:17). Према тоа што повеќе се внесуваме во словото Божјо и ги примаме лекциите за себе, повеќе ќе стануваме "слични по образот на Неговиот Син" (Рим.8:29) кој беше по карактер совршен образ Божји (Кол.1:15). Во ова лежи вредноста на учење на историските делови од Библијата; исполнети се со пакет студии за тоа како Бог се справувал со луѓето и народите, секогаш изложувајќи ги истите темелни својства.

Во еврејскиот јазик личното име често го одразувало карактерот или нудело информација за лицето. Неколку јасни примери:

'**Исус**'- 'Спасител'- бидејќи "ќе го спаси народот Свој од неговите гревови" (Мт.1:21).

'**Авраам**'- 'Татко на големо мноштво' "оти ќе те направам татко на многу народи" (Бит.17:5).

'**Ева**'- 'живее'- "бидејќи стана мајка на сите живи" (Бит.3:20).

'**Симеон**'- 'слух'- бидејќи “Господ чу дека не сум сакана, па ми го даде и овој" (Бит.29:33).

Во Јер.48:17 познавањето на народот моавски е паралелно со познавањето на името на Моав. Псалмите често прават паралела меѓу Самиот Бог со Неговото Име, Неговото слово и дела (Пс.102:1; 104:1; 105:1,2,12,13).

Према тоа се очекува дека Божјите имиња и титули ќе ни дадат многу информација за Него Самиот. Бидејќи има многу аспекти на Божјиот карактер и цел, Тој всушност има повеќе од едно име. Подетална студија за името Божјо е препорачлива по крштевањето; понатамошното ценење на Божјиот карактер изразен во Неговото име е нешто што треба да продолжи во текот на целиот наш живот во Господа. Следново е према тоа повеќе како вовед.

Кога Мојсеј сакаше едно подлабоко знаење за Бога за да ја зајакне својата вера за време на еден многу травматичен период од својот живот, еден ангел "го објави името Господово: Господ, Господ Бог, милостив и доброчинител, долготрпелив, и обилен во добрина и вистина, и држи милост за илјадници, проштавајќи неправда и престап и грев, и со никакви средства не ги очистува виновните" (Исх.34:5-7 евр. текст).

Ова е јасен доказ дека под имињата Божји се подразбираат Неговите особини. А нивното поседување е доказ дека Бог е стварна особа, бесмислено е да се верува дека еден здив од дух може да ги има овие црти на карактер кои можат да се развијат само во нас луѓето.

Бог има одбрано едно посебно име по кое сака да биде познат и запомнат од Својот народ; тоа е збир, епитом, за Неговата цел со луѓето.

Израелците беа робови во Египет, и требаше да се потсетат за Божјата цел со нив. На Мојсеј му беше речено да им го каже Божјото име, така да ова им помогне и ги мотивира да го напуштат Египет и го започнат патувањето кон

ветената земја (ср. 1Кор.10:1). Ние исто треба да ги разбереме основните правила кои се однесуваат за Божјото име пред да бидеме крстени и да го започнеме нашето патување кон Божјото царство.

Бог му рече на Израел дека Неговото име е ЈАХВЕ, што значи "Јас сум кој сум" или поточно 'Јас ќе сум оној што ќе биде' (Исх.3:13-15 евр. текст). Ова име беше после нешто проширено "и пак (т.е. во прилог) му рече Бог на Мојсеја: Вака кажи им на синовите Израилеви: ГОСПОД (Јахве) Бог на татковците наши, Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов... тоа е името Мое вечно, и тоа е споменот за Мене од колено на колено" (Исх.3:15). Божјото полно име е значи "ГОСПОД Бог".

Стариот завет беше напишан воглавно на еврејски, и во преводите неизбежно недостасуваат многу детали кога се во прашање еврејските зборови за 'Бог'. Еден од редовните еврејски зборови преведени 'Бог' е 'Елохим', со значење 'моќни единки'. Божјото ‘спомен’ име по кое сака да Го помнеме, е према тоа

ЈАХВЕ ЕЛОХИМ

**кое значи**

ОНОЈ КОЈ ЌЕ БИДЕ ОТКРИЕН ВО ГРУПА НА МОЌНИ ЕДИНКИ.

Значи Божјата цел е да го открие Својот карактер и Своето суштествено битие во една голема група на народ. Со покорност на Неговото слово ние можеме да изградиме некои од Божјите особини во самите нас сега, така да во една многу ограничена смисла Бог Се открива во вистинските верници во овој живот. Но Божјото име е пророштво за во идно време кога земјата ќе биде исполнета со луѓе кои што ќе се како Него, и во карактер и по природа (ср. 2Пет.1:4). Ако сакаме да сме поврзани со Божјата цел и да бидеме како Него да не умираме веќе, да живееме засекогаш во целосно морално совршенство, тогаш мораме да се поврземе со Неговото Име. Начинот да се направи тоа е со крштевање во Името, т.е. Јахве Елохим (Мт.28:19). Тоа исто така нè прави потомци Авраамови (Гал.3:27-29) на кои им е ветено вечно наследство на земјата (Бит.17:8; Рим.4:13), групата на моќни поединци ('Елохим') со која што пророштвото на Божјото име ќе биде исполнето. Тоа е повеќе објаснато во студија 3.4.

## 1.4 Ангели

Сè што зедовме во обзир досега во оваа студија е здружено во разгледувањето за ангелите:

-физички, суштествени особи

-го носат Божјото Име

-канали низ кои делува Божјиот Дух да ја извршува Неговата волја

-во согласност со Неговиот карактер и намера

-и према тоа го објавуваат Него.

Ние напоменавме во студија 1.3 дека еден од највообичаените еврејски зборови преведени 'Бог' е 'Елохим', кој всушност значи 'моќни единки', овие 'моќни единки' кои го носат Божјото Име можат делотворно да се наречат 'Бог' поради нивната блиска поврзаност со Него. Овие суштества се ангелите.

Записот за создавањето на светот во Бит.1 ни говори дека Бог рекол одредени заповеди за создавањето, "и така стана". Ангелите беа тие кои ги извршуваа заповедите.

"Ангели, Негови, крепки по сила кои го извршуваат Неговиот збор, слушајќи го гласот од зборот Негов" (Пс.102:20).

Према тоа разумно е да се претпостави, кога читаме за 'Бог' дека го создаде светот, таа дејност всушност беше изведувана од ангели. И Јов 38:4-7 го навестува тоа. Сега е добро време да се направи збир на настаните од создавањето по записот од Бит.1:

**Ден 1** "Рече Бог: Нека биде светлина! И би светлина" (стих 3)

**Ден 2** "Рече Бог: Нека има свод (небо, пространство) среде водата и тој да разделува вода (на земјата) од вода (во облаците)... така и стана" (вс. 6,7).

**Ден 3** "Рече Бог: Нека се собере водата, што е под небото (формирајќи морињa и океани), на едно место, и нека се појави суво! И така стана" (в.9).

**Ден 4** "Рече Бог: Нека се појават светила... на сводот небески... и би така" (вс.14,15).

**Ден 5** "Рече Бог: Нека произведе водата... живи суштества... и птици да полетаат... и **создаде** Бог... секаков вид животни" (вс. 20,21)- т.е. 'и би така'.

**Ден 6** "Рече Бог: Нека произведе земјата... разни суштества... добиток, и лазачи... и би така" (в.24).

Човекот беше создаден во тој шести ден. "Рече Бог: Да создадеме човек според Нашиот образ и подобие како што сме Ние" (Бит.1:26). Ние коментиравме за овој стих во студија 1.2. Засега, сакаме да забележиме дека 'Бог' овде не се обраќа Сам на Себе лично, 'како што сме **Ние**' покажува дека 'Бог' говори на повеќе од едно лице. Еврејскиот збор преведен 'Бог' овде е 'Елохим', и значи 'Моќни Единки' и се однесува на ангелите. Фактот дека ангелите нè направиле по својот образ значи дека тие имаат иста телесна појава како нашава. Тие се према тоа многу стварни, допирливи, телесни битија, делејќи ја истата природа како и Бог.

'Природа' во оваа смисла се однесува на тоа каков е некој во основа по својот физички состав. Во Библијата постојат две 'природи'; по самото значење на зборот, не е можно да се поседуваат двете тие природи истовремено.

## Божја Природа ('Божествена Природа')

Не може да прави грев (совршен) (Рим.9:14; 6:23; ср. Пс.89:2; Мт.5:48; Јак.1:13)
Не може да умре, т. е. бесмртен (1Тим.6:16)

Полн со сила и енергија (Иса.40:28).

Ова е природата Божја и ангелска, и која беше дадена на Исус по неговото воскресение (Дела 13:34; Отк.1:18; Евр.1:3). Таа природа ни е ветена нам (Лк.20:35,36; 2Пет.1:4; Иса.40:28 ср. в 31).

### Човечка природа

Искушение кон грев (Јак.1:13-15)

од корумпираната природна свест (Јер.17:9; Мк.7:21- 23)

Осудена на смрт, т.е. смртна (Рим.5:12,17; 1Кор.15:22 )

Со ограничена сила, физичка (Иса.40:30) и душевна (Јер.10:23).

Ова е природата која сите луѓе, добри и лоши сега ја поседуваат. Крајот на таа природа е смртта (Рим.6:23). Таа природа ја имаше Исус за време на својот смртен живот (Евр.2:14-18; Рим.8:3; Јв.2:25; Мк.10:18).

Зборот 'природа' можеме да го употребиме во реченица како: 'Јован е дарежлив по природа, едноставно не му е во природа да биде зол; но знае да биде прилично горд на својата кола, што е тек човечка природа'. Ние вака нема да го користиме зборот 'природа' во овие лекции.

## АНГЕЛСКИ ПОЈАВУВАЊА

Ангелите се од Божја природа, тие мора да се безгрешни и према тоа неспособни за умирање, бидејќи гревот носи смрт (Рим.6:23 ). Тие мора да имаат дословно, физички облик на постоење. Затоа кога и да се појавеле ангели на земјата тие изгледале како обични луѓе:

-Ангели дојдоа при Авраама да му ги кажат Божјите зборови, тие се опишани како "тројца мажи" према кои Авраам се однесуваше првенствено како према луѓе, бидејќи таков им беше и изгледот: "Ќе ви донесам малку вода: измијте ги нозете, па одморете се малку под ова дрво" (Бит.18:4 ).

-Два од тие ангели отидоа потоа кај Лот во градот Содом. И повторно беа препознаени единствено како мажи и од Лот и од народот содомски. "Два

ангела стигнаа... во Содом" Лот ги покани да преноќат кај него. Но народот содомски дојде до неговата куќа прашувајќи заканувачки "Каде се луѓето, кои дојдоа да ноќеваат кај тебе?" Лот преколнуваше "на оние луѓе не правете им ништо". Вдахновениот запис исто ги нарекува ‘мажи’: "оние мажи (ангели) ги протегнаа рацете" и го спасија Лота; "оние мажи му рекоа на Лота... нè испрати Господ нас да го уништиме" Содом (Бит.19:1,5,8,10,12,13).

-Новозаветниот коментар на овие настани потврдува дека ангелите се во човечки облик: "Гостољубивоста не заборавајте ја, бидејќи преку неа некои (пр. Авраам и Лот), и не знаејќи, им укажаа гостопримство на ангели" (Евр.13:2).

-Јаков се бореше со непознат човек цела ноќ (Бит.32:24), за кој подоцна ни се кажува дека бил ангел (Осија 12:4).

-Двајца мажи во светли бели облеки беа присутни на воскресението (Лк.24: 4 ) и вознесението (Дела 1:10) на Исус. Овие јасно беа ангели.

-Земи ги во обзир и импликациите "со мерка човечка, која што е и ангелска" (Отк.21:17).

## АНГЕЛИТЕ СЕ БЕЗГРЕШНИ

Ангелите поседувајќи ја Божјата природа, не можат да умрат. Бидејќи гревот носи смрт, следува затоа дека се тие безгрешни. Изворните грчки и еврејски зборови преведени 'ангел' значат 'гласник'; ангелите се гласници или слуги Божји, послушни према Него, и према тоа е невозможно да се мисли за нив како да се грешни. Така грчкиот збор 'агелос' кој е преведен 'ангели' е исто преведен 'гласници' кога се говори за луѓе, пр. Јован крстител (Мт.11:10) и неговите гласници (Лк.7:24); гласниците од Исус (Лк.9:52) и луѓето кои извидуваа во Ерихон (Јак.2:25). Можно е, се разбира, дека 'ангели' во смисла на **човечки** гласници да се грешни.

Наредните пасуси јасно покажуваат дека сите ангели (не само некои од нив!) се по природа покорни на Бога, и према тоа се безгрешни:

"Господ го поставил Својот престол на небото, и царството Негово владее над сè (т.е. не може да има никаква буна против Бога на небото).

Благословувајте Го Господа- сите ангели Негови, крепки по сила, кои го извршуваат Неговиот збор, слушајќи го гласот од зборот Негов; благословувајте Го Господа- **сите** Негови војски, Негови служители, кои ја исполнувате волјата Негова" (Пс.102:19-21).

"Фалете Го, **сите** ангели Негови... војски Негови" (Пс.148:2).

"Ангелите... нели се тие **сите** службени духови, определени да им служат на (верниците), што ќе го наследат спасението" (Евр.1:13,14).

Повторувањето на зборот "сите" покажува дека ангелите не се поделени во две групи, едни добри, а други грешни. Важноста за јасното разбирање на природата ангелска е дека наградата на верниците е да се дели нивната природа: "оние што ќе се удостојат... ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат, и да умрат веќе не можат, оти се еднакви со ангелите" (Лк.20:35,36). Ова е една важна поента. Ангелите не можат да умрат: "Смртта... не владее на ангелите (Евр.2:16 Диаглотт маргин). Ако ангелите можат да грешат, тогаш оние кои ќе се најдат достојни за награда при враќањето Христово ќе можат сè уште да грешат. А бидејќи гревот носи смрт (Рим.6:23) тогаш не ќе имаат живот вечен; ако имаме можност за грешење, ќе имаме способност и за умирање. Така, да се рече дека ангелите можат да грешат го прави Божјото ветување за вечен живот бесмислено, бидејќи нашата награда е да ја делиме природата ангелска. Препораката '**ангелите**' (Лк.20:35,36) покажува дека нема никаква групација на добри ангели или грешни; има само една група на ангели.

Ако ангелите можат да грешат, тогаш Бог е оставен немоќен да работи праведно во нашите животи и во аферите на светот, бидејќи Тој објави дека делува преку Своите ангели (Пс.102:19-21). Тие се 'направени Дух' од Бога во смисла дека ги постигнува сите работи со Својот дух/сила, делувајќи преку ангелите (Пс.103:4). Дека тие можат да бидат непослушни кон Него е према тоа невозможно. Христијанот треба дневно да се моли за Божјото царство да дојде на земјата, да биде волјата Негова овде, како што е сега на небото (Мт.6:10). Ако Божјите ангели треба да се натпреваруваат со грешни ангели на небото, тогаш Неговата волја не е во потполност извршувана таму, и према тоа истата ситуација ќе се задржи и во идното царство Божјо. Да се минува вечноста во свет кој би бил постојано бојно поле меѓу гревот и покорноста тешко да е една охрабрувачка слика, но тоа се разбира, не е случај.

АНГЕЛИ И ВЕРНИЦИ

Постои добра причина за верување дека секој вистински верник има ангели, и тоа можеби еден посебен, кои им помагаат во нивните животи:

-"Ангел Господов застанува околу оние, кои се бојат од Него, и ги спасува" (Пс.33:7).

-"едно од овие мали, кои веруваат во Мене (т.е. нејаки ученици- Зах.13:7 ср. Мт.26:31)... нивните ангели на небесата секогаш го гледаат лицето на Мојот Отец" (Мт.18:6,10).

-Раните христијани јасно верувале дека Петар имал еден ангел чувар (Дела 12:14,15).

-Израел поминал низ Црвено море, и беа водени од ангел низ пустината према ветената земја. Преминувањето низ Црвено море го претставува нашето крштевање во вода (1Кор.10:1), и затоа не е неразумно да претпоставиме дека потоа и ние, исто така сме водени и помогнувани од еден ангел во текот на нашето патување низ дивината на животот према ветената земја од царството Божјо.

Ако ангелите можат да бидат зли во смисла на подложност на грев, тогаш ваквите ветувања за ангелска контрола и влијание во нашите животи би било проклетство наместо благослов.

Ние значи видовме, дека ангелите се суштества...

-со Божја вечна природа и телесна појава

-кои не можат да грешат

-кои секогаш ги извршуваат Божјите заповеди, и дека се

-канали преку кои Божјиот дух, сила говори и делува (Пс.103:4).

НО...?

Многу "христијански" цркви имаат идеја дека ангелите можат да грешат, и дека грешни ангели сега постојат и се одговорни за гревот и проблемите на земјава. Ние ќе го расправаме ова погрешно поимање повеќе во студија 6. Засега само ќе ги направиме следниве точки:

-Можно е дека имало едно создавање пред нашето, т.е. од она што е запишано во Бит.1. Исто така е замисливо дека присутните ангели дошле до една свесност за "добро и зло" (Бит.3:5) преку тоа што биле во иста ситуација во која сме ние во овој живот. Дека некои од суштествата кои живееле во тоа време грешеле не е за одредување; но сето ова е шпекулација на која што умот човечки сака да се предава. Библијата ни кажува она што треба да знаеме за сегашнава ситуација, а тоа е дека нема грешни ангели; сите ангели се целосно покорни на Бога.

-Не може да има грешни суштества на небото, бидејќи "на чистите очи (Божји) не е својствено да гледаат злодејание" (Авак.1:13). Во иста црта Пс.5:4,5 објаснува "Ниту злото ќе престојува со Тебе. За лудите нема место" (евр. текст) во Божјото небесно место на живеење. Идејата дека би имало буна против Бога на небото од грешни ангели е противна на впечатокот даден од овие пасуси.

-Грчкиот збор преведен ‘ангел’ значи ‘гласник’ и може да се однесува за луѓе како што покажавме. Ваквите човечки ‘гласници’ можат, се разбира, да грешат.

-Дека има зли, грешни суштества врз кои сите негативни аспекти од животот можат да се префрлат е едно од најредовните држани верувања во паганизмот. Слично како што навлезените паганските идеи за Божиќ во 'христијанството', исто така, ги носат тие пагански поимања.

-Има само една рака библиски пасуси кои можат да бидат погрешно разбрани во поткрепа на оваа идеја за грешни ангели кои се сега во постоење. Не може да им се допушти на ваквите пасуси да противречат на вредноста од библиското учење со спротивноста која ја изложивме.

**Осврт 1: "Бог е Дух"** (Јв.4:24)

Во студија 2 поточно дефинираме што е Божјиот Дух. Можеме да дадеме збир на причините изнесени таму со тоа што ќе се каже дека Божјиот Дух е Неговата сила или здив со која, Неговото суштествено Јас, Неговото битие и карактер, се објавени на човекот преку делата постигнати од Духот. Вака "Бог е Дух", како

во Јв.4:24 би требало правилно да се преведе, бидејќи Неговиот дух ја одразува Неговата личност.

Бог е опишан како многу нешта, пр.

"Нашиот Бог е оган што изгорува" (Евр.12:29)
"Бог е светлина" (1Јв.1:5)
"Бог е љубов" (1Јв.4:8)
"Бог беше Словото" (грч. 'логос', план, намера, идеја), (Јв.1:1).

Така 'Бог е' Своите особини. Јасно дека е погрешно да се расправа дека замислениот квалитет на љубовта е 'Бог', само затоа што читаме дека 'Бог е љубов'. Ние можеме некого да наречеме 'сама добрина', но тоа не значи дека е без физичко постоење, неговиот манир на дословно постоење е она што ни ја открива добрината на нас.

Дека Духот е Божјата сила, ние постојано читаме како Бог го праќа или управува Својот Дух да постигне нешта во склад со Неговата волја и карактер. Тој дури е опишан каде го создава духот (Амос 4:13 А.В. мг.). Да се каже дека Бог е Својот Дух во една чиста дословна смисла е тавтологија, делотворно го негира постоењето Божјо.

Примери каде Бог го управува Својот Дух има многу, покажувајќи ја одвоеноста Божја од Неговиот Дух:

Бог "Го вложи во неговото срце Својот Свет Дух" (Иса.63:11)

Бог ќе го положи "Духот Свој над" Исус (Мт.12:18)

"Отец(от) ќе им даде Дух Свети" (Лк.11:13)

"Духот...слегува од небото" (Јв.1:32)

"рече Бог, ќе излеам од Мојот Дух на секое тело" (Дела 2:17).

Всушност честите препораки на ‘Духот Божји’ треба да се доволен доказ дека Духот не е Бог лично. Овие разлики меѓу Бога и Духот Негов се уште една потешкотија за оние кои веруваат дека Бог е 'тројство' во кое Богот Отец е изедначен со Исус и Светиот Дух. Ако ова беше вистина, и ако Бог е наводно несуштествен, тогаш би следело дека Исус беше и не е една дословна особа.

Што е најважно, еден несуштествен Бог ја прави молитвата бесмислена, до смислата каде молитвата е еден дијалог помеѓу нашата свест и поимањето за Бога кој постои само во нашиот сопствен ум. Постојано сме потсетувани дека се молиме на Бога кој има физичка локација на небото (Проп.5:1; Мт.6:9; 5:16; 3Цар.8:30), и дека Исус е сега при Божјата десна рака таму, да ги нуди нашите молитви (1Пет.3:21; Евр.9:24). Ако Бог не е личност, овие пасуси се направени бесмислени. Но еднаш кога се сфати Бог како еден, вистински, Отец кој љуби, молитвата станува многу стварно, допирливо нешто, всушност разговор со друго суштество кое, веруваме, е многу волно и способно да одговори.

## Осврт 2: Употребата на Божјото Име

Ние видовме дека Божјото Име и она на Неговиот Син Исус има многу длабоко значење. Кога говориме за 'Бог' ние го допираме секој аспект од Неговата чудесна цел за љубов и вистина. Дека Божјото Име би требало да се користи взалудно како блага пцовка или израз на раздразнетост, е према тоа најуврдливо нешто што човек може да му направи на својот Создател. Затоа секој кој сака да му удоволи на Бога и да го почитува ќе направи секаков напор да не го употребува Божјото Име лесно. Во многу општества ширум светот такво хулење е постанато стандарден дел од говорниот јазик; да се прекине со нешто што можеби било животна навика нема да биде лесно. Молитвата од срце за Божја помош во тоа сигурно не ќе помине незабележана од Него. Оние кои се во доменот на нашата контрола и влијание, пр. децата, можат исто да бидат потсетувани за сериозноста на хулењето: "зашто Господ... нема да го очисти оној, што го употребува името Негово напразно" (5Мој.5:11).

Од другата страна има и такви кои се упорни дека ако не го користиме постојано еврејскиот збор Јахве или Јехова (различни начини за изговор на истиот збор) кога говориме за Бога, тогаш сме во сериозна заблуда. Меѓу нив, предначат друштвото кула стражарска, кои се упорни дека ако христијанот не се нарекува 'Јеховин сведок' тогаш не е во однос со Бога.

Така, тие луѓе го употребуваат Божјото Свето и прекрасно Име како гориво за еден вид духовен елитизам, при што ги презираат другите само заради изговарањето или употребата на еден збор. Ова не е за да се каже дека употребата на Божјото Име е грешка; тоа е посебно прилагодено за нашите лични молитви откако ќе бидеме правилно крстени во тоа Име. Новиот завет, меѓутоа, не ни дава никакви показатели дека тоа е потребно или пак по желба на Бога. Тој ја надреди вдахновеноста на Новиот завет со тоа што беше напишан на грчки, користејќи само еден збор за 'Бог'- 'теос' со значење 'великиот'. Никаква разлика не е направена таму, помеѓу 'Бог' и 'Јахве', ниту

има некоја посебна заповед за тоа како верниците треба да се нарекуваат во една заедница. Петар говори за еден верник како за ‘христијанин’ а не за 'Јеховин-човек' или нешто слично (1Пет.4:16). Преистакнувањето на употребата на името 'Јехова' води кон девалвирање на делото и местото на Господ Исус, на еден сличен начин на кој многу 'евангелиски христијани' го преистакнуваат името и службата на Исус до занемарувањето на повисокото место Божјо.

Други називи со кои раната заедница на верници христијани се нарекуваа не го вклучува името 'Јехова':

-"Општеството на Израил" (Еф.2:12)

-"Собор и Црква на првородени" (Евр.12:23)

-"Црквата на Бога" (Дела 20:28).

-"Божјиот дом" (1Тим.3:15).

-"Црквата на живиот Бог, столб и тврдина на вистината" (1Тим.3:15).

Патем речено, забележи дека верниците не се нарекувале 'христијани' тоа беше еден понижувачки термин кој значеше, 'овој Христов народ', скован од нивните непријатели.

### Осврт 3: Божјо објавување

Ова што следува нема да биде лесно да се сфати потполно на прво читање, но важноста на темата ќе биде појасна во продолжение на студиите. Ние го вклучуваме во овој момент за да оваа студија биде оставена со потполно разбирање на основната библиска објава за Самиот Бог.

Името Божјо може да го носи секој, преку кого Тој ќе одлучи да се 'објави' или открие. Па луѓе и ангели како и Исус можат да го носат Името Божјо. Ова е важно правило што ни открива толку многу од Библијата. Еден син поготово може да го носи името на својот татко; тој има одредени сличности со својот татко, може да го има истото лично име, но не е една и иста особа со својот татко. Така еден претставник на компанија може да говори од страна на компанијата, да телефонира некому деловно и да рече, 'ало, Унилевер овде', тој не е г-дин Унилевер, но го носи нивното име бидејќи работи за таа страна. Така исто беше и со Исус.

## АНГЕЛИ ГО НОСАТ ИМЕТО БОЖЈО

Ни е кажано во Исх.23:20,21 дека Бог му рекол на Израел оти еден ангел ќе оди пред нив; "Моето име е во Него" им беше речено. Личното име на Бога е 'Јахве'. Па ангелот го носеше името на 'Јахве', и така можеше да сеословува со 'Јахве', или 'ГОСПОД' како што е преведен зборот 'Јахве' во Н.И.В. и А.В. Ни е речено во Исх.33:20 дека ни еден човек не може да го види лицето на Бога и остане жив; но во Исх.33:11 читаме дека "ГОСПОД" (Јахве) зборуваше со Мојсеја лице в лице, како што човек зборува со пријател свој" т.е. на опуштен пријателски начин. Тоа не можеше да биде ГОСПОД, Јахве, Самиот лично, кој говореше со Мојсеј лице во лице, бидејќи ниеден човек не може да го види Самиот Бог. Тоа беше ангелот кој го носеше Божјото Име што го стори тоа, и така ние читаме за ГОСПОД кој говори лице во лице со Мојсеј кога тоа беше всушност еден ангел (Дела 7:30-33).

Има многу други примери на зборовите 'Бог' и 'ГОСПОД' кои говорат за ангелите како наспроти Самиот Бог. Еден јасен пример е Бит.1:26 "Потоа ре(коа ангелите) Бог: Да создадеме човек според Нашиот образ".

## ЛУЃЕ СО БОЖЈОТО ИМЕ

Еден од пасусите кој е од најголема помош при изложувањето на сè ова, е Јв.10:34-36. Овде Евреите ја направија грешката која  многу таканаречени 'христијани' ја прават денес. Тие мислеа дека Исус вели дека тој е Самиот Бог. Исус ги исправи велејќи, "Не е ли пишано во вашиот закон Јас реков: богови сте? Ако Он ги нарече богови оние... на Оној ли вие велите: хулиш на Бога, дека реков Јас сум син Божји?" Исус всушност вели 'во Стариот завет луѓето се наречени 'богови'; јас само велам сум Син Божји; па зошто толку се вознемирувате?' Исус всушност цитира од Пс.81 каде што судиите на Израел се наречени 'богови'.

Како што е веќе кажано, целосното име Божјо на еврејски е "Јахве Елохим", кое значи 'Јас ќе бидам откриен во група на моќни поединци'. Вистинските верници се оние многу силни единки во една ограничена смисла во овој живот, а ќе бидат многу повеќе исполнети во царството. Сето ова е убаво покажано со една споредба на Иса.64:4 и 1Кор.2:9 "луѓето не слушнале, ниту примиле со уво, ниту окото видело, о Боже, покрај Тебе, што Тој има спремано за оној кој го очекува него" (евр. текст). Павле го цитира ова во 1Кор.2:9,10: "е напишано: што око не виде, уво не чу, ниту на човека на ум му падна, нештата кои Бог ги приготви за оние кои го љубат Него. Но Бог нам ни ги откри тие преку Неговиот Дух" (грч. текст). Пасусот во Иса.64 вели дека никој освен Бог не може да ги

разбере нештата што ги приготвил за верниците; но 1Кор.2:10 вели дека тие работи ни биле откриени; па така ние сме во една смисла 'Бог': не Самиот Бог лично, но една објава Божја како резултат што сме крстени во Неговото име и што ја знаеме Вистината.

## ИСУС И ИМЕТО БОЖЈО

Не е за изненадување дека Исус, како Син Божји и Негова врвна објава на луѓето, треба исто да го носи Божјото Име. Тој можеше да рече "дојдов во името на Мојот Отец" (Јв.5:43). Поради својата покорност, Исус се вознесе на небо и Бог му "даде име, што е над секое име", името на Јахве, од Самиот Бог (Филип.2:9). Затоа ние читаме во Отк.3:12 како Исус вели "ќе го напишам над него (верникот) името на Мојот Бог... и Моето ново име". При судот Исус ќе ни го даде Божјото Име; ние тогаш потполно ќе го носиме Божјото име. Тој го нарекува тоа име, "Моето ново име". Запомни, Исус ја даваше книгата на Откровение некоја година по своето вознесение на небото и откако му беше дадено Божјото име, како што е објаснато во Филип.2:9. Па така може да рече за Божјото име "Моето ново име"; името што му беше неодамна дадено. Сега можеме исправно да го разбереме Иса.9:6, каде за Исус ни се вели "ќе Го наречат: Чудесни, Советник, Бог силен, Отец вечен". Тоа е пророштво дека Исус ќе ги носи сите имиња Божји, дека тој би бил целосната објава или откровение Божјо до нас. Во оваа смисла беше наречен 'Емануел', со значење 'Бог е со нас', иако тој лично не беше Бог.

## Студија 1: Прашања

1. Што најмногу би помогнало да се изгради нашата вера во Бога?

а) Одење во црква

б) Проучување на Библијата и молитва

в) Разговор со христијани

г) Посматрање на природата.

2. Кое од наредниве е најточна дефиниција за Бога?

а) Само е идеја во нашиот ум

б) Дел од дух во атмосферата

в) Нема никаков Бог

г) Вистинска, материјална особа.

3. Бог е

а) Единство

б) Тројство

в) Многу богови во еден

г) Неможен да се опише на било кој начин?

4. Што значи Божјото име 'Јахве Елохим'?

а) Тој кој ќе биде

б) Тој кој што ќе биде откриен во група на  моќни единки

в) Големец - Великан

г) Сила

5. Што значи зборот 'ангел'?

а) Како- човек

б) Крилат

в) Гласник

г) Помошник

6.  Подложни ли се ангелите на грев?

7. Што најмногу те убедува дека има Бог?

## 2.1 Божјиот Дух: дефиниција

Пошто Бог е вистинска, суштествена особа која према тоа има чувства и емоции, за очекување е дека би нашол начин за споделување на Своите желби и чувства со нас, Неговите деца, и за делување во нашите животи на начин кој би бил во согласност со Неговиот карактер. Бог ги прави сите тие работи со Својот 'дух'. Ако сакаме да го познаваме Бога и да имаме активен однос со Него, треба да знаеме што е овој "дух Божји" и како тој работи.

Не е лесно да се објасни точно што зборот 'дух' значи. Ако сте биле на свадба, на пример, можете да коментирате: "таму имаше еден навистина добар дух!" Со ова мислите дека атмосферата беше добра, дека сè околу свадбата беше добро; сите беа елегантно облечени, храната беше добра, луѓето беа учтиви меѓу себе, невестата беше прекрасна, и.т.н. Сите овие различни работи го сочинуваа 'духот' на свадбата. Слично така духот Божји некако сумира сè околу Него. Еврејскиот збор преведен 'дух' во Стариот завет строго значи 'здив' или 'сила' на овој начин Божјиот дух е Неговото 'дишење' самата суштественост Божја, што Му ја одразува свеста. Ние ќе дадеме примери како зборот 'дух' се користи во врска со нечија свест или склоност во студија 4.3. Дека духот не се однесува само на голата сила Божја е јасно од Рим.15:19: "со силата на Божјиот Дух".

Вообичаено библиско учење е дека размислувањето на човекот е изразено во неговите дела (Изрек.23:7; Мт.12:34); еден мал осврт врз нашите сопствени дела ќе го потврди ова. Ние мислиме за нешто и потоа го правиме. Нашиот 'дух' или свест можат да го одразат фактот дека сме гладни и посакуваме храна. Гледаме една банана во кујната; таа желба е од 'духот' потоа преведена во дело- посегнуваме по бананата, лупиме и ја јадеме. Овој едноставен пример покажува зошто еврејскиот збор за 'дух' значи и здив или свест, и сила исто така. Нашиот дух, суштественото нас, се однесува на нашите мисли и према тоа на делата кои ги вршиме за да ги изразиме тие мисли или склоности во нас. На далеку пославна скала, Божјиот дух е истиот; тој е силата со која Тој го изложува Своето суштествено битие, Својата склоност и цел. Бог размислува и према тоа прави работи: "Како што намислив, така и ќе биде; како што решив така и ќе стане" (Иса.14:24).

Многу пасуси јасно го поистоветуваат Божјиот дух со Неговата сила. За да го создаде универзумот: "Духот Божји лебдеше над водата. И рече Бог: Нека биде светлина! И би светлина" (Бит.1:2,3).

Божјиот дух беше силата со која што сите работи, пр. светлината беа направени. "Неговиот Дух му дал велелепност на небото; раката Негова ја создала искривената змија" (Јов 26:13 евр. текст). "Преку словото на Господа се зацврстија небесата и преку здивот на устата Негова- сите сили нивни (Пс.32:6). Божјиот дух е према тоа опишан како:

Негов здив

Неговото слово

Неговата рака

Према тоа со Својата сила Тој извршува сè. Вака верниците се родени повторно по Божјата волја (Јв.1:13), која е по Неговиот дух (Јв.3:3-5). Неговата волја е ставена во дејство со духот. Во говорот за севкупното природно создание, читаме, "Го праќаш ли духот Свој- се создаваат; Ти го обновуваш лицето на земјата" (Пс.103:30). Овој дух/сила е исто така содржината на сите работи, како и средствата на нивното создание. Лесно е да се мисли дека овој трагичен живот се препнува натака без активниот влог на Божјиот дух. Јов, еден човек кој стана истрошен од овој живот беше потсетен на тоа од еден друг пророк "Ако (Бог) го земе при себе неговиот дух и неговиот здив; секое тело заедно ќе загине, и човекот повторно ќе се врати во прав" (Јов 34:14,15 евр. текст). Оттргнувајќи се од слична депресивност, Давид го праша Бога да продолжи да го поддржува со овој дух, т.е. да го заштити неговиот живот (Пс.50:12).

Ние ќе видиме во студија 4.3 дека духот даден на нас и сето создание е она што го содржи нашиот живот. Ние го имаме "здивот на животниот дух" во нас (Бит.7:22) даден на нас од Бога при раѓањето (Пс.103:30; Бит.2:7). Тоа го прави Него "Бог на духовите и на секое тело" (Бро.27:16 ср. Евр.12:9). Бидејќи Бог е животната сила која го одржува сето создание, Неговиот дух е присутен секаде. Давид увиде дека преку Својот дух Бог беше постојано присутен со него каде и да одеше, и преку тој дух/сила го знаеше секој агол од Давидовиот ум и размислување. На овој начин Божјиот дух е средството со кое Тој е присутен насекаде, иако Тој лично е сместен на небото.

"Ти знаеш кога седнувам и кога станувам; Ти оддалеку ги разбираш мислите мои... Каде да отидам од Твојот дух; и од лицето Твое каде да побегнам? Ако... се преселам на крајот од морето, - и таму... Твојата десница рака (т.е. преку духот) ќе ме држи" (Пс.138:2,7,9,10).

Исправното разбирање на оваа тема ни го открива Бога како едно силно активно битие. Многу луѓе одраснале со магливо 'верување' во Бога, но во стварност 'Бог' е само поим во нивната свест, црна кутија во дел од мозокот. Разбирањето за вистинскиот Бог и Неговото многу стварно присуство насекаде околу нас со Својот дух можат крајно да го променат нашиот концепт за животот. Ние сме опкружени од духот, постојано сведочиме на неговите дела, кои ни го откриваат Бога. Давид го најде охрабрувањето од сето тоа крајно зашеметувачко "Се восхитувам на Твоето знаење- тоа е превисоко, не можам да му пријдам" (Пс.138:6). Сепак одговорности доаѓаат со таквото знаење; мораме да прифатиме дека нашето промислување и делување Му се сосема познати. Како што ќе ја испитуваме нашата состојба пред Него, посебно кога размислуваме за крштевање, треба да го имаме тоа на ум. Божјите величенствени зборови до Јеремија се однесуваат и до нас: "Може ли човек да се сокрие на место тајно, каде што Јас не би го видел?- вели Господ. Зар не го исполнувам Јас (со духот) небото и земјата?" (Јер.23:24) .

## СВЕТИОТ ДУХ

Ние видовме дека Божјиот дух е еден широк поим за сфаќање; тој е Неговата свест и склоност, и исто така силата со која ги претвора Своите мисли во дело. "Какви му се мислите во душата негова, таков е и тој" (Изрек.23:7); и така Бог е Неговите мисли, во таа смисла Тој е Својот дух (Јв.4:24), иако тоа не значи дека Бог не е суштествен (види Осврт 1). Да ни се помогне да се справиме со пространоста на Божјиот дух, понекогаш читаме за Неговиот "Свети Дух". Терминот "Свети Дух" може да се најде само во Новиот завет. Тоа е еднакво на старозаветните фрази "Духот Божји" или "Духот Господов". Ова е јасно од пасуси како во Дела 2, кој го бележи излевањето на Светиот Дух врз апостолите на денот на Педесетницата. Петар објасна дека тоа е исполнување на пророштвото на Јоил, во кое е опишано како, излевањето на "Мојот (Божји) Дух" (Дела 2:17). Повторно Лк.4:1 бележи дека Исус беше "Исполнет со Дух Свети" и се вратил од Јордан; подоцна во истото поглавје Исус говори за тоа дека е исполнувањето на Иса.61: "Духот на Господа Бога е врз Мене". Во двете прилики (и во многу други) Светиот Дух е еднаков со старозаветниот термин "Духот Божји".

Забележи, исто, како Светиот Дух е паралелен со силата Божја во следниве пасуси:

-"Светиот Дух ќе слегне на (Марија), и силата на Севишниот ќе те осени" (Лк.1:35)

-"Силата на Светиот Дух... со силата на знаци и чуда, со силата на Божјиот Дух" (Рим.15:13,19)

-"Нашето благовестие (проповедање) кон вас беше... со сила и со Свети Дух (1Сол.1:5)

-За ветувањето на Светиот Дух на учениците беше говорено како за нивно "облекување во сила одозгора" (Лк.24:49).

-Самиот Исус го "помаза Бог со Дух и сила" (Дела 10:38).

-Павел можеше да го поддржува проповедањето со непорекливи изложувања на Божјата сила: "И словото мое и проповедта моја... беа... во пројава на дух и сила" (1Кор.2:4).

## 2.2 Вдахновение

Ние го дефиниравме Божјиот дух како Негова сила мисли и склоност, кои Тој ги открива со делата кои ги врши Неговиот дух. Ние спомнавме во претходниот оддел како Божјиот дух беше виден на дело во создавањето: "Неговиот дух му дал велелепност на небото" (Јов 26:13)- духот Божји движејќи се над површината на водите за да го издејствува сегашното создание (Бит.1:2). Сепак ние исто така читаме дека "преку словото на Господа" светот беше направен (Пс.32:6), како што е објаснато со примери во наративниот запис на Битие дека "Бог рече" нештата да се направат и така би. Божјиот дух према тоа, е прилично одразен во Неговото слово- исто како нашиве зборови што ги изразуваат нашите внатрешни мисли и желби- вистинското ‘нас’- многу точно. Исус мудро посочи: "Од преполнето срце (од умот) прикажува устата" (Мт.12:34). Па ако ги контролираме нашите зборови, мора прво да работиме на нашите мисли. Божјиот збор, тогаш, е еден одраз на Неговиот дух или мисли. Тоа е таков благослов што во Библијата ги имаме пишаните Божји зборови за да можеме да го разбереме Божјиот дух или ум. Бог го постигна тоа чудо на

изразување на Својот дух во пишани зборови со процесот на ВДАХНОВЕНИЕ. Овој израз е основан врз зборот ‘дух’:

## В-ДАХ-НОВЕНИЕ

‘Дух’ значи ‘здив’ или дишење, а ‘вдахновение’ значи ‘вдишување’. Тоа значи дека зборовите кои луѓето ги напишале додека биле ‘вдахновени’ од Бога беа зборовите на Божјиот дух. Павле го охрабри Тимотеја да не допушти неговото познавање на Библијата да го одведе кон заборавање на фактот дека се тоа зборовите на Божјиот дух, и дека обезбедуваат сѐ што ни е потребно за да го имаме вистинското знаење за Бога:

> "уште како мал ги знаеш Светите Писанија, кои можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христа Исуса. Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за изобличување, поправање и поучување во правдата, за да биде Божјиот човек совршен (целосен) и годен ('спремен', Н.И.В.) за секое добро дело" (2Тим.3:15-17).

Ако инспирираното Писмо може да обезбеди такво едно целосно знаење, тогаш нема потреба за некакво 'внатрешно светло' да ни ја покаже вистината за Бога. Но колку пати луѓето говорат за своите лични чувства и искуства како да се нивниот извор на знаење за Бога! Ако едно прифаќање со вера во Божјото вдахновено слово е достатно да го комплетно опреми некого во христијанскиот живот, нема никаква друга потреба за некаква сила на праведност во нашите животи. Ако има таква потреба, тогаш Божјото слово не нѐ опремило целосно, како што ветува Павле. Да се држи Библијата в раце и да се верува дека навистина е тоа Словото на Божјиот Дух треба поприлична вера.

Израелците беа логично заинтересирани за тоа што Божјото слово имаше да каже, како и многу "христијани" денес. Ние сите треба внимателно да размислиме на Евр.4:2:-

> "Оти и нам ни се соопшти, како и ним (Израелот во пустината). Но словото што го беа чуле, не им донесе полза, бидејќи оние, што го беа чуле, не поверуваа".

Наместо да се исправиме во потполна вера со силата на Божјиот дух/слово кое е примено, далеку попривлечно е да се земе духовно скратен пат: да се

размислува дека една сила на праведност одеднаш доаѓа врз нас, која ќе нè направи прифатливи за Бога, наместо да ја доживуваме болката на свесното доведување на своите животи во покорност на Божјото слово, и со тоа да допуштиме на Божјиот дух вистински да влијае во нашите срца.

Оваа неволност да се прифати огромната духовна сила која е во Божјото слово одвело многу "христијани" да се прашуваат дали целото Писмо е во целост вдахновено од Бога. Тие сугерираа дека многу од она што го читаме во Библијата било само лично мислење на мудри старци. Но Петар делотворно го отфрла таквото нејасно размислување:-

> "Ние имаме нешто уште поверно, а тоа е пророчкото слово; и добро правите што на него му обрнувате внимание... Знајте го прво тоа (ова е важно!) дека ниедно пророштво од Писмото не е сопствено кажување на пророкот. Оти никогаш според човечката волја не е изречено пророштво, туку светите Божји луѓе зборувале просветувани од Светиот Дух" (2Пет.1:19-21).

Ние ‘пред сè’ мора да веруваме дека Библијата е вдахновена. Затоа го направивме тоа основен член на Христаделфијанската Изјава на Вера.

## ПИСАТЕЛИТЕ НА БИБЛИЈАТА

Цврстото верување во целосната вдахновеност на Писмото е према тоа важно; луѓето кои ја пишувале Библијата беа неодоливо понесени од духот кој ги инспирира нив така да нивните зборови не беа лично нивни. Словото Божјо е вистина (Јв.17:17) и обезбедува изобличување и поправање (2Тим.16:17), не е за изненадување дека кај многу луѓе е неславно- зашто вистината боли. Пророкот Јеремија трпеше голема опозиција за говорење на зборовите со кои Бог го инспирира, и затоа одлучи да не ги запише или издаде дадените зборови. Но бидејќи пишувањето на Божјото Слово е исход на Божјата волја повеќе отколку човечка желба, тој беше "понесен од Светиот Дух" така да немаше избор по тоа прашање. "Јас секој ден станувам за потсмев, секој се шегува со мене... Па се сетив: нема веќе да спомнувам за Него, ниту ќе зборувам во Негово име; но во срцето како да имам распален оган, затворен во коските мои, и се измачував да го задржам- но не можев" (Јер.20:7,9).

Слично како и Валаам кога се реши да го проколне Израелот, духот Божји го направи да изговори благослов (Бро.24:1-13 ср. 5Мој.23:5).

Голем број на луѓе кои Бог ги инспирира да го говорат Неговото слово поминале низ периоди на несклоност да го прават тоа. Листата е впечатлива:

Мојсеј (Исх.4:10)

Језекиил (Јез.3:14)

Јона (Јона 1:2,3)

Павле (Дела 18:9)

Тимотеј (1Тим.4:6-14)

Валаам (Бро.22-24)

Сето ова го потврдува она што го научивме во 2Пет.1:19-21 дека Божјиот збор не е личното мислење на луѓето, туку исход на луѓето кои биле вдахновени да го запишат откровеното на нив. Пророкот Амос одрази: "Господ Бог вели: кој нема да пророкува?" (Амос 3:8). На пати Мојсеј го губеше чувството за сопствената личност, толку силна беше неговата вдахновеност од Бога: "Сите тие заповеди, кои Господ му ги кажа на Мојсеја" (Бро.15:22,23) овие зборови всушност ги изговори Мојсеј (в.17).

Други докази за ова е тоа што писателите на Библијата увиделе дека не ги разбираат потполно работите за кои пишувале. Тие 'пребарувале' за точното толкување- "им беше откриено дека тие не за самите себе служат, а за нас со она што ви се јави сега вам" за она што го запишаа (1Пет.1:9-12). Стварните зборови што ги запишаа не беа нивно лично толкување, бидејќи беше она што го пребаруваа. Следните нудат јасни примери: Даниел (Дан.12:8-10); Захарија (Зах.4:4-13); Петар (Дела 10:17).

Ако овие луѓе биле само делумно вдахновени, ние немаме приод кон вистинското Слово или дух Божји. Ако она што го напишале стварно беше Словото Божјо, тогаш следува дека морале да бидат целосно обземени од Божјиот дух за време на периодот на вдахновеност- инаку производот немаше да биде чисто Божјо Слово. Прифаќањето дека Божјото Слово е потполно Негово, нѐ снабдува со поголема мотивација да го читаме и му се покоруваме. "Твоето слово е многу чисто, и Твојот слуга го сака" (Пс.118:140).

Според тоа книгите на Библијата се дело Божјо преку Неговиот дух, а не човечка литература. Вистинитоста за тоа е покажана во разгледувањето како Новиот завет се однесува кон записите од Стариот завет:-

-Мт.2:5 говори за како било "напишано преку пророците"- Бог пишуваше преку нив. Р.В. маргин секогаш го користи зборот 'преку' при опишувањето како Бог пишувал преку пророците.

-"Претскажал Светиот Дух преку устата Давидова" (Дела 1:16. Вака цитираше Петар од Псалмите: ср. Евр.3:7).

-"Добро им рекол Духот Свети... преку Исаија" (Дела 28:25- вака Павле го цитираше Исаија). Лк.3:4 говори за "книгата на **зборовите на** Исаија" повеќе отколку само, 'книгата на Исаија'.

Човечките автори на Библијата беа према тоа релативно неважни за раните христијани; фактот дека зборовите им беа вдахновени од Духот Божји беше важен.

Ние ќе го заклучиме овој оддел со еден список на стихови кои покажуваат дека Божјиот Дух ни е откриен преку Неговото пишано слово:-

-Исус едноставно изјави, "Зборовите што ви ги кажав се дух" (Јв.6:63); тој говореше надахнат од Бога (Јв.17:8; 14:10).

-Ние сме опишани дека ќе бидеме преродени од дух (Јв.3:3-5) и од словото Божјо (1Пет.1:23).

-"Зборовите што ги испраќаше Господ Саваот преку Својот Дух до поранешните пророци" (Зах.7:12).

-"Јас ќе Го излеам Духот Свој врз вас, ќе ви ги кажам зборовите Свои" (Изрек.1:23) го поврзува вистинското разбирање на Божјото слово со дејствувањето на Неговиот дух врз нас- читањето на Книгата без разбирање е бесполезно, бидејќи духот/свеста Божја не ни е откриена.

-Има паралели меѓу Божјиот Дух и Неговото слово во многу пасуси: "Духот Мој, Кој е врз тебе, и зборовите Мои што ги вложив во устата твоја" (Иса.59:21) "Ти го правиш ова заради зборот Свој и по срцето Свое (духот)" (2Цар.7:21); "Ќе го внесам во вас Мојот Дух (во вашето срце- види контекст)"; "ќе го вложам Мојот закон... во срцата нивни" (Јез.36:27; Јер.31:33).

## СИЛАТА НА БОЖЈОТО СЛОВО

Божјиот дух се однесува не само на Неговата свест/склоност, туку и на силата со која Тој ги изразува тие мисли, за очекување е дека Неговиот дух-збор не е само состојба на Неговиот ум; туку има исто така и динамична сила во тој збор. Едно вистинско разбирање за таа сила би требало да нè направи нетрпеливи да го употребиме; било какво чувство на попреченост, поврзано со тоа би требало да се пребroди со нашето знаење дека послушноста кон Божјото слово ќе ни ја даде силата која ни е потребна за забрзано излегување од безначајните нешта на овој живот, кон спасението. Од големото вакво искуство, Павле напиша:

> "јас не се срамувам од Евангелието (словото) на Христа, бидејќи тоа е сила Божја за спасението" (Рим.1:16).

> Лк.1:37 говори исто на таа тема "нема да остане во Бога ниеден збор без сила (дух)".

Проучувањето на Библијата и применувањето на тоа во нашите животи е динамичен процес. И е доста неповрзан со студениот академски приод на теолозите како и од 'доброто чувство' христијанско на многи цркви, каде што неколку пасуси сожето се цитирани но не се прави никаков напор да се разберат или применат истите. "Зашто словото Божјо е живо и моќно"; "Своето моќно слово" (Евр.4:12; 1:3). "Словото Божјо, кое и дејствува во вас кои што верувате" (1Сол.2:13). Преку словото, Бог активно работи во свеста на вистинските верници, секој саат од денот.

Основната порака на евангелието кое се учи е према тоа вистинската сила на Бога; ако допуштиш, може да дејствува во твојот живот, да те измени во дете Божјо, покажувајќи го духот/свеста Божја до одреден степен во овој живот, и да те подготви за промената во Божјата духовна природа која ќе биде при Христовото враќање (2Пет.1:4). Проповедта на Павле беше "во пројава на Духот и силата" (1Кор.2:4).

Ние сме опколени од оние кои имаат полувера во Библијата како слово Божјо, наспроти нивните тврдења за преданост на Христа. Слично тие тврдат дека веруваат во Бога, а сепак не успеваат да прифатат дека е стварна особа. Со негирањето на потполната вдахновеност на Писмото и неговата превласт врз нашите лични чувства и убедувања, ја негираат Божјата сила. Зборовите на 2Тим.3:5 доаѓаат на ум: "на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле", т.е. силата на словото од евангелието.

Нашата темелност е потсмевана од светот ("вие не верувате во тоа така, нели?!"), истото беше и со Павле и неговата група проповедници: "словото за крстот е безумство за оние, што гинат, а за нас, кои се спасуваме, сила Божја" (1Кор.1:18).

Имајќи го сето тоа на ум, не може ли секој од нас да ја држи Библијата в раце со поголемо почитување, и да ја чита со повеќе нетрпеливост да се разбере и послуша?

## СТАВОТ НА БОЖЈИОТ НАРОД КОН СЛОВОТО НЕГОВО

Внимателното читање на библискиот запис покажува дека писателите на Библијата не само што се препознале за вдахновени, туку и другите писатели на Библијата ги третирале за такви. Господ Исус предначи во тоа. Кога Исус цитираше од Псалмите Давидови тој направи вовед со зборовите "Давид надахнат од Духот" (Мт.22:43), покажувајќи признавање на фактот дека зборовите на Давид беа надахнати. Исус исто зборуваше за 'пишувањето' на Мојсеј (Јв.5:45-47) покажувајќи дека верува оти Мојсеј дословно го напишал петтокнижието. Таканаречените христијани 'критичари' се сомневаа дали Мојсеј можел да пишува, но ставот на Христос јасно противречи на нивниот приод. Тој ги нарече записите на Мојсеј "Божја заповед" (Мк.7:8-9). Истата група нечесни сомневачи тврди дека многу од Стариот завет е мит, но никогаш Исус или Павле не се однесуваат така. Исус говореше за савската царица како за прифатен историски факт (Мт.12:42); не рече, 'према приказната за савската царица'.

Ставот на апостолите беше еднаков на оној од нивниот Господ. Епитомирано е од Петар кој рече дека неговото лично искуство на слушање со свои уши на Христовите зборови беше замрачено со "уште поверно пророчко слово" (2Пет.1:19-21). Петар веруваше дека писмата од Павле се 'Писмо' исто колку и 'другите Писма', фраза често користена за записите од Стариот завет. Така Петар ги виде писмата на Павле авторитетни колку и Стариот завет.

Има многу навестувања во Делата, Посланијата и Откровението до Евангелијата (пр. Дела 13:51; Мт.10:14), кои посочуваат не само дека се вдахновени сите од истиот Дух, но дека и записите од евангелието беа третирани за вдахновени од писателите на Новиот завет. Павле во 1Тим. 5:18 цитира од 5Мој.25:4 и од Лк.10:7 како 'Писмо'. Павле во прилог на тоа посочува дека пораката му беше од Христа, а не негова (Гал.1:11,12; 1Кор.2:13; 11:23;

15:3). Тоа беше признаено од другите апостоли. Така Јак.4:5 ги цитира зборовите на Павле од Гал.5:17 како ‘Писмо’.

Бог ни "проговори" во Христа; према тоа нема потреба за некое понатамошно откровение (Евр.1:2). Може да се забележи дека Библијата алудира на други вдахновени пишувања кои сега не се на располагање (пр. книгата на Јашер, пишувањата на Натан, Илија, Павле до Коринт, и Јовановото трето Послание имплицира дека Јован напишал едно несочувано писмо до црквата кое Диотрепхес одби да го изврши). Зошто тие записи не биле сочувани за нас? Бидејќи е јасно дека не биле значајни за нас. Према тоа можеме да бидеме спокојни дека Бог сочувал сѐ што е значајно за нас.

Понекогаш се тврди дека книгите од Новиот завет биле постепено прифаќани за вдахновени, но фактот дека апостолите ги третирале меѓусебните записи за вдахновени, сигурно го побива тоа. Имаше еден чудесен духовен дар на располагање да испита дали буквите и зборовите за кои се тврдеше дека се вдахновени, биле навистина такви (1Кор.14:37; 1Јв.4:1; Отк.2:2). Тоа значи дека вдахновените букви беа веднаш прифаќани за такви. Ако имало некаков неуправуван човечки избор на нешто што влегло во нашата Библија, тогаш книгата не би имала никаков авторитет.

## 2.3 Дарови на Светиот Дух

Во различни времиња во Своето справување со луѓето, Бог ја управуваше употребата на Својата сила (‘Свети Дух’) на луѓето. Меѓутоа, тоа никогаш не било во форма на "бланко чек", да би ги, оспособило да прават што ќе посакаат, секогаш употребата на тој Свети Дух била за одредена цел. Кога ќе беше постигната таа, дарот на Светиот Дух беше повлекуван. Ние мора да запомнеме дека Божјиот дух  дејствува на начин кој и претходи на целта која е во Неговиот ум. Неговата цел често допушта кратко страдање во животот на луѓето за да ја оствари Својата долгорочна цел (види студија 6.1), па и за очекување е дека Неговиот Свети Дух нема нужно да се употреби за олеснување на човечкото страдање во овој живот. Ако и постигне некое такво олеснување ќе биде за една повисока цел за изразување на Божјата свест на нас.

Ова е во забележителна спротивност со народните христијански ставови за Светиот Дух денес; каде е даден впечатокот дека верата во Христа е вредна заради физичка полза, пр. лечење на болест, кое Светиот Дух наводно би дал. Ова би објаснало зошто во со борба расцепени земји како Уганда има

забележителна провала на луѓе кои тврдат дека ги поседуваат духовните дарови на оздравување и, историски, вакви тврдења често се совпаѓат со времиња на голема човечка мака. Ова само по себе ги става сегашните тврдења за поседување на духот под сомнение; ако некој е во потрага по искуство кое ја намалува присутната човечка беда, лесно е да се тврди дека се пронашло нешто што ќе ја полни сметката.

Многу 'христијани' денес тврдат дека ги поседуваат чудесните духовни дарови, сепак на прашањето за што точно е нивната намена има една значителна несигурност. Бог секогаш го давал Својот дух да постигне одредени, дефинирани цели. Поради ова тие кои вистински ги поседувале даровите на духот знаеле точно за што требало да се користат, и према тоа не постигнувале само делумен успех во употреба на истите. Ова е спротивно на многуте неуспеси и делумни лекувања доживеани од оние кои тврдат дека ги имаат даровите на духот за лечење денес.

Сите наредни примери покажуваат одредени причини и цели кои стојат зад доделувањето на духовните дарови. Во ниеден од овие случаи немало никаков субјективен елемент поврзан со поседувањето на даровите, ниту поседувачите на дарови можеле да ги употребуваат како што ќе им се свидело. Бидејќи ние говориме за Божјиот дух, незамисливо е дека луѓе би можеле да ја управуваат неговата употреба, бидејќи на нив им беше даден за да извршуваат одредени желби на Бога, повеќе отколку на луѓето кои имале привремена употреба на него (ср. Иса.40:13).

-Во раната историја на Израел, им беше заповедано да направат шатор (‘храм’) во кој олтарот и другите светии ќе бидат чувани; подробни упатства беа дадени како да се направат сите предмети кои ќе бидат неопходни за обожавањето на Бога. Да се изврши тоа, Бог го даде Својот дух на одредени луѓе. Тие беа, "исполнети со дух на премудрост и расудување, *за да* му направат на Арона одежди" и.т.н. (Исх.28:3).

-Еден од овие луѓе, Веселеил, беше исполнет "преку духот Божји, кој му даде умешност, како и знаења да разбира од секакви работи; да гради *да* изработува со злато... да реже камења... за секакви потреби" (Исх.31:3-5).

-Бро.11:14-17 бележи како нешто од духот/моќта дадена на Мојсеј му беше одземено и дадено на старците од Израел, со цел да се оспособат за правилно судење на жалбите на народот за да има помал притисок на

Мојсеј. Пред смртта на Мојсеј, духовниот дар беше префрлен од него на Исус Навин за да може и тој, правилно да го води Божјиот народ (5Мој.34:9).

-Од времето кога народот на Израел влезе во нивната земја до нивниот прв цар (Саул) беа управувани од луѓе наречени судии. За време на овој период често беа угнетувани од своите непријатели, но во книгата на Судии е запишано како духот Божји дојде врз некои од судиите за чудесно да го избави Израелот од нивниот напаѓач- Гедеон (Суд.6:34), Готониил (Суд.3:10), Ефтај (Суд.11:29) даваат пример за ова.

-На друг судија Самсон, му беше даден духот за да убие лав (Суд. 14:5,6); да убие 30 луѓе (Суд.4:19) и да се ослободи од јажињата со кои беше врзан (Суд.15:14). Ваков "Свети Дух" према тоа не беше постојано поседуван од Самсон- доаѓаше врз него за да постигне одредени нешта и потоа беше повлекуван.

-Кога имаше посебна порака за Својот народ, духот надахнуваше некого да го говори Божјото слово. Кога пораката ќе завршеше, духовниот дар за говорење директно во Божјо име беше повлекуван, и зборовите на таа особа ќе беа лично нејзини, наместо Божји. Еден од многуте примери:-

"Духот Божји го исполни Захарија... им рече (на народот), Вака вели Господ: зошто ги прекршувате Господовите заповеди?" (2Лет.24:20). Види и 2Лет.15:1,2 и Лк.4:18, 19 за други примери.

Од ова би требало да е јасно дека добивањето дар на користење од Божјиот дух за одредена намера не беше

- Гаранција за спасение
- Нешто што беше во животно траење на лицето
- Мистична сила во самите нив
- Нешто добиено од едно возбудливо 'лично искуство'.

Мора да се каже дека има многу магловито размислување околу даровите на Светиот дух. Луѓе тврдат дека имаат 'добиено Свети Дух', и во многу евангелиски сали проповедникот ниша со морковот за 'добивање духовни дарови' пред оние кои размислуваат да го 'прифатат Исус'. Но прашањето мора да се истакне, кои дарови? Незамисливо е дека луѓето не знаат точно кој дар го имаат. На Самсон му беше даден духовен дар да убие лав (Суд. 14:5,6); соочен

со риката на животното тој би требало да знае точно зошто му е даден духот. Не можело да има никакво двоумење кај него. Ова е во потполна спротивност со оние денес кои тврдат дека го примиле Светиот Дух, но не можат да извршат некое одредено дело; ниту пак знаат кој дар би требало да го имаат.

Сигурно нема никаква алтернатива туку да се заклучи дека тие луѓе имале едно драматично душевно искуство поврзано со христијанството, и подоцнежниот пресврт во нивниот став кон животот ги оставил со едно чудно чувство на новина во нив самите. Свесни за тоа, тие ги зграпчиле библиските пасуси за даровите на Светиот Дух, и заклучиле 'ова мора да е она што го доживувам!' и нивниот радосен свештеник ги потплеснува под брадата и вели 'така е! Фали го Господа!' и ги користи ваквите случаи како 'доказ' при обидот да ги убеди другите да го примат Светиот Дух. Изворната причина на оваа травестија лежи во недостигот на библиско разбирање кое го имало лицето пред своето наводно 'обраќање'.

Борејќи се против обмамата на нашите сопствени чувства (Јер.17:9), мораме цврсто да стоиме на солидниот камен од библиски начела. Во ништо таа потреба не е поочита него во една студија како работи Божјиот дух. Ние сите сакаме да мислиме дека Божјата сила дејствува со нас во нашите животи. Но како и зошто го прави тоа? Дали ние навистина ги поседуваме духовните дарови како луѓето во библискиот запис? Ако сакаме навистина да го познаваме Бога и да имаме животен однос со Него, ние ќе ја препознаеме нужноста за правилното разбирање на овие работи.

## ПРИЧИНИ ЗА ДАРОВИТЕ ВО ПРВИОТ ВЕК

Помнејќи ги основните начела кои досега ги научивме за даровите од Божјиот дух, сега доаѓаме до записот од Новиот завет за духовните дарови кои беа поседувани во раната црква (т.е. групите на верници кои живееја во генерацијата по времето на Исус).

Христовата последна заповед беше за апостолите да одат низ светот да го проповедаат евангелието (Мк.16:15,16). Ова тие го направија, со темата на Христовата смрт и воскресение пред сè во нивната порака. Но запомни дека тогаш немаше Нов завет каков што го познаваме ние. Како што стоеја во прометни места и синагоги говорејќи за овој човек Исус од Назарет, нивната приповед можеше да звучи чудно- еден дрводелец од Израел кој бил совршен,

кој умрел и потоа воскреснал во точно исполнување на старозаветното пророштво, и кој сега ги повикува да се крстат и го следат неговиот пример.

Во тие денови, други луѓе исто се обидуваа да изградат култ следбеништва. Требаше да има начин за докажување на светот дека пораката проповедана од христијаните беше од Самиот Бог наместо филозофија на група рибари од северен Израел.

Во наше доба се повикуваме на записите од Новиот завет за делото и учењето на Исус да докажеме дека пораката е од Бога; но во тие денови пред да биде запишана и достапна, Бог им ја допушти на проповедниците употребата на Својот Свети Дух за да ја подвлечат вистината од она што го говореа. Ова беше одредената причина за употребата на даровите за глетка на светот; отсутноста на пишаниот Нов завет би создала и потешкотија за новите групи на верници да растат во својата вера. Бројните практични проблеми кои произлегоа меѓу нив не би имале јасно решение; би имало малку средства за нивно водење да зајакнат во својата вера во Христа. Па од тие причини даровите на Светиот Дух им беа на располагање за водење на раните верници преку вдахновените пораки, додека записот од Новиот завет на тие пораки и учењето на Исус беше напишан и заокружен.

Како и секогаш причините за давање на Светиот Дух беа многу јасни:-

-"Издигајќи се (Исус) на височина (на небо), плени плен и им даде дарови (духовни) на луѓето... за усовршување на светците во делото (проповедање) на служењето, за изградување на Христовото тело" т.е. верниците (Еф.4:8,12).

-Така Павле напиша на верниците во Рим "копнеам да ве видам, па да ви предадам некој духовен дар за вашето зацврстување" (Рим.1:11).

Во однос на употребата на даровите како потврдување на проповедањето на евангелието, читаме:

-"нашето Благовестие кон вас беше не само со слово, туку и со сила и со Светиот Дух и со голема увереност" преку чудата ковано (1Сол.1:5 ср. 1Кор.1:5,6).

-Павле можеше да говори "не смеам да речам нешто, што не го извршил Христос преку Мене, за да станат и незнабошците послушни на верата со слово и (чудесно) дело, со силата на знаци и чуда, со силата на Божјиот Дух" (Рим.15:18,19).

-Што се однесува до проповедачите на евангелието, читаме, "Кога и Бог им го потврди сведоштвото со знаци и чудеса со разни сили и со раздавање дарови на Светиот Дух" (Евр.2:4).

-Во една кампања во Кипар евангелието беше проповедано и поддржано со чуда, така гувернерот "откако виде што стана, поверува, восхитувајќи се на Божјото учење" (Дела 13:12).

Така чудата го наведоа стварно да ги почитува науките кои беа учени. Во Иконија исто "за Господа, Кој  сведочеше за словото на Својата благодат, давајќи преку нивните раце да стануваат знаци и чуда" (Дела 14:3).

Сето тоа е сожето во излагањето на апостолската покорност на заповедта за проповедање: "Тие, пак отидоа  и проповедаа насекаде; и Господ го поткрепуваше словото нивно со чудеса што се јавуваа" (Мк.16:20).

## ОДРЕДЕНИ НЕШТА ВО ОДРЕДЕНИ ВРЕМИЊА

Овие дарови на духот беа према тоа дадени за да се извршат одредени работи во одредени времиња. Тоа ја покажува грешката на тврдење дека чудесното поседување на дарот е трајно искуство низ целиот живот на личноста. Апостолите вклучувајќи го и Петар беа "исполнети со Свети Дух" на празникот на Педесетницата, наскоро по асцензијата Христова (Дела 2:4). Тие беа према тоа во можност да говорат странски јазици за да започнат со проповедање на христијанското евангелие на невиден начин. Кога властите се обидоа да ги дофатат, "Петар откако се исполни со Дух Свети" беше оспособен да им одговори убедливо (Дела 4:8). По нивното пуштање од затвор беа оспособени од даровите да продолжат со проповедање- "сите се исполнија со Дух Свети и слободно го проповедаа словото Божјо" (Дела 4:31).

Внимателниот читател ќе забележи дека не се вели оти ‘веќе исполнети со духот’, ги направија тие работи. Тие беа исполнети со дух да направат одредени работи, но мораа да бидат повторно исполнети за да го остварат наредниот предмет од Божјиот план. Павле исто така беше "исполнет со Свети Дух" на своето крштевање, но години подоцна беше потребно да биде "исполнет со Свети Дух" за да казни еден зол човек со слепило (Дела 9:17; 13:9).

Во говорењето за чудесните дарови, Павле напиша дека раните верници ги поседувале "според мерката на дарот Христов" (Ефес.4:7). Грчкиот збор за ‘мерка’ значи ‘ограничена порција или степен’ (Стронг'с Цонцорданце). Само Исус ги имаше даровите без мерка, т.е. со целосна слобода да ги користи по желба (Јв.3:34). Сега ќе ги дефинираме тие духовни дарови кои најмногу се спомнуваат, дека се поседувани во 1 век.

## ДУХОВНИ ДАРОВИ ОД ПРВИОТ ВЕК

### ПРОРОШТВО

Грчкиот збор за 'пророк' значи некој кој го претскажува Божјото слово- т.е. било која особа вдахновена да ги говори Божјите зборови, што своевремено вклучуваше и претскажување на идни настани (види 2Пет.1:19-21). Така значи "пророци"- оние со дар на пророштво- дојдоа "од Ерусалим во Антиохија... и еден од нив, по име Агав, пророче преку Духот дека по целата вселена ќе настане голем глад; а таков и настанал во времето на ќесарот Клаудиј. Тогаш учениците решија секој со што располагаше, да испрати помош на браќата" (Дела 11:27-29). Овој вид на многу одредено пророштво, што имаше јасно исполнување за некоја година, наполно недостига меѓу оние кои сега тврдат дека го поседуваат дарот на пророкување; всушност, толку беа сигурни во раната црква дека овој дар е меѓу нив навистина поседуван, што го дадоа своето време и пари за олеснување на прореченета тешкотија. Малку примери од овој вид можат да се најдат во денешниве таканаречени 'духовно исполнети' цркви.

### ЛЕКУВАЊЕ

Бидејќи апостолите проповедаа благовестие (евангелие) за Божјото царство на совршенство кое доаѓа на земјата, беше пригодно дека требаше да ја потврдат нивната порака со правење чуда кои би имале претвкус од она на што би наликувало тоа време, кога "ќе се отворат очите на слепите, ушите на глувите

ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока..." (Иса.35:5, 6). За повеќе околу состојбите во Божјото царство, види студија 5. Кога Божјото царство ќе се уреди на земјата, слични ветувања на овие нема да бидат полуисполнети, ниту ќе има двојба околу тоа дали е царството тука или не. Затоа Божјото чудесно поткрепување на пораката за тоа царство беше во заклучно, одреден облик кој не може да се одрече; затоа многуте чудесни излекувања направени од раните верници беа пред општа публика.

Класичен пример е најден во Петровото лекување на хромиот питач кој беше положуван секое утро при вратата на храмот. Дела 3:2 вели дека го положуваа тука секојдневно- за да постане позната глетка. Излечен од Петар употребувајќи го духовниот дар, "скокна, застана и прооди, и влезе во храмот заедно со нив, скокајќи и фалејќи Го Бога. И сиот народ го виде како оди и како Го фали Господа. А го познаа дека тој беше оној што седеше пред Красна, вратата на храмот, поради милостиња; и се восхитија и се зачудија за она што му стана. И бидејќи исцелениот хром не се одделуваше од Петра... кон нив пријде сиот зачуден народ во тремот" (Дела 3:7-11).

Петар тогаш веднаш започна говор за воскресението Христово. Имајќи го несомнителниот, непобивлив доказ пред нив во обликот на тој исцелен питач, можеме да бидеме сигурни дека тие ќе поверуваа оти Петровите зборови беа Божји. Вратата на храмот во тој "молитвен час" (Дела 3:1) би била натрупана со луѓе, како пазариште во саботно утро. На вакво место Бог одбра да го потврди проповедањето на Своето слово со такво јасно чудо. Како и во Дела 5:12 ние читаме "преку рацете на апостолите се појавуваа знаци и стануваа многу чуда меѓу луѓето". Вообичаените тврдења од ‘пентекосталските’ исцелители и нима слични се одвиваат околу работи кои настануваат во цркви во споредни улички а не на улици, и пред публика од 'верници' здружени во дух на исчекување да се случи чудо, наместо пред немилосрдна општа публика.

Нека биде на знаење дека сегашниов писател имал значително искуство во расправање по тие прашања со сегашни тврдители за поседување дух, и исто е очевидец на многу тврдења за поседување дух. Сепак за 'личното сведочење' на многуте незавршени 'исцелувања' и за најдобрите делумни оздравувања, не е потребна посебна обработка; било кој чесен член на тие цркви ќе признае дека многу од тоа се случува. Во доста пригоди сум изложил на моите добронамерни пентекосталски пријатели, "не сум нерасположен да верувам дека вие би можеле да ги имате тие големи моќи. Но Бог секогаш јасно покажувал кој ја има Неговата моќ и кој не ја има; па не е неразумно за мене да ве прашам да ми го докажете фактот- и тогаш би можел да бидам понаклонет да ја прифатам вашата научна позиција, што сега едноставно не можам да ја усогласам со Писмото". Никогаш не ми била дадена јасна "демонстрација од духот и од моќта".

Во спротивност на мојот став, православните Евреи од 1 век имаа затворено мнение за можноста христијани да поседуваат Божји чудесни духовни дарови. Дури и тие признаа, "Овој човек прави многу чудеса" (Јв.11:47) и "Оти големото чудо што стана преку нив познато им е на сите што живеат во Ерусалим, и ние не можеме тоа да го одречеме" (Дела 4:16). Слично и оние кои ги слушнаа апостолите да говорат во јазици беа "збркани" (Дела 2:6). Истото не се случува денес како одговор на 'пентекосталското' брборење. Фактот дека луѓето учтиво се разместуваат кон модерните 'пентекосталци' логично негира дека тие навистина постигнуваат чуда, и сигурно е значајна поента во оваа расправа. Доколку само едно чудо излезе на насловните страници низ Ерусалим, нели е разумно да се предложи ако вистинско чудо е направено во лондонскиот Трафалгар Сљуаре или во Нуахаруру паркот во Најроби, дека би имало признание ширум светот оти Божјите духовни дарови се во посед денес? Наместо тоа, пентекосталците очекуваат светот да се фати на следниве видови 'докази' како причина за нивната вера во тоа: -

-(евентуалното) оздравување од чир на стомакот; процесот на заздравување би требало да почне после молитвениот состанок.
-Исправување на деформирани екстремитети.

-Подобрен вид и слух, иако често вратен на претходната состојба.

-Отстранета депресија.

На овие примери мора да се додаде фактот дека болнички коли доведоа болни пациенти кај Т.О. Озборн крсташко исцелување во Најроби, Кенија и возачот соочен со етичка дилема дали да остане или се врати, остана- сè исто, бидејќи страдалниците не оздравија.

Сепак предизвикот повикува од многу јавни постери за слични состаноци: "дојди очекуваме чудо!" Психолошки бината е наместена за сите форми на автосугестија и сл. Никаде во Новиот завет нема ни најмал предзнак за такво масивно психолошко припремање дека е потребно, пред чудо да настане. Очевидно е дека некој од исцелените во 1 век немаа вера- некој не знаеше кој беше Исус (Јв.5:13; 9:36).

Слично бомбардирање на психата се постигнува со зашеметувачкото повторување молитви, ритамот на тапани и возбудлива музика. Несомнено дека секаква рационална свесност за Бога, и сè друго, ќе биде испразнета од сето тоа. Писателот се сеќава на присуствувањето на неколку такви состаноци во различни места, и секој пат со искуство на несносна главоболка од напорот

да се задржи рационална, урамнотежена библиска свесност соочен со искушението за губење во ритамот на тапаните и ракоплескањето. Сето тоа се појавува како нужна предигра за пентекосталско 'чудо' и е достатен доказ дека 'лекувањата' се резултат на душевна и психолошка условеност а не директно делување на Божјиот дух. Напротив, Петар можеше да ги користи вистинските дарови на чудеса да лекува луѓе како што лежеа по улици (Дела 5:15); Павле при користење на чудесните дарови беше лично сведочен од владин министер кој не веруваше (Дела 13:12,13), како и од многу пагани кои живееја во градот Листра (Дела 14:8-13). Како што беше барањето на самата цел и природа на духовните дарови тие работи беа правени јавно, и не можеше никако со кревање раменици и некое друго објаснување, туку да се признае, дека тука беше Божјата моќ отворено изложена од Неговите слуги.

Ефектот на едно од Христовите исцелувачки чуда беше сличен: "така што сите се восхитуваа (оние кои го виделе) и Го славеа Бога, велејќи: Никогаш вакво чудо не сме виделе!" (Мк.2:12).

## ЈАЗИЦИ

Апостолите, груби рибари што некои од нив беа, примиле големо овластување да одат низ целиот свет, и да го проповедаат евангелието (Мк.16:15,16). Можеби првата реакција им беше, "но јас не ги знам јазиците!" За нив не беше ниту случај на "не бев добар во јазици на училиште", бидејќи тие и немаа никакво школување. Им беше испишано преку нив во целост "дека се тоа луѓе неучени и прости" (Дела 4:13) кога беше тоа во прашање. Па дури и за пообразованите проповедници (пр. Павле), јазичната препрека сепак беше страшна. Кога конвертити ќе беа направени, меѓусебната потпора што ќе им беше потребна да ја имаат за зајакнување (во отсуство на пишаниот Нов завет) значеше дека неразбирањето јазик еден со друг беше обемен проблем.

За да се преброди тоа, дарот за јазици и способноста да се разбираат беа дадени.

На еврејскиот празник на Педесетницата, набрзо по асцензијата Христова на небо, апостолите "се исполнија со Дух Свети и почнаа да зборуваат на други јазици... се собра многу народ (повторно, јавно изложување на даровите!) и сè се збрка бидејќи секој ги слушаше како зборуваат на неговиот јазик. И сите се чудеа и маеја, велеќи си помеѓу себе: "Овие што зборуваат, зар не се сите Галилејци? Па како тоа сите да си го слушаме својот роден јазик? Ние Партјаните и Мидјаните... слушаме како тие зборуваат... на нашите јазици... сите се чудеа" (Дела 2:4-12). Не личи дека двојното истакнување на чудењето

на народот и нивното маење би било потребно ако тие го слушнеа само она мрморење говорено од оние кои тврдат дека го имаат дарот денес; тоа повеќе побудува незнатен сарказам или рамнодушност, а не чудењето и увереноста од разбирањето на изговорените зборови, што беше во Дела 2.

1Кор.14 е список на заповеди кои се однесуваат на дарот за јазици; в.21 го цитира Иса.28:11 а говори како овој дар ќе биде употребен да сведочи против Евреите: "Во Законот е напишано: на туѓи јазици и со туѓа уста ќе му зборувам на овој народ" Иса.28:11 првенствено се однесува за непријателите израелски кои им говорат на Евреите во јазици кои не ги познаваат. Ова поглавје е вдахновена критика од Павле за злоупотребите на даровите кои настанаа во раната црква, и како таква дава многу погледи во природата на даровите за јазици и пророштво. Ние сега ќе направиме обид, сожето излагање од тоа. В.37 е клучен стих:

> "Ако некој мисли дека е пророк или исполнет со дух, нека разбере дека ова што ви го пишувам се Господови заповеди".

Ако некој тврди дека е духовно надарен, мора да прифати дека заповедиве кои претходат за употреба на даровите се вдахновени од Бога. Било кој што денес не ги извршува тие заповеди према тоа отворено одобрува дека е во ред да се презираат Божјите вдахновени зборови. Стихови 11-17:-

> "Ако, пак, не го разбирам значењето на тие гласови, тогаш за оној што зборува ќе бидам странец, а и тој за мене туѓинец.
>
> Така и вие, бидејќи сте ревнители за духовни дарови, грижете се да ги добиете во изобилност, за поука на Црквата.
>
> Затоа оној што зборува на стран јазик, нека се моли за дар да може да го толкува. Оти ако, се молам на непознат јазик, се моли мојот дух; умот, пак, мој останува бесплоден. Па што да се прави? Ќе Му се молам со дух, ќе се молам и со ум; ќе Го фалам Бога со дух, ќе Му пеам и со ум.
>
> Зашто, ако благословуваш со дух, како ќе рече ‘Амин’ на твојата благодарност простиот човек, кога не разбира што велиш? Ти благодариш добро, но другиот не се поучува".

Да се зборува на јазик кој присутните на службата не го разбираат е беспредметно. Користењето 'мрморење' е отфрлено, бидејќи како би се искрено рекло ‘Амин’ на крајот од ‘молитвата’ составена од неразбирливи бесмислености? Сети се дека ‘Амин’ значи ‘така нека е’, т.е. 'потполно го одобрувам изреченото во оваа молитва'. Говорењето јазик кој е неразбирлив за твоите браќа не ги поучува, вели Павле.

Се сеќавам разделував брошури надвор од едно Биллs Грахам крстосување барајќи од луѓето да се вратат на побиблиски базиран приод кон христијанството. Една возбудена жена се обиде да ме убеди дека мојата христаделфијанска доктрина е ‘водена од ѓаволот’, со брборење натаму во "јазици" околу 10 минути. На никој начин не можев да бидам "поучен" од тоа; ова е сигурно точно она што Павле заповеда да не се прави.

Стих 18:-

> "Му благодарам на Мојот Бог, оти од сите вас зборувам повеќе јазици".

Бидејќи за своите широки патувања во проповедањето за Христа на Павле му беше потребен дарот на јазици повеќе него другите.

> "Но в црква повеќе сакам да кажам пет зборови разбирливи, за да поучам и други, отколку илјадници зборови на непознат јазик" (в.19).

Ова е многу едноставно. Сожета реченица за Христос на македонски покорисна него саати на проповед на туѓ јазик- или 'мрморење'.

> "Затоа јазиците се знак не за оние што поверувале, туку за оние што не поверувале; пророштвата, пак не за оние што не веруваат, туку за оние што веруваат" (Стих 22).

Употребата на јазици беше према тоа главно за надворешно проповедање на евангелието. Сепак денес повеќето тврдења за поседување 'јазици' се појавуваат меѓу групи на 'верници' или (изгледа) во нивното поединечно, лично искуство, додека се сами. Има хроничен недостиг на примери за вакви луѓе кои биле способни да чудесно говорат туѓи јазици за да го шират евангелието. Во

раните 1990 години вратата на можности се отвори да се проповеда Христос во источна Европа, но (таканаречените) 'евангелиски' цркви мораа да ја достават својата литература на англиски заради јазичните бариери! Сигурно дарот за јазици требаше да биде користен ако бил во посед? И големиот литург евангелист Реинхардт Сеибер, тврдејќи за чудесното поседување на Духот, сепак мораше да говори до толпите во Кампала, Уганда, преку преведувач.

> "Ако, пак, целата црква се собере на едно место и сите почнат да зборуваат на непознати јазици, а дојдат и прости луѓе или неверници, нема ли да речат дека сте полуделе?" (Стих 23).

Точно тоа и се случи, муслимани и пагани се смееја на чудното однесување на оние кои го тврдеа дарот на јазици низ западна Африка. Дури и просечен христијанин присуствувајќи во некој агол на пентекосталски состанок би бил во искушение да помисли дека членовите полуделе.

> "Ако некои зборуваат на непознат јазик, нека зборуваат по двајца или најмногу тројца, и тоа по ред, а еден да толкува." (Стих 27)

Само две или три особи беа потребни да говорат на јазици во траење на некоја служба. Неверојатно е дека би имало повеќе од три јазика говорени во било која публика. Една служба набрзо би ја изгубила целата складност ако секоја реченица на говорникот би била преведувана повеќе од два пати. Ако дарот на јазици беше поседуван на состанок во централен Лондон, посетен од Англичани, со некои француски и германски туристи, говорниците би можеле да почнат:-

Свештеник: *Гоод евенинг.*

Први јазик - говорник: *Бон соир* (француски)

Втор јазик - говорник: *Гутен абенд* (германски).

Но природно тие мора да говорат "по ред", еден по друг. Би настанала збунетост ако говорат истовремено. Сепак, поради основната душевна природа на сегашните 'јазици' појавата настанува истовремено при говорот. Јас забележав дека штом едно лице почне, влијае врз другите веднаш да го сторат истото.

Дарот на јазици често беше користен во спој со оној на пророштво, така да една вдахновена порака од Бога можеше да се претскаже (со дарот за пророштво) на јазик непознат на говорнкот (со дарот за јазици). Пример за употребата на двата дара може да се најде во Дела 19:6. Меѓутоа, ако на еден митинг во Лондон посетен  од Англичани и многу француски посетители, говорникот зборува на француски, Англичаните "нема да бидат поучени". Затоа дарот за преведување мора да е присутен, па така сите да разберат, во нашиов случај да се преведе од француски на англиски. Исто ако едно прашање е поставено до францускиот говорник, тој нема да е во состојба да разбира, непотпомогнат, иако го има дарот за говорење француски, без лично познавање на истиот. Дарот за толкување тогаш би бил присутен да помогне во тоа.

Без присутноста на некој со дарот за толкување, во случај на потреба, дарот за јазик нема да се употреби: "а еден да толкува. Ако пак нема толкувач, тогаш в црква да молчат" (1Кор.14:27,28). Фактот што многу тврдители  на 'јазици' говорат во 'јазик' кој е неразбирлив за било кој, и без толкувач е случај на рамна непослушност на тие заповеди.

Стихови: 32,33:-

"Пророчките духови им се покоруваат на пророците; оти Бог не е Бог на безредие, туку на мирот. Така е по сите цркви меѓу светиите."

Поседувањето на даровите од Светиот Дух не е према тоа поврзано со едно искуство што го одзема лицето вон доменот на нормалната свест; духот е субјект на контролата од корисникот, а не сила која ги обзема па да делуваат недоброволно. Често погрешно се тврди дека демони или 'зли духови' ги поседуваат 'неспасените'  (види студија 6.3), но дека Светиот Дух ги исполнува верниците. Но духовната моќ за која се говори во 1Кор.14:32 е подложна на управата на корисникот за одредени цели; и не е жива сила на доброто, спротивена на силата на злото кое е во човечката природа. Покрај тоа, изложивме порано дека тие моќи на Светиот Дух дојдоа на апостолите во одредени времиња да направат одредени нешта, а не дека беа со нив постојано.

Апелот до поседниците на даровите да ги користат на начин што приличи на Божјата љубов кон мир, и омраза кон безредие (в.33), изгледа допира до глуви уши во 'пентекосталските' цркви денес.

> "Жените ваши по црквите да молчат: ним не им е позволено да зборуваат, туку да се покоруваат, како што вели и Законот" (Стих 34).

Во овој контекст за користење на духовните дарови, е непобитно изложено дека една жена не би требало да го користи за време на црковна служба. Една огромна целина на непочитување за ова би произлегла ако сегашната појава на 'мрморење' е изразена во односите на емоционалното возбудување, што преоѓа од едно лице на друго во публиката. Жена, деца, во суштина секој присутен кој е волен, може да биде заразен од таквиот поттик, и да прави занесени испрекинати слогови, кои важат за 'јазици'.

Истакнувањето жени во изјавените 'јазици' и 'пророштво' во денешните цркви напросто не може да се усогласи со јасната заповед на овој стих. Смешно очајниот аргумент дека Павле бил женомрзец се отфрла неколку стихови покасно: "Ако некој мисли дека е пророк или исполнет со дух, нека разбере дека ова што ви го пишувам  се Господови заповеди" (1Кор. 14:37), а не лично од Павле.

Било кој верник во вдахновена Библија мора значи да прифати дека овие заповеди од 1Кор.14 се земаат сериозно; да се отворено потсмеваат може само да покаже недостаток на верување во целосното вдахновение на Писмото, или една лична изјава дека некоја не е духовно дарувана, бидејќи некој кој е во недостаток на даровите би негирал дека заповедите од 1Кор.14 се Божји заповеди до нас. Логичноста на овој аргумент всушност, поразува. Во ова светло, како би можело да се членува во таква црква, или да се има желба за членување со нив?

Како фуснота на овој дел, е многу значајно дека оние секти кои тврдат дека говорат во јазици се, научно докажани, на повисока скала на депресија во споредба со луѓе од друга позадина. Кеитх Меадор, професор по психијатрија во Вандербилт Университѕ, У.С.А., презеде обемна студија, анализирање на поврзаноста на депресивноста и религиозната позадина. Тој востанови дека "процентот на сериозна депресивност... меѓу пентекосталските христијани изнесуваше 5.4% во споредба со 1.7% за целата надгледувана група".

Резултатите на неговото истражување се објавени во журналот, 'Хоспитал анд Цоммунитs Псsцхиатрs', дек. 1992.

Интересна статија, дојдена е до истиот заклучок, објавена во Интернатионал Хералд Трибуне, фев.11.1993; насловот говори за себе: "пентекосталците на врв на листата кога е во прашање потиштеноста". Зошто е тоа така? Сигурно е поврзано со фактот дека 'искуството' на имањето дух, што пентекосталците (и други) го тврдат, не е ништо повеќе туку болна психолошки управувана обмама.

## 2.4 Повлекувањето на даровите

Чудесните дарови од Божјиот дух ќе бидат користени повторно од верниците за да го променат сегашниов свет во Божјо царство, по враќањето Христово. Даровите се затоа наречени "силите на идниот век" (Евр.6:4,5); и Јоил 2:26-29 опишува големо излевање на духовните дарови по покајувањето на Израел. Самиот факт дека тие дарови ќе се дадат на верниците по враќањето Христово е достатен доказ дека не се поседувани сега, ние гледаме, и секој христијанин со отворени очи кон Писмото и светските настани, дека враќањето Господово сигурно мора да е наскоро (види Додаток 3).

Има јасни библиски пророштва дека во одреден момент во времето између 1 век, кога даровите беа поседувани, и второто доаѓање, даровите требаше да бидат повлечени:-

> "Ако се пророштва, ќе престанат; ако се јазици- ќе замолкнат; ако се (дар на) знаења- ќе исчезнат. Оти по нешто знаеме и по нешто пророкуваме; а кога ќе дојде совршеното, тогаш ќе исчезне делумното" (1Кор.13:8-10). Даровите "се привремени" (Г.Н.Б.).

Духовните дарови поседувани во 1 век требаше да се повлечени "кога ќе дојде совршеното". Ова не може да биде второто доаѓање на Христос, бидејќи тогаш ќе бидат дадени повторно. Грчкиот збор преведен ‘совршен’ значи точно 'она што е потполно или целосно'; и не значи нужно нешто безгрешно.

Тоа целосно нешто, ќе го замени делумното знаење што раните христијани го имаа како резултат на дарот на пророштво. Запомни дека пророштвото беше дар за претскажување на вдахнатите Божји зборови; напишаниот запис на такви зборови ја сочинуваат Библијата.

Во 1 век, просечниот верник би знаел само дел од Новиот завет каков што го знаеме. Тој би слушнал некои зборови на пророштво од постарите во неговата црква за разни практични теми; би знаел за вонредниот живот на Исус, и можеби би слушнал едно или две писма од Павле прочитани. Но еднаш штом напишаниот запис на зборовите од пророштвата беа завршени и заокружени, немаше веќе потреба за дарот на пророкување да биде сè уште во посед. Она што беше доврошено, и што со тоа ја замени службата на духовните дарови, беше значи завршениот Нов завет:-

> "Целото Писмо е од Бога вдахновено и полезно за поука, за изобличување, поправање и поучување во правдата за да биде Божјиот човек совршен (целосен) и годен за секое добро дело" (2Тим.3:16,17).

Она што прави совршено, или целосно, е "целото писмо"; па штом еднаш "целото писмо" беше вдахновено и напишано, "она што е целосно" дојде и чудесните дарови беа повлечени.

Еф.4:8-14 сега убаво го довршува мозаикот како проблем:-

> "Издигајќи (се Исус) на (небо) височина, плени плен и им даде (духовни) дарови на луѓето... за изградување на Христовото тело, додека сите не стигнеме до единство во верата (т.е. единствена вера) и познавање на Синот Божји, до состојба на совршен маж... та да не бидеме веќе мали деца, што ги лула и занесува секој ветар на лажните учења".

Даровите на 1 век беа дадени додека се стигне до совршен, зрел маж, и 2Тим.3:16,17 вели дека "Божјиот човек (е) совршен" преку прифаќање водство од "целото писмо". Кол.1:28 исто поучува дека 'совршеноста' доаѓа од одзивот на Божјото Слово. Еднаш штом целото Писмо ни е во посед, нема веќе никакво вистинско оправдување за забуна од многуте доктрини понудени од различни цркви. Има само една Библија, и како што "Твоето Слово е вистина" (Јв.17:17) со проучување на Неговите страници можеме да најдеме "единство во верата" едината вера за која говори Ефес.4:13. Вистинските христијани према тоа досегнаа до поседувањето на таа една вера; во таа смисла тие се целосни (‘совршени’) во исход на "она што е совршено" или целосно, напишаното, завршено Слово Божјо.

Во минување, забележи како Еф.4:14 споредува, да се биде во служба на чудесните дарови, со духовно детство; и во контекстот за пророкување, како чудесните дарови требаше да се повлечат. 1Кор.13:11 вели исто. Да се прави таква врева околу имањето духовни дарови, према тоа не е знак на духовна зрелост. Прогресот сега што секој читател на овие зборови треба да го направи е кон подлабоко осознавање на пишаното Слово Божјо, да се весели во целосноста на Божјото основано откривање Себе до нас преку тоа, и да одговориме на тоа со понизна послушност.

## СЕГАШНИ ТВРДЕЊА ЗА ПОСЕДУВАЊЕ ДУХ

Крајно, извесен број на други точки мора да се направат кои се однесуваат на повторуваните тврдења на оние кои мислат дека сега ги поседуваат чудесните дарови:-

-Сегашното "говорење јазици" е склоно кон повторување на истите кратки слогови одново и одново, пр. "лала, лала, лала, шама, шама, Исус, Исус". Ова во синтакса не е поврзано со ниеден јазик; кога некој слуша некого да говори на туѓ јазик, обично е можно да се распознае дека нешто комуницира по моделот на користените зборови, иако можеби не ги разбираме зборовите. Сепак во денешното говорење на туѓи јазици тоа не се случува, и да го подвлечеме фактот дека не обезбедува поучување, што и беше целта на даровите од 1 век.

-Некои пентекосталци тврдат дека говорењето јазици е знак на "спасение" и сходно тоа ќе се придружи на секоја вистинска конверзија. Ова тврдење наидува на сериозна потешкотија со описот на раните цркви како тело, во кое оние кои поседуваа различни дарови беа како различни делови. Не беше секој рака или нога, па така слично не сите поседуваа, од било кој, еден дар пр. јазици. 1Кор.12:17; 27-30 го прави ова јасно:-

> "Ако целото тело би било око, тогаш каде ќе е слухот? Кога целото би било слух, тогаш каде е мирисањето?... Вие сте телото Христово, а поодделно-членови. И едни од вас Бог постави во Црквата прво апостоли, второ пророци, трето учители; потоа даде дарби за чудеса и исцелување; па застапници, управници и луѓе што зборуваат на разни јазици. Та сите ли се апостоли? Сите ли се пророци? Сите ли се учители? Сите ли се чудотворци? Сите ли имаат дарби да лекуваат? Сите ли зборуваат на разни јазици? Сите ли се толкувачи?"

Истото посочување е направено порано во тоа поглавје:-

"Оти, на еден му се дава преку Духот збор на мудрост, на друг збор на знаење, преку истиот Дух; на еден- вера, преку истиот Дух, на друг- дар за лекување, преку истиот Дух; на еден- да чини чуда, на друг- да пророкува;, на еден- да ги разликува духовите, на друг разни- јазици, на трет- да толкува јазици. Сето ова го прави еден и ист Дух, распределувајќи секому поодделно, како што сака. И како што е телото едно, а има многу органи, и сите органи од тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се- така и Христос" (1Кор.12:8-12).

Ваквите нагласувања не се едноставно за занемарување.

Друг проблем на пентекосталците, како аргумент, е тоа дека Филип преобрати многу луѓе во Самарија, т.е. беа крстени во вода откако го разбраа евангелието, но тие не ги добија духовните дарови; бидејќи после ова, Петар и Јован дојдоа при нив: "штом слегоа, се помолија за нив за да Го примат Духот Свети... Тогаш полагаа над нив раце и тие Го примаа Духот Свети" (Дела 8:4-17). "А Симон виде дека Духот Свети се дава со полагање раце од апостолите" (Дела 8:18). Можно е дека преоѓањето на духовните дарови беше единствено по пат на полагање раце, а што не е честа пракса кај денешните тврдители.

Други пентекосталци тврдат дека говорењето јазици не е доказ за спасение. Ова го осветлува фактот дека има големи доктрински разлики меѓу оние кои тврдат дека ги поседуваат даровите. Така некои 'харизматици' веруваат дека Божјото царство ќе биде на земјата, додека други велат е веќе на небо. Католичките 'харизматици' тврдат дека Светиот Дух им говори да ги обожаваат Марија и папата, додека некои пентекосталски 'харизматици' велат дека нивното поседување на Светиот Дух им заповеда јавно да го обвинат папата и прогласат за антихрист, и да го осудат католичкото учење. Сепак Исус изјави без сомнение дека оние кои го поседуваат Утешителот, Кој е "Духот Свети", ќе бидат упатени "во секоја вистина... и во тој ден нема да (треба да) Ме прашате за ништо. А Утешителот, пак... ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал" (Јв.16:13,23; 4:26). Не би требало да има никаков расцеп во основното учење помеѓу оние кои го имаат Утешителот- а фактот дека има, покажува дека оние кои тврдат дека им е во посед, не може да се земат за сериозни. Значителна неспособност на некои од тие тврдители библиски да ги оправдаат своите верувања, покажува дека не биле упатувани во секоја вистина и целосно знаење од Утешителот.

-Значителната важност која се придава од некои, на говорењето јазици, е во неспоредба со библискиот запис. Списокот на духовни дарови во Еф.4:11 не го ни спомнува, и се појавува на крајот од сличен список во 1Кор.12:28-30. Всушност, има само три пригоди од записот во Новиот завет каде е употребен дарот (Дела 2:4; 10:46; 19:6).

Тврдењата за говорење-јазици и чудеса кои се постигнати од денешните харизматични христијани, мора да се мери против значителната информација што ја изнесовме во оваа студија а се однесува за делувањето на Божјиот Дух. Основната цел да се постигне, е, било што да тврдат тие луѓе дека постигнале, не може да биде резултат на нивното поседување на Свети Дух. Кој и да се расправа дека тие ги имаат даровите во посед, би имал прилична домашна работа да одговори на библиските аргументи што ги изнесовме.

Секако, со причина се очекува некакво објаснување зошто појавата на делумно исцелување и 'јазици' (во смисла на ‘мрморење’) настанува.

Се има сознание дека луѓето користат само дел од својата мозочна-моќ, ниско дури 1%, према некои проценки. Исто така е увидено дека свеста може да има целосна физичка контрола врз телото; така психички уверен, да верува дека пламенот не гори, индиецот ќе чекори врз жар босоног а да не се изгори. За нас, кога сме поттикнати е можно да користиме далеку поголем процент од нашата моќ на мозокот него обично, така да можеме да оствариме физички ефект со, и врз, нашето тело кој е вон нормалното искуство. Така, во возбудувањето од битка војникот може да е сосема несвесен дека раката му била разнесена со часови после тоа.

Во состојба на жестоко религиозно верување и поттикнувањето од одредена музика, со влијанието на харизматичен водач, е сосема можно дека нешта надвор од доменот на нормалното човечко искуство би настанале. Чудесата за кои се тврди од 'христијаните' денес се од истиот ред на исклучителност како и необичните искуства на други религии; така и вуду обожавателите го доживуваат истиот феномен на 'мрморење', и муслиманите исто можат да сведочат за чудеса од истиот ред на оние за кои се тврди од денешното христијанство. Сепак главната цел за поседување на духовните дарови во 1 век беше да се покаже очевидната надмоќ на вистинското христијанство врз сите други религии; фактот дека 'чудесата' на денешното христијанство се од

истиот ред на оние од другите религии, покажува дека даровите на Духот од 1 век сега не се во посед.

Многу показателна информација по тоа прашање е дадена во 'Пентекостализам' (Црквите на Христос, 1967) од Њиллиам Цампбелл. Тој покажува дека многу пагански религии ја имаат истата појава на говорење 'јазик'. Така во Каваи, свештениците на богот Оро наводно му ја откриле волјата со неодредени звуци толкувани од други свештеници. Токму истото настанува во пентекосталските состаноци.

Продолжениот триумф на исламот врз христијанството во голем дел на Африка сигурно немаше да го видиме ако народното 'христијанство' правеше вистински чуда од скалата и убедливата моќ на оние од 1 век. А оние кои вистински го поседуваат ‘Утешителот’ од даровите на Светиот Дух би правеле дури "поголеми дела" него што правеше Исус (Јв.14:12,16). Изговорот дека христијаните би правеле такви чуда кога би имале повеќе верба, овде се среќава со големи проблеми. Или ги поседуваат чудесните дарови на Утешителот, или не ги поседуваат, а ако тврдат дека ги имаат "делата што ги вршам Јас (Исус)  и тој ќе ги врши, и поголеми од нив **ќе врши**" (Јв.14:12), не **'би можел** да врши'!

## 2.5 Библијата единствениот авторитет

Од досега што видовме во оваа студија, Божјиот дух се однесува на Неговиот ум и намера и на силата со која Тој ги става тие работи во дејство. Ние истакнавме дека тој дух ни е изразито откриен во страниците на Божјото Слово. Многуте проблеми на денешното христијанство надоаѓаат од страшниот недостаток на разбирање на ова. Бидејќи е тешко да се верува дека толку голема сила се овластила во една книга, која делумно ја наоѓаме тешка за разбирање, искушение е да се чувствува оти има некоја друга форма на Божјо откровение до луѓето освен Библијата. Бидејќи нашата наполно расипана човечка природа (Јер.17:9)  ја наоѓа чистата вистина на Божјото Слово (Јв.17:17) тешка за варење, многу се предале на ова искушение барајќи други форми на откровение кои се поатрактивни на природниот ум. Неколку примери се сега дадени:-

| Религија | Друг облик на Откровение | човечка предност/ привлечноста од тоа |
|---|---|---|
| Јеховини сведоци | Изданија на друштвото кула стражарска, кои се третира ни за вдахновени. | Не треба посебен напор да се размислува за точното толкување на Библијата; одговор за сè. |
| Римокатолици | Објавите од папата и мисле њето на свештениците, за кои се тврди дека се автома тски вистинскиот одраз на Божјиот ум. | Нема потреба за лично чита ње на Библијата, во минато то католицизмот го обесхра бруваше па дури и го забран уваше тоа. Верување во луѓе то наместо да се прави свој напор да се проверат работи те за себе. |
| Мормони | Книгата мормонска. | Ја одзема потребата да се верува во библиските учења кои се тешки за прифаќање книгата мормонска нуди при лика за општо спасение, до дека Библијата вели дека има многу луѓе кои живеат и умираат без надеж, преку неповиканост за знаење на евангелието. |

| | | |
|---|---|---|
| Харизматично христијанство | ‘внатрешно светло’ за кое се тврди дека е Светиот Дух. | Веруваат дека е исправно било што да чувствуваат бидејќи, се мисли, Божјиот Дух ги упатува и надахнува на начини неповрзани со Библијата. |

Сето тоа ја подвлекува потребата за основно прифаќање на Библијата како Божјо слово, и потрагата низ страниците за вистинската порака. Прашањето "една Библија многу цркви зошто?" е наголемо одговорено кога ќе се процени како секоја црква до некој степен тврди друг облик на откровение на Божјиот Дух, т.е. Неговата волја, учење и мислење како додаток на она во Библијата.

Ако сакате да ја пронајдете едината вистинска црква, едината вистинска вера и единото вистинско крштевање (Еф.4:4-6) повикот мора да допира до вас јасно и гласно. "назад кај **Библијата**!"

**Осврт 4: Дали е Светиот Дух личност?**

Студија 2.1 и 2.2 дадоа обилен доказ дека Божјиот дух се однесува на Неговата сила, која го одразува Неговиот ум на многу широк начин. Бидејќи начинот на кој дејствува Божјиот дух е многу правилен одраз на суштественоста и личноста Божја, некои расправаат дека Божјиот дух е особа која е исто Бог. Внимателно пречитување на претходните оддели ќе покаже дека Божјиот дух е Неговиот ум и сила; ако е тоа така, тогаш нема начин за да ум или сила бидат особа. Електрицитетот е невидлива сила која може да произведува резултати за лицето кое ја управува, но не може да е особа. Љубовта е дел од нечиј карактер, но не може да е особа. Божјиот дух ја вклучува и Неговата љубов, како дел од Неговиот карактер, и исто се однесува на Неговата сила, но на ниеден начин не може да се однесува на особа која е одвоена од Него.

Очевидно и зјапа како ова погрешно мислење (за духот дека е особа) се чини, верувањето на мноштво 'христијани', бидејќи тие веруваат во учењето за 'тројството'. Ова делотворно наведува дека има три богови кои се некако исто, Богот Отец, Светиот Дух и Исус. Истите луѓе тврдат дека Бог не е особа, но сепак велат дека Светиот Дух е; овде има рамна противречност. Тоа исто би го направило Светиот Дух татко на Исус.

Постои добра причина да се верува дека 'тројството' беше основно паганска идеја внесена во христијанството, оттука зборот не се појавува во Библијата. Имајќи ја прифатено таа идеја дека Бог е тројство, христијаните се тогаш присилени да посегнат по позитивно чудниот заклучок дека некако Божјата сила/дух е особа, која е исто Бог, а сепак не е Бог. Кога се соочени со нелогичноста на својата положба, популарниот излез за нивно повлекување е тврдењето дека Бог е тајна, и дека треба да ги прифатиме тие работи со вера, без да бараме логично објаснување.

Ова поединечно ги прегледува пропораките во Новиот завет кон мистеријата Божја, која ни е откриена преку словото и делото Христово:-

"Не сакам, браќа, да не ја знаете таа тајна" (Рим.11:25).

"Проповедта за Исуса Христа, според откровението на тајната што е

замолчувана до сега" (Рим.16:25).

"Еве тајна ви кажувам..." (1Кор.15:51).
"Откако ни ја откри тајната на Својата волја" (Еф.1:9; 3:3).

Павловата проповед беше да ја соопштува "тајната на благовестието"

(Еф.6:19; Кол.4:3).

"Тајната... сега откриена на Неговите светии" (Кол.26:27).

Со сите овие истакнувања, а ова е тоа, за да сега нема ниедна тајна прилепена на основните учења, ќе биде тек, некој, сè уште во мрак кој ќе тврди дека, има. И дали таа особа нема да се загрижи дека библиското име за "Вавилон", системот на крива религија опишан во Откровение, е "Тајна" (Отк.17:5)? Јасната импликација, што овој поредок ја изјавува, е дека нивните верувања се тајна; но вистинските верници ја разбираат тајната на таа жена (Отк.17:7).
Такво замаглено поимање е, се разбира, за очекување од оние кои ги основаат своите сфаќања за Бога на субјективни работи како што е човечкото искуство, или измисленаата, неодредена активност на некаква недовршена духовна сила врз нивната свест. Ако е за очекување од нас да бидеме навистина покорни кон учењето на Божјото Слово, следува дека од нас исто така се бара да користиме темелни сили за разбирање и изведување заклучоци за да се открие пораката.

Никогаш ниту еден проповедник на евангелието, како запис во Библијата, не прибегнал велејќи, 'тоа е целосна мистерија, вие не можете да почнете да ја разбирате'. Туку, ние читаме за нив како апелираат до луѓето преку оправданост и повлекување логични заклучоци од Писмото.

Во своето проповедање на видот на основите од евангелието за кои говориме во овие студии, Павле "им зборуваше од Писмото, откривајќи им и докажувајќи дека Христос требаше да пострада и воскресне" (Дела 17:2,3). Овде имаше систематско, логично библиско расудување за пример; а записот е со увод во реченицата: "Павле, по својот обичај... зборуваше". Тоа значи, беше негов вообичаен стил (види исто Дела 18:19). Придржувајќи се кон ова, за време на големата кампања во Коринт Павле "секоја сабота **зборуваше** во синагогата и ги убедуваше Јудејците... бидејќи тие се противеа" (Дела 18:4-6). Оние кои беа преобратени поминаа низ процес на убедување од библиски заснованото расудување на Павле; овде немаше никаква 'визија на Исус во мојата спална соба', 'неописиво чувство ме обзеде', 'едноставно го сретнав Господа една вечер'.

Примети, исто дека вдахновениот запис повикува на логика и рационалност, со тоа што посочува дека "тие се противеа". Како и во Антиохија, Павле и Варнава "кои зборувајќи (им го словото), им советуваа" (Дела 13:43). Нивното наредно застанување беше во Иконија, каде што "зборуваа така, што мнозина... поверуваа" (Дела 14:1).

Кога му се судеше за неговиот живот, подоцна, истата возвишена логика продолжи да ја инспирира цврстата Павлова надеж за иднината: "кога Павле зборуваше за правда, за воздржување и за идниот суд" со таква продорна јасност што дури и неговиот дрзок, завален судија "се уплаши" (Дела 24:25).

Бидејќи нашето обраќање треба да е темелено на таков процес на расудување, треба да сме способни да дадеме логична библиска сметка за нашата надеж и наука:

> "бидете секогаш подготвени за одговор на секого, кој од вас побара сметка за вашата надеж" (1Пет.3:15).

Да се зборува трезвено за нечии лични искуства не е давање причина за надеж во евангелието. Продолженото потпирање на 'лични сведоштва' како средства на проповедање од многу 'евангелиски' христијани, го осветлува недостатокот на "разумен одговор" за нивната "надеж". Цела залиха на зборови произлезе

меѓу такви христијани да ги оспособи да 'споделат што Господ има направено во мојот живот' и.т.н. Вакви лични анегдоти се во остра спротивност со зборовите на Павле "Оти ние себе не проповедаме, туку Христа" (2Кор.4:5), и тоа од човек кој 'имаше личен однос со Исус' најповеќе од сите.

Логичниот, библиски оправдан начин од нашето обраќање треба да го постави моделот за нашиот пообемен однос со Бога во преостанатите наши денови. Нашите примери, како и секогаш, се првите христијани кои расудуваа за да ги одгатнат решенијата на своите проблеми на службување (Дела 6:2). Писмата во Новиот завет исто подразбираат нивните читатели да ја прифатат употребата на библиска логика. Така со расудување за тоа какви биле првосвештениците под законот Мојсеев, можеме да разбереме детали за делото Христово (Евр.5:3). Во говорот за престасаната љубов Божја во Христа, Павле навалува дека е таа "вашата духовна (грч. 'логикос', т.е. логична) служба" потполно да Му се предадеме во одзив (Рим.12:1). Зборот 'логикос' е изведен од грчкиот 'логос', што е и зборот обично преведен "слово" а се однесува на Божјото Слово. Нашиот "логичен" одзив во библиски изрази е према тоа она што е изведено од Божјото Слово.

Во светло на сè ова, треба да е јасно дека е нелогично да се тврди дека духот Божји е лично битие кое не е Бог а сепак е Бог, и во збир на тоа да се каже дека целата работа е тајна, и дека логиката е неприлична, е едноставно неприфатливо во библиски термини. Ако ние не можеме да извлечеме логични заклучоци од Писмото, тогаш сета библиска наука е залудна, и нема никаква потреба од Библија која може да се третира како слатка тривијалност или литературно дело кое плени. На многу христијански полици за книги по се изгледа е тоа.

Сепак, во нивни придонес, некои кои веруваат дека Божјиот Дух е личност се обидуваат да дадат библиски причини. Цитираните стихови се оние кои говорат за Божјиот Дух во личен јазик, на пр. како за "Утешителот" во Јован 14:16 или препораката за духот дека е "ожалостен".

Ние покажавме во студија 4.3 дека човечкиот ‘дух’ може да е возмутен (Дела 17:16) вознемирен (Бит.41:8) или радосен (Лк.10:21). За неговиот ‘дух’, т.е. самата негова битност, неговиот ум и намера кој му дава подем на дејствијата, се говори како за одделна личност, но, се разбира, тоа не е дословно така. За Божјиот дух, исто, може да се говори на сличен начин.

Мора исто така да се сфати дека Библијата често го користи јазикот на олицетворување кога говори за замислени нешта пр. мудроста односно жена во Изреки 9:1. Тоа е да ни покаже каква би била во пракса личноста која има мудрост; 'мудроста' не може да постои освен во нечиј ум, и така измисленото

олицетворение е употребено. Повеќе за тоа, види Осврт 5. "Принципот на олицетворување".

## Осврт 5: Принципот на олицетворување

Некои можат да го најдат тешко за прифаќање, објаснувањето за олицетворувањето на ѓаволот, бидејќи за ѓаволот толку чести се однесувањата во Библијата како за личност и можеби тоа ги збунува луѓето. Ова лесно се толкува со посочувањето дека е препознатлива појава во Библијата дека неживите нешта како мудроста, богатствата, гревот, црквата се олицетворени, но само во случајот на ѓаволот е некоја фантастична теорија обвиена околу тоа. Следниве примери ја илустрираат точката:-

### МУДРОСТА Е ОЛИЦЕТВОРЕНА.

"Блажен е човекот, кој се здобил со мудрост, и човек, што спечалил разум; подобро е да ја добиеме **неа**, отколку ризници со сребро и злато; **таа** е поскапа и од скапоцени камења; па и сè што ти е мило, не може да се спореди со **неа**" (Изрек.3:13-15).

"Премудроста си изгради дом, ги утврди седумте столбови негови" (Изрек.9:1).

Овие стихови, и останатите во поглавјата во кои се јавуваат покажуваат дека мудроста е олицетворена во жена, но заради ова никој нема претстава дека мудроста е дословно убава жена која скита наоколу по земјава; сите препознаваат дека е многу пожелна особина која сите луѓе би требало да се обидат да ја стекнат.

### БОГАТСТВАТА СЕ ОЛИЦЕТВОРЕНИ.

"Никој не може да им слугува на двајца **господари**: оти, или едниот ќе го замрази, а другиот засака; или кон едниот ќе се приврзе, а другиот ќе го презре. Не можете да им служите на Бога и на Мамона" (Мт.6:24).

Овде, богатствата се поистоветени со **господар**. Многумина настојуваат многу напорно да стекнат богатства и со тоа тие им постануваат господар. Исус овде ни вели дека не можеме да го правиме тоа и да му служиме на Бога

прифатливи истовремено. Учењето е едноставно и делотворно, но никој не претпоставува со тоа дека богатствата се човек наречен Мамон.

## ГРЕВОТ Е ОЛИЦЕТВОРЕН.

"Секој што прави грев, роб му е на гревот" (Јв.8:34). "Гревот **царува,** предизвикувајќи смрт" (Рим.5:21). "Не знаете ли дека, кому му се предавате како робови за послушност, робови сте му на **оној,** кому му се покорувате; или робови на гревот, за смрт, или- на послушност за оправдание?" (Рим.6:16).

Како и во случајот со богатствата, гревот е овде поистоветен со господар и оние кои чинат грев му се слуги. Ни едно разумно читање на пасусот не ја оправдува претпоставката оти Павле учи дека гревот е особа.

## ДУХОТ Е ОЛИЦЕТВОРЕН.

> "А кога ќе дојде **Он**, Духот на вистината, ќе ве упати во секоја вистина; но од **Себе** нема да зборува" (Јв.16:13).

Исус овде им вели на своите ученици дека тие ќе ја примат силата на Светиот Дух, и тоа беше исполнето на денот на Педесетницата, како што е запишано во Дела 2:3-4, каде е изјавено дека "им се јавија разделни јазици, како огнени, и застанаа по еден над секого од нив. И сите се исполнија со Дух Свети", кој им даде значителна сила да прават чудесни работи за да докажат дека нивниот авторитет беше Божји. Светиот Дух беше, не личност туку сила, но кога Исус говореше за тоа ја употреби личната заменка "Он".

## СМРТТА Е ОЛИЦЕТВОРЕНА .

"И ете сив коњ, а на него јавач, чие име беше смрт" (Отк.6:8).

## НАРОДОТ НА ИЗРАЕЛ Е ОЛИЦЕТВОРЕН.

"Јас пак ќе те кренам, и ти ќе бидеш обновена, **девојко Израилева**, па ќе ги земеш тимпаните свои" (Јер.31:4). "Го слушам Ефрема како плаче: Ти ме казни,

и јас сум казнет како нескротен јунец; сврти ме- и ќе се свртам, зашто ти си мој Господ Бог" (Јер.31:18).

Контекстот на овие пасуси открива јасно дека пророкот не говори дословно за девојка или за Ефрема како за личност, туку за народот на Израел, што во овој пример е олицетворен, исто како што е Велика Британија понекогаш олицетворувана во 'Британниа' или 'Јохн Булл'. Такви особи нема како таа жена или маж, но кога се спомнуваат во книги или се портретирани во слики, секој знае дека се мисли на Велика Британија.

## ВЕРНИЦИТЕ ВО ХРИСТА СЕ ОЛИЦЕТВОРЕНИ.

"Додека сите не стигнеме до единство во верата и познавање на Синот Божји, до состојба на **совршен маж**, до мера на полната возраст на Христовото совршенство" (Ефес.4:13). "Едно **тело** сте" (Еф.4:4). "Вие сте **телото Христово**, а пооделно- членови" (1Кор.12:27). "Христос е глава на Црквата, и Он е Спасител на **телото**" (Еф.5:23). Христос "е глава на **телото**, односно на Црквата... Сега се радувам во своите страдања за вас и го пополнувам недостигот од Христовите маки во мојата плот за **телото** Негово, кое е Црквата" (Кол.1:18,24). "Зашто ве обручив за маж, за да ве претставам пред Христа како **чиста девица**" (2Кор.11:2). "Бидејќи дојде свадбата на Агнецот, и **жена Му** се приготви" (Отк.19:7).

Сите овие стихови очевидно се однесуваат на заедницата луѓе кои беа вистинските верници во Христа, понекогаш спомнувани како ‘црква’, сепак ова не смее да се побрка и замени со ниедна од сегашниве православни цркви, кои од поодамна престанаа да се вистински верници во Христа.

Вистинските верници, то ест, оние кои ги држат и веруваат во вистинските доктрини учени во Библијата, на нив е повиканоста "чиста девица", посочувајќи ја чистотата на нивните животи кои треба да ги водат, и како ‘тело’ пригодна фигура, бидејќи како што природното тело има многу функции, така и вистинската црква има многу одговорности и извршува разни функции. Кога за црквата се говори како за ‘тело’, никој не ја заменува за поединец, ниту би го замениле ѓаволот или сатаната за гротескно чудовиште или паднат ангел, ако зборовите беа правилно преведени, или ако луѓето не стекнуваа погрешни идеи изведени од лажните цркви во дните на минатото.

Приспособено од *"Цхристендом Астрас"* од Роберт Робертс.

## Осврт 6: Калвинизам

Пред некои стотина години, Калвин учеше за идејата дека има предодреденост на нашите животи, така да нашето слободно волно одлучување нема никаков ефект врз нашето спасение; ние сме или предодредени за спасение или сме отфрлени. Оваа мисла повторно израснува во неколку денешни идеи:

-Дека нема смисла правење голем напор во библиско учење или религија, бидејќи ако треба да сме спасени, тогаш во секој случај ќе бидеме.

-Дека постои суштество наречено ѓавол кое нѐ присилува на грев и ни носи проблеми во нашите животи, без оглед на нашата волја. Оваа лажна мисла е расправана во студија 6.

-Дека нема потреба да бараме Божјо внимание во околности од животот, пр. за чување при патувања, бидејќи и онака е сѐ предодредено. Има светска изрека често слушана 'што е пишано ќе врви'.

-Евангелиските цркви учат дека е невозможно да се верува или сфати Библијата без да нѐ натера на тоа Светиот Дух.

Има многу силни библиски причини за отфрлање на овој вид филозофија:-

-Го прави бесмислен целиот концепт на послушност кон Бога. Постојано ни се кажува во Библијата дека мораме да ги чуваме Божјите заповеди, и дека со тоа или Му угодуваме или не угодуваме. Тој концепт на заповеди е безначаен ако Бог нѐ присилува да сме послушни. Христос нуди спасение "на сите оние, кои Му се послушни" (Евр.5:9).

-Евреи 11 покажува дека Божјата интервенција во нашите животи и конечното доделување на спасение е поврзано со нашата вера. Многуте библиски примери за молитви кон Бога за избавување во време на неволја се бесмислени доколку е сѐ крајно предодредено. Исто така и идејата за спасение како резултат на нашата вера во Христа е направена безначајна.

-Крштевањето е предуслов за спасение (Мк.16:16; Јв.3:3-5). Ова е негирано од калвинистите. Меѓутоа, спасението е овозможено на сметка на делото Христово (2Тим.1:10), не преку замислениот концепт на предодреденост. Ние мораме свесно да одбереме да се здружиме со Него, што и го правиме преку крштевањето. Рим.6:15-17 говори за нашето менување господари при крштевањето, од живот на грев во еден на послушност. "Од сѐ срце му станавте послушни на оној вид учење, на кое му се предадовте". Овој јазик на предавање јасно ја имплицира волноста како спротивставеност на безусловната предодреденост. Предавањето е преку послушноста од срце на учењето на евангелието (Рим.6:17).

-Нема никаква цел Бог да го претскажува Своето слово, ако сме во секој случај крајно предодредени. Исто така и проповедта е бесцелна; сепак Библијата и со заповеди и со запишани примери за тоа, покажува дека преку проповедта на словото луѓето доаѓаат до спасение. "Словото на... спасение" (Дела 13:26) мора да се проповеда на луѓето.

-Ќе ни биде судено по делата наши (Отк.22:12). Зошто, ако нашите волни дејствија се неважни во однос на спасението? Павле рече дека Евреите се осудиле самите за недостојни на живот вечен со нивното отфрлање на словото Божјо (Дела 13:46). Тие се осудија- Бог не ги спречуваше. Ако речеме дека Бог ги предодредува некои луѓе за спасение а други за осуда, тогаш Бог делотворно ги присилува луѓето да бидат грешни, со тоа Тој наводно би присилувал луѓе да се праведни. Бидејќи со гревот на Адам, "смртта премина на сите луѓе преку еден човек, оти сите згрешија" (Рим. 5:12). Затоа луѓето умираат, како казна за грев (Рим.6:23), не зашто Бог ги присили да бидат грешници во некое одредено време пред гревот на Адам.

-1Кор.10 и многу други пасуси покажуваат пример за оние во минатото кои еднаш имале однос со Бог, но потоа отпаднале, како предупредување до верниците. Фактот дека е можно да се "отпадне од благодатта" (Гал.5:4) значи дека не може да има 'еднаш спасени секогаш спасени' систем за спасение каков што побарува калвинизмот. Само со продолжено држење на вистинската доктрина можеме да бидеме спасени (1Тим.4:16).

-Исус јасно учеше дека разбирањето на Божјото слово е зависно до некој степен од нашиот волен напор. "Кој чита, нека разбере" (Мт.24:15). Така ние сме оставени да го разбереме словото- ние не сме присилени. Овде има паралела помеѓу ова и повторуваните зборови од Исус "Кој има слух да чуе... нека чуе" или сфати. Имајќи слух е према тоа еднакво со читањето на Божјото слово. Бидејќи Божјиот Дух е толку надмоќно објавен преку Неговото слово до таму што Исус можеше да каже дека Неговите вдахновени зборови "се Духот"

(Јв.6:63), невозможно е дека Божјиот Дух би работел на лице, одделно од Неговото слово, за да го присили лицето на послушност кон словото.

-"Кој сака, нека земе од водата на животот дарум" (Отк.22:17), преку одзивање кон словото на животот пронајдено во евангелието. Овде е сигурно волноста а не предодредената безперспектива, на нашата лична желба за спасение. Како и во Дела 2:21 "секој што ќе го призове името Господово, ќе се спаси" преку крштевањето во тоа име.

**Осврт 7: "и ќе примите дар од Светиот Дух"** (Дела 2:38).

Петар се обрати кон големата толпа на денот на Педесетницата, завршувајќи со апел во в.38 за покајание, крштевање и примање дар од Светиот Дух. Таа препорака за дарот на Божјиот дух е во контекстот на апостолите кои ги користат тие дарови во говорењето јазици на толпата, објаснувајќи дека, со тоа го обезбедуваа исполнувањето на пророштвото на Јоил за давањето на чудесните дарови (Дела 2:16-20). Затоа логично е да се претпостави дека Петар ги ветуваше чудесните дарови од духот на тоа мноштво Евреи кои го слушаа. Толпата беше составена од Евреи, не неЕвреи (Дела 2:5). Пророштвото на Јоил за давањето дарови, беше првенствено заради Евреите. Така Петар им посочува: "Зашто за вас е ветувањето, **за вашите деца**" (Дела 2:39), можеби, мислејќи на пророштвото на Јоил дека духот ќе биде даден на Евреите и на **нивните деца** (Дела 2:17 ср. Јоил 2:28-32). Тука можеби има и навестување дека ветувањето за овие чудесни дарови беше само за тие две генерации - оние кои го слушаа Петар, и нивните деца.

Ние изложивме дека до крајот на 1 век (т.е. околу 70 год. по говорот на Петар), даровите изгаснаа. Ова исто е потврдено со историскиот запис. За време на тие две генерации даровите од духот би биле исто така достапни и на неЕвреите: "и за сите што се далеку, што ќе ги повика Господ, нашиот Бог" (Дела 2:39). Забележи како се неЕвреите опишани како оние "што се далеку" во Еф.2:14-17.

Меѓутоа, постои добра причина да се верува дека она што се случи во Дела 2 беше само мало исполнување на зборовите на Јоил 2, поголемото исполнување ќе биде кога Израел ќе биде нападнат и непријателската војска уништена (Јоил 2:20), и кога Израел ќе се покае и ќе живее во среќен однос со Бога (2:27). "И, ете, по тоа (т.е. после тоа) ќе излеам од Мојот Дух" (Јоил 2:28). Додека не се видат тие предуслови, не можеме да бараме некое друго исполнување на зборовите од Јоил, освен она помало исполнување што беше видено на денот Педесетница опишано во Дела 2.

Ветувањето за добивање дар од духот после крштевање, сѐ уште може да се чита со некоја препорака до нас денес. Има еден Дух, но може да биде објавен на разни начини (1Кор.12:4-7; Еф.4:4). Во 1 век тоа беше преку чудесните дарови; сега пошто се повлечени е сосема исправно да се бара исполнувањето на ова "дар од Духот" ветување на друг начин. "Дарот **на** Светиот Дух" може да се однесува на 'дарот кој **е** Свети Дух', или на 'дарот за кој говори Светиот Дух' т.е. дарот на простување и спасение, кој што со Дух вдахновеното слово Божјо е ветен. Има многу други примери на оваа употреба на зборот "на" (‘двосмислен генитив’ да е техничка). "Познавањето на Бога" (Кол.1:10) може да значи познавањето кое Го има Бог или познавањето за Бога. "Љубовта Божја" и "љубовта Христова" (1Јв.4:9; 3:17; 2Кор.5:14) можат да значат љубовта која Бог и Исус ја имаат за нас; или љубовта наша кон нив. "Словото Божјо" може да значи слово за Бога или словото што дојде од Бога. Дарот на Светиот Дух према тоа може да се однесува за дарот кој Светиот Дух го прави и за кој говори, како и за дарот кој ги содржи силите на Светиот Дух.

## ДАРОТ НА ДУХОТ: ПРОШТЕВАЊЕ?

Рим.5:16 и 6:23 го опишуваат спасението како ‘дар’- и побарува споредба со ‘дар’ од Светиот Дух во Дела 2:38. Всушност Дела 2:39 изгледа го цитира Јоил 2:32 и се однесува за спасението, како да е тоа, она, што дарот на Духот беше. Препораката на Петар за ветениот дар дека е за оние "од далеку" алудира на Иса.57:19: "мир, (со Бога преку проштевање) мир на далечен". Еф.2:8 исто го опишува дарот како да е спасение, велејќи дека "и едните и другите имаме пристап при Отецот, во еден Дух" (2:18). Ова е понатаму вреднувано со фактот што Еф.2:13-17 исто алудира на Иса. 57:19: "Вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова. Зашто Он е нашиот мир... и откако дојде, Он ви благовести мир, на вас далечни и блиски". Иса.30:1 ги осудува Евреите што бараат проштевање на свој начин наместо со дарот на Божјиот Дух: тие "склучуваат сојузи, но не според Мојот дух, за да додаваат (наместо да одземаат) грев врз грев". Иса.44:3 го опишува проштевањето во последниот ден на Израел со слични изрази "ќе излеам... потоци врз исушеното (духовно неплодно- Иса.53:2): ќе го излеам духот Свој врз твоето племе и благословот Свој- врз твоите потомци". Благословот на семето Авраамово е во нивното проштевање преку Христа (Дела 3:25,26)- што е овде споредено со излевањето на духот врз Евреите. Ова е јасниот јазик на Јоил 2 и Дела 2. Гал.3:14 го става ова во толку многу зборови “Та благословот на Авраама (проштевање) да се

распространи над незнабожците преку Исуса Христа за да го добиеме ветениот Дух преку верата". Така 1Кор.6:11 говори за измивање на нашите гревови "преку Духот на нашиот Бог". Постои паралела во Римјани помеѓу, нас и добивање "благодат... помирување... Дух" (1:5; 5:11; 8:15), покажувајќи ја поврзаноста помеѓу дарот ("благодат") на Духот и проштевањето кое води кон помирувањето. Тешко е да се преувеличи колку многу Новиот завет го изградува јазикот и концептите на Стариот завет, нарочито во поглед на примарното еврејско читателство, и влијанието што писмата (посланијата) би го имале. Во наврати повторено во Петокнижието и Исуса Навин, Бог ветува да ја даде земјата на Својот народ- "земјата што Господ твојот Бог ти ја дава во посед", е честа фраза. Противвредноста на земјата, под Новиот завет е спасението; тоа е значи дарот Божји сега во перспектива, придружено со проштевањето гревови.

Гал.3:2,5 ср. 3:8-11, прави паралела на примањето на духот и примањето на Авраамовите благослови на спасение и проштевање. За "Ветениот Дух" (Гал.3:14) се говори во контекстот на ветувањата кон Авраам.

Петар ги праша Евреите да се покајат пред да можат да го примат дарот; ова би вклучувало лична молитва. Постои причина да се верува дека дарот на Духот е начин за опишување на одговорена молитва. Давањето "добри работи на оние што бараат" во молитва е исто што и давање (дар) на Светиот Дух. (Мт.7:11 ср. Лк.11:13). Филип.1:19 ја споредува "вашата молитва" со "дејството на Духот на Исуса Христа". Слично 1Јован 3:24 вели дека нам ни е даден Духот како резултат на нашата послушност на заповедите; в.22 вели дека послушноста на тие заповеди води кон одзив на нашите молитви. Така на нашата доверба и припаѓа тоа, нашите молитви да бидат слушнати (1Јв.5:14) и исто и припаѓа имањето на Духот (1Јв.3:21,24; 4:13), зашто ова се паралелни изрази.

Проучувањето на грч. збор "карис", често преведуван "благодат", ќе покаже дека е често користен во врска со дарот на Духот.

"Ќе се спасиме со благодатта (дар) на Исуса Христа" (Дела 15:11). Сепак идејата за "благодат" е често поврзана со одговорена молитва (пр. Исх. 33:12; 34:9; Бро.32:5; Пс.83:11); 2Кор.12:9; Евр.4:16; Јак.4:6 ср. в.3). Зах.12:10 говори за последниот ден за излевањето на "дух на благодат и милост" врз Евреите. Ова прави збир на нашите предлози- дека молитвата ("молбите") го доведуваат дарот на духот во смисла на проштевање, и дека ова давање на духот да одговори на молитвата е објаснато со пример во еврејското покајание во 1 век и последните денови. Во истиот контекст Павле говори за "даровите Свои и призовувањето (на Бога)" покајание и проштевање (Рим.11:29).

## УТЕШИТЕЛОТ

Истиот пристап може да се примени и на ветувањето на Утешителот во Јован 14 и 16. Тоа првенствено се однесува на чудесните сили дадени на учениците, према кои ветувањето и беше прво дадено, и може да се применува и врз нас во нечудотворувачка смисла. Даровите беа за да им се "напомни за сè што сум ви зборувал" (Јв.14:26), веројатно да им го овозможи пишувањето на евангелиските записи. Зборот "напомни" во себе го ограничува чудотворниот елемент на Утешителот ветен на учениците, кои живееја со Исус за време на неговата служба. Само тие можеа да ги добијат зборовите на Исус во поврат на своето помнење од Утешителот. Јазикот на ветувањата за "Утешителот" е исто применлив и на силата на завршената Библија. Према тоа, можеме да заклучиме дека тие и други ветувања од духот беа исполнети во чудесна форма во 1 век, но сега се применуваат на нас во објавата на духот преку пишаното Божјо Слово во Библијата.

Секако е вистина, дека Божјиот дух беше откровен преку пишаниот збор во минатото, но тоа беше само **делумно** откровение во споредба со потполноста (‘совршеното’) која сега ја имаме во завршеното Божјо Слово (1Кор.13:9-13). Следува од ова дека не можело да има друго пишано откровение од Бога после повлекувањето на даровите по завршувањето на Новиот завет. Тврдењата на Книгата мормонска и други слични производи, имплицираат дека Библијата **не** е целосното откровение- која отсутност на духовните дарови денес, докажува дека е. Ако сакаме целосно да ја употребуваме **потполноста** на Божјото откровение во Библијата, мораме да го употребуваме секој нејзин дел- и Стариот и Новиот завет, само тогаш може Божјиот човек да почне да станува толку совршен, колку потполноста Божја, откровена во Словото.

### Осврт 8: "А знаците на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие" (Мк.16:17).

Од ова, е расправано, дека секој што верува ќе ги добие чудесните дарови. Меѓутоа, ова докажува премногу- “**ќе** фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им навреди; на болни **ќе** полагаат раце и тие ќе оздравуваат" (Мк.16:18). Ова не е ветување за работи кои можат теоретски да се случат ако верникот има доволно вера; ова беа сигурни ветувања за тоа што дефинитивно би се правело од верниците. Само доколку чуда од оваа величина не се јасно изведувани, ветувањето од овој стих не може да се примени на нас во сегашно време. Припомнете си како Павле можеше да држи отровна змија без да биде

каснат (Дела 28:3-7) и тоа исходи во потврдување на неговата проповед дека е Божја.

Од сите харизматични христијани кои тврделе дека ги поседуваат даровите, за време од минатите сто години, немало стварни докази за слични моќи да биле изведувани. Освен ако **секој** верник може и **извршува** знаци од слична величина, тоа ветување не може да се примени денес. Ова нѐ остава со заклучокот што веќе го имавме извлечено од нашето прегледување на библиското учење за Духот: овие чудесни дарови беа во посед на раните христијански верници во 1 век, но престанаа да бидат во посед откако Новиот завет беше завршен.

Крајниот стих на Мк.16 сугерира дека чудата кои ги ‘следеа’ оние кои веруваа беа за одредената цел за потврдување на говореното слово од евангелието: "знаците, на оние што ќе поверуваат ќе им **бидат** овие... Тие, пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ го поткрепуваше словото нивно со чудеса, што се **јавуваа**" (Мк.16:17-20). Еднаш штом тоа проповедано слово беше запишано во целост, какво што го имаме сега во Новиот завет, немаше веќе потреба за чудесата да се јавуваат следејќи ги тие кои веруваа.

**Забелешка:** Толку се распространети тврдењата за сегашен посед на духовните дарови, што во 1989 две јавни расправи беа одржани помеѓу еден харизматичен христијански свештеник Јохн Лилиекас, и двајца христаделфијанци, Мр. Јохн Аллфрее и сегашниов писател. Поводот беше: "дали се чудотворните дарови на Светиот Дух во посед денес?" Покани беа испратени до многу цркви низ Обединетото Кралство, што исходи во комбинирана публика од преку 1000 луѓе. И логично е да се претпостави дека најдобриот вид 'докази' за тековното поседување на даровите беа претставени. Препис на настанот е на располагање од: Тхе Дањн Боок Супплѕ, 66 Царлтон Роад, Ноттингхам НГ3 2АП, Енгланд.

## Студија 2: Прашања

1.Кои од следниве се значења на зборот 'Дух'?
а) Сила б) Свети

в) Здив г) Прав

2.Што е Светиот Дух?

а) Личност б) Сила

в) Божја сила г) Дел од тројство.

3.Како била напишана Библијата?

а) Луѓето ги запишале сопствените мисли

б) Луѓето го запишале, она што мислеле дека Бог сака

в) Преку вдахновени луѓе, од Божјиот Дух

г) Нешто било вдахновено, другите делови не.

4. Кои од следниве се причини за давањето на чудесните духовни дарови?
а) Да го поддржат вербалното проповедање на евангелието
б) Да се изгради раната црква
в) Да се присилат луѓето на правдина

г) Да се спасат апостолите од лични потешкотии.

5. Од каде можеме да ја научиме Божјата вистина?

а) Делумно од Библијата, делумно од сопствено размислување

б) Од Светиот Дух, кој директно ќе ни говори, без читање на Библијата

в) Од самата Библија

г) Од религиозни службеници/ свештеници.

6. Наброј некои од духовните дарови поседувани во 1 век.

7. Кога беа повлечени? Дали е можно да се имаат сега?

8. Како може Светиот Дух да дејствува во нашите животи денес?

## 3.1 Божјите ветувања: вовед

Кај оваа точка во нашите студии, достигнавме широко разбирање за тоа кој е Бог и како Тој дејствува. При тоа разјаснавме бројни вообичаени недоразбирања околу овие работи. Сега сакаме да погледаме попозитивно на нештата што Бог ги "ветил на оние, кои Го сакаат" (Јак.1:12; 2:5) со пазење на Неговите заповеди (Јв.14:15).

Божјите ветувања во Стариот завет се она што ја сочинуваат вистинската христијанска надеж. Судејќи му се за неговиот живот, Павле говореше за идната награда за која беше подготвен да изгуби сѐ: "Сега стојам пред суд поради надежта во ветувањето дадено од Бога на татковците наши... за таа надеж... ме обвинуваат" (Дела 26:6,7). Тој проведе многу од својот живот проповедајќи "дека ветувањето, дадено на нашите татковци, Бог го исполни... откако Го воскресна Исуса" (Дела 13:32, 33). Павле објасна дека верувањето во тие ветувања дава надеж на воскреснување од мртвите (Дела 26:6-8 ср. 23:8), едно знаење за второто доаѓање на Исус во суд и за доаѓањето на царството Божјо (Дела 24:25; 28:20,31).

Сето ова го потопува митот дека Стариот завет е само историја на скитање на Израел кој не говори за вечен живот. Бог одеднаш не реши пред 2000 години дека ќе ни понуди вечен живот преку Исус. Таа намера беше со Него од почетокот:

> "Со надеж за вечен живот, што го вети вечниот Бог, Кој не лаже- пред вечни времиња, и во свое време го јави словото Свое преку проповедта" (Тит 1:2,3).

> "За вечниот живот кој беше во Отецот и нам ни се јави" (1Јв.1:2).

Бидејќи Божјата намера за давање вечен живот на Својот народ беше со Него од почеток, не приликува дека Тој би останал во молк, за тоа, во време од 4000 години на Своето справување со луѓето запишано во Стариот завет. Всушност Стариот завет е полн со пророштва и ветувања а со кои, поединечно дава повеќе детали за таа надеж, што Бог припремил за Својот народ. Затоа, разбирањето на Божјите ветувања до еврејските татковци е важно за нашето спасение: толку многу што Павле ги потсети верниците во Ефес дека пред да

ги дознаат тие работи, биле "без Христа, отстранети од општеството на Израилот, без право на учество во заветите на ветеното, без надеж и безбожници во светот" (Еф.2:12), иако несомнено помислиле дека претходните пагански верувања им дале некаква надеж и знаење за Бога. Но тоа е сериозноста од непознавањето на ветувањата Божји од Стариот завет, навистина "без надеж и безбожници во светот". Припомнете како Павле ја опиша христијанската надеж како "надежта во ветувањето дадено од Бога на татковците наши" (Дела 26:6).

Жалосен е фактот дека малку цркви ги истакнуваат тие места во Стариот завет, а кои би требало. Христијанството се дегенерира во новозаветно основана религија, иако дури и тогаш употребувајќи неколку стихови од тоа. Исус јасно го истакна точно обратното:

> "Штом Мојсеја (т.е. првите пет книги од Библијата кои што ги напиша) и пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат" (Лк.16:31).

Природниот ум може да помисли дека верувањето во воскресението Исусово е доволно (ср. Лк.16:30), но Исус рече дека без солидно разбирање на Стариот завет, тоа не е сосема можно.

Колапсот на верата кај учениците по распетието беше проследено од Исус како заради недостиг на грижливо внимание кон Стариот завет:-

> "Тогаш им рече: О, безумни и тврди по срце, да верувате (правилно) во сè што рекле пророците! Не требаше ли така да пострада Христос и да влезе во Својата слава? Па како почна од Мојсеја и од **сите** пророци, им зборуваше што е кажано за Него во **целото** Писмо" (Лк.24:25-27).

Забележи го неговото истакнување дека **целиот** Стар завет говори за него. Не беше дека учениците никогаш не ги читале или слушале зборовите од Стариот завет, туку дека несоодветно ги разбрале па према тоа ниту можеле вистински да им веруваат. Значи точното разбирање на Божјото Слово, а не само читање, е неопходно за развивање вистинска вера. Евреите фанатично го читаа Стариот завет (Дела 15:21), но бидејќи не ги разбираа препораките на нештата

за Исус и евангелието, тие ниту вистински верувале во тоа, па така Исус им рече:-

> "ако бевте му верувале на Мојсеја, и Мене ќе Ми поверувавте, зашто тој пишуваше за Мене. Ако, пак, на неговите напишани работи не поверувавте, како тогаш ќе им поверувате на Моите зборови?" (Јв.5:46,47).

Во пркос сето библиско читање, тие едноставно не ја гледаа вистинската порака за Исус, иако тие сакаа да мислат дека се осигурани на спасение. Исус мораше да им каже:-

> "Прегледајте го Писмото (т.е. исправно- ср. Дела 17:11), зашто вие мислите дека преку него ќе имате живот вечен; и тоа сведочи за Мене" (Јв.5:39).

Па така може да биде и со многумина кои имаат вонредно знаење за некои од настаните и учења на Стариот завет: тоа е само знаење што го собрале случајно. Прекрасната порака на Исус и евангелието за Божјото царство сè уште им одбегнува. Целта на оваа студија е да ве извлече од таа положба со изложување на вистинската смисла на главните ветувања од Стариот завет:

**- Во градината на Едем**

**- До Ное**

**- До Авраам**

**- До Давид**

Информациите за нив се наоѓаат во првите пет книги на Библијата (Битие-1Мој) кои беа напишани од Мојсеј, и во старозаветните пророци. Сите елементи на христијанското евангелие се основани таму. Павле објасна дека неговата проповед за тоа евангелие говори "само за она, што беа го зборувале Пророците и Мојсеј, дека ќе стане: дека Христос ќе пострада и, откако, прв ќе воскресне од мртвите, на народот и на незнабожците ќе им проповеда светлина" (Дела 26:22,23), и во неговите последни денови песната остана иста: Павле "од утрото до вечерта со докази им го изложуваше учењето за царството Божјо и ги уверуваше за Исуса и од Законот Мојсеев и од Пророците" (Дела 28:23).

Надежта на Павле, тој врвен христијанин, треба да е надежта која и нас ќе нè мотивира; како да беше тоа величенствено светло на крајот од тунелот на неговиот живот, така треба да биде за секој сериозен христијанин. Поттикнати со таа мотивација, сега можеме "да го пребаруваме Писмото".

## 3.2 Ветувањето во Едем

Патетичниот расказ за човечкиот пад се наоѓа во Бит.3. Змијата беше проколната за погрешно толкување на Божјото слово со што ја искуша Ева на непослушност. Мажот и жената беа казнети за својата непослушност. Но зрак надеж извира во оваа темна слика, кога Бог и вели на змијата:

> "ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Он (семето на жената) ќе ти ја гази главата; а ти ќе го каснуваш во петата" (Бит.3:15).

Овој стих е високо збиен; треба внимателно да ги одредиме разните вмешани нешта. 'Род' значи потомок или дете, но исто може да се однесува и на луѓето здружени во тој 'род'. Подоцна ќе видиме дека родот Авраамов беше Исус (Гал.3:16), но ако сме ние 'во' Исус со крстење, тогаш сме и ние во родот (Гал.3:27-29). Зборот 'род' исто така се однесува и на идејата за сперма (1Пет.1:23); па така вистинското семе би ги имало татковите одлики.

Семето на змијата према тоа се однесува и на семејната сличност со змијата:

- го искривува Божјото Слово
- лаже
- ги води другите кон грев

Ние ќе видиме во студија 6 дека нема дословна особа која го прави тоа, туку дека внатре во нас го има

-"нашиот стар човек" од месо (Рим.6:6)

-"душевниот (природен) човек" (1Кор.2:14)

-"стариот човек кој се распаѓа во измамливите желби" (Еф.4:22)

-"стариот човек со неговите дела" (Кол.3:9).

Овој 'човек' на гревот во нас е библискиот 'ѓавол', семето на змијата.

Семето на жената требаше да е одреден поединец- "ти (семето змиино) ќе го каснуваш во петата" (Бит.3:15). Таа личност требаше постојано да го гази семето змиино, т.е. гревот- "Он ќе ти ја гази главата". Да се удри змијата по глава е смртоносен удар пошто мозокот ѝ е таму. Единствената особа која е пригоден кандидат за семето женино мора да е Господ Исус:-

"Исус Христос, Кој (преку крстот) ја уништи смртта (према тоа и силата на гревот –Рим.6:23) и го осветли животот и нераспаѓањето преку Евангелието (2Тим.1:10).

"Бог, испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото од гревот, и поради гревот Он го осуди гревот во телото" т.е. библискиот ѓавол, семето змиино (Рим.8:3).

Исус "се јави, за да ги земе гревовите наши" (1Јв.3:5).

"Ќе Му ставиш име Исус (што значи 'Спасител'), зашто Он ќе го спаси народот Свој од неговите гревови" (Мт.1:21).

Исус беше дословно "роден од жена" (Гал.4:4) како син на Марија, иако Бог му беше Татко. Така во оваа смисла, исто така, тој беше семето на жената, иако направен од Бога на начин што ниеден човек не бил. Ова семе на жената требаше да биде привремено рането од гревот, семето змиино "ќе го каснуваш во петата" (Бит.3:15). Угриз од змија во пета е обично привремена рана, во споредба со трајноста од удирањето по глава на змијата. Многу фигуративни говори имаат библиски корени: "чукни го по глава" (т.е. целосно да се сопре или стави крај на нешто) е веројатно базирано врз ова пророштво на Исус да ја удри змијата по глава.

Осудувањето на гревот, семето на змијата, беше првенствено преку жртвата Христова на крстот- забележи како стиховите цитирани погоре говорат за победата Христова врз гревот во минато свршено време. Привремената рана на петата претрпена од Исус се однесува, значи, на неговата тридневна смрт. Неговото воскреснување докажа дека ова беше само времена рана, споредена

со смртоносниот удар што му го зададе на гревот. Занимливо е тоа што небиблиски историски записи покажуваат дека распнатите жртви биле заковувани со клинци низ петиците на дрвен столб. Така Исус беше "ранет во петата" преку својата смрт. Иса.53:4,5 опишува дека Христос бил 'изнаранет' од Бога преку својата смрт на крстот. Ова едноставно алудира на пророштвото од Бит.3:15 дека Христос ќе биде ранет од семето на змијата. Сепак, конечно Бог дејствуваше низ злото со кое се соочи Христос, **Тој** е опишан овде дека го врши ранувањето (Иса.53:10), преку управување на злите сили кои Му го ранија Синот. И така Бог, исто, дејствува низ лошите искуства од секое од Своите деца.

## ДЕНЕШНИОТ СУДИР

Но можеби се прашувате: "ако Исус го уништи гревот и смртта (семето змиино), зошто тие работи се уште присутни денес?" Одговорот е дека на крстот Исус ја уништи силата на гревот во себе самиот: пророштвото од Бит.3:15 е првенствено за судирот помеѓу Исуса и гревот. Сега, тоа значи дека, тој нѐ покани да ја делиме неговата победа, евентуално, и ние, исто можеме да ги совладаме гревот и смртта. Оние кои не се повикани да ја делат неговата победа, или ја отфрлат понудата, се разбира ќе доживеат грев и смрт. Иако гревот и смртта се исто доживувани и од вистинските верници, преку нивното здружување со семето на жената преку крштевањето во Христа (Гал.3:27-29), можат да добијат проштевање на своите гревови и така евентуално да бидат спасени од смрт, што е резултат на гревот. Така во перспектива Исус ја "уништи смртта" на крстот (2Тим.1:10), сепак нема тоа да биде сѐ додека Божјата намера со земјава не се заврши на крајот од милениумот кога луѓето навистина ќе престанат да умираат- кога смртта никогаш веќе нема да биде видена на земјава: "Бидејќи Он треба да царува (во првиот дел од Божјото царство) додека не ги стави под нозете Свои, сите непријатели. А најпоследниот враг за уништување е смртта” (1Кор.15:25,26).

Ако сме ние "крстени **во** Христа" тогаш ветувањата околу Исус како она во Битие 3:15, постануваат лични до нас; не се повеќе интересни делови на Библијата, тие се пророштва и ветувања кои се направени директно до нас! Како и семето на жената, и ние, исто, ќе ја доживееме победата на гревот врз нас во краток рок. Освен ако Господ се врати за време на нашиот живот, ние исто, ќе бидеме ранети во петата како што беше и Исус, па така, исто ќе умреме. Но ако сме вистинско семе на жената, тогаш таа ‘рана’ ќе биде привремена. Оние кои се правилно крстени во Христа со потопувањето под вода, се поврзуваат со неговата смрт и воскресение- симболизирано со изронувањето од вода (види Рим.6:3-5).

Ако сме вистинското семе од жената, тогаш нашите животи ќе ги одразуваат зборовите од Бит.3:15- ќе има постојано чувство на судир (‘непријателство’) во нас помеѓу исправното и погрешното. Големиот апостол Павле опишува речиси шизофреничен судир помеѓу гревот и неговото вистинско јас што беснееше во него (Рим.7:14-25).

После крштевањето во Христа, овој судир со гревот кој е природно во нас треба да нарасне- и да продолжи со тоа, сите наши денови. Во една смисла е напорно, бидејќи моќта на гревот е силна. Но во друга смисла и не е, бидејќи сме **во** Христа, кој веќе се бореше и го победи конфликтот. Забележи како се верниците опишани како жена во Еф.5:23-32, дека ако сме семето женино како да сме исто така и жената.

Исто како што семето на жената ги претставува на Исус, и оние кои се обидуваат да ги имаат неговите особини, и семето на змијата говори за гревот (библискиот ѓавол) и оние кои слободно ги пројавуваат особините на гревот и змијата. Тие луѓе не го почитуваат или погрешно го претставуваат Божјото Слово, што евентуално ќе ги одведе во грешен срам и оттуѓување од Бога, што им се случи на Адам и Ева. Бидејќи Евреите беа луѓето кои всушност го одведоа Исус во смрт- т.е. го ранија семето женино во петата- се подразбира дека тие беа главни примери за семето од змијата. Ова е потврдено од Јован крстител и Исус:-

> "А штом виде Јован дека при него доаѓаат мнозина фарисеи и садукеи (групата Евреи кои го осудија Исуса) за да се крстат, им рече: Породи змиини, кој ви кажа да бегате од гневот што иде?" (Мт.3:7).

> "Но Исус, знаејќи ги (фарисејските) помисли... рече: Породи змиини! Како можете да говорите добро, кога сте лоши?" (Мт.12:25,34).

Светот- дури и религиозниот свет- ги има истите овие змиски одлики. Само оние крстени во Христа се здружени со семето женино; сите други се, до променливи степени, семе змиино. Како Исус се однесуваше према луѓето кои беа од семето на змијата, мора да ни е пример:-

-Им проповедаше во духот на љубов и вистинско грижење, сепак
-Не дозволи нивниот начин и мислење да влијаат врз него, и им

-Го покажа прекрасниот карактер Божји, со начинот на кој живееше.

Сепак заради сето тоа тие го мразеа. Неговиот сопствен напор за послушност кон Бога ги направи љубоморни. Дури и неговото семејство (Јв.7:5; Мк.3:21) и блиски пријатели (Јв.6:66) воспоставија бариери а некои и физички го напуштија. Павле го искуси истото кога оплакуваше по оние кои еднаш стоеја крај него во добро и лошо:-

> "И така, непријател ли ваш ви станав, кажувајќи ви ја вистината?" (Гал.4:14-16).

Вистината никогаш не е славна; да се знае и да се живее со неа, како што треба, секогаш ќе ни создава некој вид проблеми, кои исходуваат дури и со прогонување:-

> "како тогаш, оној што се роди по плот, го гонеше родениот по дух (со вистинско знаење на Божјото слово- 1Пет.1:23), така и сега" (Гал.4:29).

Ако сме навистина соединети со Христа, мораме да искусиме и некои од неговите страдања, така да и ние ја поделиме неговата величенствена награда. Повторно Павле ни поставува неспоредлив пример во ова:-

> "Верни се зборовите: Ако со (Христа) сме умреле, со Него и ќе живееме. Ако трпиме, со Него и ќе царуваме... затоа сѐ трпам (2Тим.2:10-12).

> Исус: "ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат... Но, сето ова ќе ви го прават заради Моето име" (Јв.15:20,21).

- т.е. бидејќи сме крстени во името на Исус (Дела 2:38; 8:16).

Соочени со стихови како овие, се доаѓа до искушение да се помисли, "ако тоа значи да се биде здружен со Исус, во семето на жената, јас подобро не би". Но се разбира никогаш од нас не би се очекувало да поднесуваме нешто со што не би можеле да се справиме. Додека за пожртвуваноста дефинитивно има потреба за да се соединиме потполно со Христа, нашата поврзаност со него ќе исходи во таква величенствена награда "што страдањата од оваа сегашност не се вредни за споредба со славата, која ќе ни биде откриена". Па дури и сега, неговата жртва овозможува нашите молитви за помош, низ животните трауми, да се нарочито силни пред Бога. Да го додадеме кон тоа и следново величенствено уверување, силно подвлечено во многу христаделфијански Библии:-

"Верен е Бог, Кој нема да позволи да бидете искушувани повеќе од силата ваша, а заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да трпите" (1Кор.10:13).

"Ова ви го реков, за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате маки; само не бојте се, зашто Јас го победив светот" (Јв.16:33).

"Што да речеме, пак, на ова? Ако е Бог со нас, кој ќе е против нас?" (Рим.8:31).

## 3.3 Ветувањето до Ное

Како што човечката историја напредуваше по времето на Адам и Ева, човекот дојде до зголемена расипаност. Работите стигнаа до стадиум кога цивилизацијата беше толку морално очајна, што Бог одлучи да го уништи тој систем на работи, со исклучок на Ное и неговото семејство (Бит.6:5-8). Му беше речено да направи ковчег во кој тој и претставници од сите животни би живееле за времетраењето на уништувањето на светот со потоп. Патем кажано, има обилна научна причина да се верува дека овој огромен потоп дословно настанал, покрај јасните прикази во Писмото! Забележи дека земјата (т.е оваа планета дословно) не беше уништена, само расипаната човечка постава, што беше врз неа: "Тогаш го изгуби животот секоја плот, што се движеше по земјата" (Бит.7:21). Исус (Мт.24:37) и Петар (2Пет.3:6-12) двајцата видоа дека пресудата врз светот на Ное има сличности со тоа што ќе настане при ИИ Христово враќање. Така очајната расипаност на човекот во времето на Ное е споредена со нашиов сегашен свет, кој ќе биде казнет при враќањето Христово.

Заради големата грешност човечка и програмата на самоуништување што се натовари врз планетава, појавено е верување, дури и меѓу христијаните, дека оваа планета ќе биде уништена. Оваа идеја јасно покажува целосен недостиг на разбирање на основната библиска порака, дека Бог **Е** активно загрижен со аферите на оваа планета, и дека наскоро Исус Христос ќе се врати да го воспостави Божјото царство на земјатава. Ако на човекот му се дозволи да ја уништи планетава, тогаш овие ветувања едноставно не можат да се одржат. Значителен доказ дека Божјото царство **ќе биде** на земјава, се наоѓа во студија

4.7 и 5. Во меѓувреме, следново треба да е достатен доказ дека земјава и соларниов систем нема да бидат уништени:-

-"Земјата ја утврди засекогаш" (Пс.77:69)

-"Земјата си постои секогаш" (Проп.1:4).

-"Сонце и месечино... ѕвезди... небеса... ги постави засекогаш и за вечни времиња; даде наредби кои нема да се нарушат" (Пс.148:3,6).

-"Земјата ќе биде полна со познавање на Господа, како што водите го полнат морето" (Иса.11:9; Бро.14:2)- тешко, ако Бог дозволи земјата да се уништи. Ова ветување сè уште не е исполнето.

-"Он, Бог, Кој и даде облик на земјата и Кој ја создаде; Он ја зацврсти, не ненадејно (залудно) ја создаде; Он ја создаде за живеење" (Иса. 45:18). Ако Бог ја создаде земјата само да ја види уништена, тогаш Неговата работа беше залудна.

Но веднаш назад во Битие Бог го вети сето тоа на Ное. Како што почна да живее наново во новиот свет создаден од потопот, можеби стравуваше Ное дека би имало и друго целосно уништување. Кога и да почнело да врне по потопот, таа мисла мора да му паѓала на памет. Така Бог направи завет (серија на ветувања) дека тоа никогаш повторно нема да се случи:-

"А Јас, еве, го поставувам заветот Мој со вас и со вашето потомство по вас (забележи го истакнувањето на 'Јас'-**чудото**, за Бога кој се одлучил да прави ветувања на смртен човек!), дека отсега нема веќе ниедна плот да загине од потоп и дека повеќе не ќе има потоп да ја запустува земјата!" (Бит.9:9-12).

Овој завет беше потврден со виножитото:-

"Па кога облак ќе навеам на земјата, ќе се види божилакот во облакот, и ќе си спомнам за заветот Мој, кој е меѓу Мене и вас... за вечниот завет меѓу Бога и меѓу секоја душа, што живее во секоја плот, која е на земјата... (виножитото) нека е знакот на заветот" (Бит.9:13-17).

Бидејќи е вечен завет меѓу Бог и луѓето и животните од земјата, следува дека земјата мора да има луѓе и животни да живеат на неа засекогаш. Ова само по себе е доказ дека Божјото царство ќе биде на земјата а не на небо. Така ветувањето кон Ное е заснованието на евангелието за царството; тоа покажува како Божјото внимание е восредоточено на оваа планета и дека Тој има вечна цел со неа. Дури и во гнев Он помни милост (Авак.3:2) и таква е Неговата љубов што се грижи дури и за Своето животинско создание (1Кор.9:9 ср. Јона 4:11).

## 3.4 Ветувањето до Авраам

Евангелието кое го учеа Исус и апостолите не беше различно во основа од она што беше разбрано од Авраам. Бог преку Писмото "Однапред му благовести на Авраама" (Гал.3:8). Значењето на тие ветувања толку е важно што Петар ги почнуваше и завршуваше своите јавни објавувања за евангелието со препораката на нив (Дела 3:13,25). Ако ние разбереме што беше учено на Авраам, тогаш ќе имаме многу темелна слика за христијанското евангелие. Има и други показатели дека 'благовестието' не е нешто што тек почнало во времето на Исус:-

-"сега ви соопштуваме (благовестуваме- евангелие), дека ветувањето, дадено на нашите татковци (Евреи), Бог го исполни" (Дела 13:32,33).

-"Благовестието Божјо кое Он уште порано го беше ветил преку светите пророци (пр. Авраам- Бит.20:7), во светите Писма" (Рим.1:1,2).

-"Оти и на мртвите им беше проповедано Евангелието" (1Пет.4:6)-т.е. верниците кои живееја и умреа пред 1 век.

-"Оти и нам ни се соопшти, како и ним" (Евр.4:2)-т.е. Израелот во пустината.

Ветувањата кон Авраам имаат две основни теми:

1) работи за семето Авраамово (посебниот потомок) и

2) работи за земјата која беше ветена на Авраам.

Овие ветувања се коментирани во Новиот завет, и држејќи се на нашето правило да ја оставаме Библијата сама да се објасни, ќе ги составиме учењата од двата завета, да дадат целосна слика за заветот направен со Авраам.

Авраам потекнуваше од Ур, напреден град во денешен Ирак. Денешната археологија го открива високото ниво на цивилизација што била достигната во времето на Авраам. Имало банкарски систем, граѓанска служба и поврзана инфраструктура. Незапознат со друго, Авраам живееше во овој град; колку што знаеме, човек од светот. Но тогаш необичниот повик Божји дојде до него- да го напушти тој софистициран живот и се натовари на едно патување кон една ветена земја. Точно каде, и точно што, не беше целосно јасно. Сето речено, произлезе во 1500 милји патување. Земјата беше Ханан, денешен Израел.

Повремено за време на неговиот живот, Бог му се појавуваше на Авраам и повторуваше и ги прошируваше ветувањата на него. Тие ветувања се темелите на Христовото евангелие, а како вистински христијани истиот повик доаѓа и до нас, како што дојде до Авраам, да ги остави краткотрајните работи од овој живот, и оди напред во живот на вера да ги прифати Божјите ветувања со лична проценка, да живее по Неговото Слово. Многу добро можеме да замислиме како Авраам промислуваше околу ветувањата, за време на своето патување.

> "Со вера Авраам, бидејќи повикан, послуша да појде до местото (Ханан), што сакаше да го добие во наследство, и тргна (од Ур), незнаејќи каде оди" (Евр.11:8).

Кога прв пат размислуваме за Божјите ветувања, и ние чувствуваме дека не знаеме точно каква би била ветената земја од Божјото царство. Но нашата вера во Божјото Слово треба да е таква да и ние со копнеж послушаме.

Авраам не беше никаков скитнички номад, па немаше ништо подобро да прави него да ја испроба приликата врз овие ветувања. Тој потекнуваше од средина која во основни термини, има доста сличности со нашата сопствена. Комплексот, агонијата при одлуките со кои се соочи биле слични со оние со кои би се соочиле и ние при размислувањето да прифатиме и делуваме по Божјите ветувања, чудните погледи од колегите на работа, потајниот поглед во окото на соседите ('тој има религија!')... тие нешта му биле познати на Авраам. Мотивацијата што му беше потребна на Авраам за да го пребroди тоа, мора да била мошне јака. Единственото нешто што ја обезбеди таа мотивација низ

годините на неговото долго патување беше зборот на ветеното. Тој морал да ги памети тие зборови и дневно медитирал околу тоа што точно значат за него.

Со покажување слична вера и делување по неа, ние можеме да се здобиеме со истата чест како и Авраам, да се наречеме пријатели Божји (Иса.41:8), да ја најдеме науката Божја (Бит.18:17) и да имаме сигурна надеж за вечниот живот во царството. Повторно истакнуваме дека евангелието Христово е темелено на овие ветувања до Авраам. Без нив нашата вера не е вера. Со нестрпливи очи, би требало да ги читаме и повторно да ги читаме дијалозите помеѓу Бога и Авраама.

## ЗЕМЈАТА

1) "Излези од земјата своја... во земјата што ќе ти ја покажам Јас" (Бит.12:1).

2) Авраам "отиде, од каде што појде...сè до Ветил (централен Израел); му рече Бог на Авраама... Крени ги сега очите свои, па погледни од местото, каде што си, на север и на југ, на исток и на запад, зашто целата земја, што ја гледаш, ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое довека... изоди ја оваа земја... зашто ќе ти ја дадам тебе" (Бит.13:3, 14-17).

3) "Господ направи завет со Авраама, велејќи, На потомството твое му ја давам оваа земја од реката во Египет до големата река Еуфрат" (Бит.15:18).

4) "И ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое по тебе земјата, во која си придојден, целата земја Хананска во вечно владеење" (Бит.17:8).

5) "Ветувањето кон Авраама... да биде наследник на светот" (Рим.4:13).

Овде гледаме напредно откривање до Авраама:-

1) 'Има една земја во која сакам ти да одиш'.

2) 'Ти сега пристигна во таа област. Ти и твоите деца ќе живеете овде засекогаш'. Забележи како ова ветување за вечен живот е запишано без гламур или истакнување; човечки автор несомнено би го осветлил.

3) Областа од ветената земја беше поодредено дефинирана.

4) Авраам не беше за да очекува да го прими ветувањето во овој живот тој ќе беше 'придојден' во земјата, иако потоа тој ќе живее тука засекогаш. Импликацијата на ова е дека тој би умрел и потоа би бил воскреснат како би му се овозможило да го прими тоа ветување.

5) Павле, под вдахновение, очевидно го сфати значењето, на ветувањата до Авраам, како негово наследување на целата земја.

Писмото излегува од својот ред, да нè потсети дека Авраам не го прими исполнувањето на ветувањата за време на својот живот:-

"Со вера се пресели (овде се имплицира привремен начин на живот) Авраам во ветената земја, како во туѓа, и се настани под шатори" (Евр.11:9).

Живееше како туѓинец во земјата, можеби со истото скриено чувство на несигурност и неспоредивост, кое го чувствува и еден бегалец. Тешко дека живееше со своето семе во своја земја. Покрај своите потомци, Исак и Јаков, (на кои ветувањата беа повторени), тој умре "со вера, не добивајќи ги ветувањата, а само оддалеку ги видоа и се уверија, и ги поздравија признавајќи дека се гости и придојдени" (Евр.11:13). Забележи ги 4 етапи:

-Познавање на ветувањата- како што правиме преку оваа студија.

-Да сме "уверни во нив, ако требаше процес на уверување со Авраам, колку ли повеќе со нас?

-Да ги прифатиме со крштевањето во Христа (Гал.3:27-29).

-Признавајќи на светот со нашиот начин на живот дека тој не е наш

вистински дом, и дека живееме во надеж за тоа идно доба на земјата.

Авраам постанува наш голем херој и пример, ако ги почитуваме овие нешта. Крајното препознавање дека исполнувањето на ветувањата лежи во иднината, дојде за уморниот старец кога умре неговата жена; тој всушност мораше да купи дел од ветената земја во која ја погреба (Дела 7:16). Навистина Бог "во неа не му даде наследство ни стапка, но вети дека ќе му ја даде на потомството негово и нему во држење" (Дела 7:5). Сегашното семе Авраамово можеби ја чувствува истата несогласност при купување или најмување имот, на земја која им беше ветена во лично, вечно наследство!

Но Бог ги одржува Своите ветувања. Мора да дојде ден кога Авраам и сите оние на кои се направени тие ветувања ќе бидат наградени. Евр.11:13,39,40 посочува кон ова:-

"Сите тие умреа со вера, не добивајќи ги ветувањата, Бог за нас предвиде нешто подобро, та тие без нас да не постигнат совршенство".

Сите вистински верници, према тоа, ќе бидат наградени истовремено, т.е. при судот во последниот ден (2Тим.4:1,8; Мт.25:31-34; 1Пет.5:4). Следува дека да бидат во постоење за да бидат судени, Авраам и другите кои ги знаеја тие ветувања мора да се воскреснат тек пред судењето. Ако тие не ги примиле сега ветувањата тоа ќе го сторат по своето воскресение и судење при враќањето Христово, нема друга алтернатива него да се прифати дека сличните на Авраам се сега без свест, и го чекаат доаѓањето на Христа; сепак стаклени мозаици во боја во црквите ширум Европа, е познато дека го прикажуваат Авраама сега во рајот, каде ја ужива ветената награда за животот во вера. Илјадници луѓе за стотици години во колона поминале крај тие слики, религиозно прифаќајќи такви идеи. Дали ќе ја имате библиски-основаната храброст да отстапите од колоната?

## СЕМЕТО

Како што е објаснато во студија 3.2, ветувањето за семето се однесува првенствено до Исус и второ, до оние кои се "во Христа" и према тоа исто се сметаат за семе Авраамово:-

1) "А од тебе ќе направам голем народ, и ќе те благословам... и преку тебе ќе бидат благословени сите родови на земјата" (Бит.12:2,3).

2) "Ќе го умножам потомството твое да биде колку што е песокта на земјата; ако некој може да ја изброи песокта на земјата, тоа ќе може да го изброи и потомството твое. Зашто целата земја, што ја гледаш, ќе ти ја дадам тебе и на потомството твое довека" (Бит.13:15,16).

3) "Погледни на небото, и изброј ги ѕвездите, ако можеш да ги изброиш... Толкаво ќе биде потомството твое... На потомството твое му ја давам оваа земја" (Битие 15:5,18).

4) "И ќе... ја дадам... на потомството твое по тебе... целата земја Хананска во вечно владеење; и ќе им бидам нивни Бог" (Бит.17:8).

5) "И потомството твое ќе го умножам и преумножам како ѕвездите на небото и како песокта на морскиот брег! А потомците твои ќе ги завладеат градовите на непријателите свои. И ќе бидат благословени преку потомството твое сите народи на земјата" (Бит.22:17,18).

Авраамовото разбирање за 'семето' пак беше напредно проширено:-

1) Прво му беше речено само, дека некако ќе има необичен број на потомци, и дека преку неговото 'семе' целата земја ќе биде благословена.

2) Подоцна му беше речено дека ќе има семе кое ќе дојде да содржи многу луѓе. Овие луѓе би имале вечен живот, покрај него, во земјата во која пристигна, т.е. хананска.

3) Му беше речено дека неговото семе ќе биде толку колку ѕвездите на небо. Ова можеби му сугерираше дека ќе има многу духовни потомци (ѕвезди на небо) како и многу природни (песокот на земјата).

4) Претходните ветувања беа подвлечени со дополнителното уверение дека многуте луѓе кои би постанале дел од семето, би имале личен однос со Бога.

5) Семето би извојувало победа против своите непријатели.

Забележи дека семето би донело ‘благослови’ на располагање до луѓето ширум целата земја. Во Библијата идејата за благослов е често поврзана со проштевање на гревови. Најпосле, тоа е најголемиот благослов, што еден Божји љубител некогаш би посакал. Така читаме работи како "Блажени се оние чии беззаконија им се простени" (Пс.31:1); "Чашата на благословот" (1Кор.10:16), опишувајќи ја чашата со вино што ја претставува Христовата крв, преку која проштевањето е можно.

Единствениот потомок Авраамов кој донесе проштевање на гревовите во светов е, се разбира Исус, и коментарите во Новиот завет за ветувањата до Авраама обезбедуваат солидна поткрепа:-

"Не е речено (од Бога): 'и на семињата', како за множина, а за еден: 'и на семето твое', кое е Христос" (Гал.3:16).

"...заветот, што Бог им го беше ветил на вашите татковци, велејќи му на Авраама: 'И во потомството твое ќе бидат благословени сите народи на земјата'. Бог, откако Го воздигна Својот Син Исуса, најнапред вам ви Го прати, за да ве благослови, та секој од вас да се одврати од своите злобни работи" (Дела 3:25,26).

Забележи овде како Петар го цитира и толкува Битие 22:18:-

Семето = Исус

Благословот = проштевање гревови.

Ветувањето дека Исус, семето, би имал победа врз неговите непријатели сега се вклопува попрецизно во место, ако се чита со препорака на неговата победа врз гревот, најголемиот непријател на Божјиот народ, и према тоа исто и на Исус.

## ПРИДРУЖУВАЊЕ КОН СЕМЕТО

До сега треба да е јасно дека основните елементи од христијанското евангелие беа разбрани од Авраама. Но овие важни ветувања беа до Авраам и неговото семе Исус. Што со другите? Дури ни физичкото потекло од Авраам не би го направило некого автоматски дел од тоа одредено семе (Јв.8:39; Рим.9:7). Некако ние треба да постанеме интимен дел од Исус, за да споделуваме во ветувањата до семето. Тоа е со крштевањето во Исус (Рим.6:3-5); често читаме за крштевањето во **неговото** име (Дела 2:38; 8:16; 10:48; 19:5). Гал.3:27-29 не можеше да посочи појасно:

> "Сите (само сите!), што се крстивте во Христа, во Христа се облековте. Нема веќе ни Јудејци, ни Елини (неЕвреи), ни роб ни слободен; нема машки пол, ни женски; зашто сите вие сте едно во Христа Исуса (со крштевање). А, ако сте, пак, вие Христови (со крштевањето во него), тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници"

-Ветувањето за вечен живот на земјата, преку примањето 'благослов' на проштевање преку Исуса. А тоа е со крштевањето во Исус, семето, за да ги поделиме ветувањата до него; така Рим.8:17 (грч. текст) нè нарекува здружени "сонаследници со Христа".

Запомни дека благословот требаше да дојде врз луѓе од сите страни на светот, преку семето; а семето требаше да постане световно пространа група на луѓе, како песокта на морскиот брег и ѕвездите на небото. Следува дека ова се должи на нивното прво примање на благословот, како би постанале семето. Така семето (еднина) "ќе Му служи и ќе се нарече Господово до века" (Пс.21:30). Можеме да ги сумираме двата  страка од ветувањата дадени на Авраам:

### 1) ЗЕМЈАТА

> Авраам и неговото семе, Исус, и оние во него ќе ја наследат земјата хананска и проширувањето на целата земја, ќе живеат таму за секогаш. Во овој живот тие нема да ја примат, туку во последниот ден, кога Исус ќе се врати.

### 2) СЕМЕТО

Ова беше првенствено Исус. Преку него, гревовите (‘непријателите’) на човечкиот род ќе бидат совладани, така да благословите за проштевањето би биле достапни ширум светот.

Со крштевањето во името на Исусово постануваме дел од семето.

Овие две исти врски се појавуваат во новозаветното проповедање, и што не е за изненадување, е често запишано дека штом луѓето го слушнаа нивното учење, беа потоа крстени. Тоа беше и е, начинот преку кој овие ветувања можат да важат за нас. Сега можеме да сфатиме зошто, како старец соочен со смртта, Павле ја опиша нивната надеж како "надеждта на Израилот" (Дела (28:20): вистинската христијанска надеж е изворната еврејска надеж. Христовиот коментар дека "спасението е од Јудејците" (Јв.4:22) мора да се однесува исто и за потребата да постанеме духовни Евреи, па така да ползуваме од ветувањата за спасение преку Христа, кои беа дадени на еврејските татковци.

**Ние читаме дека раните христијани проповедале за:**

1) "Евангелието за царството Божјо и

2) за името на Исуса Христа" (Дела 8:12).

Овие беа двете суштествени работи објаснати на Авраам под малку различни наслови:

1) Ветувања за земјата и

2) Ветувања за семето.

Патем забележи дека ‘Евангелието’ (множина (‘нештата’ грч. текст)) за царството Божјо се сумирани како "благовестување за Христа" (Дела 8:5 ср. в.12). Премногу често тоа е земено со значење "Исус ве љуби! Само кажи дека веруваш оти умре за тебе и ќе си спасен!" Но фразата "Христос" јасно го сумира учењето на одреден број работи за него и неговото идно царство. Благовестието за тоа царство што беше проповедано на Авраама играше голема улога во раното проповедање на евангелието.

Во Коринт, Павле "преку три месеци ги уверуваше за царството Божјо" (Дела 19:8); во Ефес одеше наоколу и го проповедаше "царството Божјо" (Дела 20:25), и неговата лебедова- песна во Рим беше иста, "со докази им го изложуваше учењето за царството Божјо и ги уверуваше за Исуса и од

Законот... и од Пророците" (Дела 28:23,31). Дека имаше толку многу за говорење околу тоа покажува дека основната порака на евангелието за царството и Исус не беше тек предмет на велење: "Верувај во Исус". Божјото откровение на Авраам беше многу подробно од тоа, и нештата ветени нему, се основата на вистинското христијанско евангелие.

Ние покажавме дека крштевањето во Исус нè прави дел од семето, и према тоа овозможува наследство на ветувањата (Гал.3:27-29), но самото крштевање не е доволно да ни го заработи ветеното спасение. Ние мора да останеме во семето, во Христа, за да ги примиме ветувањата направени до семето. Крштевањето е према тоа тек почеток; ние тогаш влегуваме во трка која треба да ја трчаме. Не заборави дека да се биде само технички Авраамово семе, не значи дека сме прифатливи за Бога. Израелците се Авраамово семе на некој начин, но тоа не значи дека можат да бидат спасени без крштевање и без прилагодување на своите животи на Христа и на примерот Авраамов (Рим.9:7,8; 4:13,14). Исус им рече на Евреите: "Знам дека сте семе Авраамово, но сакате да Ме убиете... Ако бевте чеда Авраамови, ќе ги вршевте делата Авраамови" (Јв.8:37,39), а тоа беше да се живее живот на вера во Бога и Христа, ветеното семе (Јв.6:29).

"Семето" мора да ги има особините на својот предок. Ако ние би биле вистинското семе Авраамово, мораме према тоа, не само да бидеме крстени, туку и да имаме стварна вера во Божјите ветувања, исто како што имаше и тој. Тој е затоа наречен "татко на сите што веруваат... кои исто врват по стапките на верата од нашиот татко Авраам, кој ја имаше" (Рим.4:11,12). "Знајте пак, (т.е. примите при срце!) дека оние, што се потпираат на верата, се синови Авраамови" (Гал.3:7).

Вистинската вера мора да се покаже во некој вид дело, инаку, пред Бога, не е вера (Јак.2:17). Ние го покажуваме нашето верување во тие ветувања кои ги проучивме со прво, да се биде крстен, па да можат тие да се однесуваат и на нас (Гал.3:27-19). Па дали навистина се верува во Божјите ветувања? Тоа треба постојано да се прашуваме целиот наш живот.

## СТАРИОТ И НОВИОТ ЗАВЕТ

Досега треба да е јасно дека ветувањата до Авраам се сумирани во евангелието Христово. Другата главна постава на ветувања што ги направи Бог беа со Евреите во контекст на законот Мојсеев. Овој изјавуваше дека, ако Евреите беа послушни на овој закон, дека ќе бидат физички благословени во овој живот (5Мој.28). Немаше никакво директно ветување за вечен живот во оваа серија на ветувања, или 'завет'. Па така гледаме дека имало два 'завета' кои беа направени:-

1) До Авраама и неговото семе, ветувајќи проштевање и вечен живот во Божјото царство кога Христос ќе се врати. Ова ветување беше исто така дадено во Едем и до Давид.

2) До Евреите во времето на Мојсеј, ветувајќи им мир и радост тогаш ако го извршуваат законот кој Бог му го даде на Мојсеј.

Бог вети на Авраам проштевање и вечен живот во царството, но тоа единствено беше можно преку жртвата на Исус. Затоа ние читаме дека смртта Исусова на крстот го потврди ветувањето до Авраама (Гал.3:17; Рим.15:8; Дан.9:27; 2Кор.1:20), према ова е неговата крв наречена "крвта на новит завет" (Мт.26:28). За да се спомнуваме на ова, ни рече Исус редовно да ја земаме чашата вино, што ја симболизира неговата крв, да нè потсети на тоа (види 1Кор.11:25): "Оваа чаша е Новиот Завет во Мојата крв" (Лк.22:20). Нема никаква смисла во "кршењето леб" во спомен на Исус и неговото дело ако не ги разбираме тие работи.

Жртвата на Исус го направи проштевањето и вечниот живот во Божјото царство можно; тој значи ги осигура ветувањата до Авраам; тој беше осигурувањето на еден подобар завет (Евр.7:22). Евр.10:9 говори за Исус како го "премавнува првото (заветот), за да го постави другото". Ова покажува дека кога Исус ги потврди ветувањата до Авраам, го одложи другиот завет, тоа беше заветот даден преку Мојсеј. Стиховите, веќе цитирани, околу Исус потврдувајќи го новиот завет со неговата смрт, имплицираат дека имаше еден стар завет, кој тој го одложи (Евр.8:13).

Тоа значи дека иако заветот кој се однесува за Христа беше прво направен, не дојде до потполно дејство сè до неговата смрт, према тоа е наречен 'нов'. Намената на 'стариот' завет даден преку Мојсеј, беше да насочи према делото

Исусово, и да ја осветли важноста на верата во ветувањата кои се однесуваа за Христос (Гал.3:19,21). Обратно, верата во христос ја потврдува вистинитоста на законот даден на Мојсеј (Рим.3:31). Павле необично го сумира: "Законот беше за нас воспитувач во Христа, за да се оправдаме преку верата" (Гал.3:24). Заради таа намена беше законот преку Мојсеј, сочуван, и сѐ уште е корисен за нас за проучување.

Овие работи не се лесни за разбирање на прво читање: ние можеме да го сумираме следново:-

Ветувања кои се однесуваат за Христа дадени на Авраам- Нови завет.

Ветувања до Израелот поврзани со законот на Мојсеј- Стари завет.

Смртта Христова. Завршувањето на Стариот завет (Кол.2:14-17). Новиот завет влезе во дејство.

Затоа, нештата како давачки, држењето на саботата и.т.н., кои беа дел од Стариот завет, сега не се потребни- види студија 9.5. Новиот завет ќе биде направен со природниот Израел кога ќе се покајат и го прифатат Христа (Јер.31:31,32; Рим.9:26,27; Јез.16:62; 37:26), иако, се разбира, било кој Евреин, кој ќе го направи тоа и се крсти во Исус, може веднаш да влезе во Новиот завет (каде нема разлика за Евреин/неЕвреин- Гал.3:27-29).

Вистинското разбирање на тие работи нѐ прави да ја сфатиме сигурноста на Божјите ветувања. Скептиците неправедно ги обвинуваа раните христијански проповедници за недавањето позитивна порака. Павле реплицираше велејќи дека, заради Божјото потврдување на Своите ветувања на сметка од смртта на Христа, надежта за која зборуваа не беше допри-и-оди работа, него крајно сигурна понуда: "Бог е сведок дека нашиот збор (на проповед) до вас не беше да и не. Зашто Синот Божји, Исус Христос, Кого Го проповедаме меѓу вас... не беше да и не, туку во Него беше да, бидејќи сите ветувања Божји во Него се да, и во Него амин" (2Кор.1:17-20). Тоа сигурно го минира ставот, "па, претпоставувам дека би **можело** да има некоја вистина во сето тоа..."?

## 3.5 Ветувањето до Давид

Давид, како и Авраам и многу други приматели на Божјите ветувања, немаа лесен живот. Тој одрасна како најмлад син во големо семејство кое, во Израел од 1000 п.н.е., значеше одгледување овци и трчање по налог на своите прилично шефовски расположени постари браќа (1Цар.15-17). Во текот на ова време тој научи едно ниво на вера во Бога до кое малку луѓе од тогаш се приближиле.

Дојде денот кога Израел се соочи со крајниот предизвик од неговите агресивни соседи, Филистејците; беа предизвикани да одберат еден од нивните луѓе да се бори со Голијат, филистејски шампион, со договор дека било кој победник од борбата ќе владее над победените. Со Божја помош Давид го порази Голијата употребувајќи една прачка, и се здоби дури со поголема слава него нивниот цар (Саул). "Љубомората е лута како пекол" (Песна 8:6), зборови што беа докажани за вистинити со Сауловото прогонство на Давид за наредните 20 години, бркајќи го како стаорец низ пустината на јужен Израел.

Давид евентуално постана цар, и да го покаже своето почитување на Божјата љубов кон него за време на животната му пустош, одлучи да му изгради храм на Бога. Одговорот Божји беше дека синот на Давид, Соломон, ќе го изгради храмот и дека Бог сакаше да му подигне дом на **Давид** (2Цар.7:4-13). Потоа следеше детално ветување каде прилично се повторува она што му беше речено на Авраам, и кое содржеше уште некои други подробности:-

> "А кога ќе завршат твоите дни, и ти ќе починеш кај татковците свои, Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе, што ќе произлезе од твоите бедра, и ќе го зацврстам царството негово. Тој ќе изгради дом на името Мое, и Јас ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш. Јас ќе му бидам татко, и тој ќе Ми биде син; и ако згреши, ќе го казнам со стап човечки и со удари на синови човечки; но милоста Своја нема да ја кренам од него, како што ја кренав од Саула, кога Јас го отфрлив пред лицето твое. И ќе биде непоколеблив твојот дом и твоето царство засекогаш пред лицето Мое, и престолот твој ќе остане засекогаш" (стихови 12-16).

Од нашите претходни студии би очекувале ‘семето’ да биде Исус. Неговиот опис како синот Божји (2Цар.7:14) го потврдува тоа, како и многу други препораки во други делови од Библијата:

-"Јас сум... род Давидов", рече Исус (Отк.22:16).

-Исус "по тело роден од семето Давидово" (Рим.1:3).

-"Од неговото потомство (Давидово) Бог, според ветувањето на Израилот, Го издигна Спасителот Исус" (Дела 13:23).

-Ангелот и кажа на дева Марија во врска со нејзиниот син, Исус: "ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко (предок) Давида... и царството Негово нема да има крај" (Лк.1:32,33). Тука се применува ветувањето за семето Давидово во 2Цар.7:13 на Исус.

Со семето точно одредено како Исус, бројни поединости сега стануваат значајни:

## 1) СЕМЕТО

"Твоето семе, што ќе произлезе од твоите бедра... Јас ќе му бидам татко, и тој ќе Ми биде син". "Од плодот на твојата утроба ќе поставам на престолот твој" (2Цар.7:12,14; Пс.131:10,11). Исус, семето, требаше да биде дословно, телесен потомок Давидов, и сепак да го има Бога за свој Татко. Ова можеше да се постигне само со девственото раѓање опишано во Новиот завет; мајката на Исус беше Марија, потомок Давидов (Лк.1:32), но тој немаше човечки татко. Бог дејствуваше чудесно врз утробата на Марија, со Светиот Дух за да ја направи да го зачне Исус, и така ангелот коментира "па затоа и роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји" (Лк.1:35). Девственото раѓање беше единствениот начин на кој ветувањето до Давид можеше правилно да се исполни.

## 2) ДОМОТ

"Тој ќе изгради дом на името Мое" (2Цар.7:13) покажува дека Исус ќе изгради храм за Бога, дословно и духовно. Језекија 40-48 опишува како во милениумот (првите 1000 год. на царството Божјо по враќањето Исусово на земјата) ќе биде

изграден храм во Ерусалим. Божјиот ‘дом’ е таму каде што Му е волја да живее, и Иса.66:1,2 ни кажува дека Тој ќе дојде да живее во срцата на луѓето кои Му се покорни на словото. Исус према тоа гради духовен храм за Бог да престојува во него, изграден од вистински верници. Опишувањата за Исус, како камен темелник на Божјиот храм (1Пет.2:4-8) и за христијаните како камења на храмот (1Пет.2:5) сега доаѓаат на место.

### 3) ПРЕСТОЛОТ

"Јас ќе го утврдам престолот на царството негово (Христово) за секогаш... твојот (Давидов) дом и твоето царство... престолот твој ќе остане за секогаш" (2Цар.7:13,16 ср. Иса.9:6,7). Христовото царство ќе биде према тоа основано на царството Давидово во Израел; тоа значи дека идното Божјо царство ќе биде преуредба на царството израелско, види студија 5.3 за повеќе од ова. Да се исполни тоа ветување, Христос мора да владее на ‘престолот’ Давидов, или место на владеење. Тоа беше дословно во Ерусалим. Ова е уште еден доказ дека царството мора да биде уредено овде на земјата, за да се исполнат тие ветувања.

### 4) ЦАРСТВОТО

"Твојот дом и твоето царство ќе бидат воспоставени за секогаш пред тебе" (2Цар.7:16  евр. текст) сугерира дека Давид би сведочел на уредувањето на Христовото вечно царство. Ова беше према тоа индиректно ветување дека тој би бил воскреснат при враќањето Христово, па ќе може да го види со сопствени очи уредувањето на царството ширум светот, со Исус како владее од Ерусалим.

Овие нешта кои беа ветени на Давид се апсолутно важни да се сфатат, Давид радосно говореше за овие работи како за "завет вечен... сето мое спасение и сета моја желба" (2Цар.23:5). Овие работи се поврзани и со нашето спасение исто; да се радуваме во нив би требало, исто така да е сета наша желба, И така повторно е посочено дека овие учења се важни. Трагично е што христијанството научува учења кои се рамно спротивни на овие чудесни вистини:-

-Ако Исус физички ‘постоеше’ како особа пред да се роди, тогаш тоа ги прави бесмислени ветувањата дека Исус би бил Давидово ‘семе’, или потомок.

-Доколку Божјото царство би било на небо, тогаш Исус не може да го преуреди Давидовото израелско царство, ниту ќе може да владее од ‘престолот’ Давидов или место на владеење. Овие нешта, беа дословно на земјата, па така нивната преуредба мора да биде на истото место.

## ИСПОЛНУВАЊЕТО ВО СОЛОМОН?

Давидовиот дословен син, Соломон, исполна некои делови од ветувањата до Давид. Тој изгради дословно храм за Бога (3Цар.5-8), и имаше многу напредно царство. Народи од секаде праќаа претставници да му оддадат почит на Соломон (3Цар.10), и имаше голем духовен благослов од употребата на храмот. Соломоновото владеење така посочи напред кон многу поголемото исполнување на ветувањата до Давид кои ќе бидат видени во царството Христово.

Некои тврдеа дека ветувањата до Давид биле целосно исполнети во Соломон, но тоа не е дозволено од следново:-

-Многу новозаветни докази покажуваат дека ‘семето’ беше Христос, не Соломон.

-Давид изгледа ги поврза ветувањата што му ге даде Бог со оние на Авраама (1Лет.17:27 = Бит.22:17,18).

-Царството од ‘семето’ требаше да е вечно, што од Соломон не беше.

-Давид увиде дека ветувањата се однесуваа на вечен живот, што не допушташе никакви препораки до неговото непосредно семејство: "Иако мојот дом не е толку со Бога; сепак Тој направи со мене завет вечен" (2Цар.23:5 евр.  текст).

-Семето Давидиво е Месија, Спасителот од грев (Иса.9:6,7; 22:22; Јер.33:5,6,15; Јв.7:42). Но Соломон подоцна се одврати од Бога (3Цар.11:1-13; Неемија 13:26) поради своите бракови со оние надвор од надежта на Израел.

## Осврт 9: Пропаста на небесата и земјата

(Отк.21:1; 2Пет.3:6-12).

Божја намера е да го воспостави Своето царство овде на земјата (види студија 5), непоимливо е дека Тој би ја уништил буквално оваа планета, и студија 3.3 покажа дека Тој има постојано ветувано дека нема да стори такво нешто. Горните препораки за уништувањето на небесата и земјата, према тоа мора да се земаат фигуративно.

Пасусот од Петар ги покажува сличностите помеѓу пресудите на земјата во времето на Ное и она што ќе се случи во "денот Господов" во иднина, "тогашниот свет загина потопен од вода. А сегашните небеса и земјата...се чуваат за оган во денот на судот" (2Пет.3:6,7).

Петар посочува еден контраст помеѓу водата која беше застапник на уништувањето во времето на Ное, и огнот кој ќе се употреби во второто доаѓање. "Небесата и земјата" во времето на Ное не беа буквално уништени, "секоја плот", што беше грешна беше уништена (Бит.7:21 ср. 6:5,12). Према тоа 'небесата и земјата' говори за еден систем на работи или за човечка организација. Оние кои погрешно го разбираат овој пасус се склони да не го забележуваат уништувањето на 'небесата' за кое се говори исто. Ова не може да се земе буквално, таа е Божјо место на живеење (Пс.122:1), каде што нема никаква грешност (Авак.1:13; Пс.64:4), и која ја објавува Божјата слава (Пс.18:1). Ако таа е фигуративна, и 'земјата' исто така мора да е фигуративна.

Наредниве пасуси покажуваат како 'небесата и земјата' во други делови на Библијата не се земени дословно, но се однесуваат прилично, на еден систем на нешта на земјата:

-"Ја гледам земјата- и ете, таа е разорана и пуста, - небесата, и нема на нив светлина... Зашто вака рече Господ:- целата земја (на Израел) ќе биде опустошена... ќе заплаче земјата поради тоа, и небесата ќе се затемнат" (Јер.4:23-28). Ова е пророштво за судењата што ќе дојдат врз 'небесата и

земјата' за земјата и народот на Израел, за што тие (не дословно небесата и земјата) ќе оплакуваат.

-Мојсеј порано се обрати до сиот Израел: "Внимавај, небо, јас ќе говорам; и нека ги слуша земјата зборовите од устата моја" (5Мој.32:1). Е истакнато дека имаше две групи на народ до кои говореше: 1)"Началници на племињата" и 2)"целото израилско собрание" (5Мој.28:30). Началниците би биле тогаш еднакви со 'небото' и обичниот народ со 'земјата'.

-Исаија го почна своето пророштво во сличен стил: "Чујте, небеса, и слушај, земјо... Чујте го словото Господово, кнезови... вслушај се во законот на нашиот-Бог, народе" (Иса.1:2,10). Повторно имаме паралела помеѓу небесата и владарите; и помеѓу земјата и народот.

-"Он ќе ги повика небото и земјата, за да му суди на Својот народ" на Израел (Пс.49:4) ). Тоа говори само за себе.

-"ќе ги стресам сите народи... ќе го затресам небото и земјата" (Агеј 2:7,21) ова исто така.

-"Зашто мечот Мој се опи на небото: ете, за суд слегува тој над Едом... Мечот Господов ќе се насити со крв... зашто Господ има... голем колеж во земјата Едомска" (Иса.34:5,6). 'Небото' е овде изедначено со Едом; претходното пророштво дека "сета небесна војска... ќе падне" (Иса.34:4) према тоа се однесува на разурнувањето на Едом.

-Небесата и земјата спомнати како разурнати во Иса.13 се однесува на народот вавилонски. Во серија на изјави за Вавилон читаме "ќе го затресам небото, земјата ќе се помести од местото свое... секој како подгонета срна и како напуштени овци ќе се обрне кон народот свој, секој ќе избега во земјата своја" (Иса.13:13,14). Бегањето од небесата и земјата е паралелно со она на луѓето. Евр.9:26 говори за "крајот на светот" како да настанува во 1 век н.е., во смисла дека еврејскиот свет завршуваше тогаш.

Со сето тоа при памет, за очекување е дека препораките од Новиот завет за едно ново небо и нова земја по враќањето Христово, се однесуваат на новиот систем на работи, кои ќе бидат видени кога царството Божјо ќе биде уредено.

Поблиското проучување на 2Пет.3 го потврдува тоа. Опишувајќи како сегашните 'небеса и земја' ќе завршат, стих 13 продолжува: "Но ние, според Неговото ветување, очекуваме ново небо и нова земја, на кои ќе настани правда". Ова го цитира Божјото ветување од Иса.65:17: "Оти, ете, Јас создавам ново небо и нова земја". Останатото од Иса.65 продолжува со опис на новиот поредок на нештата кои ќе се во совршената состојба овде на земјата:

> "ете, Јас ќе го создадам Ерусалим за веселба... Нема да градат, за да живее друг... стогодишникот умира како момче (т.е. животниот распон ќе биде зголемен)... Волк и јагне ќе пасат заедно" (Иса.65:18-25).

Овие благослови се јасно применливи на Божјото идно царство на земјата, новото 'небо и земја' што ќе ја заменат сегашнава бедна постава.

## Осврт 10: Тврдењата на 'Британскиот Израелизам'

Оваа идеја беше претставена од видот на Х.Њ. Армстронг-ова 'Плаин Трутх' организација, дека ветувањата до Авраам беа исполнети во британските и американските народи, кои, се тврди, се племињата на Ефрем и Манасиј. Членовите на движењето 'Британски Израелци', веруваат дека кралевите и кралиците на Англија се потомството преку линијата од Јуда, која што почна од цар Давид. За да ги оправдаат своите теории, мораа да заклучат дека Евреите беа како Божји народ отфрлени и британскиот народ избран наместо нив.

Ако разлагањето во студија 3 беше следено, треба да е јасно дека библиски тие тврдења никако не се оправдани. Наредниве се само неколку од многуте додатни точки кои би можеле да се направат:

-**Сите** човечки суштества се подеднакво под проклетството на гревот (Рим.3:23), и затоа Христос умре да им овозможи на луѓето од сите нации прилика за спасение. Од било која национална позадина да сме е неважно ако сме крстени во Христа и постанеме дел од духовниот Израел (Гал.3:27-29). Нам ни беше заповедано да го проповедаме евангелието до сите нации,

крштевајќи ги оние поединци кои ќе поверуваат (Мк.16:15,16); така новиот Израел е составен од луѓе од сите нации, не само британската.

-Многу е тешко да се докаже потеклото на британскиот и американскиот народ; тие се мешани луѓе од многу делови од светот. Само затоа што некои биле родени во тие земји, не значи дека се Божји избран народ.

-Британските Израелци тврдат дека благословите ветени на Авраамовото семе се исполнети во британските народи, без оглед на нивната покорност на Бога. Тоа е спротивно на повторуваното начело дека благословите Божји се условени со покорност. Цела Лев.26 и 5Мој.28 ги назначува благословите кои би дошле врз Израел кога тие би биле покорни на Неговото слово, и клетвите кои би исходиле од нивната непокорност. Да се тврди дека Бог им ги дал тие благослови на Британија, без оглед на нивната покорност на Неговото слово, и во очи на нивната јасно одредена непокорност не него, сигурно врши насилство на условите под кои Бог ги нуди тие благослови.

-Импликацијата дека Бог ги отфрлил Своите луѓе од Израел и ги заменил со Британците им пркоси на пасуси како Рим.11:1,2: "Зар Бог го отфрли Својот народ? Никако! Оти и јас (Павле) сум Израилец, од семето Авраамово... Бог не го отфрли Својот народ, кој однапред Го разбра".

-Божјото царство беше царството на Израел во минатото (2Лет.9:8). Беше превртено поради нивната непокорност, но царството ќе биде преуредено (Јез.21:25-27). Царството ќе биде вратено во Ерусалим (Мих.4:8) кога Исус ќе владее таму на престолот Давидов (Лк.1:32).

-Сегашниот растурен народ на Израел, ќе биде присобран од разни делови на земјата каде што е растурен. "Еве, Јас ќе ги земам синовите Израилеви меѓу народите... кај кои се наоѓаат... и ќе ги доведам во нивната земја. Во таа земја по планините Израилеви, Јас ќе ги направам еден народ" (Јез. 37:21,22). Тоа се исполнува во облик на **природните** Евреи, кои се враќаат во својата земја; целосното исполнување ќе биде во царството, со кое што, израелското сегашно враќање во земјата навестува дека наскоро ќе биде.

## Студија 3: Прашања

1. Кое ветување предвидува постојана борба меѓу гревот и правичноста?

а) Ветувањето до Ное

б) Ветувањето во Едем

в) Ветувањето до Давид

г) Ветувањето до Авраам.

2. Кои од следниве изјави се вистинити во врска со ветувањето во Едем?

а) Семето змиино е Луцифер

б) Христос и праведниците се семето женино

в) Семето змиино беше привремено рането од Христа

г) Семето женино беше рането со Христовата смрт.

3. Каде би живеело семето Авраамово за секогаш?

а) На небо

б) Во градот Ерусалим

в) На земјата

г) Некои на небо а некои на земја.

4. Што од следниве беше ветено на Давид?

а) Дека неговиот голем потомок ќе владее за секогаш

б) Дека неговото 'семе' ќе има царство на небото

в) Дека семето ќе биде Божји син

г) Дека неговото семе Исус, ќе живее на небо пред да се роди на земјата.

5. Како можеме да постанеме семе Авраамово?

6. Дали земјата ќе биде некогаш уништена?

7. Како Божјите ветувања го докажуваат твојот одговор на прашањето 6?

8. Објасни го ветувањето во Едем од Битие 3:15.

## 4.1 Природата на човекот

Мнозинството луѓе поминуваат малку време размислувајќи околу смртта, или за својата природа, која е основна причина за смртта. Тој недостиг на самоиспитување води кон еден недостиг на самоспознавање, и затоа луѓето пловат низ животот, правејќи одлуки према диктатите на своите природни желби. Има одбивање, иако тешко прикриено, да се прифати фактот дека животот е прекраток и дека премногу рано конечноста на смртта доаѓа врз нас. "Оти, што е вашиот живот? Тој е пара, која се појавува за кратко време, па исчезнува". "Ние ќе умреме и ќе станеме како разлеана вода на земјата, која не може да се собере". "Како трева- изутрина; наутро (нашата младост) ќе процути и ќе помине, а навечер паѓа и се исушува" (Јак.4:14; 2Цар.14:14; Пс.89:5,6). Мојсеј, вистински обзирен, го увиде тоа, и се молеше на Бога: "Научи нè така со десницата Твоја, па да се здобиеме со мудро срце" (Пс.89:12). Така, во поглед на животната краткост, здобивањето вистинска мудрост треба да ни е прв приоритет.

Човечкиот одговор за конечноста на смртта варира. Некои култури се обидоа да ја направат смртта и погребувањата дел од животот, да го олеснат чувството на губиток и конечност. Мнозинството од оние кои се нарекуваат 'христијани' заклучиле дека човекот има 'бесмртна душа' или некој бесмртен елемент во него кој ја преживува смртта, и потоа оди на некое место на награда или казна. Смртта е најосновниот проблем и трагедија од човечкото искуство, и за очекување е дека човечкиот ум има доста извежбано да го олесни душевниот удар, затоа еден цел круг на лажни теории се произлезени и се однесуваат за смртта и самата човечка природа. Како и секогаш, тоа треба да се испита наспроти Библијата за да се пронајде стварната вистина за таа важна тема. Треба да се запомни дека првата лага запишана во Библијата е онаа на змијата во градината едемска. Спротивно на Божјата едноставна изјава дека човекот засигурно "ќе умре" ако згреши (Бит.2:17), змијата тврдеше, "Не, вие нема да умрете!" (Бит.3:4). Тој обид да се негира конечноста и целосноста на смртта стана одлика на сите лажни религии. Јасно е дека во оваа област поготово, едно лажно учење води кон друго, и друго, и друго. Обратно пак дел на вистина води кон друг, како што е покажано во 1Кор.15:13-17. Овде Павле скока од една вистина до друга (забележи "ако... ако... ако...").

Да ја сфатиме нашата вистинска природа, треба да земеме во обзир што Библијата вели за создавањето на човекот. Записот е во едноставен јазик, кој ако се земе дословно, не нè остава во сомнение за тоа што сме точно по природа (види Осврт 18 за дословноста на Битие). "Го создаде Господ Бог

човекот од прав земен... земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш" (Бит.2:7; 3:19). Тука нема апсолутно никакво навестување дека човекот има во својот состав бесмртност; нема никаков дел од него кој би живеел после смртта.

Има значителни библиски истакнувања на фактот дека човекот е основно составен од проста прашина: "Ние сме глина" (Иса.64:8); "човек е од земја, земјен" (1Кор.15:47); човечките "основи се од прав" (Јов 4:19); "човекот ќе се вратеше во правот" (Јов 34:14,15). Авраам призна дека е "земја и пепел" (Бит.18:27). Веднаш по непослушноста на Божјата заповед во Едем, Бог "го изгони Адама... да не ја испружи раката своја и да земе од дрвото на животот, и да вкуси, па да заживее вечно" (Бит.3:24,22). Ако човекот имаше бесмртен елемент во него природно, ова не ќе беше потребно.

## УСЛОВЕНА БЕСМРТНОСТ

Постојано повторуваната порака на евангелието е дека човекот може да најде начин да добие вечен живот и бесмртност преку делото Христово. Бидејќи тоа е единствениот вид на бесмртност за кој говори Библијата, следува дека идејата за вечно свесно страдање заради грешности е без библиска поддршка. Единствениот начин да се добие бесмртност е со покорност на Божјите заповеди, и оние кои се толку покорни ќе проведат бесмртност во состојба на совршенство, наградата за праведните.

Наредниве пасуси треба да се достатен доказ дека таа бесмртност е условена, и не нешто што природно поседуваме:

-Христос "ја уништи смртта и го осветли животот и нераспаѓањето преку Евангелието" (2Тим.1:10; 1Јв.1:2).

-"Ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе (т.е. 'составен во вас '). Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден"- да му дадам "вечен живот" (Јв.6:53,54). Христовото расудување низ Јован 6. е дека е тој "лебот на животот", и дека само со правилно одзивање кон него може да има некаква надеж за бесмртност (Јв.6:47,50,51,57,58).

-"Бог (на верниците) дарувал живот вечен; и тој живот е во Неговиот Син" (1Јв.5:11). Не може да има надеж за бесмртност за оние кои не се ‘во Христа’. Само преку Христа бесмртноста е овозможена; тој е "творецот на (вечен) живот" (Дела 3:15 А.В. мг.)- "стана причина за вечно спасение на сите оние, кои Му се послушни" (Евр.5:9). Бесмртноста за човекот значи потекнува од делото Христово.

-Вистинскиот верник ја бара бесмртноста, и ќе биде награден за тоа со дарот на вечен живот, нешто што природно не поседува (Рим.2:7; 6:23; Јв.10:28). Нашето смртно тело треба ‘да се облече во бесмртно’ (1Кор. 15:53), значи бесмртноста е нешто ветено, а не сега поседувана (1Јв.2:25).

-Единствено Бог има својствена бесмртност (1Тим.6:16).

## 4.2 Душата

Во светло на претходното треба да е непоимливо дека човекот има 'бесмртна душа' или било каков бесмртен елемент природно во себе. Сега ќе се обидеме да ја разјасneme забуната која го опкружува зборот 'душа'.

Еврејскиот и грчкиот збор кои се преведени 'душа' во Библијата ('нефеш' односно 'психа') се исто преведувани на следниве начини:

Тело Здив

Суштество Срце

Памет Особа

Тој самиот

'Душа' према тоа се однесува на личноста, телото или себе. Славното 'Саве Оур Соулс' (С.О.С) значи јасно 'спасете нѐ од смрт!' 'Душата' си према тоа 'ти', или збирот на сите работи кои ја прават личноста. Разбирливо е, затоа, што многу современи верзии на Библијата (пр. Н.И.В.) ретко го користат зборот

'душа', преведувајќи го во замена со 'ти' или 'личноста'. Животните кои ги создаде Бог се наречени "живи суштества" (Бит.20,21). Еврејскиот збор овде преведен ‘суштества’ е 'нефеш', кој е исто преведен ‘душа’ на пример во Бит.2:7: "и човекот стана жива душа". Значи човекот е 'душа', како што се и животните 'души'. Единствената разлика меѓу човечкиот род и животните е тоа што човекот е душевно посупериорен; тој е создаден во физичкиот образ Божји (Бит.1:26; види студија 1.2), и некои луѓе се повикани да го знаат евангелието со кое им е откриена надежта за бесмртност (2Тим.1:10). Во поглед на основната ни природа и природата на нашата смрт, нема никаква разлика меѓу човекот и животните:

"Зашто сѐ што се случува со синовите човечки, се случува и со животните; крајот им е ист (забележи го двојното истакнување): како умираат едните, така умираат и другите... и човекот нема предимство пред добитокот... Сѐ (т.е. човекот и животните) оди на едно место (в гроб); сѐ произлегува од земја, и сѐ ќе се врати во земјата" (Проп.3:19,20). Вдахновениот писател на Еклизијастот се молеше Бог да им помогне на луѓето да го увидат овој факт, "и ќе им покаже (на луѓето) оти тие сами по себе се животни" (Проп.3:18). И затоа е за очекување дека многу луѓе ќе го најдат овој факт тежок за прифаќање; всушност, може да биде понижувачко спознавањето дека по природа сме тек животни, кои ги доживуваат истите нагони на самоодбрана, опстанување на способните и раѓање. Преводот во Н.И.В. на Проп.3:18 вели дека Бог го 'тестира' човекот со тоа што го тера да увиди дека е само едно животно; т.е. оние кои се доволно покорни да Му бидат вистински народ ќе ја увидат таа вистина, но оние кои не се, ќе паднат на тој ‘тест’. Филозофијата на хуманизмот, идејата дека луѓето се од врвна важност и вредност, се има тивко раширено низ светот за време на 20 век. И е значајна задача да ги исчистиме нашите мисли од влијанието на хуманизмот. Јасните зборови на Пс.38:5 се од помош: "навистина, сѐ е суета, секој човек што живее". "Не е во власта на оној кој оди, за да ги исправа стапките свои" (Јер.10:23).

Една од најосновните работи која ја знаеме е дека сите човечки тела, всушност сите "живи суштества", конечно умираат. 'Душата', према тоа, умира; тоа е точно спротивното од нешто што е бесмртно. Не е за изненадување дека околу една третина од сите употреби на зборовите преведени 'душа' во Библијата се поврзани со смртта и уништувањето на душата. Самиот факт што зборот 'душа' се користи на овој начин покажува дека не може да биде нешто што е неуништиво и бесмртно:

-"Која душа греши, таа ќе умре" (Јез.18:4).

-Бог може да ја погуби душата (Матеј 10:28). Други препораки за душите дека се погубуваат се: Јез.22:27; Изрек.6:32; Лев.23:30.

-Сите ‘души’ кои беа во градот Асор беа погубени со меч (Исус 11:11; ср. Исус 10:30 - 39).

-"сѐ живо изгина" (Отк.16:3; ср. Пс.77:50).

-Честопати законот Мојсеев заповедаше дека било која ‘душа’ да е непокорна на одредени правила треба да се погуби (пр. Бро.15:27-31).

-Препораки за душата дека е фатена во стапица, или задавена имаат смисла само ако се сфати дека душата може да умре (Изрек.18:7; 22:25; Јов 7:15).

-"Никој не може да ја одржи во живот својата душа" (Пс.21:29 евр. текст).

-Христос "душата Своја на смрт ја предаде" така да неговата ‘душа’, или живот, беше понуда за грев (Иса. 53:10,12).

Дека 'душата' се однесува на личноста или телото, повеќе отколку на некаква бесмртна искра во нас е покажано во многуте стихови каде што се појавува зборот. Некои очигледни примери се:

-"Крв од бедните" (‘душите’ евр. текст (Јер.2:34)).

-"А кога некој (душа) згреши со тоа што изрекол клетва... па не кажал ... ако некој (душа) се допре до каквагоде нечиста работа... ако некој (душа) изјави со устата своја... клетва" (Лев.5:1- 4).

-"Душо, моја... целата моја внатрешност... Благословувај го душо моја Господа... Кој ја исполнува со блага твојата желба" (Пс.102:1,2,5).

-"Кој сака да ја спаси својата душа, ќе ја загуби; а кој ја загуби душата своја заради Мене... ќе ја спаси" (Мк.8:35).

Ова е доволен доказ дека душата не се однесува на некој духовен елемент во човекот; овде 'душа' (грчки 'психа') само значи нечиј физички живот, како што е и преведено тука.

-Бро.21:4 покажува дека група луѓе можат да имаат една ‘душа’. Према тоа ‘душата’ не може да се однесува на една искра на лична бесмртност во било кој од нас.

## 4.3 Духот на човекот

Има жалосна забуна во свеста кај многу луѓе помеѓу душата и духот. Тоа е влошено од фактот што во некои јазици и библиски преводи, зборовите 'душа' и 'дух' имаат само еден еквивалент. Душата во основа се однесува на сите составности на една личност, може понекогаш да се однесува и на духот исто така. Меѓутоа, обично има разлика во значењето помеѓу 'душа' и 'дух' како што се употребувани во Библијата; душата и духот можат да се ‘разделат’ (Евр.4:12).

Еврејскиот и грчкиот збор за 'дух' ('руах' односно 'пнеума') се исто така преведени на следниве начини:

| | |
|---|---|
| Живот | Дух |
| Памет | Ветар |
| Здив | |

Ние ја проучивме идејата на 'духот' во студија 2.1. Бог го употребува Својот дух да го заштити природното создание, вклучувајќи го и човекот. Божјиот дух кој е внатре во човекот е према тоа животната сила во него. ‘Телото без дух е мртво’ (Јак.2:26). Бог "му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа"

(Бит.2:7). Јов говори за "духот Божји" дека му е "во ноздрите" (Јов 27:3 ср. Иса.2:22). Духот на животот во нас ни е значи даден при раѓањето, и останува сѐ додека нашето тело е живо. Кога Божјиот дух се повлече од било што, тоа веднаш загинува, духот е животна сила. Ако Бог "го земеше при Себе Неговиот дух и Неговиот здив; за миг ќе загинеше секоја плот и човекот ќе се вратеше во правот. И така, ако имаш разум, чуј го ова" (Јов 34:14- 16). Последнава реченица повторно навестува дека човекот го наоѓа, ова изложување за својата вистинска природа, многу тешко поимање.

Кога Бог го одзема Својот дух од нас при смртта, не само што нашето тело умира, туку целата наша свесност престанува. Давидовото увидување на ова го одведе до вера во Бога наместо во суштества толку слаби како човекот. Пс.145:3-5 е тежок противудар на тврдењата од хуманизмот: "Не надевајте се на кнезовите и на синовите човечки, во нив нема спасение. Излегува духот негов, и тој се враќа во земјата своја: во тој ден исчезнуваат сите негови помисли. Блажен е оној, кому му е помошник Јакововиот Бог".

При смртта, "ќе се врати правот во земјата, како што си бил; а духот ќе се врати кај Бога, Кој го дал" (Проп.12:7). Порано покажавме дека Бог е присутен секаде преку Својот дух. Во оваа смисла "Бог е Дух" (Јв.4:24). Кога ние умираме тоа е 'нашиот последен здив' во смислата дека Божјиот дух во нас се разделува од нас. Тој дух се вовлекува во Божјиот дух кој е насекаде околу нас; така да при смртта "духот се враќа при Бога". Бидејќи Божјиот дух го одржува целото создание, истиот процес на смртта се појавува и кај животните. Луѓето и животните го имаат истиот дух, или животна сила, во нив. "Сѐ што се случува со синовите човечки, се случува и со животните; крајот им е ист: како умираат едните, така умираат и другите, и едно (т.е. исто) е дишењето (духот) кај сите, и човекот нема предимство пред добитокот" (Проп.3:19). Писателот продолжува да вели дека нема никаква значителна разлика помеѓу, каде оди духот на луѓето и животните (Проп.3:21). Овој опис за луѓето и животните дека имаат ист дух и ја умираат истата смрт, изгледа алудира назад до описот за како и двете луѓето и животните, кои што и едните и другите го имаат истиот дух животен од Бога (Бит.2:7; 7:15), беа уништени со истата смрт при потопот: "Тогаш го изгуби животот секоја плот, што се движеше по земјата: и птиците, и добитокот, и ѕверовите, и сите лазачи, што се влечат по земјата, и сите луѓе; сѐ, што на суво имаше здив (дух) во ноздрите свои, изумре. И се истреби секое живо суштество" (Бит.7:21-23). Забележи како Пс.89:5 (А.В.) ја поистоветува смртта со потопот. (во мак. изд. е изоставено: "Ти ги однесуваш како со потоп"). Записот во Бит.7 јасно покажува дека во основни термини, човекот е во иста група како и "секоја плот... секое живо суштество". Затоа што го има истиот дух животен во себе како и тие .

## 4.4 Смртта е бесвесност

Од она што научивме досега за душата и духот, би требало да следи дека додека умрена, личноста е сосема бесвесна. Додека делата на оние одговорни кон Бога ќе бидат паметени од Него (Мал.3:16; Отк.20:12; Евр.6:10), нема ништо во Библијата да сугерира дека ние имаме некаква свесност за време на состојбата на смрт. И тешко е да се расправа со следниве јасни изјави околу тоа:-

-"Излегува духот (човечки), и тој се враќа во земјата своја; во тој (момент) ден исчезнуваат сите негови помисли" (Пс.145:4).

-"Мртвите ништо не знаат... љубовта нивна, и омразата нивна, и зависта нивна веќе исчезнале" (Проп.9:5,6). Нема никаква мудрост во гробот (Проп.9:10), ни размислување и према тоа ни свесност.

-Јов вели дека во смртта, ќе биде 'како да не бил' (Јов 10:19); тој ја виде смртта како заборав, бесвесност и целосно непостоење какво што имавме пред раѓањето.

-Човекот умира како и животните (Проп.3:18); ако човекот свесно ја преживува смртта некаде, исто мора и тие, сепак и Писмото и науката молчат за тоа.

-Бог "помни дека ние сме земја. Дните на човекот се како трева; како полски цвет, така прецутува тој... и веќе го нема, и местото веќе нема да се познава" (Пс.102:14-16).

Дека смртта е навистина бесвесност, дури и за праведните е покажано со повторуваните молби на Божјите слуги да допушти нивните животи да бидат продолжени, бидејќи знаеја дека после смртта не ќе можат да го величат и слават Бога, зашто смртта е состојба на бесвесност. Езекија (Иса.38:17-19) и Давид (Пс.6:4,5; 29:9; 38:13; 113:25) се добри примери за тоа. За смртта

повторувано се говори како за спиење или починка, и за праведните и за злите (Јов 3:11,13,17; Дан.12:13).

Доволно докази се сега изнесени за грубо да изјавиме за народниот поим дека праведните одат во состојба на блаженство и награда во небото, право после смртта, едноставно не е основан во Библијата. Вистинската наука за смртта и човечката природа нуди огромно чувство на мир. После сите трауми и болки на човечкиот живот, гробот е место на целосен заборав. За оние кои не ги знаеле Божјите барања, тој заборав ќе трае засекогаш. Никогаш повеќе старите рани на овој трагичен и неисполнет природен живот нема да бидат отварани; залудните надежи и стравувања на природниот човечки ум нема да бидат остварени ниту заканувани.

Во библиската студија, има систем за вистината да се открие; сепак, тажно има и систем на погрешки во човечкото религиозно размислување, поради невнимателност кон Библијата. Човечките очајни напори да се омекне конечноста на смртта го одвеле во верување дека има 'бесмртна душа'. Еднаш штом се прифати дека таков бесмртен елемент постои во човекот, станува за потребно да се помисли дека тој мора некаде да оди после смртта. Тоа одвело до помислата дека при смртта мора да постои некоја разлика помеѓу судбините на праведните и злите. Да се прилагоди тоа, заклучено е дека мора да има место за 'добрите бесмртни души' да одат, наречено рај, и друго место за 'лошите бесмртни души'- пекол. Ние веќе покажавме дека 'бесмртната душа' е библиска невозможност. Другите лажни идеи содржани во народното расудување ќе бидат сега разгледани:

1. Дека наградата за нашите животи се дава при смртта во вид на 'бесмртна душа' која бива назначена на едно одредено место.

2. Дека одвојувањето помеѓу праведните и злите настанува во смртта.

3. Дека наградата за праведните е да одат во рајот.

4. Дека ако секој има 'бесмртна душа', тогаш секој мора да оди или во рајот или во пеколот.

5. Дека злите 'души' одат на место за казна наречено пекол.

Целта на обработкава не е само негативна; со разгледување на тие точки во подробност, веруваме дека ќе изразиме многу елементи од библиската вистина, кои се важни делови од стварната слика за човечката природа.

## 4.5 Воскресението

Библијата истакнува дека наградата на праведните ќе биде при воскресението, при враќањето Христово (1Сол.4:16). Воскресението на одговорните мртви (види студија 4.8) ќе е првото нешто што Христос ќе направи; тоа ќе се проследи со судот. Ако 'душата' отишла на небо при смртта, не би имало потреба за воскресение. Павле рече дека, кога не би имало воскресение, тогаш сите напори на покорност кон Бога се бесмислени (1Кор.15:32). Сигурно не би расудувал така, ако верувал дека неговата награда ќе биде 'душата' да му оди на небо по смртта. Импликацијата е таа, што верувал дека воскресението на телото е единствениот вид награда. Христос нѐ охрабри со очекувањето дека отплатата за верното живеење сега, ќе биде при воскресението (Лк.14:14).

Повторно мора да се посочи, дека Библијата не учи за никаков облик на постоење освен телесниот, тоа се однесува за Бога, Христа, ангели и луѓе. При неговото враќање, Христос "ќе го преобрази нашето понизено тело така, што тоа ќе стане подобно на Неговото славно тело" (Филип.3:20,21). Како што тој сега има буквално телесен облик, исполнет со чиста енергија од Духот наместо крв, така и ние ќе ја споделиме истата награда. При судот ние ќе примиме надомест за тоа како сме го живееле својот живот во телесен облик (2Кор.5:10). Оние кои живееле телесен живот (сензуален) ќе се остават со своето смртно тело, кое ќе се распадне назад во прав; додека оние кои во своите животи се труделе да го премавнат телесниот ум со оној од Духот, ‘од духот ќе пожнеат вечен живот’ (Гал. 6:8) во вид на едно духовно, исполнето тело.

Има уште многу докази дека наградата на праведните ќе биде во телесен облик. Штом еднаш се прифати тоа, суштествената важност на воскресението треба да е јасна. Нашето сегашно тело јасно престанува да постои по смртта; ако ние единствено можеме да искусиме вечен живот и бесмртност во телесен

облик, следува дека смртта мора да е состојба на бесвесност, сè до она време кога нашето тело ќе биде пресоздадено и ќе му се даде Божја природа.

Цело 1Кор.15 говори подробно за воскресението; секогаш се исплатува внимателното читање. 1Кор.15:35-44 објаснува како семето е посеано и потоа никнува од земјата за од Бога да му се даде тело, така и мртвите ќе станат, да бидат наградени со тело. Како што Христос стана од гроб и неговото смртно тело беше изменато во бесмртно, така вистинскиот верник ќе ја дели неговата награда (Филип.3:21). Преку крштевањето ние се поврзуваме со Христовата смрт и воскресение, покажувајќи го своето верување дека ние исто, ќе ја делиме наградата што тој ја прими преку своето воскресение (Рим.6:3-5). Со споделување на неговите страдања сега, ние исто ќе ја споделиме и неговата награда: "И секогаш во телото наше ја носиме смртта на Господа Исуса, така што и животот Исусов да се открие во телото наше" (2Кор.4:10). "Оној , Кој Го воскресна Христа од мртвите, ќе ги оживотвори и вашите смртни тела преку Својот Дух" (Рим.8:11). Со таа надеж, према тоа чекаме за "откупување на нашето **тело**" (Рим.8:23), преку чинот да се направи тоа тело бесмртно.

Оваа надеж за дословно телесна награда беше сфатена од Божјите луѓе од најрани времиња. На Авраам му беше ветено дека, лично ќе ја наследи земјата хананска засекогаш, толку сигурно колку што одеше горе долу по неа (Бит.13:17; види студија 3.4). Неговата вера во тие ветувања би му го произвела неопходното верување, дека неговото тело некако, во иднина би било препородено и обесмртено, за да се овозможи тоа.

Јов јасно го изрази своето разбирање за тоа како, во пркос на тоа што телото ќе му го изедат црви во гробот, тој ќе ја прими својата награда, во телесен облик: "Јас знам, Искупителот мој е жив, и Он во **последниот ден** ќе ја крене мојата гнилежна кожа, и јас во телото мое ќе го видам Бога. Јас сам ќе го видам; моите очи, не очите на друг, ќе Го видат. Срцето ми се топи во градите мои" (Јов 19:25-27). Надежта на Исаија беше иста: "Твоите мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат" (Иса.26:19).

Слични зборови има во приказот за смртта на Лазар, личен пријател од Исус. Наместо да ги теши сестрите негови со говор дека душата му отишла на небо, Господ Исус зборуваше за денот на воскресението: "Твојот брат ќе воскресне". Моменталниот одговор од сестрата на Лазар, Марта покажува колку многу тоа беше увидено од раните христијани: "Марта Му рече: Знам дека ќе воскресне при воскресението, во последниот ден" (Јв.11:23,24). Како и Јов, таа не ја

подразбираше смртта како излез кон живот во блаженство на небото, туку, се надеваше на воскресение "во последниот ден". Господ ветуваше: "Секој што чул од Отецот и се научил... Јас ќе го воскреснам во последниот ден" (Јв.6:44,45).

## 4.6 Судот

Библиското учење што се однесува за судот е едно од основните начела на единствената вера, која што мора јасно да се сфати пред крстењето (Дела 24:25; Евр.6:2). Постојано Писмото говори за "денот на судот" (пр. 2Пет.2:9; 3:7; 1Јв.4:17; Јуда 6), време кога оние на кои им беше дадено знаењето за Бога ќе ја примат својата награда. Сите тие мора да застанат "пред судот Христов" (Рим.14:10); "треба да се јавиме пред Христовиот суд" (2Кор.5:10) да примиме надомест за нашите животи во телесен облик.

Даниеловите визии кои се однесуваат за Христовото ИИ доаѓање, вклучуваа едно за судот во вид на трон (Дан.7:9-14). Параболите помагаат донекаде да се извлечат подробности. Онаа за талантите е споредба со враќањето на господарот, кој ги повикува своите слуги и проценува колку добро ги користеле оставените пари (Мт.25:14-29). Онаа за рибарите е споредба со повикот од евангелието и рибарската мрежа, која собира секаков вид луѓе; луѓето тогаш седнале (ср.- судско заседание) и ги одделија добрите риби од лошите (Мт.13:47-49). Толкувањето е јасно "при свршетокот на светот: ќе излезат ангелите и ќе ги одделат лошите од праведните".

Од она што видовме до сега, може да се претпостави дека по Господовото враќање и воскресението, ќе има заедничко собирање на сите кои биле повикани од евангелието на одредено место во одредено време, кога ќе се сретнат со Христос. Тие ќе положат сметка, и тој ќе покаже дали се или не прифатливи за наградата: влегување во царството. Тоа е единствениот момент кога праведните ја примаат својата награда. Тоа сѐ е содржано во параболата за овците и козите: "кога ќе дојде Синот Човечки во Својата слава и сите свети ангели со Него, тогаш ќе седне на престолот на славата Своја (Давидовиот престол во Ерусалим, Лк.1:32,33), и ќе се соберат пред Него сите народи; па ќе ги оддели едни од други, како што овчарот ги одделува овците од козите; и ќе ги постави овците од Својата десна страна, а козите од левата. Тогаш Царот ќе им каже на оние што Му се од десната страна: Елате, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, приготвено за вас" (Мт.25:31- 34).

Наследувањето на царството Божјо, примањето на ветувањата до Авраам кои се однесуваат за тоа, е наградата на праведните. Сепак тоа единствено ќе биде по судот, кој ќе биде по враќањето Христово. И према тоа е невозможно да се прими ветената награда за бесмртно тело пред Христовото враќање; затоа можеме да заклучиме дека од времето на смртта до воскресението, верникот нема воопшто никакво свесно постоење, зашто е неможно да се постои во било каков облик без тело.

Повторувано библиско начело е дека **кога** Христос ќе се врати, **тогаш** наградата ќе биде дадена- не пред тоа:

-"**Кога** ќе се појави Пастироначалникот (Исус), ќе добиете венец на славата" (1Пет.5:4 ср. 1:13).

-"Исус Христос, Кој ќе им суди на живите и мртвите, кога ќе дојде Он и Неговото царство... венецот на правдата, што ќе ми го даде **во оној ден** Господ, праведниот Судија" (2Тим.4:1,8).

-При враќањето на Месија во последните денови, "многумина од оние што спијат во земниот прав (ср. Бит.3,19) ќе се разбудат- едни за живот вечен, а други за укор и срам" (Дан.12:2).

-Кога Христос ќе дојде за да суди, оние "што се во гробовите... ќе излезат; кои правеле добро, ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување" (Јв.5:25- 29).

-Исус: "еве, ќе дојдам скоро, и отплатата Моја е со Мене, за да му дадам на секого според делата негови" (Отк.22:12). Ние не одиме на небо да ја добиеме наградата- Христос ни ја носи од на небо.

Исус носејќи ја нашата награда со себе, имплицира дека била припремена на небо, но ќе биде донесена на земјата во ИИ доаѓање; нашето 'наследство' на земјата ветена на Авраам е во таа смисла "запазено на небесата за вас, кои Божјата сила преку верата ве запазила за спасение, приготвено да се открие во последно време" на Христовото доаѓање. (1Пет.1:4,5).

Увидувањето на тоа нè оспособува правилно да толкуваме еден многу погрешно сфатен пасус во Јв.14:2,3 Исус вели: "Одам да ви приготвам место. И кога ќе отидам и ви приготвам место (ср. наградата "запазено на небесата"), пак ќе дојдам, и ќе ве земам вас при Себе за да бидете и вие каде што сум јас". Исус вели на друго место дека ќе дојде повторно да ни ги даде наградите (Отк.22:12), а ние видовме дека тие ќе бидат дадени кај судот. Тој ќе владее на престолот Давидов во Ерусалим 'засекогаш' (Лк.1: 32,33). Тој ќе ја помине вечноста овде на земјава, и каде што ќе биде тој, во Божјото царство на земјата, таму ќе сме и ние. Неговото ветување "ќе ве земам при Себе", може према тоа да се прочита како еден опис за нашето прифаќање од него на судот. Грчката фраза "ќе ве земам при себе" исто така се појавува и во Мт.1:20 и се однесува за Јосиф да ја "земе при себе" Марија за сопруга. И према тоа не мора да означува физичко движење кон Исус.

Штом наградата ќе биде дадена само по судот при враќањето Христово, следува дека праведните и злите одат на исто место кога умираат т.е во гробот. Меѓу нив не се прави никаква разлика во нивната смрт. Следново е позитивен доказ за тоа:

-Јонатан беше праведен, но Саул беше зол, сепак "не се разделија ни во смртта своја" (2Цар.1:23).

-Саул, Јонатан и Самуил сите отидоа на исто место по смртта (1Цар.28:19).

-Праведниот Авраам "се прибра во родот свој", или кај своите претци, по смртта; тие беа идолопоклоници (Бит.25:8; Исус 24:2).

-Духовно мудриот и безумниот ја доживуваат истата смрт (Проп.2:15,16).

Сето ова е во спротивност со тврдењата на народното христијанство. Нивното учење дека праведните веднаш одат на небо при смртта ја уништува потребата за воскресението и судот. Сепак ние видовме дека се тие важни настани во Божјиот план за спасение, и према тоа и во пораката на евангелието. Народната идеја предлага дека еден праведник умира и е награден со одење

на небо, за да биде следен другиот ден, другиот месец, наредната година, од други. Тоа е многу спротивно на библиското учење дека **сите** праведници ќе бидат наградени **заедно** истовремено:

-Овците се одделени од козите при судот, една по една. Штом судот заврши, Христос ќе им рече на **сите** овци собрани од десната страна,

-"Елате, благословени од Мојот Отец; Наследете го царството, приготвено за вас" (Мт.25:34). Така сите овци го наследуваат царството истовремено (ср. 1Кор.15:25).

-При 'жетвата' по враќањето Христово и судот, сите кои работеле во евангелието ќе се "радуваат **заедно**" (Јв.4:35,36 ср. Мт.13:39).

-Отк.11:18 го опишува "времето да им се суди на мртвите", како време кога Бог ќе им даде "награда на слугите... на светците... на оние, кои се плашат од името" Негово- т.е сите верници заедно.

-Евр.11 е поглавје, список на многу праведници од Стариот завет. Стих 13 коментира: "Сите тие умреа со вера, не добивајќи ги ветувањата" дадени на Авраам за спасението преку влегување во Божјото царство (Евр.11:8-12). Следува дека по смртта, тие луѓе, еден по еден, не отишле на небо да ја примат наградата. Причината за ова е дадена во вс..39,40: тие "не го добија ветеното, оти Бог за нас предвиде нешто подобро, та тие без нас да не постигнат совршенство". Одложувањето на ветената им награда беше затоа што Божјиот план бил сите верници да "постигнат совршенство" заедно, во истиот момент. Тоа ќе биде при судот, по Христовото враќање.

## 4.7 Местото на награда: небесата или земјата?

Без оглед на горните причини, некои кои сè уште мислат дека повеќе небото отколку земјата би била местото на Божјото царство, т.е ветената награда, треба исто така да ги објаснат следниве точки:

-'Божјата Молитва', бара за Божјото царство да дојде (т.е моли за враќањето Христово), каде што Божјите желби ќе се извршуваат на земјата, како што се сега извршувани на небо (Мт.6:10). Ние значи се молиме за Божјото царство да дојде на земјата. Трагично е што илјадници луѓе невнимателно ги молат тие зборови секој ден додека сè уште веруваат дека Божјото царство е веќе уредено на небо, и дека земјата ќе биде уништена.

-"Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата!" (Мт.5:5)- а не... 'зашто душите ќе им одат на небо'. Ова алудира на Пс.36 кој во целост истакнува дека конечната награда на праведните ќе биде на земјата. Во самото место каде што злите уживале во својата времена надмоќ, праведните ќе добијат надомест во вечен живот, и поседување на истата земја каде што еднаш владееле злите (Пс.36:34,35). "Кротките ќе ја наследат земјата... оние, кои Господа Го благословуваат, ќе ја наследат земјата... Праведниците ќе ја наследат земјата и ќе живеат на неа вечно" (Пс.36:11,22,29). Живеењето **на** земјата/ветената земја засекогаш, значи дека вечниот живот на небото е невозможност.

-Давид "умре и погребан беше... Давид не отиде на небесата" (Дела 2:29,34). Наместо тоа Петар објасна дека неговата надеж беше воскресението од мртвите по враќањето Христово (Дела 2:22-36).

-Земјата е арената за Божјите справувања со човечкиот род: "Небото е Господово небо, а земјата Он им ја даде на синовите човечки (Пс.113:24).

-Отк.5:9,10 се однесува на една визија за тоа што праведните ќе речат кога ќе бидат прифатени кај судот: Христос "нè направи пред нашиот Бог цареви и свештеници; и ќе царуваме на земјата". Оваа слика за владеење во Божјото царство на земјата е прилично вон неодредената замисла дека ќе уживаме во 'блаженството' некаде на небото.

-Пророштвата на Даниел поглавја 2 и 7 изразуваат еден след на политички сили, што ќе бидат конечно заменети со царството Божјо по Христовото враќање. Владеењето на ова царство ќе биде по "целиот **поднебесен** свод", и ќе ја исполни "целата **земја**" (Дан.7:27; 2:35 ср. в.44). Тоа вечно трајно царство "ќе му се даде на народот од светиите на Севишниот" (Дан.7:27);

нивната награда значи е вечен живот во тоа царство што ќе е сместено на земјата, **под небесата**.

## 4.8 Одговорноста кон Бога

Доколку човекот има 'бесмртна душа' природно, е присилен да има и вечна судбина некаде, било во местото на награда или казна. Тоа имплицира дека секој е одговорен пред Бога. Спротивно на тоа, ние покажавме како Библијата учи дека по природа човекот е сличен на животните, без било какво својство на бесмртност. Меѓутоа, некои луѓе се понудени со очекувањето вечен живот во Божјото царство. Треба да е јасно, дека не секој што некогаш живеел, ќе биде воскреснат; како и животните, човекот живее и умира, се распаѓа во прав. Сепак бидејќи ќе има суд, со некои осудени и други наградени со вечен живот, мора да заклучиме дека ќе има одредена група од човечкиот род кои ќе бидат воскреснати за да бидат судени и наградени.

Дали некои ќе бидат воскреснати или не, зависи од тоа дали се одговорни на судот. Основата на нашето судење ќе биде, нашиот одзив во нашето познавање на Божјиот збор. Христос објасна: "Кој се откажува од Мене и не ги прима зборовите Мои, има Кој да го суди: Словото што го кажав, тоа ќе го осуди во последниот ден" (Јв.12:48). Оние кои не го знаеле или не го разбрале словото Христово, а со тоа немале ни прилика да го прифатат или отфрлат, нема да бидат подложни на судот. "Оние, што згрешиле без (да знаат) Закон без Закон ќе загинат; а оние што згрешиле при Закон (т.е. го знаеле), според Законот ќе бидат и судени" (Рим.2:12). Така оние кои не ги познавале Божјите побарувања ќе загинат како и животните; додека оние кои со знаење го кршат Божјиот закон ќе треба да им се суди, и затоа ќе се воскреснат за да се соочат со судот. Пред Бога "гревот како таков не се смета, кога нема закон"; "гревот е безаконие (кршење на Божјиот закон)"; "преку законот се познава гревот" (Рим.5:13; 1Јв.3:4; Рим.3:20). Без свесност за Божјите закони какви што се откриени во Неговото Слово, "гревот не се смета" кај една личност, и затоа нема да биде судена или воскресната. Оние кои не го знаат Божјото Слово према тоа ќе останат мртви, како и животните и растенијата, бидејќи се во иста положба. "Човекот кој... не разбира, е како животните кои гинат" (Пс.48:20). "Тие се како овци положени во гробот" (Пс.48:14 евр. текст).

Познавањето на Божјите начини е она што нè прави одговорни на Него за нашите постапки и затоа нужно го бара нашето воскресение и појавување кај судот. Се разбира дека не ќе бидат воскреснати само праведните или

крстените, туку сите кои Му се одговорни, поради своето знаење за Него. Тоа е постојано повторувана тема во Писмото:

-Јв.15:22 покажува дека знаењето за Словото носи одговорност: Исус: "да не бев дошол и да не бев им зборувал, грев немаше да имаат. Но сега тие немаат изговор за својот грев". Рим.1:20-21 исто говори дека познавањето на Бога ги остава луѓето "без изговор".

-Исус: "Секој што чул од Отецот и се научил... ќе го воскреснам во последниот ден" (Јв.6:44, 45).

-Бог не се обзирнува на постапките од оние кои искрено не знаат за Неговите начини. Оние кои ги познаваат Неговите начини, ги посматра и очекува одзив (Дела 17:30).

-"А оној слуга, кој ја знае волјата на својот господар и не се приготвил и не постапил според волјата негова, ќе биде многу биен. Кој, пак, не знаел и направил нешто достојно за казнување, ќе биде малку биен (пр. со останување мртов). Кому е многу дадено, многу и ќе се бара од него; и кому му е (од *луѓе*) поверено повеќе, повеќе ќе... бара(ат) од него" (Лк.12:47,48)- а колку повеќе *Бог*?
-"така, грев е за оној, кој **знае** да прави добро, а не го прави" (Јак.4:17).

-Израел имаше посебна одговорност кон Бога заради Неговите откровенија на нив, во врска со Него (Амос 3:2).

-Поради оваа доктрина за одговорност, "За нив би било подобро (кои подоцна се одвратија од Бога), да не беа го познале патот на правдата, отколку, откако го познаа, да се вратат назад од светата заповед, која им е предадена" (2Пет.2:21). Други битни пасуси вклучуваат: Јв.9:41; 3:19; 1Тим.1:13; Ос.4:14; 5Мој.1:39.

Знаењето за Бога нè прави одговорни на судот, следува дека оние без тоа знаење нема да бидат воскреснати, бидејќи нема потреба да бидат судени зашто нивното незнаење ги прави "како животните кои гинат" (Пс.48:20). Постојат многу показатели дека не сите кои некогаш живееле ќе бидат воскреснати:

-Луѓето од древниот народ вавилонски ‘нема да станат’ по нивната смрт бидејќи не знаеја за вистинскиот Бог (Јер.51:39; Иса.43:17).

-Исаија се охрабруваше: "Господи, Боже наш (израелски)! Други господари, освен Тебе, владееле над нас (пр. Филистејци и Вавилонци); Мртвите нема да оживеат; нивните сенки нема да станат, зашто Ти... го уништи секој спомен за нив" (Иса.26:13,14). Забележи го тројното истакнување за нивното невоскреснување: “нема да оживеат (пак)... нема да станат... го уништи секој спомен за нив". За разлика, Израел очекуваше воскресение, поради своето познавање на вистинскиот Бог: "Твоите (израелски) мртовци ќе оживеат, мртвите тела ќе воскреснат" (Иса.26:19).

-Во кажувањето за Божјиот народ Израел, ни е речено дека по враќањето Христово, "многумина од оние што спијат во земниот прав ќе се разбудат- едни за живот вечен, а други за укор и срам" (Дан.12:2). Значи ‘многумина’, но не сите Евреи ќе бидат воскреснати, поради одговорноста кон Бога како Негов избран народ. Оние од нив кои потполно не Го познаваат својот Бог "ќе паднат и веќе нема да се кренат", бидејќи се неспособни да го најдат "словото Господово" (Амос 8:12,14).

## НИЕ СЕГА НАУЧИВМЕ ДЕКА:

1. **Знаењето на Божјото Слово носи одговорност кон Него.**
2. **Единствено одговорните ќе бидат воскреснати и судени.**
3. **Оние кои не го знаат вистинскиот Бог ќе останат према тоа мртви како животните.**

Импликациите на овие заклучоци вршат тежок удар врз човечкото достоинство и на она што природно би сакале повеќе да веруваме: многуте луѓе и сега и низ историјата, кои не го познавале вистинското евангелие; душевно болните, кои не можат да ја разберат библиската порака; бебиња и млади деца кои умреле пред возраста за доволно почитување на евангелието; сите тие групи припаѓаат во категоријата на оние кои го немале вистинското знаење за Бога, и затоа не Му се одговорни. Тоа значи дека нема да бидат воскреснати, без оглед на родителскиот духовен статус. Тоа потполно се коси со структурата на хуманизмот и сите наши природни желби и чувства; сепак вистинската понизност на Божјото Слово на крајна вистина, здружено со соодветното скромно мислење за нашата природа, ќе нè одведе кон прифаќање на таа вистина. Едно искрено испитување на фактите од човечките искуства, дури и без водство на Писмото, исто ќе одведе до заклучокот дека нè може да има никаква надеж за иден живот за гореспоменатите групи.

Нашето сомневање во Божјите начини по овие прашања е сосема неисправно; "Ама ти, човеку, кој си, та спориш со Бога?" (Рим.9:20). Ние можеме да признаеме дека не разбираме, но никогаш не смееме да го обвиниме Бога за неправда или неправичност. Импликацијата дека Бог може да е на некој начин

без љубов или во грешка ја отвора ужасната перспектива за еден семоќен Бог, Отец и Творец кој ги третира Своите суштества на неразумен и неправеден начин. Записот за цар Давидовата загуба на неговото бебе помогнува да се чита; 2Цар.12:15-24 бележи како Давид се молел упорно за детето додека било живо, но реално ја прифати конечноста на неговата смрт: "Додека детето беше живо, јас постев и плачев, бидејќи мислев: кој знае, нема ли да се смили над мене Господ и нема ли детето да остане живо? А сега е умрено; зошто да постам? Зар можам да го вратам?... тоа нема да се врати при мене". Давид потоа ја утеши својата сопруга, и имаа друго дете.

Најпосле, треба да се напомни дека многу луѓе, сфаќајќи го тоа начело, за одговорноста кон Бога, чувствуваат дека не сакаат веќе, да се здобијат со повеќе знаење за Него, како не би постанале одговорни кон Него и судот. Сепак донекаде, тие луѓе се веќе одговорни кон Бога, бидејќи нивното знаење за Божјото Слово, ги направило свесни за фактот дека Бог им дејствува во животот, и им нуди еден вистински однос со Него. Секогаш мора да се помни дека "Бог **Е** Љубов"', не Му е по волја "да изгинат некои" и го "даде својот Единороден син, та секој што верува во Него да не погине, но да има живот вечен" (1Јв.4:8; 2Пет.3:9; Јв.3:16). Бог сака ние да бидеме во Неговото царство.

Таква чест и привилегија неминовно носи одговорности. Сепак тие не се направени да се претешки или обременети за нас; доколку навистина го љубиме Бога, ќе увидеме дека Неговата понуда за спасение не е автоматска награда за одредени дела, туку прекрасна желба од Негова страна да направи сè што може за Своите деца, да им додели вечен живот на радост, преку нивното поимање за Неговиот чудесен карактер.

Како што доаѓаме до ценење и слушање на повикот Божји до нас преку Неговото Слово, ќе сфатиме дека Тој нè посматра внимателно кога одиме низ толпите, и нестрпливо го очекува нашиот одзив на Неговата љубов, повеќе отколку да го очекува нашиот неуспех да се носиме со своите одговорности. Никогаш тоа око што љуби не го трга од нас; никогаш не можеме да го заборавиме или отправиме нашето знаење за Него за да се предадеме на телото, ослободени од одговорноста кон Бога. Наместо тоа, можеме и треба да се радуваме во посебната блискост што ја имаме со Него, и да имаме доверба во големината на Неговата љубов, и секогаш да сакаме да знаеме повеќе за Него, наместо помалку. Љубовта за Божјите начини и желбата да ги знаеме, за да можеме поточно да Го копираме, треба да го претежнува природниот страв од Неговата врвна светост.

## 4.9 Пекол

Народното поимање за пеколот е дека е место на казна за злите 'бесмртни души' после смртта, или место за мачење на оние кои се одбиени од судот. Наше убедување е дека Библијата учи, дека пекол е гроб, каде што сите луѓе одат по смртта.

Изворниот еврејски збор ‘шеол’ кој е преведен 'пекол' значи 'покриено место'. ‘Пекол’ е нашата верзија за 'шеол'; така кога читаме 'пекол' ние читаме збор што е непотполно преведен. 'Капа' е дословно 'капа-к', што значи покривало за главата. Библиски, тоа 'покриено место', или 'пекол', е гроб. Има многу примери каде изворниот збор 'шеол' е преведен 'гроб'. Всушност, некои денешни библиски верзии одвај го употребуваат зборот 'пекол' и го преведуваат поправилно со 'гроб'. Неколку примери за тоа каде зборот 'шеол' е преведен 'гроб' треба да го потопат народното поимање дека пеколот е место на оган и мачење на злите:

-"нечестивите... нека замолкнат во пеколот" (шеол (Пс.30:17))- тие нема да врескаат во агонија.

-"Бог ќе ја спаси душата моја од раката на пеколот" (шеол (Пс.48:15))- т.е Давидовата душа или тело ќе воскреснат од гробот или 'пеколот'.

Верувањето дека пеколот е место на казна за злите од каде што тие не можат да побегнат, едноставно не може да усогласи со ова; еден праведен човек може да оди во пеколот (гробот) и да излезе повторно. Ос.13:14 го потврдува ова: "Од власта на пеколот (шеол) ќе ги (Божјиот народ) откупам, од смртта ќе ги избавам". Ова е цитирано во 1Кор.15:55 и се применува на воскресението по Христовото враќање. Исто и во визијата на второто воскресение (види студија 5.5), "смртта и пеколот ги повратија мртвите свои, што беа во нив" (Отк.20:13). Забележија паралелата помеѓу смртта, т.е гробот, и пеколот (види исто и Пс.6:5).

Зборовите на Ана во 1Цар.2:6 се многу јасни: "Господ умртвува и оживува (со воскресение), кутнува наземи и крева" (евр. текст: "...кутнува в гроб (шеол) и крева).

Гледаме дека 'пекол' е гроб, и е за очекување дека праведните ќе бидат спасени од него преку своето воскреснување во вечен живот. Вака е сосема можно да се влезе во 'пекол', или гроб, и подоцна да се напушти преку воскресение. Врвниот пример е оној на Исус, дека "душата Негова нема да се остави во пеколот и дека телото Негово нема да види распаѓање" (Дела 2:31) бидејќи беше воскреснат. Забележија паралелата помеѓу Христовата 'душа' и неговото 'тело'. Дека неговото тело "нема да се **остави** во пеколот" имплицира дека било таму за одредено време, т.е три дена, во кои телото му беше в гроб. Дека Христос отиде во 'пеколот' треба да е достатен доказ дека не е само место каде што одат злите.

И добрите и лошите луѓе одат во 'пекол', т.е в гроб. Вака беше Исус в "гроб со злодејци" (Иса.53:9). Во овој ред има и други примери за праведни луѓе кои одат во пекол,т.е в гроб. Јаков рече: "Со тага во адот ќе појдам" за својот син Јосиф (Бит.37:35).

Едно од Божјите начела е дека казната за грев е смрт (Рим.6:23; 8:13; Јак.1:15). Ние претходно покажавме дека смртта е состојба на целосна бесвесност. Гревот исходува во целосно уништување, не вечно мачење (Мт.21:41; 22:7; Мк.12:9; Јак.4:12), убедливо како што луѓето беа уништени со потопот (Лк.17:27,29) и како што Израелците умреа во пустината (1Кор.10:10). Во двете овие прилики грешниците **умреа** наместо да бидат вечно мачени. Затоа е невозможно дека злобните се казнети со вечност на свесно мачење и страдање.

Ние исто видовме дека Бог не го смета гревот, или вбројува во нашиот записник, ако не го познаваме Неговото Слово (Рим.5:13). Оние во оваа состојба ќе останат мртви. Оние кои ги знаеја Божјите побарувања ќе бидат воскреснати и судени по Христовото враќање. Ако се зли, дадената казна ќе биде смрт, бидејќи тоа е пресудата за грев. Затоа по доаѓањето пред судот Христов, ќе бидат казнети и потоа ќе умрат пак, за да останат мртви засекогаш. Тоа ќе биде "**втората** смрт", за која се говори во Отк.2:11; 20:6. Тие луѓе умреле еднаш, смрт со целосна бесвесност. Тие ќе бидат воскреснати и судени по враќањето Христово, и потоа казнети со втора смрт, која, како и првата, ќе биде целосна бесвесност. Таа ќе трае вечно. Во таа смисла казната за грев е

'за трајни времиња', во поглед на тоа, нема да има никаков крај на нивната смрт. Да се остане во смрт засекогаш е трајна казна. Еден пример каде што Библијата користи таков вид на изразување има во 5Мој.11:4. Ова го опишува Божјото еднопотезно уништување на фараоновата војска во Црвено море како едно вечно, уште-трајно уништување во тоа што односната армија никогаш повеќе не им додеваше на Израел, "ги потопи Он во водите на Црвеното Море... и Господ Бог ги погубува дури и денес".

Дури и во времињата на Стариот завет верниците разбирале дека ќе има воскресние во последниот ден, после кое одговорните зли ќе се вратат во гробот. Јов 21:30,32 е многу јасен: "Безбожникот... во денот на гневот се одведува настрана (воскреснува)... го спроведуваат до гробиштата и во гробот свој останува тој". Една од параболите за враќањето Христово и судот говори за ‘погубување’ на неговите непријатели во негово присуство (Лк.19:27). Ова тешко се вклопува во идејата дека злите постојат засекогаш во свесна состојба, и се постојано измачувани. Во секој случај, тоа би било донекаде неразумна казна- **вечно** мачење за дела од 70 години. Бог нема никакво задоволство да ги казнува злите; и затоа е за очекување дека Тој нема да наметнува казна на нив за вечност (Јез. 18:23,32; 33:11 ср. 2Пет.3:9).

Отпадничкото христијанство постојано го поврзува 'пеколот' со идејата на оган и мачење. Тоа е сосема спротивно на библиското учење за пеколот (гроб). "Тие се како овци положени во гробот (пеколот); смртта ќе се храни од нив" (Пс.48:14 (евр. текст)), имплицира дека гробот е место на мирен заборав. Во пркос тоа што Христовата душа, или тело, беше в пекол три дни, не претрпе распаѓање (Дела 2:31). Тоа ќе беше невозможно ако пеколот бил место на оган. Јез.32:26-30 дава слика за моќните воини на околните народи, мирно положени во своите гробови: "Паднатите (во бој)... јунаци, кои со убојното оружје се спуштија во бездната и ги ставија своите мечеви под главите свои... лежат и тие... со слегнатите во гроб". Ова се однесува за обичајот на погребувањето воини со нивното оружје, кое им се подметнуваше под главата. Сепак ова е опис на ‘пеколот’ гробот. Овие силници кои лежат мирно во пеколот (т.е. в гроб) тешко ја поддржува идејата дека пеколот е место на оган. Физичките предмети (пр. мечевите) кои одат во истиот ‘пекол’ со луѓето, покажува дека пеколот не е арена на духовно мачење. Така Петар му кажа на злиот човек, "Среброто твое нека загине заедно со тебе" (Дела 8:20).

Записот за искуствата на Јона исто противречи на ова. Беше жив проголтан од огромна риба, "Му се помоли Јона на својот Господ Бог од утробата на китот, па рече: Кон Господа повикав... извикав од утробата на пеколот" (Јона 2:1,2).

Тука се споредува "утробата на пеколот" со онаа на китот. Китовата утроба беше всушност "покриено место" што е и основното значење на зборот 'шеол', преведен 'пекол'. Јасно, тоа не беше место на оган, и Јона излезе од "утробата на пеколот" кога китот го поврати. Ова посочи према воскресението Христово од 'пеколот' (гробот) - види Мт.12:40.

## СИМБОЛИЧЕН ОГАН

Меѓутоа, Библијата често ја користи сликата на вечен оган за да го претстави Божјиот гнев поради гревот, кој ќе исходи во целосно уништување на грешникот во гробот. Содом беше казнет со "вечен оган" (Јуда 7), т.е. беше сосема уништен заради расипаноста на жителите. Денес тој град е во рушевини, нурнат под водите на Мртво море; на никој начин не е сега во оган, што е неопходно ако го подразбираме "вечниот оган" дословно. Слично на Ерусалим му се закануваше вечен оган од Божјиот гнев, заради гревовите на Израел: "ќе запалам оган пред портите негови, и тој ќе ги проголта куќите ерусалимски и нема да угасне" (Јер.17:27). Ерусалим по пророштво е главен град на идното царство (Иса.2:2-4; Пс.47:2), Бог не намеравaше да го читаме ова буквално. Големите куќи во Ерусалим беа изгорени од оган (4Цар.25:9), но тој оган не продолжи вечно.

Слично, Бог ја казни земјата едомска со оган кој "нема да гасне ни дење, ни ноќе; и димот нејзин вечно ќе излегува, од род во род ќе остане запустена... буфови и гаврани ќе се населат во неа... дворците нејзини ќе обраснат со трње" (Иса.34:9-15). Бидејќи животни и растенија ќе постојат во уништениот Едом, јазикот за вечен оган мора да се однесува за гневот Божји и Неговото целосно уништување на местото, а не да се земе буквално.

Еврејската и грчката фраза кои се преведени ‘засекогаш‘ значат точно ‘за век’. Некогаш тоа се однесува буквално за бесконечност, на пример векот на царството, но не секогаш. Иса.32:14,15 е еден пример: "дворците ќе бидат оставени, шумниот град ќе биде напуштен... Додека не се излие врз нас Духот одозгора". Ова е еден начин за разбирање на 'вечноста' од 'вечниот оган'. Повторувано е поистоветувањето на Божјиот гнев заради гревовите на Ерусалим со оган: "се излива Мојот гнев и Мојата јарост врз ова место (Ерусалим)... ќе се разгори и нема да угасне" (Јер.7,20; други примери вклучуваат Плач 4:11 и 4Цар.22:17).

Огнот е исто така поврзан со Божјиот суд на грев, посебно по враќањето на Христос: "ете, ќе настапи ден, кој гори како печка; тогаш сите горди и оние кои постапуваат нечесно, ќе бидат како слама, и ќе ги изгори денот што иде" (Мал.4:1). Кога слама, или дури човечко тело, е изгорено од оган, се враќа во пепел. Невозможно е за некоја материја, поготово човечкото тело, да буквално гори засекогаш. Јазикот за 'вечниот оган' према тоа не може да се однесува за дословно вечно мачење. Еден оган не може да трае засекогаш ако нема што да гори. Треба да се забележи дека 'пеколот' е фрлен во "огнено езеро" (Отк.20,14). Тоа покажува дека пеколот не е исто што и "огнено езеро"; тоа претставува целосно уништување. Во симболичниот говор на книгата Откровение, ни е речено дека гробот ќе биде сосема уништен, бидејќи во крајот на милениумот нема да има повеќе смрт.

## ГЕХЕНА

Во Новиот завет има два грчки збора преведени 'пекол'. 'Ад'- е еквивалент на еврејскиот 'шеол' за кој веќе говоревме. 'Гехена' е името на купот ѓубре што беше до Ерусалим, каде што градските отпадоци беа горени. Такви купишта ѓубре се типични за многу градови во развој денес (пр. 'Смокs Моунтаин' до Манила во Филипините). Како лична именка, т.е. име на место, требаше да остане непреведено како 'Гехена' а не да се преведува како 'пекол'. 'Гехена' е арамејски еквивалент на еврејскиот 'Гебен Хинон'. Кое беше сместено близу Ерусалим (Исус 15:8 (Еномова долина)), и во времето Христово беше градски отпад. Мртвите тела на криминалците беа фрлани врз пламените кои секогаш гореа таму, така да Гехена постана симбол на целосно уништување и отфрлање.

Повторно треба да се посочи дека она што беше фрлано врз тие огнови не остана таму засекогаш, телата се претворија во пепел. "Нашиот Бог (ќе) е оган, што **изгорува**" (Евр.12:29) во судниот ден; огнот на Неговиот гнев со гревот ќе ги уништи грешниците а не дека ќе ги остави во состојба да бидат само изгорени а сепак живи. Во времето на претходните пресуди Божји за израелскиот народ во рацете на Вавилонците, Гехена беше исполнета со мртвите тела на грешниците од Божјиот народ (Јер.7:32,33).

На свој мајсторски начин, Господ Исус ги здружи сите овие идеи од Стариот завет во својата употреба на зборот 'Гехена'. Тој често говореше дека оние кои се отфрлени од судот по неговото враќање ќе одат "во пеколот ('Гехена' грч. текст), во неизгасливиот оган, каде што нивниот црв не гине" (Мк.9:43,44).

Гехена би ги забаела во еврејскиот ум идеите за отфрлање и уништување на телото, а видовме дека вечниот оган е идиом за претставување на гневот Божји со гревот, и вечното уништување на грешниците преку смртта.

Препораката "каде што нивниот црв не гине", е очигледно дел од истиот идиом за целосно уништување, непоимливо е дека би имало дословно црви кои никогаш не гинат. Фактот дека Гехена беше место на претходните казнувања на грешниците од Божјиот народ, понатака ја покажува склоноста на Христос да ја употребува фигурата на Гехена.

### Осврт 11: Чистилиште

Римокатоличката црква учи дека душите на Божјиот народ можат да одат во едно место наречено 'чистилиште' по смртта, кое е на пола-пат куќа, помеѓу 'небото' и 'пеколот'. Тие учат дека е тоа место на чистење, каде душата страда некое време пред да добие спасение во небото. Молитвите, палењето свеќи и паричните подароци на црквата, од лицето и неговите пријатели, би требало да го скратат времето на страдање на душата во 'чистилиштето'. Големата заблуда на тие идеи ќе се утврди од следново:

-Библијата молчи за постоењето на вакво едно место.

-Ние покажавме дека душата се однесува на нашето тело, а не на некој бесмртен елемент во нас, и дека 'пеколот' е гроб а не место на мачење.

-На праведниците никогаш не им е ветено спасение на небото. Доделувањето спасение ќе биде кај судот, по враќањето на Христос, а не во некое време по смртта кога ние наводно го напуштаме ‘чистилиштето’ (Мт.25:31-34; Отк.22:12).

-Сите праведници ги примаат своите награди истовремено, а не секој да добива спасение во различно време (Евр.11:39,40; 2Тим.4:8).

-Смртта е пропратена со целосна бесвесност, повеќе отколку со активностите предложени со учењето за чистилиштето.

-Ние сме прочистени од своите гревови преку крстењето во Христа и развивањето цврста вера во неговото дело за време на нашиов сегашен живот, а не преку некаков период на страдање по смртта. Нам ни е речено "очистете го стариот квас" на грев во својот живот (1Кор. 5:7); да се очистиме од делата грешни (2Тим.2:21; Евр.9:14). Нашето време за прочистување, према тоа е сега, во овој живот, а не во некое место на чистење ('чистилиште') во кое влегуваме по смртта. "Сега е денот на спасението... сега е времето благопријатно" (2Кор.6:2). Нашата послушност кон Бога со крстењето и развивањето еден духовен карактер во овој живот, води кон нашето спасение (Гал.6:8), не поминувањето на некој период во 'чистилиште'.

-Напорите на другите да нè спасат со палење свеќи и други даноци кон католичката црква, воопшто не делуваат врз нашето спасение. Оние што се надеваат на "големото богатство свое, чујте: братот не може да се искупи; а може ли човекот да се откупи? На Бога нема да му даде откуп за него, ниту цена за откуп на душата своја" (Пс.48:6-9).

## Осврт 12: Духови и препородување

Верувањето дека човекот продолжува да живее во обликот на друга особа или животно да е опседнато со неговиот дух, беше еден од најраните начини со кој човекот се обиде да се увери дека смртта не беше така конечна како што изгледаше. Ние покажавме дека духот на човекот се однесува на здивот/животната сила во него, која се враќа кај Бога по умирањето (Проп.12:7). Тоа значи дека неговиот дух не се движи наоколу како 'сениште', ниту е слободен да опседне друго лице или животно, за да човечката суштественост продолжи преку нив. Секој од нас ќе биде суден за своите дела (2Кор.5:10). Ако нашите дела и одлики се една дејност на нечиј претходен карактер, тогаш замислата за судењето и наградувањето од Бога према делата наши (Отк.22:12) е бесмислена.

Духот се враќа кај Бога при смртта и сета свест престанува. Секаков обид да се контактира со мртвите према тоа покажува озбилно неразбирање на обемното библиско учење во врска со тоа (види Иса.8:19,20). Библијата е многу јасна дека луѓето не се враќаат во своите претходни куќи или места на никој начин откако ќе умрат; не може никакво 'сениште' да престојува некаде откако лицето умрело. Јов 20:7-9 отворено го изложува тоа: човекот "за секогаш ќе пропадне,

како и гадотиите негови; оние што го виделе, ќе кажат:- каде е тој?... и нема да го најдат... Кое око го видело, повеќе нема да го види, и местото (куќа/град) негово повеќе нема да го забележи". Јов 7:9,10 е слично "така слезениот во гроб... нема повеќе да се врати во куќата своја; ни местото негово нема веќе да го познае". Едно скромно прифаќање на ова ќе нѐ одведе во отфрлање на сите тврдења што виделе 'духови' на мртви луѓе, кои престојуваат во нивните стари куќи. Ваквите искуства мора во најдобар случај да се измислени обмами.

## Осврт 13: Со каква природа сме воскреснати?

Ние покажавме дека вечниот живот и претворувањето во Божја природа се доделуваат на верните по судот. Христос прво ќе ги воскресне оние одговорните на неговиот суд, потоа ќе ги суди откако ќе бидат собрани при него. Бидејќи наградата на бесмртна природа се дава по судењето, следува дека сите кои се воскреснати имаат смртна природа пред сѐ. Ако се тие воскреснати со бесмртни тела, тогаш ќе нема причина за судот кај што ќе се делат наградите.

Ние влегуваме во Божјото царство веднаш по судот (Мт.25:34); верните према тоа не се во Божјото царство пред судот. "Телото и крвта не можат да го наследат царството Божјо... а ние ќе се измениме... распадливото треба да се облече во нераспадливо, а смртното- да се облече во бесмртно" (1Кор.15:50,51,53). Следува дека смената на природа, од смртна во бесмртна, настанува кај судот, бидејќи тогаш влегуваме во царството.

Меѓутоа, вдахновениот апостол Павле често говори за ‘воскресението’ во смисла на "воскреснување во живот", воскреснување на праведните, кои потоа ќе примат вечен живот по судот. Тој разбираше, секако, "оти ќе има воскресение на мртвите, на праведните и неправедните" (Дела 24:15). Тој знаеше дека одговорните "ќе излезат (од гроб): кои правеле добро ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за" осуда (Јв.5:29).

На својот позитивен начин, Павле изгледа често мислеше на тоа "воскреснување во живот" кога говори за ‘воскресението’. Праведните излегуваат од гробовите "**во** воскресението на живот"- по излегувањето од земјата ќе бидат судени и ќе им се даде вечен живот. Целиот овој процес е “воскреснување во живот". Има разлика меѓу ‘излегувањето’ од гроб и "воскреснување за живот". Павле говори за своето настојување да живее христијански живот, и "некако да го достигнам воскресението на мртвите" (Филип.3:11). Бидејќи одговорен, тој секако ќе биде воскреснат да даде сметка

при судот; настојувањето да го достигне 'воскресението' према тоа значи дека 'воскресението' овде се однесува на "воскреснувањето за живот".

Други примери за воскресението со значење "воскреснувањето во живот" (ср. Лк.14:14) вклучува Лк.20:35; Јв.11:24; 1Кор.15:21,42; Евр.11:35; Отк. 20:6. Во Пс.16:15 Давид говори за примање на својата награда во мигот на неговото 'будење'. Тој го имаше истото гледање на воскресението, иако знаеше дека ќе има суд. Употребата на фразата, 'воскресението', како во 1Кор.15 помага во објаснувањето на 1Кор.15:52- "мртвите ќе воскреснат нераспадливи". Вредно е за бележење дека фразата 'мртвите' понекогаш (а нарочито во 1Кор.15) се однесува на праведните мртви, кои ќе бидат воскреснати за да примат вечен живот при судот: 1Кор.15:13,21,35,42; 1Сол.4:16; Филип.3:11; Отк.14:13; 20:5,6.

1Сол.4:16,17 ги наведува настаните поврзани со враќањето на Христа:

1. Христос видливо се враќа
2. Мртвите се кренати
3. Одговорните кои се живи тогаш ќе бидат грабнати кон судот

Давањето вечен живот е **после** тоа собирање (Мт.25:31-34; 13:41-43); значи бесмртноста не може да биде дадена при воскреснувањето, бидејќи тоа го претходи собирањето. Ние покажавме дека сите праведни ќе бидат наградени истовремено (Мт.25:34; Евр.11:39-40). Тоа би било невозможно ако бесмртноста беше доделувана при воскреснувањето, бидејќи воскреснувањето го претходи собирањето на одговорните живи.

Меѓутоа, треба да се забележи, дека нашето поимање за времето е многу човечко; Бог воопшто не подлежи на тоа. Може да се отиде предалеку во обидот да се обработи одреден редослед на настаните кои ќе бидат околу Христовото враќање. Воскреснувањето и нашето обесмртување при судот се опишани дека ќе бидат "одеднаш, во еден миг" (1Кор.15:51,52). Заради нужност, времето ќе влезе во една друга димензија во моментот на Христовото враќање, барем за оние кои ќе бидат судени. Општо библиско начело е дека секој од одговорните кон судот, ќе дадат сметка за својот живот при судот, и донекаде ќе разговораат со својот судија, Господ Исус (Мт.25:44; Проп.3:17; 12:14; Лк.12:2,3; 19:23; Јез.18:21,22; 1Тим.5:24,25; Рим. 14:11,12). Заради големиот број на одговорни, мора да претпоставиме дека значењето на

времето ќе биде отстрането или многу збиено, како би биле сите судени веднаш, а сепак поединечно. Бидејќи времето ќе биде збиено во тој стадиум, така да целиот процес на воскреснувањето и судот настане "одеднаш, во еден миг", разбирливо е што за воскресението се говори некогаш како за начинот со кој праведните ќе примат вечен живот. Меѓутоа, тоа е поради брзината со која ќе сме пренесени од гробот до судот, и потоа, со Божја милост, обесмртени. Фактот сѐ уште останува, од стиховите веќе раправани, дека Библијата учи дека вечен живот ќе биде даден при судот, а не со воскреснувањето. Затоа 1Сол.4:16 говори за праведните, дека се повикани на судење со труба, а 1Кор.15:52 говори за истата труба, поврзана со давањето бесмртност на нив. Тоа исто така објаснува зошто Павле мислеше за воскреснувањето како идентично со прифаќањето при судот (пр. Филип.1:23).

## Осврт 14: Опфатеност

Раширено е верувањето во 'евангелиските' цркви дека праведните ќе се 'опфатени' горе а небо при враќањето на Христос. Тоа верување е често поврзано со идејата дека земјата тогаш ќе биде уништена. Ние гледаме во Осврт 9, дека тоа е невозможно. Исто така покажавме во студија 4.7, дека местото на награда е на земјата, не на небо. Овие погрешни верувања се основани околу едно погрешно толкување на 1Сол.4:16,17: "Сам Господ... ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господа".

Освен за очевидната опасност на основање такво едно големо верување на само еден пасус од Писмото, треба да се забележи дека нема никакво спомнување тука, дека праведните ќе се однесат горе на **небесата***.* Христос се спушта од небото пред да го пресретнат верниците. Христос ќе владее засекогаш на престолот Давидов во Ерусалим, и ние ќе бидеме со него, овде на земјава. Затоа е невозможно дека ние ќе ја проведеме вечноста со него, обесени во сред воздух. 'Воздухот' проширен само неколку километри над земјината површина значи дека тоа не може да се однесува на небесата, Божјото место на живеење.

Грчката фраза преведена "грабнати" значи дословно тоа; и не содржи никаква идеја за некој одреден правец. Се појавува во Лев.6:4 и 5Мој.28:31 во грчкиот Стар завет (Септагинт) да опише 'грабење' на добра во грабеж. Исто се појавува во Дела 8:39: "Филипа **го грабна** ангел Господов. И Етиопјанинот не го виде веќе... Филип се најде во Азот". Тука е запишано како Филип беше чудесно пренесен од едно место на земјата до друго.

Кога Христос ќе дојде, одговорните ќе бидат собрани на местото на судот; тие нема да бидат оставени да патуваат сами до таму. Можно е дека нашиот начин на пренос до таму ќе биде дословно низ воздухот.

Исус рече "во денот, кога ќе се јави Синот Човечки... двајца ќе бидат на нива: едниот ќе го земат, а другиот ќе го остават" (Лк.17:30,36). Тоа ја нуди истата слика на ненадејно грабнување. Учениците нестрпливо прашаа "Каде Господи? А Он им рече: Каде што е телото, таму ќе се соберат и орлите" (Лк.17:37). Како што орлите нагонски летаат низ воздухот и слетуваат онаму кај што е мршата, така одговорните ќе бидат донесени на местото каде ќе го пресретнат својот Господ за суд.

Треба повторно да ја истакнеме важноста на учењето за судот на Христос; одговорните мора прво да се појават, пред праведните од нив да бидат наградени. Површното читање на 1Сол.4:16,17 може да нè одведе во заклучок дека сите одговорни ќе бидат грабнати во воздух, и ќе останат таму со Христа, засекогаш. Наместо тоа, ние знаеме дека одговорните ќе бидат собрани на местото на судот, со можноста дека ќе бидат пренесени низ воздухот, и дека **потоа** ќе ја примат својата награда.

## Студија 4: Прашања

1. Што се случува после смрта?

а) Душата оди во рајот

б) Ние сме несвесни

в) Душата е складирана некаде до судот

г) Злите души одат во пеколот, а добрите во рајот.

2. Што е душата?

а) Бесмртен дел од нашето битие

б) Збор кој значи ‘тело, личност, суштество’

в) Исто што и духот

г) Нешто што оди во рајот или пеколот после смртта.

3. Што е духот на човекот?

4. Сожето опиши ја природата на човекот.

5.Наведи два библиски пасуси кои докажуваат дека смртта е бесвесност.

6. Што знаеш за судното седиште на Христа?

7. Кои ќе бидат воскреснати и судени?

8. Што е пекол?

9. Што е Гехена?

## 5.1 Дефинирање на царството

Нашите претходни студии покажаа дека Божја намера е да го награди Својот верен народ со вечен живот по враќањето на Христос. Тој вечен живот ќе биде проведен на земјата; Божјите повторувани ветувања во врска со тоа никогаш не вклучувале дека верните ќе одат на небо. "Евангелието (благовестие) на царството" Божјо (Мт.4:23) беше проповедано на Авраам во вид на Божјите ветувања кои се однесуваа за вечен живот на земјата (Гал.3:8). "Царството Божјо" е значи времето по Христовото враќање кога тие ветувања ќе бидат исполнети. Додека Бог е безусловно Царот на Своето целосно создание дури и сега, Тој му даде на човекот слободна волја да го управува светот и својот живот по свое. Така сега светот е опфатен во "царството на луѓето" (Дан.4:14).

По враќањето Христово, "царството на светот (ќе стане) царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос, и Он ќе царува во сите векови" (Отк.11:15). Тогаш Божјата волја и желби ќе бидат целосно и отворено спроведувани на земјава. Оттука Исус ни заповеда да се молиме: "Да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како (сега) на небото, така (да биде) и на земјата" (Мт.6:10). Поради тоа, "царството Божјо" е фраза заменлива со "царството небесно" (Мт.13:11 ср. Мк.4:11). Забележи дека никогаш не читаме за "царството **во** небото"; царството небесно е она кое што ќе биде воспоставено од Христос на земјата по неговото враќање. Како што е Божјата волја потполно извршувана од ангелите на небо (Пс.102:19-21), така ќе биде во идното царство Божјо, кога земјата ќе биде населена само со праведници, кои ќе се "еднакви со ангелите" (Лк.20:36).

Влегувањето во царството Божјо при Христовото враќање е према тоа крајниот исход на сите наши христијански настојувања во овој живот (Мт.25:34; Дела 14:22); и како такво, е апсолутно важно исправното разбирање за тоа. Филиповата проповед за ‘Христа’ е опишана како учење за "Евангелието за царството Божјо и за името на Исуса Христа" (Дела 8:5,12). Пасус врз пасус нè потсетува како "царството Божјо" беше главниот товар на Павловата проповед (Дела 19:8; 20:25; 28:23,31). Затоа е многу важно во потполност да го разбереме учењето за Божјото царство, бидејќи обликува битен дел од пораката на евангелието. "Во царството Божјо треба да влеземе преку многу маки" (Дела 14:22); тоа е светлото на крајот од тунелот на овој живот, и према тоа поттикот да се направат жртвите кои вистинскиот христијански живот ги содржи.

Навуходоносор, царот на Вавилон, сакаше да ја знае иднината на светот (види Дан.2). Му беше дадена визија на голема статуа, составена од разни метали. Даниел толкуваше дека златната глава го претставува царот вавилонски. (Дан.2:38). По него требаше да следуваат големи царства во областа околу Израел, заклучно со една состојба во која "прстите на нозете беа дел од железо, а дел од глина, така и царството ќе биде делум силно, а делум слабо" (Дан.2:42).

Сегашната рамнотежа на сила во светот е поделена помеѓу многу нации, некои силни и некои слаби. Даниел тогаш виде еден мал камен како го удри ликот по нозете, и го уништи, а потоа нарасна во голема планина која ја исполни целата земја (Дан.2:34,35). Тој камен го претставуваше Исуса (Мт.21:42; Дела 4:11; Еф.2:20; 1Пет,2:4-8). 'Планината' што тој ќе ја создаде врз целата земја го претставува Божјото царство, кое ќе се уреди во неговото ИИ доаѓање. Ова пророштво е само по себе доказ дека царството ќе биде на земја, не на небо.

Дека царството ќе биде всушност во целост уредено само со Христовото враќање е тема на други пасуси. Павле говори за Исус кој ќе ги суди живите и мртвите "кога ќе дојде Он и Неговото царство" (2Тим.4:1). Михеј 4:1 ја одбира Даниеловата идеја за Божјото царство како една огромна планина: "Во последните дни планината на Господовиот Дом, ќе биде воспоставена"; потоа следува опис какво би било тоа царство на земјата (Мих.4:1-4). Бог ќе го даде на Исус престолот Давидов во Ерусалим: "И ќе царува... засекогаш, и царството Негово нема да има крај" (Лк.1:32,33). За тоа е нужно да се има одредена точка кога Исус ќе почне да владее на Давидовиот престол, и почнува неговото царство. Тоа ќе биде во неговото враќање "И царството Негово нема да има крај" се поврзува со Дан.2:44: "Небесниот Бог ќе подигне царство, кое нема да се разруши никогаш, и тоа царство нема да биде предадено на друг народ". Отк.11:15 користи сличен јазик во опишувањето како во ИИ доаѓање, "Царствата на светот станаа царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос, и Он ќе царува во **сите векови**". Повторно, мора да има одредено време кога Христовото царство и владеење почнува на земјата; тоа ќе биде во неговото враќање.

## 5.2 Царството не е сега воспоставено

Распространето е поимањето дека Божјото царство сега сосема постои, составено од сегашните верници, 'црквата'. Додека во перспектива вистинските верници се 'спасени' и дадени им се одредени места во царството, не може да

има никакво сомнение дека ние не сме сега сосема во царството, бидејќи Христос сè уште не се вратил да го уреди.

Треба да е јасно од она што досега учевме "дека телото и крвта не можат да го **наследат** царството Божјо" (1Кор.15:50). Ние сме "**наследници** на царството, ветено од Него на оние, кои Го сакаат" (Јак.2:5), бидејќи крштевањето нè прави наследници на ветувањата до Авраам, ветувањата кои се темелен состав на евангелието за царството (Мт.4,23; Гал.3,8,27-29). Затоа е општо срекавањето со ветувањата за **наследување** на царството по Христовото враќање, кога ветувањата до Авраам ќе бидат исполнети (Мт.25:34; 1Кор.6:9,10; 15:50; Гал.5:21; Еф.5:5). Самата употреба на овој јазик за идно наследување говори дека царството не е во посед на сегашните верници.

Исус кажа една парабола да ги исправи оние кои мислеа "дека набргу ќе се открие царството Божјо, па рече: Еден човек од висок род заминуваше во далечна земја да прими царство за себе и да се врати". Во меѓувреме ги остави своите слуги со одредени одговорности. "А кога се врати, по приемот на царството, нареди да ги повикаат оние слуги", и ги судеше. (Лк.19:11-27). Благородникот го претставува Христа кој заминува во "далечна земја" на небо да го прими царството, со кое се враќа во времето на судот т.е. ИИ доаѓање. Затоа не е можно "слугите" да го поседуваат царството сега, за време на отсуството на нивниот Господар.

Следниве нудат понатамошни докази за тоа:

-"Моето царство не е од овој свет (век)", Исус едноставно изјави (Јв.18:36). Иако, дури и тогаш можеше да рече, "Јас сум Цар" (Јв.18:37), кое покажува дека Христовото сегашно ‘царување’ не значи дека неговото царство е сега уредено. Дури и верните во 1 век се опишани како го ОЧЕКУВААТ "царството Божјо" (Мк.15:43).

-Христос им рече на своите ученици дека никогаш повторно нема да пие вино "сè до оној ден, кога ќе пијам ново со вас, во царството на Мојот Отец" (Мт.26:29). Тоа јасно вметнува дека царството ќе биде во иднината, како што луѓето и го разбраа Христовото проповедање на "благовестието. (т.е. рано прогласување) за царството Божјо" (Лк.8:1). "Блажен е оној, кој **ќе** (во иднина) јаде леб во царството Божјо", беше нивниот коментар (Лк.14:15).

-Лука 22:29,30 ја продолжува оваа тема "Јас ви **ветувам...** царство, за **да** јадете и да пиете на трпезата Моја во царството Мое".

-Исус објасна за знаците кои ќе го огласат второто доаѓање, и заклучи со коментарот: "така, кога ќе видите дека станува ова, знајте оти се приближи царството Божјо" (Лк.21:31). Ова е бесмислено ако царството сега постои пред второто доаѓање.

-"Оти во царството Божјо треба да влеземе преку многу маки" (Дела 14:22). Не е ни чудо што секој страдален верник нестрпливо моли за царството да **дојде** (Мт.6:10).

-Бог "ве призвал во Своето царство" (1Сол.2:12), во одзив, треба да **бараме** влез во тоа царство со еден духовен живот сега (Мт.6:33).

## ЦАРСТВОТО БОЖЈО Е ВО ВАС?

Во пркос на сите овие бројни истакнувања, многу православни 'христијани' одбираат да го темелат своето верување дека царството сега постои во срцата на верниците, врз еден единствен пасус: "царството Божјо е во вас внатре" (Лк.17:21). Ова е поправилно преведено "царството Божјо е **меѓу** вас" (види А.В. мг). Контекстот покажува дека Исус им говореше на фарисеите (в.20); и она ‘вас’ се однесува на нив. Тие сигурно не беа христијански верници- царството Божјо не беше уредено во **нивните** срца. Евреите правеа голема јавна претстава од својот жар во потрагата по Месија. Во овој пасус "царството Божјо" изгледа дека е една титула на Месија, бидејќи тој ќе биде цар на царството. Така кога Исус влезе во Ерусалим, народот викаше, "Благословен е, Кој иде (Месија) во името Господово! Благословено е царството на нашиот татко Давида, кое иде во името Господово" (Мк.11:9,10). Тука се поистоветува Месија и ‘царството’. Така Јован крстител проповедаше дека "се приближи царството небесно! Оти (Исус) е, навистина оној (за кого се пророкуваше)" (Мт.3:2,3). Во нашиот пасус во Лука 17:20-24, Исус им одговори на прашањето "кога ќе дојде царството Божјо", со говорот за доаѓањето на "Синот Човечки".

Христовата поента беше дека Евреите правеа таква претстава во потрагата за доаѓањето на Месија, очекувајќи го одеднаш откриен во моќ, што не успеваа

да сфатат дека Месија- царството Божјо- веќе беше меѓу нив во понизната особа Исус. Така тој ги предупреди: "Царството Божјо (Месија) нема да дојде забележливо... зашто царството Божјо е во вас" (Лк.17:20,21).

## 5.3 Царството Божјо во минатото

Царството Божјо е идната награда за верниците. Како такво, нивниот поттик е да живеат живот предан на копирање на примерот Христов, нешто што ќе содржи кратко страдање и неудобност. И затоа е за очекување дека сите денови ќе ги поминуваат во се поголема желба да се почитува и разбира чудесноста на тој иден век. Тој ќе биде збир на сите нивни духовни стремежи, и полното објавување на Богот кого го засакаа за свој Отец.

Писмото обилува со подробности на што би наликувало царството, и ќе се најде за доживотна работа да се откријат само некои од нив. Еден начин преку кој можеме да разбереме некои од основните начела на тоа идно царство е да увидеме дека царството Божјо постоело порано во облик на народот израелски. Тоа царство ќе се преуреди по Христовото враќање. Многу од Библијата ни дава податоци во врска со народот на Израел, за воглавно да сфатиме, како Божјото идно царство ќе биде организирано.

Бог е често опишуван како  "Царот на Израилот" (Иса.44:6 ср. Иса.41:27; 43:15; Пс.47:2; 88:18; 149:2); следува дека народот на Израел беше Негово царство. Тие станаа Божјо царство со влегувањето во еден завет со Него на горага синајска, кратко откако излегоа од Египет низ Црвеното море. Во одзив на нивната волја да го држат тој завет тие беа Божјо "царство... и народ свет" (Исх.19:5,6). Вака "Кога Израилот излезе од Египет... Израилот (беше) област Негова" или царство (Пс.113:1,2). После влегувањето во тој договор, Израел патуваше низ синајската пустина и се смести во ветената земја хананска. Бидејќи Бог им беше Цар, тие беа управувани од ‘судии’ (пр. Гедеон и Самсон). Овие судии не беа цареви, туку божествено водени управници кои управуваа со одредени делови на земјата наместо да владеат со целата земја. Тие често беа воспитувани од Бога за одредени цели, пр. да го водат Израел во покајание и избавување од нивните непријатели. Кога Израелците го прашаа судијата Гедеон да им биде цар, тој одговори: "(јас не) ќе владеам со вас... Господ нека владее со вас" (Суд.8:23).

Последниот судија беше Самуил. Во негово време Израелците побараа човечки цар за да бидат како околните народи (1Цар.8:5,6). Низ цела историја, вистинскиот Божји народ беа искушувани да ја потценуваат блискоста на својот однос со Бога, и да го жртвуваат тоа за една појава на сличност со околниот свет. Тие искушенија се најакутни во нашиов сегашен свет. Бог се пожали на Самуил: "Тие... ме отфрлија Мене, за да не царувам над нив" (1Цар.8:7). Сепак, Бог им додели цареви, почнувајќи со злобниот Саул. После него дојде праведниот Давид, и цела линија цареви потекнаа од него. Духовно посвесните цареви сфатија дека Израел беше сè уште Божјо царство, иако го отфрли Неговото царување. Тие затоа признаа дека го управуваат Израел во Божјо име а не по свое право.

Познавањето на ова начело ни овозможува да најдеме смисла во описот на Соломон, Давидовиот син, кој владееше на Божјиот "престол за цар пред Господа, твојот Бог" (2Лет.9:8; 1Лет.28:5; 29:23). Соломоновото владеење во голем мир и напредок посочуваше кон (или го ‘претставуваше’) идното Божјо царство. Затоа е истакнато дека тој беше цар на Израел во Божјо име, исто како што и Исус ќе седне на Божјиот престол како израелски Цар за Бога (Мт.27:37,42; Јв.1:49; 12:13).

Многу од праведните цареви запишани во Стариот завет уживаа владеења кои беа типични за Христовото идно царство. Како што изгради Соломон храм за Бога во Ерусалим, така исто и Христос ќе изгради во идното царство (види Јез.40-48). Како што Језекија и Соломон примаа подароци и почести од околните народи (3Цар.10:1-4; 4Цар.20:12), и земјата на Израел виде благослов со силна плодородност и напредок (3Цар.10:5-15; Иса. 37:30), така и во Христовото ширум световно царство истите нешта ќе бидат видени на далеку повисоко ниво.

## БРАК

Во пркос на добриот почеток на Соломон, уште прилично млад тој направи грешки со своите брачни врски кои напредно му ја исцрпуваа духовната снага како што старееше. "Цар Соломон засака... и многу жени- туѓинки- Моавки, Амонитки, Идумејќи... од оние народи, за кои Господ им беше рекол на Израилевите синови: не влегувајте при нив, и тие да не влегуваат при вас, за да не го приклонат срцето ваше кон своите богови. Кон нив се прилепи Соломон со љубовта своја... и неговите жени го развратија срцето негово. Кога Соломон остаре, неговите жени го приклонија срцето негово кон други богови,

и срцето негово не беше наполно предадено на неговиот Господ... И Соломон го вршеше она, што беше неугодно пред очите на Господа, и не го следеше наполно Господа... И Господ се разгневи на Соломона... Тогаш Господ му рече... Ќе го одземам царството од тебе" (3Цар.11:1-11).

Соломоновото лизгање во отпадништво беше животно долг процес. Неговите врски со жени кои не го делеа неговото знаење за израелскиот Бог го одведоа во наклоност на нивните лажни богови. Љубовта кон неговите жени значеше дека не ги гледаше веќе тие богови за духовни перверзии на стварниот Бог што тие и беа. Со време, неговото срце не беше веќе богослужно на израелскиот Бог. "Неговото срце не беше наполно предадено", т.е. совеста веќе не го грижеше при богослужење на лажни богови. Недостигот на предаденост со цело срце кон вистинскиот Бог беше "неугодно пред очите на Господа", и исходи во раскинување на Божјата врска со Соломон. На Израел му беше повторувано да не се женат со жените од околниот свет (Исх.34:12-16; Исус 23:12,13; 5Мој.7:3).

Со крштевањето во Христа ние постануваме духовен Израел. Ако сме самци, треба да се венчаваме само во духовниот Израел, "во... Господа" (1Кор.7:39)- т.е. со други крстени верници "во Христа". Ако сме веќе венчани во време на нашето крштевање, не треба да се разделуваме од нашите жени; брачниот однос ни е осветен со причина на нашата вера (1Кор.7:12-14). Свесното венчавање со оние кои не го познаваат вистинскиот Бог, долгорочно, би одвело до отпадништво. Соломон очито неуспешно ја процени важноста на Божјото предупредување за тие жени: "**Засигурно** ќе го одвратат вашето срце" (3Цар.11:2; (евр. текст) Исх.34:16). Само натприроден степен на самоконтрола и упорно покајување можат да нè направат исклучок во тоа правило.

Порано покажавме како православното христијанство не ја цени еврејската основа на христијанската надеж; тие не го познаваат вистинскиот Бог на Израел. Влегувањето во брак со такви луѓе нормално води кон постепено отпаѓање од величенствените доктрински вистини кои се темели на нашето спасение. Затоа Исак и Јаков отидоа до необични далечини по сопруги кои исправно ја држеа вистинската вера, Исак дури чекаше до 40 години старост да ја најде вистинската жена (Бит.24:3,4; 28:1). Бедотијата на Ездра и Неемија, кога слушнаа дека некои од Евреите се венчале со неЕвреи понатаму ја покажува озбилноста на тоа прашање (Ездра 9:12; Неем.10:29,30).

Ние го покренавме тоа прашање сега за да потикнеме одразително размислување; за бракот е подробно расправано во студија 11.4.

БОЖЈИОТ СУД

Во исход на Соломоновото отпадништво, царството на Израел беше поделено на две; синот на Соломон, Ровоам, управуваше врз племињата на Јуда, Венијамин и половина од племето на Манасиј, додека Јеровоам управуваше врз другите 10 племиња. Тоа десетплеменско царство беше наречено Израел, или Ефрем, а другото двоплеменско беше наречено Јуда. Луѓето од сите тие племиња, воглавно, го следеа лошиот пример на Соломон, тврдеа верување во вистинскиот Бог, а истовремено ги обожаваа идолите од околните народи. Повторно Бог се заседе за нив, преку пророците, да се покајат, но бескорисно. Затоа ги казна со изведување од царството на Израел во земјите на нивните непријатели. Тоа беше со асирската и вавилонската инвазија на Израел и нивното одведување во заробеништво: "Ти (Боже) одлагаше многу години и им напомнуваше со Твојот Дух (Слово), преку пророците Свои, но тие не слушаа. Тогаш ги предаде во рацете на туѓи (околни) народи" (Неем.9:30).

Десетплеменското царство на Израел воопшто немаше добри цареви. Јеровоам, Ахав, Јоахаз и.т.н. се сите запишани во книгата Царства како идолопоклоници. Последниот цар им беше Осиј, за чие владеење Израел беше поразен од Асирија и десетте племиња одведени во заробеништво (4Цар.17). Од таму тие никогаш не се вратија.

Двоплеменското царство на Јуда, имаше некои добри цареви (пр. Језекиј и Јосиј), сепак повеќето беа зли. Заради повторуваните гревови на луѓето, Бог го преврте Јуда за Свое царство во владеењето на нивниот последен цар, Седекиј. Тоа се направи со вавилонската инвазија, и беа одведени во заробеништво во Вавилон (4Цар.25). Тие останаа таму 70 години, после кои, некои се вратија во Израел под водството на Ездра и Неемија. Тие никогаш повеќе немаа свој цар, беа управувани од Вавилонците, Грците и Римјаните. Исус беше роден за време на римското управување. Заради израелското отфрлање на Исус, Римјаните ги нападнаа во 70 н.н.е. и ги растераа низ светот. Тек во минатите 100 години тие почнаа да се враќаат. Така објавувајќи го враќањето Христово (види Додаток 3).

Јез.21:25-27 го прорече крајот на Божјото царство како што е видено во народот на Израел: "А ти, недостоен, престапни водачу Израилев (т.е Седекиј), тебе денес ти дојде денот... Така вели Господ Бог: Симни ја од себе круната и

извади го венецот (т.е Седекиј ќе престане да царува), и веќе не ќе го имаш... Ќе го уништам, ќе го уништам, ќе го уништам- и нема веќе да го има, сѐ **додека** не дојде Оној, Кому тој Му припаѓа, и нему ќе Му го дадам". Пасус по пасус во пророците се оплакува завршувањето на Божјото царство (Ос.10:3; Плач 5:16; Јер.14:21; Дан.8:12-14).

Трикратното 'уништување' во Јез.21:25-27 се однесува на трите инвазии од Навуходоносор, царот на Вавилон. Внимателниот ученик ќе види во овие стихови друг пример за како царството Божјо и царот се поистоветувани; превратот на Седекиј беше оној на Божјото царство (види оддел 5.2). Така Божјото царство, какво што беше во народот на Израел заврши: "Јас... ќе го укинам царството на Израилот" (Ос.1:4). "И нема веќе да го има сѐ **додека**..." вметнува дека царството ќе се обнови кога ќе "дојде Оној, Кому то(а) Му припаѓа, и нему ќе Му го дадам", Бог ќе му го даде на Исуса "престолот на Неговиот татко Давида... и царството Негово нема да има крај" (Лк.1:32,33)- по Христовото враќање. Значи тогаш, ветувањето за обновување на царството ќе биде исполнето.

## ОБНОВУВАЊЕТО НА ИЗРАЕЛ

Има една мошне силна тема низ старозаветните пророци за **обновувањето** на Божјото царство по враќањето на Месија. Христовите ученици беа добро приспособени во тоа: "тие, кога се собраа, Го прашаа велејќи: Во ова време ли го **востановуваш***,* Господи, **царството Израилово**?" т.е 'дали Јез.21:27 ќе се исполни сега?' Исус рече дека точното време на неговото второ доаѓање никогаш нема да го знаат, иако ангелите веднаш потоа ги уверија дека тој ќе се врати некогаш (Дела 1:6-11).

Обновувањето на царството Божјо/Израел ќе биде значи во ИИ доаѓање. Така Петар проповедаше дека Бог ќе го прати "претскажаниот Исус Христос, Кого небото треба да Го прими (т.е треба да биде таму) **до она** време, кога **ќе се изврши** сѐ, што беше рекол Бог преку устата на сите Свои пророци" (Дела 3:20,21). ИИ доаѓање ќе го донесе преуредувањето на Божјото царство како обновување на старото царство на Израел.

Обновувањето на царството е навистина темата на 'сите Божји пророци':

-"И престолот ќе се утврди со милост, и на него ќе седне (Исус) со верност, во Давидовиот шатор (во второто доаѓање- Лк.1:32,33), судија, кој бара правда и се стреми кон правосудие" (Иса.16:5).

-"Во оној ден ќе ја подигнам паднатата скинија Давидова (т.е. Давидовиот ‘престол’ од Лк.1:32,33), ќе ги пополнам пукнатините нејзини, срушеното ќе го подигнам и ќе ја средам **како во поранешните дни**" (Амос 9:11). Последната фраза е јасниот јазик на обновувањето.

-"И синовите негови (израелски) ќе бидат **како порано**, и собранието негово ќе стои пред Мене" (Јер.30:20).

-"Господ **пак** ќе го избере Ерусалим" (Зах.2:12), и ќе го направи престолнина на Своето ширум-световно царство (ср. Пс.47:2; Иса.2:2-4).

-"Ќе ги вратам заробените на Јуда и заробените на Израилот и ќе ги зацврстам **како порано**... **пак** ќе се слуша... глас од веселба... бидејќи Јас ќе ги вратам заробените од оваа земја во нивната **поранешна состојба**... во ова место (Ерусалим)... **пак** ќе има живеалишта на пастири... **пак** ќе врват стада" (Јер.33:7-13).

Враќањето Христово да го воспостави тоа царство е вистина "надежта на Израил" со која треба да се поврземе во крштевање.

## 5.4 Царството Божјо во иднина

Одделите 1 и 3 од оваа студија понудија поприлична информација за тоа какво ќе биде тоа царство. Ние видовме дека на Авраам му беше ветено дека преку неговото семе, луѓе од сите краеви на светот ќе бидат благословени; Рим.4:13 го проширува значењето дека целата земја ќе биде наследена од луѓе кои се ‘во’ семето на Авраам, т.е. Христа. Пророштвото за ликот на Даниел 2 објаснува како Христос ќе се врати како малиот камен, и тогаш царството постепено ќе се рашири низ целиот свет (ср. Пс.71:8). Тоа значи дека царството Божјо нема да биде сместено само во Ерусалим или земјата на

Израел, како што мислат некои, иако тие подрачја сигурно ќе бидат срцевината.

Оние кои го следат Христа во овој живот ќе бидат "цареви и свештеници; и ќе царуваме на земјата" (Отк.5:10). Ние ќе управуваме со населби од различни големини и број; еден ќе управува врз десет градови, другиот врз пет (Лк.19:17). Христос ќе ја дели неговата власт на земјата со нас (Отк.2:27; 2Тим.2:12). "Ете, царот (Исус) ќе царува по правда, а кнезовите (верниците) ќе управуваат по закон" (Иса.32:1; Пс.44:16).

Христос ќе владее вечно на Давидовиот преуреден престол (Лк.1:32,33), т.е. ќе го има Давидовото место и положба на власт, кое што беше во Ерусалим. Бидејќи Христос ќе владее од Ерусалим, тоа ќе биде престолнината на идното царство. И во таа област ќе биде изграден храмот (Јез.40-48). А луѓето ќе го слават Бога во различни места низ светот (Мал.1:11), тој храм ќе биде средишната точка на световното богослужење. Народи "ќе доаѓаат од година во година за да се поклонат на Царот, на Господа Саваот, и да го празнуваат празникот Сеници" околу храмот во Ерусалим (Зах.14:16).

Ова годишно ходочасништво во Ерусалим е проречено и во Иса.2:2,3 : "Во последните дни гората (царството-Дан.2:35,44) на домот (храмот) Господов ќе биде поставена на врвот од планините (т.е. Божјото царство и храм ќе бидат издигнати над царствата човечки)... ќе појдат кон неа сите народи. Ќе тргнат многу народи и ќе речат: Дојдете, да се искачиме на гората Господова, во домот на Бога Јаковов; Он ќе нè научи на своите патишта... зашто од Сион ќе излезе законот, и од Ерусалим- словото Господово". Тоа изгледа дека е една слика од раните денови на царството, каде луѓето го шират знаењето на Христовото владеење на други, и одат горе на ‘гората’ од Божјото царство, кое полека ќе се шири низ светот. Тука имаме една слика на вистински ентузијазам во религиозно обожавање.

Една од најголемите човечки трагедии денес е што повеќето луѓе го ‘обожаваат’ Бога од политички, социјални, традиционални или емотивни причини, наместо врз основите на едно вистинско разбирање за Него како нивен Отец и Творец. Во царството ќе има световно одушевување да се научат патиштата Божји; луѓето ќе се толку поттикнати од таа желба што ќе патуваат од сите краишта на земјата во Ерусалим за да дознаат за Бога.

Наместо збунетоста и нечесноста создадени од човечките правни системи и управата на правда, ќе има општ правен систем- "законот и словото Господово", што ќе се објави од Христа во Ерусалим. "Сите народи ќе **појдат**" на тие учевни седници, вметнувајќи дека таа општа желба да се најде вистинското знаење за Бога ќе ја олесни природната затегнатост меѓу народите, како што прави меѓу поединците кои се предале на здобивање такво знаење во овој живот.

Овој опис за сите народи кои **поаѓаат** (изв. 'течат') кон Ерусалим е сличен со сликата претставена во Иса.60:5, каде Евреите се собираат заедно со народите (неЕвреи) да го обожаваат Бога во Ерусалим. Тоа се поврзува совршено со пророштвото за царството во Зах.8:20-23:-

> "Ќе доаѓаат народи и жители од многу градови, и ќе дојдат жителите од еден град при жителите во друг град, па ќе речат: да одиме (А.В.мг- ср. Зах.14:16 'од година во година') да се помолиме пред лицето на Господа и да Го побараме Господа Саваота; тогаш секој ќе рече- ќе одам и јас. И ќе доаѓаат многу племиња и народи силни, за да го бараат Господа Саваота во Ерусалим... (десетмина ќе владеат со сите народни јазици, па ќе ја фаќаат полата од оној кој е Евреин, велејќи, ќе одиме со тебе, зашто слушнавме дека Бог е со вас"- евр. текст)".

Ова создава слика за еврејскиот народ направен "глава, а не опашка" на народите, заради нивното покајување и покорност (5Мој.28:13); еврејските основи на Божјиот план за спасение тогаш ќе ги увиде секој. Непознавањето на тоа меѓу денешното христијанство тогаш ненадејно ќе заврши. Луѓето тогаш со жар ќе расправаат за тие работи, за да можат да им речат на Евреите, "**слушнавме** дека Бог е со вас". Разговорот тогаш ќе се одвива околу духовни работи, наместо суетните илузии кои го исполнуваат денешното светско мислење.

Со дадената голема обврска на побожност, не е за изненадување што Христос "ќе им суди... на народите... ќе ги прековаат мечевите свои во плугови, а копјата свои во српови: народ против народ нема да крене меч и нема повеќе да се учат на војна" (Иса.2:4). Апсолутната власт на Христос и целосната правда на неговата арбитража во спорови ќе изроди во народите волја за промена на нивното оружано производство во агрокултурна машинерија, и напуштање на сите воени обуки. "Во Негово време ќе зацари правда" (Пс.71:7) духовноста тогаш ќе биде возвишена, и ќе се оддава почит на оние кои ги

одразуват Божјите одлики на љубов, милост, правдина и.т.н. Споредете го тоа со сегашната возвишеност на поносот, самопотврденоста и себичниот стремеж.

Волноста за прековување "мечеви во плугови" ќе биде дел од една многу поголема агрокултурна промена на земјата. Во исход на Адамовиот грев, почвата беше проколната заради него (Бит.3:17-19), со исход дека голем напор е сега потребен да се добие храна од неа. Во царството "ќе има грст жито во земјата на врвот на (еднаш неплодните) планините; плодот од тука ќе се тресе како (приносите) од Либан" (Пс.71:16 евр. текст). "Орачот ќе го затече жетварот и оној што гази грозје- сејачот; и горите ќе пуштат гроздов сок" (Амос 9:13), таква ќе биде подобрената плодност на земјата, и олеснатата клетва врз почвата изјавена во Едем.

Тоа големо агрокултурно претпријатие ќе опфаќа многу луѓе. Пророштвата за царството даваат впечаток дека луѓето ќе се вратат на еден самодостатен, агрокултурен животен стил:-

> "Секој ќе седи под лозата своја и под смокватa своја, и никој нема да ги плаши" (Мих.4:4).

Таа самодостатност ќе ги премавне злоупотребите кои се составен дел од секој систем на вработувањето платен труд. Каде се проведува цел животен век во работа за да се обогатат други, тоа ќе биде минато.

> "Ќе градат куќи и ќе живеат во нив (самите тие), ќе садат лозја и ќе ги јадат плодовите нивни. Нема да градат за да живее друг, нема да садат за да јаде друг... моите избрани долго ќе се користат со делото на рацете свои. Нема да се трудат напразно..." (Иса.65:21-23).

Иса.35:1-7 содржи ненадминливо пророштво како неплодната почва ќе се измени, што ќе исходи во аура на радост што скоро ќе се цеди од почвата, заради полесниот и подуховниот начин на живот на оние кои ја работат:

> "Ќе се развесели пустината... и ненаселената земја ќе се зарадува и ќе расцути како крин; ќе се радува, ќе ликува и ќе се весели... води ќе бликнат во пустината, и потоци во степите. И водниот привид ќе се претвори во езеро". Дури и природната агресивност меѓу животните ќе се отстрани: "волк

и јагне ќе пасат заедно", а децата ќе можат да играат со змии (Иса.65:25; 11:6-8).

Исто како што клетвата беше поставена врз природното создание ќе биде многу олесната, како и она што беше изречено врз човечкиот род. Така Отк.20:2,3 говори во симболичен јазик за ѓаволот (гревот и неговиот учинок) кој ќе биде 'врзан' или притворен за време на милениумот. Животниот век ќе биде зголемен, така што ако некој умре на 100 годишна старост ќе биде сметан тек за дете (Иса.65:20). Жените со помалку мака ќе раѓаат деца (Иса.65:23). "Тогаш ќе им се отворат очите на слепите, ушите на глувите ќе се отнат; тогаш куциот ќе скока како елен, и јазикот на немиот ќе пее" (Иса.35:5,6). Поради чудесните духовни дарови кои ќе се повторно во посед (ср. Евр.6:5).

Не може да се преистакне дека царството Божјо не треба да се гледа како рајски остров, каде што праведните ќе уживаат како некои луѓе што уживаат во сончање и капење во природните богатства. Основната намена на царството Божјо е да се оддава слава на Бога, додека земјата се преполни со Негова слава "како што водите го исполнуваат морето" (Авак.2:14). Тоа е Божјата крајна цел: "Но жив сум Јас... и целата земја ќе се исполни со славата Господова" (Бро.14:21). Славата кон Господа значи дека жителите од земјата ќе ги почитуваат, возвишуваат и имитираат Неговите праведни својства; бидејќи светот ќе биде во таква состојба, Бог ќе допушти и физичката земја да го одразува тоа. Вака "кротките ќе ја наследат земјата (во царството) и ќе се насладуваат во изобилен (духовен) мир" (Пс.36:11), наместо да уживаат во лагоден живот. Оние "гладните и жедните за правда... ќе се наситат" во царството (Мт.5:6).

Самата помисла за имање вечен живот во царството често се користи како 'морков' да се наведат луѓето на еден интерес во христијанството. Меѓутоа, нашето поседување на тоа тогаш, ќе биде скоро случајно покрај вистинската причина за нашето присуство во царството, а таа е да се слави Бог. Во времето што ни преостанува по нашето крштевање, нашето ценење на тоа треба постојано да се развива.

До писателот, само десет години живот во радост и крајно совршенство и добра совест во Бога би вределе за сета траума на овој живот. Дека таа величенствена положба би траела вечно едноставно го завејува паметот, и води вон границите на човечкото поимање.

Дури и кога се гледа во малку подословни изрази, да се биде во Божјото царството треба да ни е врвна поттик да се презрат светските предимства и материјализмот. Наместо неумереното размислување за непосредната иднина, Исус советуваше, "барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придаде" (Мт.6:30-34). Сѐ она што сега можеме да замислеме и настојуваме е неспоредиво со крајното исполнување да се биде во Божјото царство.

Ние треба да ја бараме ‘Божјата праведност’, т.е да се обидеме да развиваме љубов за Божјиот карактер, што значи дека ќе сакаме да сме во Божјото царство заради праведноста што ќе биде славена таму, бидејќи сакаме да бидеме морално совршени, а не само затоа што, лично, сакаме да ја избегнеме смртта и да живееме лесен живот во вечност.

Пречесто надежта на евангелието е дадена на начини кои повикуваат на човековата себичност. Јасно, нашата мотивација да бидеме во царството силно варира од ден на ден. Она што предлагаме е еден идеал; нашиот прв приоритет е да го научиме евангелието и да ја покажеме подложноста на него во крштевање, поттикнати од љубов за покорност на Бога. Нашето увидување, на надежта која Бог ни ја нуди и точните причини за желбата да сме во царството, ќе расте и созрева по крштевањето.

## 5.5 Милениумот

При оваа точка на нашата студија за животот во царството, внимателниот читател веројатно се прашува, 'не е ли оваа слика на царството Божјо прилично човечна?' Луѓето во царството сѐ уште ќе имаат деца (Иса.65:23) и ќе умираат (Иса.65:20). Луѓето пак ќе имаат спорови кои ќе ги решава Христос (Иса.2:4), и сѐ уште ќе треба да ја обработуваат почвата за да преживеат, макар што тоа ќе биде многу полесно него сега. Сето тоа ни од далеку не е до ветувањата дека праведните ќе имаат вечен живот, и Божја природа, и дека ќе бидат еднакви со ангелите, кои ниту се венчаваат ниту се множат (Лк.20:35,36). Одговорот лежи во фактот дека 1 дел од царството Божјо ќе трае 1000 години- еден милениум (види Отк.20:2-7). За време на тој милениум ќе има две групи на луѓе на земјата:

1. Светците- оние од нас кои го следеа Христа достојно во овој живот, на кои ќе им се даде вечен живот кај судот. Забележи: 'светец' значи 'повикана' особа, и се однесува на било кој вистински верник.

2. Обичните, смртници кои не го познаваа евангелието во времето на Христовото враќање- т.е не беа одговорни на судот.

Кога Христос ќе дојде, од двајца на нива, едниот ќе сеземе (на суд), а другиот ќе се остави (Лк.17:36); оние ‘оставените’ ќе бидат втората група.

Со добивањето Божја природа кај судот, светците ќе бидат оневозможени да умираат и да имаат деца. Описите за луѓето кои ќе ги прават тие работи во царството, мора значи да се однесува на втората група- оние кои се затекнати живи во времето на враќањето Христово, но кои не ги познаваа Божјите барања. Наградата на праведните е да бидат "цареви и свештеници" и да царуваат на земјата (Отк.5:10). Царевите треба врз некого да царуваат; оние кои не го познаваат евангелието, во времето на ИИ доаѓање значи ќе се остават живи за да се владее со нив. Со тоа што ќе сме ‘во Христа’ ние ќе ја делиме неговата награда- да биде цар во светот: "кој победува... нему ќе му дадам власт над (народите), и ќе ги пасе со жезал железен... како што и **Јас** примив власт од мојот Отец" (Отк.2:26,27).

Христовата парабола за парите сега си доаѓа на место- верните слуги беа наградени со 10 или 5 градови за управување во царството (Лк.19:12-19). Знаењето за Божјите начини нема да се прошири веднаш по Христовата објава за цар во Ерусалим; луѓето ќе одат во Ерусалим за да дознаат повеќе за Бога (Иса.2:2,3). Припомнете исто, како горага во Дан. 2:35,44 (што го претставува царството Божјо) постепено се шири преку земјата. Должност на светците ќе биде да го шират знаењето за Бога а со тоа и за Неговото царство.

Кога Израел беше порано Божје царство, должност на свештениците беше да го научуваат знаењето за Бога (Мал.2:5-7). За таа цел тие беа поставени во различни градови низ Израел. Во многу повеличенственото преуредено царство, светците ќе ја преземат таа улога (Отк.5:10).

***Кога би дошол Христос денес:***

1. Одговорните мртви ќе бидат воскреснати и заедно со одговорните живи, одведени кај судот.

2. Одговорните зли ќе бидат казнети со смрт, а праведните ќе добијат вечен живот. Ќе се суди и на народите кои му се противат на Христа.

3. Праведните тогаш ќе управуваат врз оние луѓе кои се затекнати живи, но не се одговорни на Бога; тие ќе ги учат на евангелието како "цареви и свештеници" (Отк.5:10).

4. Тоа ќе трае 1000 год. За ова време сите смртници ќе го слушаат евангелието и со тоа ќе се одговорни на Бога. Тие луѓе ќе живеат многу подолг и посреќен живот.

5. На крајот на милениумот ќе има востание против Христа и светците, кое Бог ќе го сопре (Отк.20:8,9).

6. На крајот од тие 1000 год., сите оние кои умреле за тоа време ќе бидат воскреснати и судени (Отк.20:5,11-15).

7. Злите меѓу нив ќе бидат уништени, а праведните ќе ни се придружат со примањето вечен живот.

Божјата цел со земјата тогаш ќе биде завршена. Ќе биде исполнета со бесмртни, праведни суштества. Божјото име ‘Јахве Елохим’ (што значи 'Тој кој што ќе биде откриен во групата на моќни единки') тогаш ќе биде исполнето. Никогаш веќе гревот, значи и смртта, не ќе се искусат на земјата; ветувањето дека семето змиино ќе биде сосема уништено со удар по глава, ќе биде тогаш целосно исполнето (Бит.3:15). За време на милениумот, Христос ќе владее "додека не ги стави под нозете Свои сите непријатели. А најпоследниот враг за уништување е смртта... Кога, пак, ќе Му биде потчинето сѐ, тогаш и самиот Син ќе Му се потчини на Овој, Кој Му потчини сѐ, за да биде Бог сѐ во сѐ" (1Кор.15:25-28).

Тоа е, "крајот, кога (Христос) ќе Му го предаде на Бога и Отецот царството" (1Кор.15:24). Што ќе следи во периодот кога Бог ќе биде "сè во сè" не ни е кажано; сè што знаеме е дека ќе имаме вечен живот, Божја природа, и ќе живееме да Го славиме и да Му угодуваме. Може само да се претпоставува понатака каква би била состојбата по милениумот.

Разбирањето на "евангелието на царството Божјо" е битно за спасението на секој читател на овие зборови. Ви нудиме да ја прочитате оваа студија и погледнете во цитираните библиски пасуси.

Бог нè посакува во Своето царство. Целата намера Му беше направена за да имаме вистински удел во тоа, а не само да ја изрази Својата творечка способност. Крштевањето нè поврзува со ветувањата за тоа царство. Тешко е да се верува дека крштевањето, проследено со неколку години понизна послушност кон Божјото слово, ни овозможува влез во тој величенствен, вечен век. Сепак нашата вера во Божјата широка љубов, мора да е цврста. Какви и да биле нашите краткорочни проблеми, сигурно немаме никаква логична причина за отпор на повикот на евангелието.

> "Ако е Бог со нас, кој ќе е против нас?" (Рим.8:31).
>
> "Страдањата на сегашното време не се ништо спрема славата, која ќе се јави во нас" (Рим.8:18).
>
> "Нашите сегашни лесни страдања ни донесуваат во голема изобилност вечна и полна слава" (2Кор.4:17).

## Осврт 15: Буквалноста на царството

Многу буквалните описи на царството дадени во Стариот завет кај пророците се често исмејувани од теолозите и членовите на многу вероисповеди. Се тврди дека јазикот е фигуративен за некое место на награда друго освен земјата, бидејќи оваа планета ќе биде изгорена.

Во одговор на ова, мора да биде сфатено дека основно правило на библиското учење е оти треба секогаш да ја сфаќаме Библијата буквално освен ако има

добра причина да се наметнува духовно толкување. На пр., 1 стих на Отк. ни кажува дека визијата е чисто симболична, кое треба да нѐ води во нашето гледање на тоа. Постои и одредено чувство на склоност и реалност во употребата на јазикот кое може да покаже дали еден пасус е за симболично читање или не. Така кога читаме за земјата дека се тетерави како пијан човек (Иса.24:20); е јасно од видот на употребениот јазик дека е наменето за симболично читање. Напротив пак, јазикот користен во опишувањето на идното царство е многу лесен за буквално разбирање; нема навестување дека треба да го сфатиме симболично.

Би произлегло дека заради човечката неспособност да собере доволно вера за верување дека такво време навистина ќе дојде на земјава, создадоа теории кои го објаснуваат тоа. Нивната алтернатива за едно духовно, или небесно темелено царство, е неодредена со недостиг на детали, затоа има малку и за верување, и малку вера или се бара, или поттикнува. Ако во суштина описите на излечените сакати луѓе, или пустините направени плодни, се само симболични, тогаш прашањето мора да биде одредено и убедливо одговорено: "симболични на што?" Тие пасуси го опишуваат Божјото царство. Доколку сме несигурни што точно тие симболизираат, тогаш не го познаваме евангелието (‘благовестието’) за царството, и затоа не може да очекуваме никакво место во него.

Понатаму, треба да е прилично јасно од сите докази дадени досега, дека Бог има една вечна цел со човекот врз оваа земја; Тој не би ја уништил планетата која му е ветена на семето Авраамово засекогаш. Затоа треба да очекуваме дека ќе има буквални описи во Библијата за идното царство на земјава. Следниве пасуси го потврдуваат тоа:

-"Он, Бог, Кој и даде облик на земјата и Кој ја создаде; Он ја зацврсти, не ненадејно ја создаде; Он ја создаде за живеење" (Иса.45:18). Создавањето на земјата **би било** ненадејно (залудно) доколку Бог ја уништи; но напротив, Божјата намера е да ја насели со бесмртници.

-"Земјата си постои секогаш" (Проп.1:4).

-"Ги постави засекогаш (елементите на соларниот систем) и за вечни времиња; даде наредби кои нема да се нарушат" (Пс.148:6).

Времетраењето на милениумот од 1000 год., по записот во Отк.20:4, треба исто да се прифати буквално, за да се усогласи со другите заклучувања од пророштвата во врска со природата на тој период. Па, и во Откровението, не е обврзно секој број да се сфати фигуративно. Многуте препораки таму како "една третина" е очит пример. Многу значајно, милениумот е опишан во Евреи 4:4-9 како еден саботен ден за одмор. Со Бога "еден ден е како илјада години" (2Пет.3:8). По 6 ‘дена’ од по 1000 години во Божјата цел со земјата, ќе дојде саботниот 'ден' на милениумот.

Према библиската дата на создавање, 6000 години (т.е. шест 'дена') од создавањето нè носи во 2000 н.е. (т.е. создавањето беше околу 4000 п.н.е. ). Тоа може да значи дека почетокот на милениумот може да е околу 2000 н.е. За сите нас времето е ограничено. Соочени со очекувањето на Христовото рано враќање, треба да го искористиме секој можен момент во овој краток живот да се подготвиме за неговото доаѓање.

Осврт 16: Збир на израелската историја

АВРААМ беше повикан од Ур халдејски; првиот Евреин. Бог му даде ветувања кои се однесуваа за земјата хананска, и семето негово. Тој умре и не ги прими тие ветувања.

ИСАК. Авраам беше подготвен да го понуди својот син Исак, во жртва. Бидејќи Авраам беше верен, Бог го потврди Своето ветување на Авраам со заклетва. Волноста на Исак да умре во покорност на татковата заповед е еден вид Христос. Ветувањата беа обновени до Исак (Бит.26:3-5).

ЈАКОВ беше син Исаков. Ветувањата и нему му беа повторени. Тој имаше 12 синови- Рувим беше најстариот, Венијамин најмладиот. Левиј беше оној од кого потекнаа свештениците. Јосиф беше најомилениот.

ЈОСИФ. Како момче имаше два сона кои го одбраа како владар врз своите браќа. Тие постанаа љубоморни, и го продадоа како роб во Египет. Таму тој стана управник, и организираше конзервација на жито кое ќе се користи за времето од седумгодишната глад што го зафати регионот. За тоа време, Јаков

и неговите синови дојдоа да живеат со Јосифа во Египет. Тие и нивните потомци живееја во Гесем, дел од Египет. Подоцна еден фараон го прогони народот на Израел, и ги пороби.

**МОЈСЕЈ** се роди во тоа време; беше скриен во трски како бебе, и пронајден од фараоновата ќерка и посвоен беше од неа. Како младич, тој уби еден Египјанец, кој тепаше Евреин. Мојсеј потоа се насели во земјата мадијамска, каде што работеше како овчар 40 години кај Јотор. Тогаш Бог му се јави во огнен пламен во капина. Му беше речено да оди кај фараонот и побара да го избави на Израел. Тој направи чудесни знаци за да докаже дека е пратен од Бога. Меѓутоа, фараонот не ги пушташе Израелците, затоа десет напасти беа пратени врз Египет, пр. жаби, мрак, град и најпосле убивањето на првородените машки. Израелците мораа да заколат јагне и крвта да ја попрскаат на вратите од своите домови. Тоа посочуваше према тоа како крвта на Исус може да нѐ спаси од смрт. Тој празник стана познат како Пасха.

**ИСХОД.** На Израелците им беше конечно допуштено да го напуштат Египет. Патуваа водени од Божји ангел во столб од облак дење, а ноќе во огнен столб. Фараоновата војска ги следеше до Црвеното море. Водата се отвори чудесно за да преминат луѓето, а потоа се врати давејќи ги Египјаните. Израел потоа патуваше низ пустината према ветената земја хананска. Бог им даде вода да пијат од една карпа, и леб во вид на мана беше снабдувано секое утро. Кога дојдоа во горета синајска, Бог им ги даде десетте заповеди и законот Мојсеев. Тогаш беа утврдени за Божјо царство. Им беше заповедано да направат одреден шатор наречен скинија, во кој Бог ќе биде обожаван. Им беше доделен првосвештеник и свештеници кои ќе ги нудат нивните жртви на Бога. Сите елементи од скинијата и свештенството посочуваа кон Исус.

**ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА.** Конечно пристигнаа. 12 извидници беа пратени од кои десет вратени кажаа дека е претешко да се поседува земјата хананска. Другите двајца извидници, Исус Навин и Халев, ја кажаа вистината, дека земјата **може** да биде поседувана од нив, ако би имале верба во Божјите ветувања. Бидејќи народот го делеше ставот на десетте извидници, Израелците мораа да скитаат во пустината 40 години додека не умреа сите оние кои беа преку 20 кога го напуштија Египет.

**ИСУС НАВИН** беше наследник Мојсеев, и ги одведе Израелците во земјата хананска. Првиот град за преземање беше Јерихон, каде што живееше Раав, а потоа Гај. Еднаш штом се утврдија во земјата, беа наизменично управувани од

СУДИИ, иако Бог им беше вистинскиот цар. Тие вклучуваа луѓе како Гедеон, Ефтај и Самсон. Сите тие ги избавуваа Израелците од нивните непријатели, кога ги покајуваа гревовите према Бога. Историјата израелска е полна примери за нивната непослушност, со казнувања од инвазии на соседните народи, покајувања на нивните гревови и како Бог ги избавува- и повторно грешење. Последниот судија беше Самуил. Во негово време, народот на Израел го отфрли Бога за нивен Цар и побараа човечки цар, како околниот свет.

ЦАРЕВИТЕ. Нивниот прв цар беше Саул, кој иако почна добро, испадна зол, и беше непокорен на Божјите заповеди, и го прогони Давида. По неговата смрт, Давид стана следниот цар, и беше еден од најдобрите на Израел. Бог му даде големи ветувања. После него дојде неговиот син Соломон, кој после еден добар почеток, беше одвратен од вистинската вера од многуте жени кои ги зеде од околните народи. По неговата смрт царството се раздели на две- 10 племиња го формираа царството на Израел, почнувајќи под Јеровоам; другите 2 племиња, Јуда и Венијамин, го формираа царството на Јуда, почнувајќи под Ровоам, синот на Соломон.

Царството на Израел, (десетте племиња) немаше добри цареви. Постојано беа бунтовни кон Бога. Тој им испрати многу пророци кои им говореа да се покајат, но тие не сакаа. Затоа Асирците ги нападнаа, и одведоа во заробеништво. Тие беа растурени низ светот.

Царството на Јуда (двете племиња) имаше неколку добри цареви (пр. Аса, Језекиј), но и тие, воглавно беа непослушни на Бога. Вавилонците беа затоа пратени да ги нападнат, и ги зедоа во заробеништво во Вавилон за 70 години. Тие никогаш повеќе немаа цар. По 70 години, некои се вратија во земјата на Израел под водството на Ездра, Неемија, Јосиј (тогашен првосвештеник) и Зоровавел владарот. Беа управувани од Персија, па од Грција и најпосле од Рим. Тие беа под Рим кога се роди Исус. Во исход на нивното одбивање да го прифатат, Бог ги прати Римјаните да го уништат Ерусалим во 70 н.е. и конечно сите Евреи беа истерани од Израел.

Во скори години, Евреите почнаа да се враќаат во својата земја, во делумно исполнување на пророштвата од Стариот завет. Обновувањето на државата Израел е сигурен знак дека набргу Исус ќе се врати да го преуреди царството на Израел во Божјо царство.

## Студија 5: Прашања

1. Кое од следниве е времето на уредување на Божјото царство?

а) Од секогаш е уредено

б) При враќањето на Христос

в) На денот на Педесетницата во 1 век

г) Во срцата на верниците при нивното обраќање.

2. Дали царството Божјо постоеше во минатото? Ако да, во каков облик?

3. Кога заврши?

4. Што е тоа милениум?

а) Владеење на доброчинство во нашите срца

б) 1000 годишно владеење на верниците на небо

в) 1000 годишно владеење на сатаната на земја

г) Првите 1000 години на Божјото идно царство на земјата.

5. Какво ќе биде царството?

6. Што ќе прават присутните верници во милениумот?

а) Ќе бидат владари врз смртниците

б) Ќе бидат владари на небо

в) Не знаеме

г) Ќе живеат на друга планета.

7. Дали пораката за царството Божјо беше проповедана:

а) Само во Новиот завет

б) Само од Исус и апостолите

в) Во двата, Стариот и Новиот завет

г) Само во Стариот завет.

## 6.1 Бог и зло

Многу секти од христијанството, заедно со многу други религии, веруваат дека постои суштество или чудовиште наречено ѓавол или сатана кој е извор на проблемите кои се во светот и во нашиот живот, и кој е одговорен за гревот што го правиме. Библијата јасно учи дека Бог е семоќен. Ние видовме во студија 1.4 дека ангелите не можат да грешат. Ако навистина веруваме во тие работи, тогаш е невозможно да има некакво натприродно суштество кое дејствува во универзумов и е спротивставено на Семоќниот Бог. Ако веруваме **дека** такво суштество постои, тогаш засигурно ја доведуваме во прашање врховноста на Бог Семоќниот. Оваа тема е толку важна, што правилното разбирање на ѓаволот и сатаната мора да се смета за една важно учење. Во Евр.2:14 ни е кажано дека Исус го уништил ѓаволот со својата смрт; затоа ако немаме правилно разбирање за ѓаволот, не можеме да ја разбереме работата или природата на Исуса.

Во светот воглавно, посебно во таканаречениот 'христијански' свет, постои идеја дека добрите работи во животот се од Бога, а лошите работи од ѓаволот и сатаната. Тоа не е нова идеја; ниту е ограничена само на отпадното христијанство. Вавилонците, на пример, веруваа дека има два бога, бог на доброто и светлото, и бог на злото и мракот, и дека двајцата се борат до смрт. Кир големиот персиски цар, веруваше само во тоа. Затоа Бог му рече, "**Јас** сум Господ и **нема друг**; Нема Бог освен Мене... Јас ја создавам светлината и ја правам темнината, правам мир и причинувам неволји. Јас, Господ, го вршам сето тоа" (Иса.45:5-7,22). Бог создава мир, и Тој создава неволји, или зло. Бог е творец, создател на "зло" во тој поглед. Во таа смисла има разлика помеѓу 'злото' и гревот, кој е човечка вина; навлезе во светот како исход на човекот, не на Бога (Рим.5:12).

Бог им вели на Кир и на Вавилонците дека "нема (друг) Бог освен Мене". Еврејскиот збор **'ел'** преведен "Бог" во основа значи 'моќ, или извор на сила'. Бог вели дека не постои никаков извор на сила освен Него. Затоа еден вистински верник во Бога не може да ја прифати идејата за еден натприроден ѓавол или демони.

### БОГ: СОЗДАТЕЛ НА НЕСРЕЌИ

Библијата обилува со примери како Бог носи "зло" во животот на луѓето и во овој свет. Амос 3:6 вели ако има негде зло во некој град, дека Бог го направил. Ако на пример, има земјотрес во еден град, често се мисли дека ‘ѓаволот’ се намерил на тој град, и ја довел пропаста. Но вистинскиот верник треба да знае дека **Бог** е одговорен за тоа. Така Мих.1:12 вели дека "злото **од Господа** слезе до портите ерусалимски". Во книгата на Јов читаме како праведниот Јов, ги изгуби нештата кои ги имаше во овој живот. Книгата учи дека искуството на 'зло' во животот на едно лице не е директно размерно со неговата послушност или непослушност кон Бога. Јов увиде дека "Господ даде, Господ го зеде" (Јов 1:21). Тој не вели ‘Господ даде, и сатаната зеде’. Тој одговори на жена му: "Зар доброто го примаме од Бога, а злото (исто така) да не го поднесуваме?" (Јов 2:10). При крајот на книгата, пријателите на Јов го тешеа за "сето зло, што **Господ** го беше допуштил врз него" (Јов 42:11 ср. 19:21; 8:4)). Така Бог е изворот на "зло" во смисла дека е врвниот пропусничар на проблемите кои ги имаме во нашиот живот.

"Зашто Господ го казнува оној, кого што го сака... Ако трпите казна... потоа на свикнатите на неа, таа ќе им принесе мирен род на праведност" (Евр.12:6-11), ова покажува дека маките кои Бог ни ги дава водат конечно нѐ кон духовно растење. Поставување е на Словото Божјо против самото себе да се каже дека ѓаволот е суштество кое нѐ присилува на грев и неправедност, додека истовремено тоа наводно носи проблеми во нашиот живот кои нѐ водат кон развој и кон "мирен род на праведност". Православната идеја за ѓаволот наидува на озбилни проблеми овде. Посебно озбилни за неа се пасусите кои говорат за испраќањето на човек кај сатаната за "духот негов да биде спасен", или "да се научи да не хули" (1Кор.5:5; 1Тим.1:20). Ако сатаната е навистина суштество склоно да ги прави луѓето да грешат, и има **негативен** духовен учинок врз нив, зошто овие пасуси говорат за 'сатаната' во **позитивно** светло? Одговорот лежи во фактот дека еден противник, ‘сатана’ или потешкотија во животот, може често да исходи во позитивен духовен учинок во животот на верникот.

Ако прифатиме дека злото доаѓа од Бога, тогаш можеме да Му се молиме да направи нешто за проблемите кои ги имаме, на пр. да ги отстрани. Ако Тој не го стори тоа, тогаш знаеме дека ни се дадени од Бога за духовно добро. Сега ако веруваме дека има некое зло суштество наречено ѓавол или сатана и ги прави нашите проблеми, тогаш нема начин за прифаќање на доброто. Неспособноста, болеста, ненадејната смрт или несреќа, мора да се сфати само како лоша среќа. Ако ѓаволот е некој моќен, грешен ангел, тогаш тој ќе биде многу посилен од нас, и ќе немаме избор него да страдаме од неговата рака. Напротив, ние сме утешени дека под Божјата управа, "сѐ (во животот) им врви

**добро**" на верниците (Рим.8:28). Значи нема ништо такво како 'среќа' во животот на верникот.

## ПОТЕКЛОТО НА ГРЕВОТ

Мора да се нагласи дека **гревот** доаѓа од нас. Наша вина е што грешиме. Се разбира, би било убаво да се верува дека не била наша вина што грешевме. Ние можеме слободно да грешиме и потоа да се правдаме со мислата дека беше всушност виновен ѓаволот, и дека вината за нашиот грев треба сосема да се префрли на него. Не е невообичаено во случај на лошо однесување, виновникот да моли за милост бидејќи тврди дека бил опседнат од ѓаволот, па према тоа не бил одговорен. Но, многу исправно, тие млитави изговори воопшто не важат, и лицето се осудува. Треба да помнеме дека "платата на гревот е смрт" (Рим.6:23); гревот води во смрт. Ако вината за гревот не е наша, туку на ѓаволот, тогаш еден праведен Бог треба да го казни ѓаволот наместо нас. Но фактот дека нам ни се суди за нашите гревови докажува дека сме ние одговорни за нив. Идејата за ѓаволот, дека е одредено лице надвор од нас а не принципот на грев **во** нас, е обид да се отфрли одговорноста за нашите гревови од нас. Ова е тек уште еден пример за луѓето кои одбиваат да го прифатат она што Библијата учи за човечката природа: дека е во основа грешна.

> "**Ништо**, што влегува во човекот однадвор, не може да го осквернии... Зашто однатре, од срцето човечко, излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блудства, убиства... гордост, безумство. Сето тоа зло однатре излегува и го оксвернува човекот" (Мк.7:15-23).

Идејата дека **има** нешто грешно надвор од нас, кое влегува во нас и нè прави да грешиме е несогласно со јасното учење овде од Исус. **Однатре**, од срцето човечко, излегува **сето** тоа зло. Затоа во времето на потопот, Бог сметаше дека "помислите на срцето човечко се зли уште од младини" (Бит.8:21). Јак.1:14 ни кажува како сме искушувани: "секого (процесот е ист за секој човек) го искушува неговата похот, ("неговата зла желба"-Н.И.В.) која го влече и мами". Ние сме искушувани од **својата** похот, од своите зли желби; не од нешто надвор од нас. "Од каде се војните и расправиите меѓу вас?" прашува Јаков; "Не оттаму ли- од **вашите** похоти" (Јак.4:1). Секој од нас има некои, лични искушенија. Тие према тоа се создадени од нашите **сопствени** зли желби, бидејќи се наши. Точно е речено дека ние сме си најлошиот непријател.

Книгата до Римјаните, наголемо расправа за гревот, неговото потекло и како да се преброди. Многу е значајно дека едвај да се спомнува ѓаволот или сатаната таму; во контекстот каде говори за потеклото на гревот, Павле не го спомнува ѓаволот или сатаната. Исто така "ѓаволот" е новозаветен поим. Ако постои некое суштество кое нѐ прави да грешиме, сигурно ќе се спомнеше многу повеќе во Стариот завет? Но таму има еден протемелен и значаен молк за тоа. Записот од периодот на Судиите, или за Израел во пустината, покажува дека тогаш Израел грешел на големо. Но Бог не ги предупреди за некое силно натприродно суштество или сила која би влегла во нив и би ги терала да грешат. Наместо тоа, Тој ги поттикна да се внесат во Неговото Слово, за да не отпаднат по патиштата на своето тело (пр. 5Мој.27:9,10; Исус 22:5).

Павле се жали: "Во мене, односно во моето тело, не живее доброто... Оти не доброто, кое го сакам го правам... А штом го вршам она, што не го сакам, не го вршам веќе јас, но гревот, кој живее во мене" (Рим.7:18-21). Така тој не обвинува некое друго битие наречено ѓавол за своите гревови. Тој ја наоѓа својата зла природа како вистинскиот извор на грев: "не го вршам веќе јас, но **гревот, кој живее во мене**. И така, во себеси наоѓам таков закон дека, кога сакам да го правам доброто, злото ми се (во мене) **наметнува**". Значи тој вели дека спротивност на, духовноста е нешто што го нарекува "гревот што живее во мене". Секоја мисловна и духовно свесна особа ќе дојде до истиот вид на самосознание. Треба да се забележи дека дури и еден врвен христијанин како Павле не доживеа смена на природата по обраќањето, ниту беше ставен во состојба каде што не можеше да греши. Денешното 'евангелиско' движење тврди дека се во таква состојба, и со тоа го сместуваат Павле во рангот на 'неспасените' заради неговата изјава во Рим.7:15-21. Овие стихови нудат поголема потешкотија за нивните тврдења. Давид, друг несомнено праведен човек, исто така коментираше за трајната грешност на самата негова природа: "во беззаконие сум зачнат и во грев ме роди мајката моја" (Пс.50:5).

Библијата е доста јасна за основната зла човечка природа. Ако тоа се увиде, нема никаква потреба да се измислува некаква особа надвор од нашата човечка природа, која е одговорна за нашите гревови. Јер.17:9 вели дека, срцето на човекот е наполно расипано и лукаво што всушност не можеме да ја сфатиме пространоста на неговата грешност. Исус исто ја жигоса човечката природа за основно зла во Мт.7:11. Проп.9:3 не можеше да биде поедноставно "срцето на синовите човечки е полно со зло". Еф.4:18 ја дава причината за човечкото природно отуѓување од Бога како "поради **нивното** незнаење и слепост на нивното **срце**". Поради нашето духовно слепило и незнаење, нашиот начин на размислување во нас, сме оттуѓени од Бога. Во овој редослед, Гал.5:19 говори за нашите гревови како за "делата на **телото**",

нашето сопствено тело, самото наше битие и природа, е она што нè тера да правиме грев. Ниеден од овие пасуси не го објаснува потеклото на гревот во нас дека е ставено од ѓаволот таму; грешните склоности се нешто што ние природно ги имаме од раѓање; и се основен дел од човечката опрема.

## 6.2 Ѓаволот и сатаната

Некогаш изворните зборови од библискиот текст се оставени непреведени ("Мамон" во Мт.6:24, е еден арамејски пример за тоа). Како збор 'сатана' е еден непреведен еврејски збор кој значи 'противник', а 'ѓавол' е преведен од грчкиот збор 'диаболос', и значи лажливец, непријател или клеветник. Кога би верувале дека сатаната и ѓаволот се некакво суштество кое е одговорно за гревот, тогаш кога ги читаме тие зборови во Библијата, треба да ги направиме да се однесуваат за таа зла особа. Библиската употреба на тие зборови покажува дека тие можат да бидат користени како обични придавки, кои опишуваат обични луѓе. Тој факт го оневозможува расудувањето дека зборовите ѓавол и сатана како што се користени во Библијата во својот состав говорат за една голема зла особа или суштество.

### ЗБОРОТ 'САТАНА' ВО БИБЛИЈАТА

Во 3Цар.11:14 стои дека "Господ му воздигна на Соломона противник (истиот еврејски збор друго место преведен "сатана")- идумеецот Адада". "Господ крена против Соломона и друг противник (и друг сатана)- Резона... тој беше противник (сатана) на Израилот" (3Цар.11:23,25). Ова не значи дека Бог направил натприродна особа или ангел да му биде сатана /противник на Соломона; Тој кренал обични луѓе. Мт.16:22,23 дава друг пример. Петар се обидуваше да го разувери Исуса од одењето во Ерусалим да умре на крстот. Исус се заврте и му рече на **Петар**: "Бегај од Мене, сатано!... оти мислиш не за она што е Божјо, а за она што е човечко". Така Петар беше наречен сатана. Записот е многу јасен дека Христос не говореше со ангел или чудовиште кога го рече тоа; тој говореше со Петар.

Бидејќи зборот 'сатана' значи само противник, и добра особа, па и Самиот Бог, може да се нарече 'сатана'. Во суштина нема никаква нужна грешност во зборот сам по себе. Грешните конотации кои ги има зборот 'сатана' се делумно должни на фактот, што нашата грешна природа ни е најголемиот 'сатана' или

противник, а исто и заради употребата на зборот во обичниот говор да се посочува на нешто поврзано со грев. Самиот Бог може да биде сатана за нас со тоа што ни носи неволји во животот, или со тоа што ни стои на патот и погрешниот смер од делото кон кое стремиме. Но фактот дека Бог може да се нарече ‘сатана’, не значи дека Тој лично е грешен.

Книгите на Самуил и Летописите се еднакви прикази на истите случаи, како што се и четирите евангелија записи на истите настани, но користат поинаков јазик. Во 2Цар,24:1 стои: "Гневот Господов пак се разгори против Израилците и го поттикна" Давида да изврши попис во Израел. Еднаквиот приказ во 1Лет.21:1 вели "се крена сатаната против Израилот и го поттикна Давида" да изврши попис. Во еден пасус Бог го прави поттикнувањето, а во другиот сатаната. Единствениот заклучок е дека Бог дејствуваше како ‘сатана’ или противник на Давид. Тој истото го направи и на Јов со донесувањето неволји во неговиот живот, така да Јов рече за Бога: "Ти стана жесток према мене, со силна рака ме поразуваш" (Јов 30:21), ‘се однесуваш како сатана против мене’, беше она што во основа го велеше Јов.

## ЗБОРОТ 'ЃАВОЛ' ВО БИБЛИЈАТА

Слично и со зборот 'ѓавол'. Исус рече, "Нели ве избрав вас дванаесет, и еден од вас е ѓавол? Тој говореше за Јуда Искариот" кој беше еден обичен смртник. Тој не говореше за суштество со рогови, или таканаречено 'духовно битие'. Зборот ѓавол овде едноставно се однесува на зол човек. 1Тим.3:11 нуди друг пример. Сопругите на црковните старешини да не бидат "клеветнички", изворниот грчки збор овде е 'диаболос', што е истиот збор преведен 'ѓавол' на други места. Така Павле го предупредува Тита возрасните жени во црковниот собор "да не клеветат" или да не бидат 'ѓаволи' (Тит 2:3). Исто така му рече на Тимотеја (2Тим.3:1,1) дека "Во последните денови... **луѓето** ќе станат... клеветници (ѓаволи)". Тоа не значи дека човечките суштества ќе се претворат во натчовечки суштества, туку дека ќе се полоши. Треба да е прилично јасно од сето ова дека зборовите 'ѓавол' и 'сатана' не се однесуваат за паднат ангел или за грешно битие.

## ГРЕВ, САТАНА И ЃАВОЛОТ

Зборовите 'сатана' и 'ѓавол' се користени сликовото за да ги опишат природните грешни склоности во нас за што говоревме во студија 6.1. Тие се нашите главни 'сатана' или противник. Тие се и олицетворени, и како такви за нив може да се говори како за 'ѓаволот'- нашиот непријател, клеветник на вистината. На тоа личи нашиот природен 'човек'- на самиот ѓавол. Поврзаноста меѓу ѓаволот и нашите зли желби- внатрешниот наш грев- е објасната во неколку пасуси: "бидејќи децата (ние) се учесници во телото и крвта, тоа и (Исус) зеде еднакво учество во тоа, та преку смртта (негова) да го победи оној, што ја има власта над смртта, односно ѓаволот" (Евр.2:14). Ѓаволот е овде опишан како да е одговорен за смртта. Но "платата што ја дава гревот, е смрт" (Рим.6:23). Затоа гревот и ѓаволот мора да се паралелни. Слично Јак.1:14 вели дека нашите зли желби нè искушуваат, нè водат кон грев и со тоа во смрт; но Евр.2:14 вели дека ѓаволот носи смрт. Истиот стих вели дека Исус ја имал нашата природа за да го уништи ѓаволот. Спореди го тоа со Рим.8:3: "Бог испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото од гревот (т.е. во наша човечка природа), и поради гревот Он го осуди гревот во телото". Тоа покажува дека ѓаволот и грешните склоности кои се природно во човечката природа делотворно се исто. Од голема важност е да се разбере дека Исус бил искушуван исто како нас. Погрешното разбирање на учењето за ѓаволот значи дека не можеме исправно да ја сфатиме природата и делото на Исус. Единствено зашто Исус ја имаше нашата човечка природа- 'ѓаволот' внатре во него- можеме да имаме надеж за спасение (Евр.2:14-18; 4:15). Со совладувањето на желбите на својата природа, библискиот ѓавол, Исус можеше да го уништи ѓаволот на крстот (Евр.2:14). Ако ѓаволот **е** едно свесно битие, тогаш повеќе не би постоел. Евр.9:26 вели дека Христос беше објавен "за да го премавне гревот, откако се принесе" во жртва. Евр.2:14 парира на ова со изјавата дека преку смртта Христос го уништи ѓаволот во себе. Со својата смрт Исус во перспектива го уништи "телото на гревот" (Рим.6:6), т.е. човечката природа, гревот се откри во (обликот на) самото наше тело.

"Кој прави грев, од ѓаволот е" (1Јв.3:8), бидејќи гревот е резултат на допуштање на нашите природни зли желби (Јак.1:14,15), кои Библијата ги нарекува 'ѓавол'. "Па затоа и се јави Синот Божји, за да ги урне делата ѓаволски" (1Јв.3:8). Ако сме во право велејќи дека ѓаволот е нашите зли желби, тогаш делата на нашите зли желби, т.е. исходот нивни, се нашите гревови. Тоа е потврдено од 1Јв.3:5: Исус "се јави, за да ги земе гревовите наши". Тоа потврдува дека "гревовите наши" и "делата ѓаволски" се исти. Дела 5:3 нуди друг пример во оваа врска меѓу ѓаволот и нашите гревови. Петар му вели на Ананија: "Зошто го исполни сатаната срцето твое?" Потоа во стих 4 Петар вели "Зошто **вложи во срцето свое таква работа?**" Вложувањето нешто лошо во нашето срце е исто што и сатаната да го ни го полни срцето. Ако самите зачнеме нешто, пр. грешен план, тогаш тој започнува **внатре во нас**. Ако една

жена зачне дете, тоа не постои надвор од неа; почнува внатре во неа. Јак.1:14,15 ја употребува истата форма во опишувањето како нашата похот **зачнува** и раѓа грев, кој раѓа смрт. Пс.108:6 прави паралела помеѓу грешник и 'сатана': "постави над него грешник, и ѓаволот (изв. текст ‘сатаната’) да застане десно од него", т.е. со власт врз него (ср. Пс.109:1).

## ОЛИЦЕТВОРУВАЊЕ

Сепак, може логично да се рече: "Но тоа говори како ѓаволот да е особа!" Тоа е прилично точно, Евр.2:14 говори за "оној, што ја има власта над смртта, односно ѓаволот". Дури и малку библиско читање покажува дека олицетворувањето е често користено- кога се говори за една замислена идеја како да е особа. Така, Изрек.9:1 говори за една жена наречена 'Премудрост' како гради куќа, и Рим.6:23 го поистоветува гревот со господар што отплатува со смрт. Таа појава е повеќе расправана во Осврт 5. Нашиот ѓавол, 'диаболос', често ги претставува нашите зли желби. Сепак не може да се има замислена ѓаволштина; злите желби кои се во човечкото срце, не можат да постојат освен во човекот; затоа 'ѓаволот' е олицетворен. Гревот е често олицетворуван како господар, (Рим.5:21; 6:6,17; 7:3). Разбирливо е, затоа дека и 'ѓаволот' е олицетворен, бидејќи 'ѓаволот' исто се однесува на гревот. Слично, Павле говори за нас, дека имаме две битија, како да се внатре во нашето тело (Рим.7:15-21): телесниот човек, 'ѓаволот', се бори со духовниот. Сепак е јасно дека нема две дословни, живи особи кои се борат внатре во нас. Тој грешен дел од нашата природа е олицетворен како "лукавиот" (Мт.6:13)- библискиот ѓавол. Истата грчка фраза преведена ‘лукавиот’ тука е преведена ‘лошиот’ во 1Кор.5:13, покажувајќи дека кога некој ќе се оддаде на грев, ‘лукавиот’, тој самиот, постанува ‘лош‘, или 'ѓавол'.

## 'ЃАВОЛОТ' И 'САТАНАТА' ВО ПОЛИТИЧКА СМИСЛА

Зборовите 'ѓавол' и 'сатана' се исто користени за опишување на лошиот, грешен светски поредок во кој живееме. Социјални, политички и псеудорелигиозни хиерархии на човештвото, за кои може да се говори со изразот 'ѓавол'. Ѓаволот и сатаната во Новиот завет често се однесуваат на политичката и социјална сила на еврејскиот или римскиот систем. Така ние читаме за ѓаволот дека фрла верници во затвор (Отк.2:10), а се однесува на римските власти кои затвораа верници. Во истиот контекст читаме за црквата пергамска дека е сместена кај што беше седиштето или престолот на сатаната - т.е. управата на една римска колонија во Пергам, каде што имаше исто така и

една група на верници. Не можеме да кажеме дека самиот сатана, ако постои, дека има свој престол во Пергам.

Поединечниот грев е опишан како прекршок против Божјиот закон (1Јв.3:4). Но гревот изразен колективно, како политичка или социјална сила спротивставена на Бога, е многу посилна одколку поединечниот, понекогаш таа колективна сила е олицетворена во моќно битие наречено ѓавол. Во таа смисла Иран и другите исламски сили ги нарекуваа Соединетите Држави, "големиот сатана"- т.е големиот противник на нивната кауза, во политички и религиозни израз. Така се зборовите 'ѓавол' и 'сатана' често користени во Библијата.

Во заклучок, веројатно е вистина да се каже дека по тоа прашање, повеќе него по било кое друго, е важно да го основаме нашето разбирање врз урамнотежен поглед на **целата** Библија, наместо градењето масивни доктрини врз неколку стихови кои содржат фрази-стапици кои навидум говорат за општите верувања кои се однесуваат на ѓаволот. Студија 6.1 и овој дел ќе го исплатат внимателното прочитување. Подложно е дека научното гледиште подвлечено таму е единствениот пат  за добивање разумно разбирање на **сите** пасуси. кои се однесуваат на ѓаволот или сатаната. Овие зборови можат да бидат користени како обични придавки, или на некои места се однесуваат на гревот кој е втемелен во нашата човечка природа. Некои од најчесто погрешно разбраните пасуси кои се цитирани во поддршка на народните идеи се земени во предвид во Освртите од во оваа студија.

Оние кои имаат проблеми во прифаќањето на нашите заклучоци треба да се прашаат: 1) Дали е гревот олицетворен? Јасно дека е. 2) Дали е вистина дека 'сатана' може да се користи само како придавка? Да, вистина е. Каков проблем всушност, може да има во прифаќањето дека гревот е олицетворен како наш непријател/сатана? Светот е често олицетворуван во писмата на Јован и евангелието; каква подобра титула за тоа олицетворување од 'сатана' или 'ѓавол' ?

## 6.3 Демони

Претходните два оддела објаснаа зошто не веруваме ѓаволот или сатаната да се живо битие или чудовиште. Ако прифатиме дека нема такво битие, тогаш со сигурност следува дека демоните, за кои се мисли дека се слуги на ѓаволот,

исто така не постојат. Многу луѓе мислат дека Бог ни ги дава сите добри работи во животот, а ѓаволот и неговите демони ни ги даваат лошите работи, и ги одземаат добрите работи кои ни ги дава Бог.

Библијата јасно учи дека Бог е извор на сета сила (види студија 6.1), и дека е Тој одговорен за двете добри **и** лоши работи во нашиот живот:-

> "Јас ја создавам светлината и ја правам темнината, правам мир и причинувам неволји. Јас, Господ, го вршам сето тоа", Иса.45:7 ;

> "Злото од Господа слезе до портите ерусалимски", Михеј 1:12;

> "Труби ли труба во град, а народот да не се уплаши? Се случува ли во градот зло, што не го дозволил Господ"? Амос 3:6.

Затоа кога добиваме неволји, треба да прифатиме дека доаѓаат од Бога, не да го обвинуваме ѓаволот или демоните. Јов беше човек кој изгуби многу од добрите работи со кои Бог го благослови, но тој не рече, 'овие демони ми зедоа сѐ што ми даде Бог'. Не, ево што рече:-

"Господ даде Господ го зеде... нека е благословено името" Негово; Јов 1:21

"Зар доброто го примаме од Бога, а злото да не го поднесуваме?" Јов 2:10

Еднаш штом сфатиме дека сите работи се од Бога, кога имаме проблеми во животот можеме да се молиме на Бога да ги отстрани, ако не ги отстрани, можеме да бидеме сигурни дека Тој ни ги дава за да го развиеме нашиот карактер и за наше долгорочно добро:

> "Сине Мој, не презирај ја казната од Господа и не опаѓај со духот, кога те изобличува, зашто Господ (не демоните!) го казнува оној, кого што го сака; го бичува секој син, кого што го прима. Ако трпите казна, Бог со вас постапува како со синови. Зашто кој е тој син, кого што Таткото не го казнува? Ако, пак,

останете без казна, во која сите станаа соучесници, тогаш сте деца незаконски, а не синови" (Евр.12:5-8).

## БОГ: ИЗВОР НА СЕТА СИЛА

Бог е изворот на сета сила:

"Јас сум Господ, и нема друг, нема Бог (евр. збор за 'бог' всушност значи 'сила') освен Мене" - Иса.45:5;

"Има ли Бог освен Мене? Не, друга никаква карпа не знам" - Иса.44:8;

"Само Господ, твојот Бог е Бог и нема друг, освен Него" 5Мој.4:35.

Вакви стихови се појавуваат повремено низ Библијата. Бидејќи Бог е изворот на сета сила и единствениот Бог, Тој е према тоа еден љубоморен Бог, како што Тој често нè потсетува (пр. Исх.20:5; 5Мој.4:24).

Бог станува љубоморен кога Неговиот народ почнува да верува во други богови, ако Му речат 'Ти си голем и силен Бог, но всушност верувам дека сепак има некои други богови освен Тебе, иако не се така силни како Тебе'. Заради ова не можеме да веруваме дека има демони или ѓавол кои постојат исто како и вистинскиот Бог. Тоа е заправо грешката што ја направи Израел. Многу од Стариот завет е отстапен да изложи како Израел не Му угодуваше на Бога, и веруваа во други богови исто како и во Него. Ќе видиме од Библијата дека ‘демоните’ во кои луѓето веруваат денес се всушност исти како лажните богови во кои веруваа Израелците.

## ДЕМОНИТЕ СЕ ИДОЛИ

Во 1Кор. Павле објаснува зошто христијаните не треба да имаат ништо со идолско обожавање или да веруваат во тие работи. Во библиски времиња луѓето верувале дека демоните се мали богови кои можат да бидат обожавани за да ги решат проблемите во својот живот. Тие затоа создадоа нивни модели, кои беа исто како идоли и ги обожаваа. Тоа објаснува зошто Павле ги употребува зборовите ‘демони’ и ‘идол’ наизменично во неговото писмо:-

"Она што го принесуваат незнабожците како жртва, го принесуваат на бесови (демони), а не на Бога; Јас, пак, не сакам да бидете во заедница со бесовите... Но, ако некој ви рече: тоа е идолска жртва, не јадете- заради оној, што ви го рекол тоа, и поради совеста" (1Кор.10:20,28). Значи идолите и демоните се делотворно исти. Забележи како Павле вели тие жртвуваа "на бесови (идоли), а не на Бога"- демоните не беа Бог, и затоа што има само еден Бог, следува дека демоните немаат никаква моќ, тие не се богови. Поентата е направена во 1 Кор.8:4:-

"А по однос... на идолски жртви, знаеме дека идолот (еквивалент на демонот) **не е ништо на светов и дека друг Бог нема, освен Единиот"**. Идолот, или демонот, всушност не постои. Има само еден вистински Бог, или сила, во светов. Павле продолжува (вс.5,6):-

"Зашто, иако **само по име** има богови... (како што има многу богови и многу господиновци, (точно како што луѓето денес веруваат во многу видови на демони - еден демон прави да ја изгубиш работата, другиот прави да те напушти сопругата, и.т.н.)), сепак **ние** (вистинските верници) имаме само **еден** Бог Отец, од Кого **е сѐ** (и доброто и лошото, како што видовме од претходните препораки)".

Понатамошен доказ дека луѓето во времињата на Новиот завет веруваа дека демоните се идоли или 'богови' се наоѓа во Дела 17:16-18; тоа опишува како Павле проповедаше во Атина, кој беше"град целосно оддаден на идолатрија", значи обожавање на разноразни идоли. После Павловото проповедање на евангелието, народот рече "се гледа, тој проповеда туѓи (т.е. нови) божества (демони); зашто им благовестеше за Исуса и за воскресението". Така луѓето мислеа дека ‘Исус’ и ‘воскресението’ беа нови демони или идоли кои им беа објаснувани. Ако се допрочита поглавјето, ќе се види како Павле продолжува да ги учи на вистината, и во в.22 вели, "Вие сте премногу побожни" (дословно: одадени на демонско обожавање) и објаснува како Бог не е присутен во нивните демони или идоли. Припомнете дека Бог е единствениот извор на сила. Ако Тој не е во демоните, тогаш демоните немаат никаква моќ бидејќи нема друг извор на сила во овој универзум - т.е. тие не постојат.

## СТАРОЗАВЕТНИТЕ 'ДЕМОНИ' БЕА ИДОЛИ

Назад во Стариот завет, има повеќе докази дека ‘демоните’ се исто што и идолите. 5Мој.28:22-28, 59-61 предвиде дека душевната болест ќе биде една од казните заради обожавањето идоли/демони. Тоа ја објаснува поврзаноста на демоните со душевната болест во Новиот Завет. Но треба да се знае дека јазикот за демоните е поврзан со болест, а не грев. Ние не читаме за Христа дека истерува демони на завист, убиство и.т.н. Исто така треба да се посочи дека Библијата говори за луѓе **кои имаат** демон/болест, а не дека демоните **ја создале** болеста. Показателно е тоа што грчката верзија на Стариот завет (Септагинтот) го употребува зборот 'даимонион' за ‘идол’ во 5Мој.32:17 и Пс.105:37; тоа е зборот преведен ‘демон’ (‘бес’) во Новиот завет. Пс.105:36-39 ги опишува грешките на Израел и ги поистоветува идолите ханански со демони:-

> Израелците "Им служеа на нивните **идоли**, а тоа беше соблазна за нив, и ги жртвуваа синовите свои и ќерките свои на **бесовите** (демоните); и проливаа невина крв, крвта на синовите свои и на ќерките свои, што им ги жртвуваа на хананските **идоли**... се осквернија со делата свои, блудствуваа со постапките свои".

Сосема е јасно дека демони е тек друго име за идоли. Обожавањето демони е опишано од Бога како обожавање на "делата свои... постапките свои" бидејќи верувањето во нив беше исход на човечката замисла, идолите што ги создадоа беа нивни дела. Па тие кои веруваат во демони денес, веруваат во човечки измислици, творби човечки, а не на она што нè научил Бог.

5Мој.32:15-24 опишува точно како се гневи Бог кога Неговиот народ верува во демони: Израел "отстапи од Бога, Спасителот свој. Со туѓи богови Ме раздразнија и со одвратности свои Ме загорчија: им принесуваа жртва на бесовите ('демоните') а не на Бога; на боговите, што не ги познаваа... кои татковците нивни не ги виделе... и (Бог) рече: Ќе го свртам лицето Свое од нив... бидејќи тие се развратен род, синови, во кои нема вера; тие Ме раздразнија со она што не е Бог туку со своите идоли ме наскрбија... ќе нафрлам врз нив зла"

Значи Бог ги опишува демоните исто како идоли, одвратности и суети - нешта во кои е залудно да се верува, кои не постојат. Верувањето во демони докажува еден недостиг на вера во Бога. Не е лесно да се верува дека Бог

обезбедува сè, и добро и лошо, во животот. Полесно е да се мисли дека лошите работи доаѓаат од некој друг, бидејќи еднаш штом кажеме дека доаѓаат од Бога, ќе треба да веруваме дека Бог ќе ги отстрани или дека тие конечно ќе ни бидат од полза.

## НОВОЗАВЕТНИ ДЕМОНИ

Но, може да се рече, "што со пасусите во Новиот завет кои јасно говорат за демони?"

Нешто треба да објасниме: Библијата не може да противречи сама на себе, таа е Словото на Семоќниот Бог. Ако ни е речено дека Бог ни ги носи проблемите и дека е Тој изворот на сета сила, тогаш Библијата не може да кажува и тоа дека демоните, мали богови опречни на Бога, ни ги носат тие работи. Значајно е тоа дека зборот 'демони' се појавува само четири пати во Стариот завет и секогаш опишува идолско обожавање, но се појавува многу пати во евангелиските записи. Ние предлагаме дека тоа е поради времето кога евангелијата беа пишувани, говорот тогашен беше да се каже за секоја болест што не можеше да се сфати дека е вина на демони. Ако демоните навистина постојат и се одговорни за нашите болести и проблеми, тогаш би читале повеќе за нив во Стариот завет. Но ние воопшто не читаме за нив во таа смисла таму.

## ДЕМОНИ ВО НОВИОТ ЗАВЕТ

Да се каже дека демоните беа истерани од некого е како да се рекло дека тој бил излечен од душевна болест, или болест која не била позната тогаш. Луѓето кои живееле во 1 век беа склони да ги обвинуваат за сите неразбирливи нешта, измислените суштества 'демони'. Душевната болест беше тешка за поимање со нивното ниво на медицинско знаење. Луѓето говореа за од тоа погодените како за 'опседнати'. Во старозаветно време, еден зол или нечист дух се однесуваше за пореметена душевна состојба (Суд.9:23; 1Цар.16:14; 18:10). Во новозаветно време говорот за зол дух/ опседнатост почна да се однесува за оние кои страдаа од душевна болест. Поврзаноста меѓу демоните и болеста е покажана со следново: "Доведоа при Него мнозина бесни и Он со еден збор ги изгони духовите... за да се исполни кажаното преку пророкот Исаија, кој вели: Он, ги зеде на Себе нашите немоќи и ги понесе болестите" (Мт.8:16,17). Значи човечките слабости и болести се исто што и опседнатоста од 'демони' и 'злодуси'.

Луѓето мислеа дека Исус беше луд и рекоа мора да е тоа бидејќи имаше демон- "Бес има и не е при Себе. (Јв.10:20; 7:19, 20; 8:52). Тие значи веруваа дека демоните создаваат лудило.

## ИСЦЕЛУВАЊЕ НА БОЛНИТЕ

Кога беа излечени, за 'опседнатите' се велеше дека се вратиле при "здрав разум"- Мк.5:15; Лк.8:35. Тоа говори дека да се биде 'опседнат' беше друг начин за велење дека некој е душевно нездрав- т.е. не при здрав памет. За 'опседнатите' се велеше дека се 'исцелувани' или 'излечени' Мт.4:24; 12: 22; 17:18, навестува дека опседнатоста е друг начин за опишување болест.

Во Лк.10:9 Исус им кажа на своите 70 апостоли да одат и да ги "лекуваат болните", што тие и направија. Се вратија и рекоа, в.17, "во Твое име и бесовите ни се покоруваат"- повторно, демоните и болеста се изедначени. Некогаш апостолите лекуваа луѓе во името на Исус и овде имаме пример за тоа (исто види Дела 3:6; 9:34).

## ГОВОРОТ ТОГАШЕН

Така гледаме дека во Новиот завет беше тогашен говор да се опише некој дека е опседнат, ако бил душевно болен или имал болест што не ја разбирале. Современото римско и грчко верување беше дека демоните ги поседуваат луѓето, и со тоа создаваат душевна болест. Оние 'христијани' кои веруваат во постоењето на демони всушност велат дека современите пагански верувања за тоа беа совршено исправни. Библијата е пишувана во јазик кој луѓето можат да го разберат. Тоа што го користи говорот тогашен не значи дека таа или Исус верувале во демони. Слично во англискиот јазик го имаме зборот 'лунатиц' за опишување некој кој е душевно болен. Буквално тоа значи "месечев удар". Години наназад луѓето верувале дека ако некој се шета ноќе при јасна месечина, може да добие месечев удар и душевно да заболи. Ние го користиме тој збор денес да опишеме некој кој е луд, но тоа не значи дека веруваме да лудилото е причинето од месечината.

Ако овие зборови беа запишани и прочитани по 2000 години време- доколку Исус не се врати дотогаш- луѓето би можеле да помислат дека сме верувале оти месечината создава лудило, но би биле во грешка бидејќи ние само го користиме говорот на нашево време, како и Исус пред 2000 години. Слично ние опишуваме одредена наследена сметња како "танцот на Ст. Витус" што ниту е настаната од "Ст. Витус" ниту од ‘танцување’, но во употребата на сегашниот говор го нарекуваме "танцот на Ст. Витус". Јасно е дека Исус Христос не се родил на 25 декември сепак присутниот писател го употребува терминот ‘Божиќ’ кога говори за тој ден, иако не верува дека Христовото раѓање треба да се празнува тогаш. Имињата на деновите од седмицата се основани врз паганско идолско обожавање- пр. 'Сундаs', значи ‘ден посветен во обожавање на сонцето’; 'Сатурдаs' беше денот за обожавање на планетата сатурн, Мондаs на месечината и.т.н. Тоа што ги користиме овие имиња не значи дека ги делиме паганските верувања на оние од кои потекнува и е направен нашиов сегашен јазик. 'Инфлуенза' е исто така термин во општа употреба денес; строго значи ‘(под) демонско влијание’. Кога Даниел беше преименуван во 'Валтазар', име кое одразува пагански бог, вдахновениот запис во Дан.4:16 го нарекува 'Валтазар' без да посочи дека овој збор одразува лажно мислење. Јас говорам за 'папата' како начин за идентификување некого, иако мислам дека е всушност погрешно да се верува дека е тој 'папа' или отец (Мт.23:9).

Имаше мит во времето на Језекија дека земјата Израел беше одговорна за несреќите на оние во неа. Тоа не беше вистина а сепак Бог расудува со Израел, користејќи ја идејата што тогаш беше општа, "Така вели Господ Бог- бидејќи велат за вас: ти си земја што ги јадеш луѓето и што го правиш народот да е без деца, затоа веќе нема да ги јадеш (земјо) луѓето... вели Господ Бог" (Јез.36:13,14). Имаше општо паганско поимање дека морето било големо чудовиште со намера да ја проголта земјата. Додека ова очито е невистина, Библијата често ја користи таа фигура за да помогне на своето почетно читателство да ја сфати дадената идеја: види Јов 7:12; Амос 9:3; Јер.5:22; Пс.88:9; Ав.3:10; Мт.14:24; 14:30. Асирската митологија го нарекува тоа бунтовно морско чудовиште 'Рава'; и тоа е точно истото име дадено на морското чудовиште во Египет од Иса.51:9.

Бидејќи Библијата е вдахновена од Бога, не е можно дека Библијата ги одразува само присутните пагански влијанија од времето на пишувањето. Сигурно дека Бог свесно алудира на современите верувања, за да покаже дека е **Тој** крајниот извор на сила; кој го управува морското ‘чудовиште’, така да тоа ја врши **Неговата** волја. Бог значи ја исправи основната грешка во нивното верување, дека имало сили во дејство во светот кои не биле подложни на Божјата управа, и затоа по импликација беа зли. Меѓутоа, Библијата не прави

во овој случај, отстапување од својот пат да ја изложи глупоста на верувањето дека има големо чудовиште кое демнее во морето, или дека морето е чудовиште.

Друг пример е во описот на молњата и бурните облаци со "искривената змија" ((евр. текст) Јов 26:13; Иса.27:1). Тоа јасно посочува на современото паганско верување дека молњата и темните облаци всушност биле голема змија. Овие пасуси не ја изложуваат глупоста на таа идеја, или да прават обид за научно објаснување. Наместо тоа посочуваат дека **Бог** ги управува тие работи. Ставот на Христос кон преовладаното верување за демони е ист по тоа прашање; неговите чуда јасно покажаа дека силата Божја беше конечна и потполна, неограничена со суеверијата човечки кои се однесуваа на таканаречените 'демони'. Оние кои веруваат дека новозаветните записи за 'демони' докажуваат дека тие суштества навистина постојат се должни да прифатат дека морето е навистина чудовиште, и дека молњата е всушност голема искривена змија. Секако ова е силна поента; **мора** да се увиде дека Библијата го употребува говорот на времето во кое е пишувана без нужно да ги поддржува верувањата кои ги обликуваат основите на тој говор. Ние покажавме дека нашата употреба на говорот е слична. Библијата тоа го прави за да го потврди видот на основните вистини кои ги зедовме во обзир во студиите 6.1 и 6.2- дека Бог е семоќен; Тој е одговорен за нашите неволји; гревот произлегува од нас- сите тие работи добиваат смисла со увидувањето на големината на Божјата сила за спасение. Таканаречените 'критичари' постојано ископуваат врски помеѓу говорот на Писмото и верувањата и замислите на околните култури во кои Библијата беше вдахновена и запишана. Тие се разбирливи, штом се сфати дека Библијата користи говор кој може да посочи на локалните верувања, но тоа го прави за да ја докаже поентата дека Јахве, единствениот вистински Бог, е далеку поголем од ништожните човечки верувања кои биле познати на оние кои први ги читале вдахнатите зборови, свежи од устата на пророкот.

Со ова при памет, за изненадување е колку многу примери можат да се најдат во Новиот завет со говорот на времето во употреба без тој говор да биде исправен. Ево неколку примери:-

-Фарисеите го обвинија на Исус за правење чуда со силата на лажниот бог Велзевул. Исус одговори, "Ако Јас истерувам бесови преку Велзевула, а синовите ваши преку кого ги изгонуваат?" (Мт.12:27). 4Цар.1:2 јасно ни кажува дека Велзевул бил лажен бог на Филистејците. Исус не рече 'сега гледајте вака, 4Цар.1:2 вели дека Велзевул бил лажен бог, па вашите обвинувања не се вистинити'. Не, тој зборуваше како Велзевул да постоел, бидејќи беше

заинтересиран неговата порака да допре до оние на кои им проповедаше. Исто, така Исус зборуваше и за истерувањето демони- тој не говореше постојано, ' всушност, тие не постојат', туку го проповедаше евангелието со говорот тогашен.

-Дела 16:16-18 се зборовите на Лука, под вдахновение: "нѐ сретна една слугинка која имаше гледачки дух" ("беше во посед на духот Питон" Диаглотт версион). Како што е објаснато во фуснотата во Диаглотт версион, Питон беше име на лажен бог во кој се веруваше за време на 1 век, можеби ист како Аполон. Така Питон сигурно не постоел, но Лука не вели дека девојката беше во ‘посед на духот Питон, кој, патем речено, е лажен бог кој не постои'. Исто, така евангелијата не велат дека Исус 'истерувал демони кои, патем речено не постојат, тоа е само израз за болести'.

-Во Лк.5:32 е запишано како Исус им зборува на лошите Евреи: "не сум дошол да ги повикам праведните". Тој мислеше, 'не дојдов да ги повикам оние кои веруваат дека се праведни'. Но Исус им говореше во нивни изрази, иако технички, употребуваше невистинит јазик. Лк.19:20-23 покажува како Исус употребува невистинити зборови од човекот со еден талант во параболата за да се справи со него, но тој не ги исправи погрешните зборови што ги употреби човекот.

-Библијата често говори за сонцето дека 'изгрева' и 'заоѓа', ова е човечки начин на излагање, но е научно неисправен. Исто и за болеста се говори во технички 'неисправен' јазик на 'демони'. Дела 5:3 говори како Ананија го излажал Светиот Дух. Тоа е всушност, невозможно, сепак она што мислеше Ананија дека го прави е употребено како факт, иако не беше!

-Има многу библиски примери за употребата на говор кој беше разбирлив во времето кога е пишувано, но сега е туѓ за нас, на пример "кожа за кожа" (Јов 2:4) посочува на древната пракса за замена на кожи од иста вредност; мажот проститутка е наречен ‘пес’ во 5Мој.23:18. Говорот за 'демони' е уште еден пример.

-Евреите од времето на Христос мислеа дека се праведни бидејќи беа потомци Авраамови. Затоа Исус им се обрати со ‘праведници’ (Мт.9:12,13), и рече "Знам дека сте семе Авраамово" (Јв.8:37). Но тој не веруваше дека се тие

праведници, како што често покажуваше; и тој едноставно покажа со неговото расудување во Јв.8:39-44 дека тие **не беа** Авраамово семе. Па Исус ги примаше човечките верувања како факт, без веднаш да им се спротивстави, наместо тоа ја изложуваше вистината. Ние покажавме дека таков беше Божјиот пристап во справувањето со паганските верувања кои беа општи во старозаветно време. Христовиот став кон демоните беше ист во новозаветно време, снабдените од Бога чудеса, покажаа многу јасно дека болестите беа создадени од Бога, не од некоја друга сила, бидејќи Бог ја имаше силата да ги исцели.

-Павле цитираше од грчки поети, славни по количеството на небиблиски глупости што матеа, за да ги збуни оние кои веруваа во учењето на поетите (Тит 1:12; Дела 17:28). Она што предлагаме, е резимирано во одговорот на Павле при наоѓањето еден олтар посветен за обожавање на "Непознатиот Бог", т.е секое паганско божество што може да постои, но кое Атињаните не го зедоа во предвид. Наместо да ги укори за нивната глупост во верувањето на тоа, Павле ги презеде од каде што можеа да го разберат единствениот вистински Бог, кој не го познаваа (Дела 17:22,23).

-Еф.2:2 говори за "кнезот на воздухот". Тоа јасно алудира на митолошката замисла за Заратустра- нешто во што веруваа еднаш Павловите читатели. Павле вели дека тие еднаш живееја под "кнезот на воздухот". Во истиот стих, Павле го опишува тоа како "духот (ставот на света) кој... дејствува" во природниот човек. Претходно тие веруваа во паганската замисла за небесно духовен-принц; сега Павле посочува дека всушност силата на која тие беа формално подложни, беше онаа на сопствениот им зол ум. На овој начин се посочува и говори за паганската идеја, без одредено укорување, а истовремено се докажува вистината за гревот

-Дела 28:3-6 опишува како смртоносна змија го нападна на Павле, прицврстувајќи му се на раката. Луѓето наоколу одлучија дека Павле е убиец кој "судот Божји не го остави да живее". Нивното гледање на состојбата беше сосема погрешно. Но Павле не го објасни ова подробно; наместо тоа, направи чудо- ја стресе змијата од себе без да биде каснат.

Чудесата Христови ја изложија грешката на локалното гледиште, пр. за демони, без исправање во толку многу зборови. Така во Лк.5:21 Евреите направија две лажни изјави: дека Исус е хулител, и дека единствено Бог може

да проштева гревови. Исус усмено не ги исправи; наместо тоа, направи чудо кое ја докажа лажноста на тие изјави.

-Јасно беше верувањето на Исус дека делата говорат посилно од зборовите. Тој ретко откажуваше лажни идеи директно, па така не го откажа законот на Мојсеј како неспособен да даде спасение, туку покажа со своите дела, пр. лечење во сабота, што е Вистина. Кога беше погрешно обвинет дека е Самарјанин, Исус не одрече (Јв.8:48,49 ср. 4:7-9) иако неговото еврејство, како семе Авраамово, беше суштествено за Божјиот план на спасение (Јв.4:22).

Дури и кога Евреите донесоа погрешен заклучок (намерно!) дека Исус се прави "еднаков со Бога" (Јв.5:18), Исус не одрече отворено; наместо тоа, силно расправаше дека неговите чудеса го покажаа за човек кој делува во Божјо име, и према тоа дека **НЕ** беше еднаков со Бога. Чудесата на Исус, исто така ја покажаа грешката за верување во демони. Христовото Чудо на исцелување на сакатиот човек во базенот, беше за да ја покаже глупоста на еврејскиот мит дека за време на пасха ангел ја допирал водата од бањата Витезда, внесувајќи лековити својства во неа. Овој мит е запишан без директното негирање на неговата вистина; записот на Христовото чудо е изложувањето на неговата лажност (Јв.5:4).

-2Пет.2:4 говори за злите дека одат во 'пеколот' (изв. тартарус). Тартарус беше митско место во подземјето; и Петар не го исправа тоа мислење, туку го користи како симбол на целосно уништување и казна за грев. Христовата употреба на зборот Гехена беше иста (види студија 4.9).

## ДАЛИ ДЕМОНИТЕ НАВИСТИНА ПРИЧИНУВААТ БОЛЕСТИ?

Секој што верува дека постојат демони, мора да се запраша "кога сум болен, од демони ли е причинато?" Ако се мисли дека новозаветните препораки за демони се однесуваат на мали богови кои одат наоколу правејќи зло, тогаш мора да се одговори 'да'. Тогаш, како ќе се објасне фактот дека многу заболувања за кои се обвинуваа демоните можат сега да се излечат или контролираат со лекарства? Маларијата е класичен пример. Повеќето луѓе во Африка, веруваа до неодамна дека маларијата беше причинувана од демони, но ние знаеме дека маларија може да се лекува со кинин и други лекарства. Дали тогаш се вели дека демоните, како што ги гледаат малите жолти таблети

кај што слегуваат низ грло, се заплашуваат и одлетуваат? Некои од заболувањата што ги излечи Исус, а се опишани како резултат на опседнатост, се идентификувани како тетанус или епилепсија- кои и двете се отстрануваат со лекарства.

Еден пријател од едно село до Кампала во Уганда, ни кажа дека луѓето до скоро верувале дека маларијата ја причинувале демони, но штом виделе колку лесно лекарствата ја совладувале, престанале да ги обвинуваат демоните. Меѓутоа, кога некој има церебрална маларија (која причинува озбилно душевно заболување) тие сè уште ги обвинуваат демоните. Еден доктор дојде од околниот град и им понуди јаки антималарични лекарства, но тие одбија и бараа нешто што ќе се бори со демоните, а не со маларија. Докторот се врати покасно и рече, "имам лек што ќе ги истера демоните"; болниот нестрпливо го зеде лекот, и му беше подобро. Вторите таблети беа исти како првите. Докторот не веруваше во демони, но го употреби говорот на денот за да допре до лицето- како и "Големиот Лекар", Господ Исус од пред 2000 години.

## Осврт 17: Вештерство

Овој осврт е напишан повеќе за снабдување на потребите на оние во Африка и други делови на светот каде вештичарството е општа појава од секојдневниот живот. Увидено е од сите вистински библиски ученици дека обраќањето до вештици, бајачи и слично како средство за помош е несоодветно со држењето на вистината. Меѓутоа, се цени дека бајачите како поевтини и често подостапни од докторите по медицина, спојено со нивниот привиден успех ги прави привлечни. Ние треба да го гледаме овој проблем во логичен библиски начин. Тоа е единствениот начин да се пронајде сила за отпор на искушението да се користат тие луѓе.

## ТВРДЕЊАТА НА ВЕШТЕРСТВОТО

Прво, тврдењата што ги прават вештерите за успехот треба да бидат испитани. Можеме да сме сигурни дека многу преувеличување се внесува во тврдењата за нивниот успех. Нивните лечења никогаш не се правени на отворено, за сите да видат. Всушност, ако биле успешни тогаш тие би работеле во болници и би се наоѓале ширум светот. Точната состојба на оние за кои се тврди дека се лечени исто така никогаш не е позната - колку всушност е подобрена не е јасно.

Оние од вас соочени со тоа искушение треба да се прашаат дали имаат одредени докази за нивните моќи- пр. дали виделе (не само слушнале нешто околу тоа) човек со раката отсечена во пилана да оди кај вештер и да се врати со нова совршено исправна рака? Таков вид на докази ни се потребни пред да им дадеме било какво признание. 5Мој.13:1-3 е дури уште посилно: Израел беа научени дека доколку бајач направи знак или чудо што би наликувало на чудесност, тие сè уште да не му веруваат освен ако ја говори вистинската доктрина во согласност со Божјото слово. Јасно е дека бајачите не веруваат во вистината каква што е откриена во Библијата- и затоа не треба да сме во искушение да признаеме дека имаат стварна моќ, бидејќи сета моќ е од Бога(Рим.13:1;1Кор.8:4-6) .

Второ, видот на поплаки со кои се справуваат тие е показателен. Сега е познато дека ние користиме само околу 1% од нашата умствена моќ. Остатокот се чини дека е вон нашата моќ, за свесно управување (несомнено тоа ќе можеме во царството). Без да сме свесни за тоа, нашиот ум може да има скоро физички учинок врз нашето тело. Така, познато е дека психолозите излечиле луѓе од крвно заболување со тоа што ги принудиле цврсто да замислат дека крвта им е во исправен состав и работи нормално. Доктори потврдуваат дека некогаш настануваат такви оздравувања кои се независни од обичната медицина. Слично, многуте стресови можат да исходат во стомачни чиреви и главоболки. Опуштањето или вежбањето, на одреден начин може да ги отстрани овие. Но ако, на пример, раката ни е отсечена во пилана, никакво количество на душевни вежби не може да ја поврати. Единствено слабостите можеме да ги управуваме умствено, врз кои бајачите изгледа се способни да делуваат. Бидејќи не го разбираме потполно начинот на кој работи нашиот ум, **произлегува** дека тоа се должи на една физичка сила што ја имаат тие вештери. Но тоа не е така; преку нивното влијание врз човечкиот ум го вршат тие тој учинок.

## ИЗВОРОТ НА СИЛА

Меѓутоа, сета сила е од Бога. Добрите работи и лошите работи како болеста се донесени од **Него**- не од вештери. Тоа е многу честа тема во Писмото: Иса.45:5-7; Мих.1:12; Амос 3:6; Исх.4:11; 5Мој. 32:39; Јов 5:18. Сите овие ќе го исплатат внимателното читање. Следува дека **Нему** треба да му се обратиме со молитва ако сме болни, и да се направи сè што е можно преку вообичаената медицина да се среди проблемот. Ако одиме кај бајачи, ние се обраќаме на

луѓе кои тврдат дека управуваат со 'мрачни сили' кои им овозможуваат да нè подобрат. Но ние знаеме за силите во кои веруваат дека не постојат. Бог е изворот на моќ. Обраќањето кај вештери е верување дека Бог не е Семоќен, дека Бог не ни ја донел болеста, туку други сили чие управување го тврдат вештерите.

Да се размислува така е големо незадоволство за Бога, бидејќи знае дека **Тој** ја донел болеста, а Тој е Семоќен. Израел одбра да верува во Бога но веруваше и дека има и други сили кои им делуваат во животот, со кои требаше да се справуваат со обожавање на идоли направени за тие сили. Ова толку го разгневи Бога што ги отфрли за Свој народ (5Мој.32:16-24). За Бога, ако не Му веруваме потполно, всушност не Му веруваме воопшто. Да се тврди верувањето во вистинскиот Бог на Израел, но и да се прифати постоењето на други сили освен Божјата, и да се допушти еден бајач да врши уплив на тие сили да нè остават на мир, е постапување точно како и Израел во минатото. Долгата, тажна историја за израелската идолатрија е "напишана за наша поука". Ние не треба да имаме ништо заедничко со оние кои веруваат во тие сили.

> "Што општо има меѓу светлината и темнината? Каква сличност има храмот Божји со идолите? Вие сте храм на живиот Бог... Затоа излезете од нивната средина и одделете се! Вели Господ... И Јас ќе ви бидам Отец, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки" (2Кор.6:14-18).

Ако навистина направиме напор и жртва да се одделиме од тие работи, тогаш го имаме величенственото осигурување дека сме навистина деца на Самиот Бог. Природниот родител нагонски се грижи за своето дете кога е болно. Дали е навистина толку тешко да ја собереме нашата вера во верување дека нашиот Небесен Отец би правел дури и повеќе?

Факт е дека вештерите имаат влијание само врз оние кои им веруваат. Така, некој кој ја изгубил љубената особа може да оди кај медиум или вештер и побара да го види умрениот. Медиумот ќе му рече да ги затвори очите и јасно да го замисли лицето на особата. Клиентот ќе се восредоточи на една фотографија од лицето која јасно ја помни. Медиумот може тогаш да му ги чита мислите, и со малку претерување да говори во вистински изрази за лицето, така да клиентот е убеден дека медиумот го видел мртвиот жив. Забележи дека никогаш не е даден цврст доказ дека лицето е живо. Но ако клиентот одбие да верува или да го послуша медиумот, тогаш ќе нема никаков резултат.

'Вештерите' кои обично им ги толкуваа соништата на фараонот и на Навуходоносор не би имале своите одговорни места ако не беа оправдано успешни. Несомнено многу ја користеа таа техника на читање мисли. Меѓутоа, кога Бог беше вмешан во животот на лицето со кое се справуваа, како што се замеша во животот на фараонот и на Навуходоносор, тогаш ја изгубија таа моќ. Слично Валак веруваше во моќта на Валаам за проколнување- и му понуди големи парични награди  за услугите, велејќи дека му познато од искуство "кого ќе го проколнеш, тој е проколнат" (Бро.22:6). Но Валаам, кој беше некаков еквивалент на врачар, откри дека нормалната способност го напушти кога се справуваше со народот на Израел. Јасно, тие луѓе, немаат никаква моќ кога се справуваат со луѓе кои се поврзани со вистинскиот Бог, без оглед колкава слава стекнале за успешност во работата со другите.

## ВЕШТЕРСТВОТО ВО БИБЛИЈАТА

Практичното значење на ова е дека ако сме во искушение да одиме кај врачар, тогаш треба да имаме целосна верба во него. Нема никаква смисла во користењето вештери ако само се надеваме за најдобро; и тие самите веројатно би го направиле истото. Да се има целосна верба во нив и во постоењето на силите за кои тврдат дека ги управуваат, значи дека имаме целосен недостиг на вера во семоќноста на вистинскоит Бог. Ако навистина веруваме во записите за фараонот, Валака и Навуходоносора спомнати горе, тогаш не ќе можеме да одиме кај вештер со вера дека ќе има учинок врз нас. Примерите земени во обзир покажуваат дека вештерите немаат моќ врз Божјиот народ, што ние знаеме дека сме, со разлог на нашата повиканост и крштевка.

Вештерството е јасно етикетирано од Павле како "дело на телото", во истата група со ‘ереси’, прељуба и порнографија (Гал.5:19-21). Тој коментира: "ви велам, како што ви реков и порано (т.е ова беше многу нагласен дел во неговото учење), дека оние што го прават тоа, нема да го наследат царството Божјо". Еквивалент на тоа во законот Мојсеев беше заповедта, дека сите вештери, оние кои користеа ‘претскажување’ (друго име за вештерство) и оние кои ги тераа своите деца низ оган веднаш да се убијат (5Мој.18:10,11; Исх.22:18). Оние кои ги прометнуваа своите деца низ оган не беа всушност вештери, вештерите и врвните идолопоклоници учеа за да осигураат заштита против силите на злото, дека децата на оние кои ја бараа заштитата мораа да врват низ оган. Па така гледаме дека и вештерите и оние кои ги користеа требаше да се убијат; и под Новиот завет казната за тоа е исклучување од царството Божјо.

Да се користи вештерството како средство за лично подобрување е нешто што Бог не сака да правиме. Во секоја одлука со која се соочуваме во својот живот во Христа, треба озбилно да се прашаме "дали Бог всушност сака да го сторам тоа? Дали би го направил тоа ако е Исус до мене?" со оглед на Божјата јасна осуда на вештерството, одговорот е јасно- не, Бог не сака да го правиме тоа, вештерството е опишано од Самуил како поврзано со ‘непокорност’ (еврејскиот имплицира 'провокација') против Словото Божјо (1Цар.15:23). Да се провоцира Семоќниот, како што направи Израел со своето верување во идоли и вештерство (5Мој.32:16-19), е секако незамисливо. Бог покажува дека, им заповедал на Израел да ги истераат Хананците поради нивното верување во вештерство кое Му беше толку одвратно; сепак наместо тоа, тие им се придружија во практикувањата (5Мој.18:9-14). Па за новиот Израел од крстени верници, ние не смееме да ги правиме работите на околниот зол свет, инаку не ќе можеме да ја наследиме нашата ветена земја на вечното царство. Да се расудува дека, единствено е вештерот тој кој го прави тоа, не ние, е безначајно. Ако се надеваме дека учинокот на вештерството ќе се почувствува на нас, тогаш извршно го употребуваме.

Бог нека нè благослови сите кои чекориме во завршните дни на темниот незнабожнички свет кон Неговото светло царство на вистина и слава.

> "Затоа што не ја примиле љубовта на вистината за своето спасение... Бог ќе им испрати сила на заблуда за да поверуваат на лагата... Ние, пак, сме должни да Му благодариме на Бога за вас секогаш, возљубени од Господа браќа... И така, браќа, стојте и држете ги преданијата, што ги научивме било преку нашето Слово, било преку нашето послание. А сам Господ наш, Исус Христос, и Бог и Отец наш, Кој не возљуби и преку благодатта Своја ни даде вечна утеха и добра надеж, нека ги утеши срцата ваши и да ве утврди во секое слово и добро дело" (2Сол.2:10-17).

**Осврт 18: Што се случи во Едем?**

Бит.3:4-5: "Тогаш змијата и рече на жената: Не, вие нема да умрете! Бог знае оти оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло".

**НАРОДНО ТОЛКУВАЊЕ:** Погрешно се претпоставува дека, змијата е тука еден грешен ангел, наречен ‘сатана’. Исфрлен од на небо поради неговиот грев, тој дошол на земјата и ја искушал Ева на грев.

КОМЕНТАРИ:

1. Пасусот говори за ‘змијата’. Зборовите ‘сатана’ и ‘ѓавол’ не се појавуваат во целата книга на Битие. Фактот дека змиите се физички со нас, и се влечат на стомак, е доказ дека змијата во Едем беше дословно животно. Оние кои веруваат поинаку можда мислат кога ќе видат вистинска змија, дека го виделе самиот 'сатана'.

2. Змијата никогаш не е опишана како ангел.

3. Затоа не изненадува што нема никакви препораки во Битие за некој да е исфрлен од небото.

4. Гревот носи смрт (Рим.6:23). Ангелите не можат да умрат (Лк.20:35-36), затоа ангелите не можат да грешат. Наградата на праведните е да бидат изедначени со ангелите да не умираат повеќе (Лк.20:35-36). Ако ангелите можат да грешат, тогаш и праведните исто ќе можат да грешат и затоа ќе можат да умираат, што значи дека всушност нема да имаат вечен живот.

5. Личностите вмешани во записот на Битие за човековиот пад се: Бог, Адам, Ева и змијата. Никој друг не е спомнат. Нема никаков доказ дека нешто влегло во змијата, за да ја натера да го направи она што направи. Павле вели змијата "со своето (сопствено) лукавство ја измами Ева" (2Кор.11:3). Бог и рече на змијата: "Затоа што си го направила тоа... (Бит.3:14). Ако ‘сатаната’ ја користеше змијата, зошто не е спомнат и зошто и тој не беше казнет?

6. Адам ја обвини Ева за својот грев: "таа ми даде од дрвото" (Бит.3:12). Ева ја обвини змијата: "змијата ме измами, и јас јадев" (Бит.3:13). Змијата не го обвини ѓаволот- таа не направи никаков изговор.

7. Ако се расправа дека змиите денес не можат да говорат и да расудуваат како змијата во Едем, запомни дека:

а) едно магаре еднаш беше направено да говори и расудува со човек (Валаам): "неразумното (нормално) животно проговори со човечки глас и го запре безумството на пророкот" (2Петр.2:16) и б) змијата беше најинтелигентна од сите животни (Бит.3:1). Клетвата врз неа ја одзела способноста која ја имаше да говори со Адам и Ева.

8. Бог ја создал змијата (Бит.3:1); друго суштество наречено 'сатана' не се претвори во змијата; ако веруваме во тоа, делотворно велиме дека некој може да навлезе во нечиј животот и да го управува. Тоа е паганска идеја, не библиска. Ако се расправа дека Бог не би ја создал змијата поради големиот грев што ги измами на Адам и Ева да го сторат, запомни дека гревот навлезе во светот низ човекот (Рим.5:12); змијата беше према тоа аморална, и говореше од свое природно видување, и не беше толку одговорна на Бога и према тоа не направи грев.

Некои сугерираат дека змијата од Бит.3 е поврзана со серафимот. Меѓутоа, вообичаениот еврејски збор за 'змија', кој е употребен во Бит.3, е сосема неповрзан со зборот за 'серафим'. Еврејскиот збор 'серафим' преведен во основа значи 'горливиот' и е преведен "огнена змија" во Бро.21:8. ("бакарна змија"- мак. изд.), но тоа не е зборот 'змија' преведен во Бит.3. Еврејскиот збор за бакар доаѓа од истиот корен како и за 'змија' во Бит.3. Бакарот го претставува гревот (Суд.16:21; 2Цар.3:34; 4Цар.25:7; 2Лет.33:11; 36:6), така змијата може да се поврзи со идејата за грев, но не со грешен ангел.

**ПРЕДЛОГ ОБЈАСНУВАЊА за тоа *што* овој пасус значи:**

1. Нема причина за сомневање дека треба дословно да го сфатиме она што ни е кажано за создавањето и падот, во раните поглавја на Битие. 'Змијата' беше една дословна змија. Фактот, што денес гледаме змии кои ползат на стомак во исполнување на клетвата изречена врз првата змија (Бит.3:14), го докажува тоа. Исто така ги гледаме мажите и жените кај страдаат под клетвите кои беа истовремено изречени и врз нив. Ние оценуваме дека Адам и Ева беа дословно маж и жена како што ги знаеме денес мажот и жената, но уживаат еден подобар облик на постоење, затоа првата змија беше дословно животно, иако во далеку поинтелигентен облик него што се змиите денес.

2. Следниве се понатамошни показатели дека раните поглавја на Битие, треба да се читаат дословно:

-Исус посочуваше на записот за создавањето на Адам и Ева, како за основите на неговото учење за бракот и разводот (Мт.19:5-6), нема никакво невестување дека тој го читеше фигуративно.

-"Бидејќи порано беше создаден Адам, а потоа Ева; и Адам не беше измамен (од змијата), туку жената беше измамена и направи престап" (1Тим.2:13-14)- и Павле, исто, го читал Битие дословно. И како најважно тој порано напиша како "змијата со своето лукавство ја измами Ева" (2Кор.11:3)- забележи дека Павле не спомнува како "ѓаволот" ја измамил Ева

-Дали има воопшто некаков доказ дека нешто друго во записот за создавањето и падот треба да се чита фигуративно? Светот беше создаден за 6 дена према Бит.1. Дека тоа беа дословно денови од 24 часа е докажано со фактот што разните нешта создадени во различни денови не можеа да постојат без взаемната потреба едно од друго во дадениот им облик повеќе од неколку денови. Растенијата направени вториот ден би зависеле од пчелите и.т.н создадени во шестиот ден. Долгиот интервал помеѓу нивното создавање е затоа неприличен.

-Понатамошни докази за дословни денови на создавање може да се најдат во саботниот закон на Исх.20:10,11. Саботата требаше да биде одмор од 24 часа, бидејќи Бог седмиот ден одморал, од шестдневната работа (како и Израел пред држењето на нивната сабота). Дека тоа не беа периоди од 1000 години или повеќе е докажано со фактот дека Адам беше создаден во шестиот ден, но умре после седмиот ден на возраст од 930 (Бит.5:5). Ако седмиот ден беше период од 1000 години, тогаш Адам би бил повеќе од 1000 кога умре.

3. Бидејќи змијата беше проколната да ползи на стомак, (Бит.3:14), ова може да имплицира дека претходно имала нозе; во спој со очигледната способност за расудување, беше веројатно вид животински живот најблизок до човекот, макар што беше сепак животно- уште едно од сите "ѕверови полски, што ги создаде Господ Бог" (Бит.3:1,14).

4. Можеби змијата имаше јадено од дрвото на знаење, што би ја објаснало нејзината суптилност. Ева виде "дека родот на дрвото... е пожелно поради

знаењето" (Бит.3:6). Како можела да го види тоа освен ако не во исходот на јадењето од плодот во животот на нешто што веќе го сторило тоа? Можеби и тоа дека Ева веќе имала неколку разговори со змијата пред оној запишаниот во Бит.3. Првите зборови од змијата до Ева се, "Вистина ли е дека Бог рекол" (Бит.3:1) воведната реченица имплицира дека ова веројатно беше продолжение на претходен еден разговор кој не е запишан.

## Осврт 19: Луцифер

> Иса.14:12-14: "Како падна ти од небото, Денице (‘Луцифере’), сине на зората! Се разби од земјата ти, кој ги угнетуваше народите. А во срцето свое си велеше: ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ќе седнам на горатa во соборот на боговите, на крајот од северот; ќе се искачам до височините на облаците, ќе бидам сличен на Севишниот".

НАРОДНО ТОЛКУВАЊЕ: Се претпоставува дека Луцифер бил еднаш моќен ангел кој згрешил во времето на Адам и затоа бил исфрлен долу на земјата, каде што прави неволји за Божјиот народ.

КОМЕНТАРИ:

1. Зборовите ‘ѓавол’, ‘сатана’ и ‘ангел’ никогаш не се појавуваат во ова поглавје. Ова е единственото место во Писмото каде што се појавува зборот "Луцифер".

2. Нема никаков доказ дека Исаија 14 опишува нешто што се случило во градината на Едем; ако е така, тогаш зошто сме оставени 3000 години од времето на Битие пред да ни се каже што всушност се случило таму?

3. Луцифер е опишан дека е покриен со црви (в.11) и подбиван од луѓе (в.16) пошто нема веќе никаква моќ после неговото исфрлање од небото (вс.5-8); така нема никакво оправдување за мислењето дека Луцифер е сега на земјата, каде ги води верниците во заблуда.

4. Зошто е Луцифер казнет за велење, "ќе се искачам на небото" (в.13), ако бил веќе таму?

5. Луцифер ќе гние во гробот: "Гордоста ти е симната во пеколот... а црви се твојата покривка" (в.11). Бидејќи ангелите не можат да умрат (Лк.20:35-36), Луцифер не може да биде ангел; јазикот повеќе приличи за човек.

6. Вс.13,14 се поврзани со 2Сол.2:3-4, кое говори за "човекот на гревот"-така Луцифер посочува кон еден друг човек- а не ангел.

## ПРЕДЛОГ ОБЈАСНУВАЊА:

1. Н.И.В. и други денешни верзии го имаат изложено текстот на Иса.13-23, како серија "бремиња" на разни народи, пр. Вавилон, Тир, Египет. Иса.14:4 ја поставува замислата на стиховите кои ги разгледувавме: "ти ќе запееш победничка песна (парабола ("ќе ја земеш оваа изрека" изв. текст) против вавилонскиот цар". Пророштвото е према тоа за човечкиот цар на Вавилон, кој е опишан како 'Луцифер'. Во неговиот пад: "Оние што ќе те видат... ќе си речат за тебе: тоа ли е човекот, што земјата ја разнишуваше...?" (в.16). Така Луцифер е јасно одреден како човек.

2. Бидејќи Луцифер беше човечки цар. "сите цареви незнабожечки... ќе ти говорат: и ти стана безсилен како нас! И ти стана сличен на нас" (вс.9-10). Луцифер беше значи цар како и секој друг цар.

3. Стих 20 вели дека семето на Луцифер ќе биде уништено. Стих 22 вели дека семето вавилонско ќе биде уништено, според тоа ги изедначува нив.

4. Запомни дека ова е една "изрека (парабола) против царот вавилонски" (в.4). Луцифер значи "ѕвезда деница" која е најсветла меѓу ѕвездите. Во параболата, таа ѕвезда гордо одлучува "ќе се искачам (повисоко) на небото, ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите (други) ѕвезди" (в.13). Затоа, ѕвездата е фрлена долу на земја. Ѕвездата го претставува царот на Вавилон. Дан.4, објаснува како Навуходоносор, царот вавилонски, гордо го разгледувал големото царство што го изградил, мислејќи дека ги победил другите народи со својата сила, наместо да увиди дека Бог му го даде успехот. "Величието (гордоста) твое пораснало и достигнало до небесата" (в.19). Затоа, "беше одведен од луѓето, јадеше трева како вол и телото негово се напојуваше само

со роса небеска, така што косите му израснаа како кај лав и ноктите му беа како кај птиците" (в.30). Ова ненадејно понижување на еден од најмоќните мажи во светот, во пореметен лудак беше толку драматичен настан, за да се повика параболата за паѓањето на ѕвездата деница од небото на земјата. Ѕвездите се симболични на големите луѓе, пр. Бит.37:9; Иса.13:10 (се однесуваат на вавилонските водачи); Јез.32:7 (се однесува на египетскиот водач); Дан.8:10 ср. в.24. Кревањето на небо и паѓањето од небо се библиски идиоми, често користени за порастот на гордоста и за соодветно понижување- види Јов 20:6; Јер.51:53 (за Вавилон); Плач 2:1; Мт.11:23 (за Капернаум): "ти, Капернауме, што си се воздигнал до небото, до пеколот (гробот) ќе слезеш".

5. Стих 17 го обвинува Луцифер за опустошување на светот "и ги разрушуваше градовите нејзини, робовите не ги пушташе по домовите нивни... (што го) наполнија лицето на земјата со градови"... "изнудувањето на злато" (вс.17,21, Р.В.; в.4 А.В. маргин). Сите овие се описи на вавилонска воена политика- сравнување цели области со земјата (како што направија со Ерусалим). Ги одведуваа заробениците во други области и не им дозволуваа да се вратат во својата домовина (како што им правеа на Евреите), градење нови градови и земање данок во злато од народи угнетувани од нив. Вака, има и истакнување на фактот дека Луцифер нема дури ни да го добие закопот што го имаа веќе другите цареви (вс.18-19), што имплицира дека тој беше само човечки цар како нив, пошто за неговото тело е потребно закопување.

6. Стих 12 вели дека Луцифер ќе биде "пресечен до земјата" ("се разби од земјата"- мак. изд.)- и имплицира дека е дрво. Тоа понатаму поврзува со Дан.4:5-13, каде Навуходоносор и Вавилон се споредени со дрво кое се сече.

7. Вавилон и Асирија се често променливи фрази кај пророците; така, говорејќи за демисијата на царот вавилонски, в.25 вели "за да го погубам Асура" Пророштвата за Вавилон во Иса.47, се повторени во врска со Асирија во Наум 3:5,4,18 и Соф.2:13,15; и 2Лет.33:11, вели дека царот асирски го одведе Манасија заробен во Вавилон- покажувајќи ја променливоста на изразите. Амос 5:27 вели дека Израел ќе оди во заробеништво "зад Дамаск", т.е. во Асирија, но Стефан го цитира ова  како "понатаму од Вавилон" (Дела 7:43). Ездр.6:1 го опишува Дариј, царот на Вавилон, како прави декрет кој се однесуваше за повторно градење на храмот. Евреите го славеа Бога зошто "го сврти кон нив срцето на асирскиот цар" (Ездр.6:22), повторно покажува дека се тие променливи изрази. Пророштвото на Иса.14, придружувано од многу други во Исаија, добро се вклопува во контекстот на асириската инвазија од Сенахерим, во времето на Езекија, оттука в.25 го опишува рушењето на Асирија. Стих 13 е полесен за разбирање, ако говори за богохулните Асирци во опсадата на

Ерусалим, кои сакаа да навлезат во Ерусалим и да го заробат храмот за своите богови. Порано асирскиот цар, Телгатфеласар, веројатно сакаше да го стори истото (2Лет.28:20,21); Иса.14:13: "А во срцето свое си велеше: Ќе се искачам на небото... (симболично за храмот и ковчегот- 3Цар.8:30; 2Лет.30:27; Пс.19:2,6; 10:4; Евр.7:26) и ќе седнам на гората во соборот на боговите (гората Сион, каде што беше храмот), на крајот од северот" (Ерусалим- Пс.47:1,2).

## Осврт 20: Искушенијата на Исус

Мт.4:1-11: "Тогаш Духот Го одведе Исуса во пустина за да биде искушуван од ѓаволот. И како постеше четириесет дни и четириесет ноќи, најпосле огладне. А кога се приближи до Него, искушувачот Му рече: Ако си Син Божји, кажи овие камења да станат лебови. А Он му одговори и рече: Напишано е- Не само од леб ќе живее човекот, а и од секој збор што излегува од устата на Бога. Тогаш ѓаволот Го одведе во Светиот град и Го постави на храмовата стреа и Му рече: Ако си Син Божји, скокни долу, зашто во Писмото стои: На ангелите Свои, ќе заповеда за Тебе да Те запазат и на раце ќе Те земат за да не Си ја сопнеш некако ногата од камен. А Исус му рече: Напишано е исто така- Не искушувај Го Господа, Твојот Бог. Го одведе ѓаволот потоа на многу висока планина и Му ги покажа сите царства на светот и нивната слава, и Му рече: Сето ова ќе Ти го дадам, ако паднеш и ми се поклониш. Но Исус му рече: Бегај од Мене, сатано, зашто е напишано: На Господа Твојот Бог, да Му се поклонуваш и само Нему да Му служиш! Тогаш ѓаволот Го остави и ете дојдоа ангели и Му служеа".

НАРОДНО ТОЛКУВАЊЕ: Овој пасус е читан со значење дека едно суштество наречено ‘ѓавол’ го искушувал Исуса на грев сугерирајќи му одредени нешта и водејќи го во примамливи ситуации.

КОМЕНТАР:

1. Исус е "таков, Кој искусил сè како и ние" (Евр.4:15), и "секого го искушува неговата похот, која го влече и мами" (Јак.1:14). Ние сме искушувани од "ѓаволот" на нашата сопствена похот или зли желби, па така беше и Исус. Ние не сме искушувани од едно зло суштество кое одеднаш застанува крај нас и нè поттикнува на грев- гревот и искушението доаѓаат "однатре, од срцето човечко" (Мк.7:21).

2. Искушенијата очигледно не можат да се земат дословно:

-Мт.4:8 имплицира дека Исус беше одведен на многу висока планина за да ги види сите царства на светот во нивната идна слава "наеднаш" (Лк.4:5). Не постои планина доволно висока да се види целиот свет. И зошто би му овозможила, висината на планината, на Исус да види каков би бил светот во иднина? Како што е земјата тркалеста, нема ниедна точка на нејзината површина од каде што некој би ги видел сите делови на светот истовремено.

-Една споредба меѓу Мт.4 и Лк.4 покажува дека искушенијата се опишани во различен редослед. Мк.1:13 вели дека Исус бил "во пустината, четириесет дни искушуван од сатаната", а Мт.4:2-3 вели "и како постеше четириесет дни... се приближи до Него искушувачот (сатана)". Бидејќи Писмото не може да си противречи, заклучуваме дека овие исти искушувања продолжувале да се повторуваат. Искушението да се претворат камењата во леб е еден очит пример. Ова би се вклопило убаво кога искушенијата би се појавувале во свеста на Исус. Да се биде од нашата природа, недостатокот на храна ќе се одразеше врз него и психички и физички, и така неговата свест лесно почнува да замислува работи. Само неколку дена без храна можат некого да одведат во делириум (ср. 1Цар.30:12). Сличноста помеѓу векни леб и камења е спомната од Исус во Мт.7:9, и несомнено тие слики често изронуваа во неговата измачена свест- иако секогаш се доведувани под брза контрола од неговото припомнување на Словото.

-Исус веројатно им кажувал на писателите на записите од евангелието за своите искушенија, и да ни се предочи, во зборови интензитетот на она на што беше изложен, го користеше сликовитиот приод виден во Мт.4 и Лк.4.

-Не приличи дека ѓаволот го водел Исуса низ пустината и улиците на Ерусалим и дека се искачиле на врвот од храмот заедно, и сето тоа пред љубопитните погледи на Евреите. Јосиф не прави никаков запис за такво нешто да се случувало- веројатно би предизвикало една голема мешаница. Исто така, ако тие искушувања се појавувале неколку пати во тие 40 дена, како и при крајот на тој период (што и се случиле најмалку два пати, бидејќи Матеј и Лука ги имаат по различен редослед), како би Исус имал време да оди (н.б. ѓаволот го "одвел" Исуса) до најблиската висока планина (која би била Ермон во далечниот север на Израел), да се искачи на врвот и повторно назад долу, да се врати во пустината и да ја повтори вежбата? Сите негови искушенија се случуваа во пустината- тој беше таму четириесет дена, искушуван цело тоа време од ѓаволот (кој се оддели тек при крајот Мт.4:11). Ако Исус беше

искушуван од ѓаволот секој ден, и искушенијата настанувале само во пустината, тогаш следува дека Исус не можел да ја напушти пустината за да оди во Ерусалим или да патува кон една висока планина. Затоа тие работи не можеле да се случат дословно.

-Ако ѓаволот е физичко лице кое ни малку не го почитува Божјото Слово и е заинтересиран во луѓето да прават грев, тогаш зошто би му го цитирал Исус Писмото за да го совлада? Према народното гледиште, тоа не би го истерало ѓаволот. Забележи дека Исус цитираше библиски пасус секој еден пат. Ако ѓаволот беше злите желби во срцето Исусово, тогаш е разбирливо дека со поседувањето на Словото во неговото срце и со потсетувањето на него, можеше да ги совлада лошите желби. Пс.118:11 е толку важен што можеби одредено ги претскажува Христовите искуства во пустината: "Ги сокрив во срцето свое заповедите Твои, за да не грешам пред Тебе".

-Мт.4:1 вели дека Исуса "**Духот** Го одведе... во пустина за да биде искушуван од ѓаволот". Тоа беше Духот Божји кој штотуку се спушти врз него (3:16). Би било необично нешто за Духот Божји да го води Исуса во пустината за да биде искушуван од едно натприродно суштество кое постои опречно на Бога.

ПРЕДЛОГ ОБЈАСНУВАЊА:

1. Кога Исус беше крстен во Јордан од Јован, ја доби моќта од Светиот Дух (Мт.3:16). Штом излезе од водата, беше одведен да биде искушуван во пустината. Знаејќи дека ја има моќта на духот да претвора камења во леб, да скока од градби неповреден и.т.н, тие искушенија мора да му беснееле во свеста. Ако некој му ги сугерираше тие работи, а Исус знаеше дека е таа особа грешник, тогаш искушенијата се многу помалку суптилни отколку кога би доаѓале внатре од Исусовата свест.

2. Искушенијата да ги земе царствата за себе би биле далеку помоќни ако му доаѓаа однатре. Умот би му бил исполнет со Писмото, и во неговата измачена состојба на свеста, причинета од неговото постење би било примамливо погрешно да се толкуваат пасусите за да му овозможат да ги употреби за оправдувањето да го земе полесниот излез од ситуацијата во која беше. Стоејќи на висока планина се сеќава Језекија дека му беше покажано какво би било царството од една висока планина (Јез.40:2), и Јован го виде "светиот

Ерусалим" од "една голема и висока гора" (Отк.21:10). Исус ги виде светските царства какви што ќе бидат во иднина (Лк.4:5), т.е. во царството, кога царствата на светов ќе постанат "царство на нашиот Господ и на Неговиот Христос" (Отк.11:15). Можеби тој помислил и на Мојсеј при крајот на четириесетте години пустинско скитање (ср. неговите 40 дена) гледајќи кон Ветената Земја (царството) од планината Нево. Е истакнато во Даниел (4:14,22,29; 5:21) "дека Севишниот владее над човечкото царство и го дава кому сака"; Исус знаеше дека само Бог, не некој друг, може да му го даде царството. Затоа и не ќе беше некое големо искушение ако едно зло чудовиште тврдело дека може да му го даде на Исуса царството, кога тој знаеше дека само Бог ја има таа моќ. Меѓутоа, Исус знаеше дека Неговата волја е да му го даде царството, и мораше да биде предлагано од "ѓаволот" во Исуса дека може да го земе тоа царство веднаш. Најпосле тој можеше да расудува, Бог ми ја предаде сета власт во иднина (Јв.5:26,27), дотаму што ја имаше моќта да го даде својот живот и повторно да го земе (Јв.10:18), иако конечната моќ му беше дадена тек по неговата смрт и воскресение (Мт.28:18).

3. Со своето познавање на Писмото, Христос би ги увидел сличностите помеѓу себе и Илија, чиј морал опадна после 40 дена во пустината (3Цар.19:8) и Мојсеј, кој го изгуби своето непосредно наследство на земјата при крајот на 40 години во пустината. Исус во крајот на 40 денови, беше во слична позиција со нив. соочен со стварната можност за неуспех. Мојсеј и Илија беа неуспешни, поради човечка слабост, не заради една особа наречена "ѓавол". Истата оваа човечка слабост, "сатана", или противник, беше што го искушуваше Исуса.

4. "И Му рече ѓаволот: Ако си Син Божји..." (Лк.4:3). Мора да му било постојано искушението во свеста да се запраша дали навистина бил Синот Божји, бидејќи сите други мислеа дека е синот на Јосиф (Лк.3:23; Јв.6:42) или незаконски (така Јв.9:29 имплицира), и дека официјалните храмски записи го опишуваа како син на Јосиф (Мт.1:1,16; Лк.3:23, "како што мислеа" значи ‘сметаше законот’). Тој беше единственото човечко битие што немаше човечки татко. Филип.2:8 имплицира дека Исус почнал да сфаќа оти стварно бил човек како нас, посочувајќи дека беше примамливо за него да не верува оти бил Син Божји, или погрешно да ја разбере својата сопствена природа.

5. Искушенијата беа управувани од Бога за негово духовно воспитување. Пасусите цитирани од Исус за да се засили против злите желби (‘ѓаволот’) се сите од истиот дел на 5Мој., кои говорат за искуството на Израел во пустината. Исус јасно виде паралела помеѓу своите и нивните искуства:

| 5 Мој. 8 | Матеј 4/ Лука 4 |
|---|---|
| в.2<br>"Те водеше Господ, твојот Бог по пустината (веќе 40) години, за да те искуша и да дознае што е во срцето твое, дали ги почитуваш заповедите (словото) Негови, или" не. | "Духот го одведе Исуса" 40 дни "во пустината". Исус беше потврден со искушенијата.Исус ги преброди со цитирање на Писмото што беше во неговото срце. (Пс.118:11). |
| в.3<br>"Он те смируваше, те мачеше со глад и те хранеше со мана за да ти покаже, дека човекот не живее само од леб, но човекот живее и од секој збор... на Господа" | "Најпосле огладне". Во Јв.6 Исус ја толкува маната дека го претставува Словото Божјо- со кое живееше во пустината. Тој увиде дека духовно живееше од Словото Божјо. "Он одговори... напишано е- Не само од леб ќе живее човекот, а и од секој збор" Божји |
| в.5<br>"И знај во срцето свое, дека Господ, твојот Бог, те казнува како што човекот го казнува синот свој." | Исус несомнено размислуваше за своите искуства. Бог го казнуваше Својот Син- 2Цар.7:14; Пс.88:32. |

Така Исус ни покажа како да го читаме и проучуваме Словото, тој се замислуваше во состојбата на Израел во пустината, и затоа ги извлече поучните лекции од нивните искуства во нивните пустински маки.

## Осврт 21: Војна на небото

Отк.12:7-9: "И настана војна на небото: Михаил и неговите ангели војуваа против змевот, а змевот и неговите ангели војуваа против нив; но не устојаа, и за нив веќе не се најде место на небото. И беше исфрлен големиот змев-старата змија, наречена ѓавол и сатана, која ја мами целата вселена, беше соборен на земјата, и заедно со него и ангелите негови беа исфрлени".

НАРОДНО ТОЛКУВАЊЕ: Ова е еден од најпознатите пасуси користен да предложи дека имало бунт на небото помеѓу ангелите, и како исход, ѓаволот и неговите ангели се исфрлени долу на земјата, каде во облик на змијата, почнаа да создаваат неволји и грев на земјата.

КОМЕНТАРИ:

1. Сѐ што научивме досега во оваа студија, мора да се изнесе за да го издржи овој пасус. Ние видовме дека ангелите не можат да грешат и дека не може да има никаков бунт на небото. Така овој пасус, кој е единствен од својот вид, мора да биде толкуван на начин кој не вклучува грешни ангели или дека има грешни ангели кои ги тераат луѓето на грев на земјата, бидејќи гревот доаѓа внатре од нас, не надвор од нас. (Мк.7:20-23).

2. Змијата е исфрлена од небото, имплицира дека првобитно била таму. Но дословната змија во Едем беше создадена од Бога, од правта земјена (Бит.1:24-25). Нема никаква импликација дека ѓаволот дошол долу од небото и дека влегол во змијата.

3. Забележи внимателно дека нема овде никакви препораки за ангели да грешат или да се бунтуваат против Бога, само за војна на небо. Нема никаква можност некој да се бори против Бога на Небо: "Никој не може да се спротивстави на она што го правам Јас" (5Мој.32:39 Г.Н.Б.).

4. После драмата од вс.7-9, в.10 вели дека имало "висок глас на небото да зборува: Сега настана спасението и силата и царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Христос, бидејќи е симнат клеветникот на браќата наши, кој ги клеветеше пред нашиот Бог дење и ноќе". Ако вс.7-9 настанале во почетокот на светот, пред времето на Адам и Ева, како би можело да се рече дека после падот на сатаната дошло спасението и царството Божјо? После гревот на Адама, човечкиот род ја почна својата тажна историја на робување на гревот и

неуспех, една состојба која тешко може да се опише како "спасение" и царство Божјо. Има радување дека ѓаволот- обвинителот- е исфрлен долу на земјата. Зошто би имало радување ако неговото доаѓање на земјата, беше почеток на грев и несреќа за човекот? Ако падот од небото на земјата е сфатен сликовито наместо дословно, како претстава на пад од авторитет (како Иса.14:12; Јер.51:53; Плач 2:1; Мт.11:23), многу повеќе смисла прави сето тоа. Ако сè ова се случило пред времето на Адам, или во најмала рака пред падот на човекот, како можел ѓаволот да ги обвинува "нашите браќа", кои тогаш не постоеле?

5. Ништо не покажува дека сето ова се случило во градината на Едем. Значајна точка е направена во Отк.1:1; 4:1, дека Откровението е едно пророштво за "она што треба да стане скоро". Према тоа, не е тоа опис на она што се случило во Едем, него пророштво на нешта што ќе бидат во некое време после 1 век, кога беше дадено Откровението од Исус. Секој, вистински покорен на Словото ќе увиди дека тој аргумент сам по себе ги исклучува сите обиди за однесувања на Откр.12 до градината едемска. И прашањето, исто така мора да се одговори зошто личноста на ѓаволот и известувањето за она што се случило во Едем би се чувало до самиот крај на Библијата пред да се открие.

6. "Големиот змев- старата змија" (Отк.12:9). Змевот имаше "седум глави и десет рогови" (в.3), према тоа не беше дословната змија. Тоа што е наречено "старата змија" покажува дека ги имало особините на таа змија во Едем, во смисла дека измамува како неа. Слично, "осилката на смртта е гревот" (1Кор.15:56), но тоа не значи дека смртта е буквално змија. Ги има особините на змијата, преку поврзаноста со гревот.

7. Ѓаволот беше исфрлен долу на земјата и беше крајно агресивен "зашто знае дека му останува малку време" (в.12). Ако ѓаволот бил истеран долу во Едем, тој имаше прилика да го измачува човекот низ целата негова долга историја- а тоа тешко дека е "малку време" во кое ќе разурнува и опустошува.

8. Како можел ѓаволот да ја мами "целата вселена" (в.9) пред да биде исфрлен од небото, кога гледаме дека немало никој во светот пред Адам?

9. В.4 вели дека змевот повлекол една третина ѕвезди од небото на земја, со својата опашка. Ако ова се чита буквално- а Отк.12 треба да се чита буквално во поддршка на познатото толкување- усправната големина на змевот е

неизмерна- една третина од целиот универзум (или барем соларниот систем) може да му се содржи само на опашката. Нема начин планетата земја да биде доволно голема да содржи вакво едно големо суштество спружено врз неа. Повеќето ѕвезди се поголеми од нашата земја- како тогаш третина од нив би се приземјиле врз неа? Проценето е дека третина од ѕвездите би се развлекле за околу пет трилиони милји. Толку би била долга опашката на змевот! И запомни дека ова се случило или ќе се случи, после 1 век н.н е. кога ова пророштво беше дадено

10. Во поглед на ова и многу други нешта во Отк.12 (и целото пророштво) кои се напросто лишени од секакво дословно исполнување, не изненадува дека пред сè ни е кажано (Отк.1:1 (грч. текст и А.В. после "Он го јави" продолжува "и означи тоа")) дека ова е една порака која е "означена"- т.е. ставена во јазикот на знаци или симболи. Како да го истакнува тоа во смислата од Отк.12, Отк.12:1 ја опишува подоцнежната акција како еден "голем знак".

11. Во читањето за што прави ѓаволот кога е на земјата, нема никаков опис за него да ги тера луѓето на грев; всушност вс.12-16 покажуваат дека ѓаволот бил неуспешен во своите обиди да причинува неволји на земјата еднаш штом пристигнал таму. Тоа противречи на познатото толкување.

12. Едно од клучните прашања во сфаќањето дали овој пасус ја поддржува идејата за една дословна војна на небото, е дали "небото" за кое се говори овде е дословно или сликовито. Ние објаснавме порано дека "небото" може сликовито да се однесува и за место на авторитет. Откровението дека е таква една симболична книга, треба да очекуваме дека таков е случајот овде.

Жената во в.1 е "облечена во сонце; под нозете нејзини беше месечината, а на главата нејзина- венец од дванаесет ѕвезди". Овие небесни тела, како и жената, јасно обесени на небото, не можат да се дословни. Таа не може да е дословно облечена во сонцето, или да има ѕвезди големи како земјата на нејзината дословна глава.

Друг знак се јавува во небото во в.3- еден црвен змев. Тоа воопшто се зема како дословно небо, но зошто би било, кога за истото небо се говори во в.1 а тоа е јасно фигуративно? В.4 покажува како змевот фрла една третина од ѕвездите небесни на земјата. Ние видовме дека поради големината на

ѕвездите и земјата, ова не може буквално да се однесува на ѕвезди или небо. Царството Божјо треба да се уреди на земјата (Дан.2:44; Мт.5:5), што нема да биде можно ако се уништи земјата (што би се случило) од огромни ѕвезди кои ќе паѓаат врз неа.

Жената на "небото", тогаш го роди детето, кое беше "грабнато и однесено при Бога и Неговиот престол" (в.5). Божјиот престол е на небо. Ако жената веќе беше на небо, зошто нејзиното дете треба да биде "однесено" на небо? Таа мора да е симбол на нешто од земјата, иако во фигуративно "небо". Таа потоа "побегна во пустина" (в.6). Ако таа дословно била на небо, ова значи дека има пустина на небо. Далеку е попогодно за неа да е во едно фигуративно небесно место, и потоа да побегне во една дословна или фигуративна пустина на земјата.

Така доаѓаме до в.7- "И настана војна на небото". Сите други препораки за "небото" во Отк.12 се сликовити, изгледа тек доследно дека ова била војна во едно сликовито небо. Тоа мора да е случај, бидејќи не може да има никаков бунт или грев во дословното небо (Мт.6:10; Пс.5:4,5; Авак.1:13). Воопштеното гледиште тврди дека злите ангели се затворени во пеколот; но овде се тие на небо. Затоа тие не се буквално ангели.

Присутниот писател понекогаш ги прашува оние кои веруваат во православната идеја за ѓаволот следново прашање: **'Може ли да добијам сожет библиски опис за ѓаволот, према твоето толкување на библиските пасуси?'** Одговорот е многу противречен. Према 'православното' расудување одговорот е нешто ваков:

а) Ѓаволот бил еден ангел на небо кој бил исфрлен во градината едемска. Тој бил фрлен на земјата во Битие 1.

б) Божемно дошол на земјата и се женал во Битие 6.

в) За времето на Јов се вели дека имал пристап на небото и на земјата.

г) Во времето на Иса.14 е исфрлен од небото на земјата.

д) Во Зах.3 е повторно на небо.

ѓ) Тој е на земјата во Мт.4. “Истеран” е за време смртта на Исус, према познатото гледиште дека “кнезот на овој свет” е “истеран” тогаш.

е) Има едно пророштво дека ѓаволот е истеран во Отк.12.

ж) Во Отк.20 е “окован”, но тој и неговите ангели беа оковани во Битие, према вообичаеното гледиште на Јуда 6. Ако бил врзан во “вечни окови” тогаш, како е тој повторно окован во Отк.20?

Од ова треба да е јасно дека народното гледиште дека ѓаволот бил истеран од небото заради грев, не може да биде вистина, бидејќи тој е опишуван како да е уште на небото после секоја појава на "истерување". Важно е да се разберат и 'небото' и ѓаволот во една сликовита смисла.

ПРЕДЛОГ ОБЈАСНУВАЊА:

1. Обидот целосно да се разложи ова поглавје е надвор од делокругот на нашите сегашни белешки. Потполното објаснување на овие стихови бара разбирање на целата книга на Откровението за да се стават во контекст.

2. Судирот во сликовитото небо - т.е. место на авторитет- беше према тоа помеѓу две моќни групи, секоја со своите следбеници, или ангели. Запомни, ние покажавме дека ѓаволот и сатаната се често поврзувани со римскиот и еврејскиот систем.

3. Дека ѓаволот- змев претставува еден вид политичка сила е покажано со тоа што има "на главите негови круни" (в.3). Отк.17:9,10 исто коментира за овој змев: "овде е потребен ум, што има мудрост"- т.е. не се обидувај да го сфаќаш ова животно за дословно суштество -"седумте глави, тоа се седумте гори...

седумте цареви". Еден од царевите продолжува "малку" можда поврзува со ѓаволот- змев, кој има тек "малку време" во Отк.12:12.

## Студија 6: Прашања

1. Кој е конечно одговорен за нашите проблеми и маки?

а) Бог

б) Прилика (шанса)

в) Грешното суштество наречено сатана

г) Грешните суштества наречени демони.

2. Што е одговорно за нашето искушение кон грев?

а) Нашата човечка природа

б) Бог

в) Зли духови

г) Грешно суштество наречено сатана.

3. Што значи ‘ѓавол’ како збор?

а) Грев

б) Змијата

в) Лажен обвинител/ клеветник

г) Луцифер

4. Што значи ‘сатана’ како збор?

а) Грешник      б) Противник

в) Ѕвер      г) Цар на демоните

5. Може ли зборот ‘сатана’ да се примени за добри луѓе?

6. На што можат ‘сатана’ и ‘ѓавол’ да се однесуваат фигуративно?

7. Како треба да го сфатиме однесувањето на ‘демони’ во Новиот завет?

а) Грешни ангели

б) Болести

в) Израз за болести, за кои се мислело дека се причинети од ‘демони’

г) Духовни суштества.

8. Што се подразбира под змијата во градината едемска?

## 7.1 Пророштва во Стариот завет за Исус

Студија 3 објасна како Божјата цел за спасение на луѓето беше восредоточена околу Исуса Христа. Ветувањата што Тој ги даде на Ева, Авраама и Давида сите говореа за Исуса како за нивни дословен потомок. Всушност целиот Стар завет посочува кон, и пророкува околу Христа. Законот на Мојсеј, на кој требаше Израел да му се покорува пред времето Христово, постојано посочуваше према Исус: "Законот беше за нас воспитувач во Христа" (Гал.3:24). Така за празникот Пасха, едно јагне во совршена состојба требаше се заколи (Исх.12:3-6); тоа го претставуваше жртвувањето на Исус , "Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе" (Јв.1:29; 1Кор.5:7). Беспрекорната состојба која се бараше за сите животински жртвувања посочува кон совршениот карактер на Исус (Исх.12:5 ср. 1Пет.1:19).

Низ Псалмите и пророците на Стариот завет има безброј пророштва за каков би бил Месијата. Тие посебно се восредоточени во опишување како тој ќе умре. Одбивањето на јудизмот да ја прифати идејата за Месија кој умира може едино да се должи на нивното невнимание кон тие пророштва, од кои неколку се сега дадени: -

| **Пророштва од Стариот завет** | **Исполнување на Христа** |
|---|---|
| “Боже мој, Боже мој.... зошто ме остави?” (Пс.21:1). | Ова беа точните зборови од Исус на крстот (Мт.27:46). |
| "Јас сум... презир во народот. Сите, што ме гледаа, ми се подбиваа; нишајќи со главите, велеа: Тој се надеваше на Господа; нека го избави, нека го спаси” (Пс.21:6-8 ). | Израел го презираше Исуса и му се потсмеваа (Лк.23:35; 8:53) и вртеа со главите (Мт.27:39), и го рекоа ова додека тој висеше на крстот (Мт.27:43). |

| | |
|---|---|
| “Јазикот ми се залепи за непцата... ми ги пробија рацете и нозете” (Пс.21:15,16). | Ова се исполни во жедта Христова на крстот (Јв.19:28). Пробивањето на рацете и нозете се однесува на физичкиот метод користен при распнувањата. |
| “Ги разделија меѓу себе алиштата мои и за облеката моја фрлија жреб” (Пс.21:18). | Точното исполнување на ова се наоѓа во Мт.27:35. |

Забележи дека Пс.21:22 е одредено цитиран, дека говори за Исус во Евр. 2:12.

| | |
|---|---|
| "Туѓ станав за браќата свои и чуден за синовите на мајка ми моја. Бидејќи ревноста за Твојот дом ме јаде" (Пс.68:8,9). | Ова добро го опишува чувството на Христос за отуѓување од своите еврејски браќа и од семејството свое (Јв.7:3-5, Мт.12:47-49).<br><br>Ова е цитирано во Јв.2:17. |
| И ми дадоа жолчка да каснам и кога зажеднев-со оцет ме напоија” (Пс.68:21). | Ова се случи додека беше на крстот (Мт.27:34). |

Цело Иса.53 е едно забележително пророштво за Христовата смрт и воскресение, од кое секој стих имаше непогрешиво исполнување. Само два примера ќе се дадат:-

| | |
|---|---|
| “Како што е јагнето пред стрижачи те свои безгласно, така и Он не ја отвори устата Своја” (Иса.53:7). | Христос, Јагнето Божјо, остана во молк за време на своето судење (Мт.27:12,14). |
| “Му определија гроб со злодејци, но Он беше погребан кај богатиот” (Иса.53:9). | Исус беше распнат со злодејци (Мт.27:38), но беше погребан во гробница на богат (Мт.27:57-60). |

И малку е за чудење што Новиот завет нѐ потсетува дека "законот и пророците" од Стариот завет се основите на нашето разбирање за Христа (Дела 26:22; 28:23; Рим.1:2,3; 16:25,26). Самиот Исус предупредува дека ако не ги разбереме правилно "Мојсеј и пророците", не можеме да го разбереме него (Лк.16:31; Јв.5:46, 47).

Дека законот Мојсеев посочуваше према Христа, и пророците пророкуваа за него, треба да е доволен доказ дека Исус не постоел физички пред своето раѓање. Лажното учење за физичкото ‘постоење' на Христа пред раѓањето ги прави бесмислени повторуваните ветувања дека тој ќе биде **семето** (потомокот) на Ева, Авраама и Давид. Ако тој веќе постоел на небо за време на тие ветувања, Бог ќе беше неисправен во ветувањата на овие луѓе еден потомок кој **би бил** Месија. Родословјето Христово, запишано во Мт.1 и Лк.3 покажува дека Исус имаше педигре кое се протегаше до оние луѓе на кои Бог им ги дал ветувањата.

Ветувањето до Давид за Христа не го допушта неговото физичко постоење во време кога се даваше тоа ветување: "Јас **ќе** го воздигнам **по тебе** твоето семе, што **ќе произлезе** од твоите бедра... Јас **ќе** му бидам татко, и тој **ќе** Ми биде син" (2Цар.7:12,14). Забележи ја употребата на идно време овде. Гледаме дека Бог **ќе биде** Таткото на Христос, не е возможно дека Синот Божји можел веќе да постои во времето кога е давано ова ветување. Дека тоа семе "**ќе произлезе од твоите бедра**" покажува дека тој требаше да биде еден дословно, физички потомок Давидов. "Му се заколна Господ на Давида во вистината... Од плодот на твојата утроба ќе поставам на престолот твој" (Пс.131:11).

Соломон беше првото исполнување на ветувањето, но пошто тој веќе беше физички присутен во времето на тоа ветување (2Цар.5:14), главното исполнување на тоа ветување дека Давид ќе има физички потомок кој би бил Божји син, мора да се однесува на Христа (Лк.1:31-33). "ќе му издигнам на Давида фиданка" (Јер.23:5)- т.е. Месија.

Слично идното време е употребувано и во други пророштва за Христа. "Јас **ќе** им (на Израел) издигнам пророк... каков што (е Мојсеј)" (5Мој.18: 18) е цитирано во Дела 3:22,23, кој го одредуваат ‘пророкот’ како Исус. "Девица (Марија) *ќе* зачне и ќе роди Син, и *ќе* Му го дадат името Емануел" (Иса.7:14). Ова беше јасно исполнето во Христовото раѓање (Мт.1:23).

## 7.2 Девственото раѓање

Записот за Христовиот зачеток и раѓање не ја допушта идејата дека тој физички постоел пред тоа. Оние кои го држат лажното учење на "тројството" се доведени до заклучок дека во еден момент биле три особи на небото, и тогаш една од нив исчезнала и некако се претворила во фетус во утробата на Марија, и оставила само двајца на небо. Ние видовме во Писмото дека сите постоења- вклучувајќи го и Божјото- се во физички, телесен облик. Затоа сме оставени да заклучиме од предпостоечкото верување дека Христос некако физички слегол од небото и влегол во утробата на Марија. Сета оваа комплексна теологија е прилично вон учењето на Писмото. Записот за почетокот Христов не дава причина или нешто друго, да се мисли дека физички го напуштил небото и влегол во Марија. Недостатокот на доказ за тоа е една голема 'алка која недостасува' во учењето за тројството.

> Ангелот Гаврил и се појави на Марија со порака "ќе зачнеш во утробата и ќе родиш Син, и ќе го наречеш со името Исус. Он ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот... А Марија му рече на ангелот: Како ќе биде тоа, кога јас не знам за маж? Ангелот и одговори и рече: Светиот Дух ќе слегне на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; па затоа и роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји" (Лк.1:31-35).

Два пати е истакнато дака Исус **ќе биде** Синот Божји по своето раѓање; јасно е дека Синот Божји не постоел пред своето раѓање. Повторно, многуте идни времиња треба да се забележат- пр. "Он **ќе биде** голем". Ако Исус физички веќе постоел кога ангелот ги говореше овие зборови на Марија, тој веќе би бил

голем. Исус беше "корен и род Давидов" (Отк.12: 16), грчкото 'генос' имплицира дека Исус беше 'генериран од' Давида.

## ЗАЧЕТОКОТ НА ИСУС

Преку Светиот Дух (Божјиот здив/сила) дејствувајќи врз неа, Марија го зачна Исуса без да има однос со маж. Така Јосиф не беше вистинскиот татко на Исус. Мора да се сфати дека Светиот Дух не е личност (види студија 2); Исус беше Синот Божји, не на Светиот Дух. Преку Божјата употреба на Својот Дух врз Марија, "**па затоа** и роденото ќе биде свето" кое што го роди таа "ќе се нарече Син Божји" (Лк.1:35). Употребата на зборот "па затоа" имплицира дека без дејството на Светиот Дух, врз утробата на Марија, Исус, Синот Божји, не ќе дојдеше во постоење.

Дека Исус беше 'зачнат' во утробата на Марија (Лк.1:31), е исто така доказ дека не можел физички да постои пред тоа. Ако ние 'зачнеме' една идеја, таа почнува во нас. Слично и Исус беше зачнат во утробата на Марија- тој почна таму како фетус, како и секое друго човечко суштество. Јв.3:16, библискиот најславен стих, бележи дека Исус беше "**Единороден** Син" Божји. Милиони луѓе кои го рецитираат овој стих не успеваат да размислат што тој имплицира. Ако Исус бил ‘роден’, почнал да се 'раѓа' кога беше зачнат во утробата на Марија. Ако Исус беше роден од Бога како негов Татко, тоа е јасен доказ дека Татко му е постар од него- Бог нема почеток (Пс.89:2) и затоа Исус не може да биде Самиот Бог (студија 8 е поопширна по оваа точка).

Показателно е дека Исус беше ‘роден’ од Бога а не создаден, како првобитниот Адам. Тоа ја објаснува блискоста на Божјото поврзување со Исус-"Бог го измири светот со Себе преку Христа" (2Кор.5:19). Дека Христос е **роден** од Бога, а не само создаден од прав, исто така помага при објаснувањето на природната склоност за патиштата Божји, својот Отец.

Иса.49:5,6 содржи едно пророштво за Христа како светло на светот, кое тој го исполни (Јв.8:12). Опишан е како размислува "Господ, Кој уште од утробата ме направи слуга Свој". Христос беше значи "направен" од Бога во утробата на Марија, преку силата на Неговиот Свети Дух. Јасно е дека утробата на Марија е местото на Христовото физичко потекло.

Ние видовме во студија 7.1 дека Пс.21 ги пророкува мислите Христови на крстот. Тој изрази дека Бог го "подигна од утробата... Кон Тебе сум приврзан уште од зачнувањето мое; од утробата на мајката моја" (Пс. 21:9,10). Во времето на неговото умирање, Христос се заврте кон своето потекло- кон утробата на неговата мајка Марија, направен од силата Божја. Самиот опис на Марија во евангелијата како Христова "**мајка**" сам по себе ја уништува идејата дека постоел пред своето раѓање од Марија.

Марија беше обично човечко суштество, со нормални човечки родители. Тоа е докажано од фактот дека таа имаше роднина, која го роди на Јован крстител, обичен човек (Лк.1:36). Римокатоличката идеја дека Марија не била од обична човечка природа, значи дека Христос не можел да биде и "човечки син" и "Син Божји". Тоа се неговите чести титули низ целиот Нов завет. Тој беше "син човечки" од причина што имаше мошне човечка мајка, и "Син Божји" поради Божјото дејствие на Марија преку Светиот Дух (Лк.1:35), со значење дека Бог му беше Татко. Овој прекрасен аранжман е сведен на ништожност ако Марија не била обична жена.

"Кој ќе се роди чист од нечист? Ниеден... Што е човек, та да биде чист и родениот од жена да биде праведен?... Како да биде чист родениот од жена?" (Јов 14:4; 15:14; 25:4). Ова става флека на секоја идеја за едно невино, чисто зачнување (имакуларна концепција) дека е можно, било од Марија или Исус.

Марија бидејќи "родена од жена", од обични човечки родители, мораше да ја има нашата нечиста, човечка природа, која ја пренесе на Исус, кој се "роди од жена" (Гал.4:4). Јазикот дека бил "**направен**" со посредувањето на Марија е понатамошен доказ дека не можел физички да постои без своето раѓање од неа. Диаглотт-от во Гал.4:4 употребува: "**се создаде** од жена".

Евангелиските записи често ја покажуваат човечноста на Марија. Христос мораше да ја укори барем трипати за недостаток на духовна приемчивост (Лк.2:49; Јв.2:4); таа не успеа да ги разбере сите негови говори (Лк.2:50). Тоа е точно, она што би и очекувале од една жена која е од човечка природа, чиј син е Синот Божји, и со тоа духовно поприемчив од неа, иако и тој, ја споделуваше човечката природа. Јосиф имаше однос со Марија после Христовото раѓање (Мт.1:25), и не постои никаква причина да се мисли дека тие немаа една нормална брачна врска оттогаш па натака.

Спомнувањето на Христовата "мајка и неговите браќа" во Мт.12:46,47 према тоа би имплицирало дека Марија имала други деца после Исус. Исус беше само "нејзиниот **прво**роден". Затоа, католичките учења дека Марија останала девица и потоа се вознесла на небо, немаат апсолутно никаква библиска поддршка. Како човечко суштество со смртна природа, Марија би остарела и умрела; освен тоа ние читаме во Јв.3:13, "никој не се искачи на небото". Фактот дека Христос имал човечка природа (види Евр.2:14-18; Рим.8:3) значи дека и неговата мајка морала да ја има, бидејќи неговиот Татко ја нема.

## 7.3 Христовото место во Божјиот план

Бог не ги одлучува Своите планови во поттикот на моментот, средувајќи посебни делови за Својата цел према одвивањето на човечката историја. Бог имаше целосен план одреден од самиот почеток на создавањето (Јв.1:1). Неговата желба да има Син беше према тоа во Неговиот план од самиот почеток. Целиот Стар завет открива различни погледи на Божјиот план за спасение во Христа.

Често докажувавме дека преку ветувањата, пророштвата на пророците, и од видот на законот Мојсеев, Стариот завет постојано ни ја открива Божјата цел во Христа. Заради Божјото знаење дека ќе има еден Син го доведе Тој создавањето во постоење (Евр.1:1,2, грч. текст). Заради Христа вековите на човечката историја беа допуштени од Бога (Евр.1:2 (грчки)). Следува дека Божјото откровение до човекот наназад низ годините, по записот на Стариот завет, е полн со препораки за Христа.

Христовата врвност и неговата голема и основна важност за Бога е тешко за нас во потполност да ја сфатиме. Па према тоа е вистина да се рече дека Христос постоеше во Божјата свест и намера уште од самиот почеток, иако едино дојде во постоење физичко преку своето раѓање од Марија. Евр.1:4-7,13,14 истакнуваат дека Христос не беше ангел; за време на својот смртен живот беше подолу од ангелите (Евр.2:7), тој беше издигнат на многу поголема чест од нив, бидејќи беше Божјиот "**Единороден Син**" (Јв.3:16). Ние покажавме порано дека единствениот облик на постоење за кој учи Писмото е постоењето во телесен облик, према тоа Христос не постоел како еден 'дух' пред своето раѓање. 1Пет.1:20 прави збир на состојбата: Христос "беше предназначен уште пред создавањето на светот, а се јави во последно време".

Исус беше средишната оска на евангелието, кое Бог "уште порано го беше ветил преку пророците во светите Писма, за Својот Син, по тело роден (создаден со раѓање) од семето Давидово, посведочен како Син Божји во силата по Духот на осветувањето, преку воскресението од мртвите" (Рим.1:1-4). Ова прави збир на историјата Христова:-

1. Ветен во Стариот завет- т.е. во Божјиот план;
2. Создаден како физичка особа преку девственото раѓање, како семе Давидово;
3. Заради својот совршен карактер ("духот на осветувањето"), покажан за време на неговиот смртен живот
4. Беше воскреснат, и повторно јавно објавен како Син Божји од апостолските духовно-вдахновени проповеди.

## БОЖЈОТО ПРЕДЗНАЕЊЕ

Многу ќе ни помогне во разбирањето колку целосно Христос беше во Божјиот ум во почетокот, додека физички не постоеше, ако го прифатеме фактот дека Бог ги знае **сите** работи кои ќе бидат во 'иднина'; Тој има потполно 'предзнаење'. Бог може према тоа да говори и размислува за работи кои не постојат, како да постојат. Таква е тоталноста на Неговото знаење за иднината. Бог "го вика она што не е како да е" (Рим.4:17). Затоа може да го објави "во почетокот она што ќе биде на крајот, од старо време она што уште не станало, па велам : Мојата одлука ќе се изврши, и сè што Ми е угодно- ќе го направам" (Иса.46:10). Затоа Бог, може да говори за мртвите како да се живи, и може да зборува за луѓе како да се живи и пред нивното раѓање.

"Одлуката", или словото Божјо, го пророкуваше Христа од почетокот; тој беше во Божјата цел или "угодност". Беше према тоа сигурно дека во некое време Христос физички ќе се роди; Бог би ја исполнил Својата изјавена цел во Христа. Сигурноста на Божјото предзнаење е према тоа одразена во сигурноста на Неговото Слово. Библискиот еврејски има 'пророчко свршено' време, кое користи минато време за опишување идни работи кои ги ветил Бог. Така рече Давид, "Еве **го** домот на Господа Бога" (1Лет.22:1), кога уште храмот беше само ветен од Бога. Таква беше неговата вера во тоа слово на ветување

што Давид го користеше сегашното време да опишува идни работи. Писмото обилува со примери за Божјото предзнаење. Бог беше толку сигурен дека ќе ги исполни ветувањата до Авраам што му кажа "на **потомството** твое **му ја давам** оваа земја" (Бит.15:18) во време кога Авраам ниту имаше потомство. За време на истиот период пред семето (Исак/Христос) да се роди Бог уште вети: "**ќе те направам** татко на многу народи" (Бит.17:5 (англискиот превод ја има запазено изворната суштина на оригиналот, мак. прев. го има занемарено ова правило, примерот како е преведен овој стих говори сам за себе: "Татко на многу народи **те направив јас тебе**" и претходниот стих: "На твоето **семе му ја дадов** Јас оваа земја"- и за жал е изгубена убавината на мислата)). Навистина, Бог "ги нарекува оние работи кои не се како да се".

Така Исус говореше за време на својата служба дека Бог "се Му **даде во** раката Негова" (Јв.3:35), иако ова не беше тогаш случај. "Сè **си** покорил под нозете негови... но сега уште не гледаме дека му е сè покорено" (Евр.2:8).

Бог говореше за Својот план за спасение преку Исуса "преку устата на Своите свети пророци од векот" (Лк.1:70). Бидејќи тие беа толку тесно поврзани со Божјиот план, за овие луѓе се говори како дословно да постоеле од почетокот, иако ова очито не е случај. Наместо тоа, можеме да речеме дека пророците беа во Божјиот план од почетокот. Јеремија е прв пример. Бог му рече: "Пред да те обликувам во утробата, Јас те познав, и пред да излезеш од утробата, те посветив: те поставив за пророк" (Јер.1:5). Така Бог знаеше сè за Јеремија дури и пред создавањето. Слично така Бог можеше да говори за персискиот цар Кир пред времето на неговото раѓање, користејќи јазик кој имплицира дека бил тогаш во постоење (Иса.45:1-5). Евр.7:9,10 е друг пример за ваков јазик на постоење да е користен за некој уште нероден тогаш.

На истиот начин како што е говорено за Јеремија, и пророците како да постоеле пред создавањето, а што се должи на нивниот удел во Божјиот план, така и за вистинските верници се говори како да постоеле тогаш. Очито е дека ние тогаш физички не сме постоеле освен во умот Божји. Бог "нè спаси и нè повика кон своето звање... по Својата добра волја и благодатта, што ни е дадена во Христа Исуса пред вечните времиња" (2Тим.1:9). Бог "нè избра преку (Христа) уште пред светот да се создаде... откако (нè) предопредели... по благоволение на Својата волја" (Еф.1:4,5).

Целосната идеја за поединци за кои Бог предвреме знае од почетокот, и се 'маркирани' ('предопределени') на спасение, покажува дека тие постоеле во свеста Божја во почетокот (Рим.8:27; 9:23).

Во светло на сѐ ова, не нѐ изненадува дека за Христа, како збир на целта Божја, се говори како да постоел уште од почетокот во Божјиот ум и план, иако не можел да биде физички таков. Тој беше "Агнецот, заклан од создавањето на светот" (Отк.13:8). Исус не умрел дословно тогаш; тој беше "Јагнето Божјо" жртвувано 4000 години покасно на крстот (Јв.1:29; 1Кор.5:7). Исто како што беше Исус избран од почетокот (1Пет.1:20), така беа и верниците (Еф.1:4; истиот грчки збор за "избрани" е употребен во овие стихови). Нашата потешкотија во разбирањето на ова е затоа што не можеме лесно да замислеме како Бог дејствува вон временскиот поим. "Верата" е способност да се гледаат работите од Божја гледна точка, без временската ограниченост.

## 7.4 "Во почетокот беше Словото"

**"Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога, и Бог беше Словото. Тоа во почетокот беше во Бога. Сѐ стана преку Него" (Јв.1:1-3).**

Овие стихови кога се правилно сфатени, потврдуваат и се прошируваат врз заклучоците достигнати во последниот оддел. Меѓутоа, овој пасус е еден од најраспространетите погрешно разбрани за учење дека Исус постоел на небото пред своето раѓање. Правилното разбирање на овие стихови завртува кон сфаќањето што "Словото" значи во овој контекст. Не може да се однесува на една особа, бидејќи една особа не може да биде "со Бога" и сепак да **биде** Бог истовремено. Грчкиот збор 'логос' кој е овде преведен "слово" не значи само по себе 'Исус'. Обично е преведуван како "слово", но исто и како:-

| | |
|---|---|
| Сметка | Причина (кауза) |
| Изразување | Доктрина |
| Намера | Проповедање |
| Разум | Говорење |
| Вести | |

За ‘словото’ се говори едино со ‘него’ (или ‘тој’ за 'зборот') бидејќи 'логос' е машки род во грчкиот јазик. Но тоа не значи дека тоа се однесува на човекот Исус. Германската (Лутхер) верзија говори за "дас Њорт" (среден род); Француската (Сегонд) верзија говори за "ла пароле" во женски род, покажува дека ‘словото’ не посочува нужно на машка особа.

## "ВО ПОЧЕТОКОТ"

'Логос' може строго да се однесува на внатрешната мисла која е изразена во зборови и друго изразување. Во почетокот Бог го имаше тој 'логос'. Едината намера беше центрирана во Христа. Ние покажавме како Божјиот Дух ги става Неговите внатрешни мисли во дејство, оттука врската помеѓу Неговиот Дух и Неговото слово (види Оддел 2.2). Како што Божјиот Дух го дејствуваше Неговиот план со луѓето и го надахнуваше Неговото пишано Слово од почетокот, така ја изразуваше и идејата за Христа во својата работа и зборови. Христос беше 'логос'-**от** на Бога, и затоа Божјиот Дух го изразуваше Божјиот план за Христа во сите свои дејства. Ова објаснува зошто толку многу старозаветни случки се својствени за Христа. Сепак, не може да се преистакне дека Христос лично не беше ‘словото’, Божјиот план за спасение преку Христа беше ‘словото’. 'Логос' (словото) многу често се користи во евангелието за Христа- пр. "**словото** Христово" (Кол.3:16; ср. Мт.13:19; Јв.5:24; Дела 19:10; 1Сол.1:8 и.т.н.). Забележи дека 'логос'-от е **околу** Христа, а не лично тој. Кога Христос се роди, тоа ‘слово’ се претвори во облик од месо и крв - "и Словото стана тело" (Јв.1:14). Исус лично беше 'словото кое стана тело' а не ‘словото’, тој лично стана ‘словото’ преку своето раѓање од Марија, а не во некое претходно време.

Планот или пораката за Христа, беше со Бога во почетокот, но беше отворено откриена во личноста Христова, и проповедта за евангелието околу него во 1 век. Така Бог ни го говореше Своето слово преку Христа (Евр.1:1,2). На пати е истакнувано дека Христос го говореше Божјото слово и правеше чуда по Божјото слово и заповед за да ни го открие Бога (Јв.2:22; 3:34; 7:16; 10:32,38; 14:10,24).

Павле ја послуша Христовата заповед да го проповеда евангелието за него "до сите народи": "Проповедта за Исуса Христа, по откровението на тајната, која беше скриена од почетокот на светот, а сега е објавена... обзнаена до сите

народи" (Рим.16:25,26 (во мак. изд. се изоставени стиховите 25,26,27) ср. 1Кор.2:7). Вечниот живот е едино овозможен за човекот преку делото Христово (Јв. 3:16; 6:53); сепак Бог во почетокот го имаше тој план за понуда на вечен живот на човекот, како што знаеше и за жртвата која Исус ќе ја направи. Потполното откривање на таа понуда едино дојде по раѓањето и смртта на Исус: "вечен живот, што го вети вечниот Бог... пред вечни времиња, и во свое време го јави Словото Свое (за живот) преку проповедта" (Тит 1:2,3). Ние видовме како се говори за Божјите пророци како да постоеле отсекогаш (Лк.1:70) во смисла дека 'словото' кое го говореа постоеше во Бога од почетокот.

Параболите на Исус открија многу од овие работи; тој према тоа го исполни пророштвото во врска со него, "Со параболи ќе ја отворам устата Своја; ќе ги искажам тајните од создавањето на светот" (Мт.13:35). Во оваа смисла беше дека "Словото беше во Бога... во почетокот", па да се "направи тело" при раѓањето Христово.

## "БОГ БЕШЕ СЛОВОТО"

Сега можеме да видиме во која смисла беше "Бог... Словото". Нашите планови и мисли сме во основа ние. 'Јас одам во Лондон', е 'слово' или изразување што ја изложува мојата цел, бидејќи тоа е моја цел. Божјиот план со Христа може да се сфати слично. "Какви му се мислите во душата (човечка) негова, таков е и тој" (Изрек.23:7), и како што Бог размислува, таков е и Тој. Така Божјиот збор или размислување **е** Бог: "Бог беше Словото". Затоа, има многу тесна поврзаност помеѓу Бога и Неговото слово: поистоветувања како Пс.28:8 се вообичаени: "Гласот Господов ја потресува пустината; ќе ја затресе Господ пустината". Изјави како "вие не **Ме** послушавте, вели Господ" (Јер.25:7) се вообичаени во пророците. Всушност Бог мисли 'не го слушавте **Моето слово** говорено од пророците'. Давид го зеде словото Божјо за свој светилник и светлина (Пс.118:105), сепак тој исто така изрази: "**Ти** си Господ, светило мое; Господ ја просветлува мојата темнина" (2Цар.22:29), поистоветувајќи го Бога со Неговото слово. Затоа е разбирливо, што Божјиот збор е олицетворен како Тој Самиот, т.е. се говори за словото како да е особа иако не е (види Осврт 5 'Принципот на олицетворување').

Бог е самата вистина (Јв.3:33; 8:26; 1Јв.5:10), и према тоа Божјото слово е исто така вистина (Јв.17:17). Слично Исус се поистоветува со своите зборови толку блиску, што го олицетворува својот збор: "Кој што се откажува од Мене и не ги

прима зборовите Мои, има Кој да го суди: Словото што го кажав, тоа ќе го осуди во последниот ден" (Јв.12:48). Исус говори за своето слово како да е вистинска личност, т.е. самиот тој. Неговите зборови беа олицетворени, зашто беа тесно поврзани со Исус.

Божјиот збор е исто така олицетворен како една личност, т.е. Самиот Бог, во Јв.1:1-3. Вака ни е речено во врска со словото "Сè стана преку Него" (Јв. 1:3). Меѓутоа "**Бог** ги создаде" сите работи со Своето слово на заповед (Бит.1:1). Затоа, за Божјото Слово се говори како да е тоа Самиот Бог. Побожната поента за бележење на ова е дека преку Божјото слово, имајќи го во нашите срца, Бог може да ни стане близок.

Од Бит.1 е јасно дека Бог беше Создателот, преку Своето слово, а не лично Христос. **Словото** е тоа кое е опишано дека ги прави сите работи, а не лично Христос (Јв.1:1-3). "Преку словото на Господа се зацврстија небесата, и преку Духот на устата Негова- сите сили нивни (т.е. ѕвездите)... Он рече и тие настанаа" (Пс.32:6,9). Дури и сега по Неговото слово работи природното создание: "ја испраќа на земјата Својата заповед ('благослов' мак. изд.); Неговиот збор брзо оди; дава снег како волна... Ќе го испрати Неговиот збор... и води потекуваат" (Пс.147:4-7).

Пошто Божјиот збор Му е творечка сила, Тој го употреби во зачнувањето на Исус во утробата на Марија. Словото, Божјиот план ставен во дејство од Неговиот Свети Дух (Лк.1:35) го доведе зачнувањето на Христа. Марија го позна ова во нејзиниот одговор на вестите околу нејзиното претстојно зачнување на Христа: "нека ми биде според **зборовите** твои" (Лк.1:38).

Ние видовме дека Божјото Слово/Дух ја одразува Неговата цел, која беше пројавена низ целиот Стар завет. Степенот на точноста на тоа е покажан во Дела 13:27, каде за Исус се говори како за паралела на зборовите од старозаветните пророци: Евреите "не го познаа Оној, и пророчките зборови". Кога се роди Христос, сè од Божјото Слово/Дух беше изразено во личноста на Исуса Христа. Под вдахновение, апостол Јован ликуваше, како Божјиот план за вечен живот беше изразен во Христа, кого учениците можеа да го допираат и да го гледаат. Тој сега увиде дека тие се справувале со Словото Божјо, со сиот Негов план за спасение во Христа (1Јв.1:1-3). Иако ние не можеме физички да го видиме Христа, и ние, можеме да се радуваме дека преку едно вистинско разбирање за него, можеме така интимно да ја знаеме Божјата цел со нас и со тоа да се осигураме со вечен живот (1Пет.1:8,9). Треба да се прашаме: 'дали

навистина го **познавам** Христа'? Само прифаќањето дека еднаш еден добар човек наречен Исус живеел не е доволно. Со постојано библиско проучување, тој може набрзо да се прифати за личен Спасител и да се биде поврзан со него преку крштевањето.

**Фуснота**: "Во почетокот беше Словото" веројатно коментира на еврејската замисла дека Тора (петтокнижието на Мојсеј) постоела пред создавањето. Јв.1:1-3 вели дека е важно да се увиди оти тие зборови Божји пророкуваа во врска со Исус; Божјиот план за него постоеше пред создавањето (ср. Лк.1:70).

## Осврт 22: Историскиот Исус

Ако, како што тврдат некои, нема никаков доказ дека Исус од Назарет некогаш постоел, тогаш самото постоење на христијанството е тешко да се објасни. Премногу се бара во очекувањето да се поверува дека милиони луѓе низ последниве 2000 години ги темелеле своите верувања врз некој кој никогаш не постоел, и дека имале таква една упорна вера во него што беа поттикнувани да ја шират својата вера во него ширум светот, често со ризик на прогонство и смрт. Христијаните и Евреите општо немаат никаква потешкотија да прифатат дека Мухамед еднаш живеел, додека ги отфрлаат неговите тврдења и учење. Всушност ние прифаќаме дека повеќето славни историски личности постоеле без барањето за критички осврт врз доказите. Чести анализи се правени на широко прифатените историски настани, пр. битката на Хастингс беше во 1066 и релативно е тешко пронаоѓањето цврсти докази.

Фактот дека некои толку упорно го порекнуваат самото постоење на Исус од Назарет сигурно докажува една претерана реакција, желба да се изнајде пригоден изговор за несоочување со причините за прифаќањето на неговото Месијанство. Ова се јавува поготово навистина кога ќе се сфати дека самите рани Евреи прифатиле дека една личност по име Исус постоела во 1 век. Следниве историски докази за постоењето на Исус од Назарет покажуваат дека на никако не може да биде отфрлен како една теолошка човечка измислица. Многу информации кои помагаат во овој оддел беа собрани од 'Древни докази за животот на Исус' од Гарѕ Хабермас.

1) Тацит беше римски историчар чии две поголеми книги околу 1 век ("Анали" и "Истории") и двете го спомнуваат Исуса и христијанството. Тој напиша во "Анали"-те (околу 115 н.е.):

"Класа омразена поради своите одвратности, наречени христијани од населението, Христос, од кого и води потекло името, пострада во строгата казна за време на владеењето на Тиберије од рацете на еден од нашите прокуратори, Понтије Пилат".

Императорот Тиберије владееше од 14-37 н.е. за чиј период Христос беше убиен, према овој запис. Тацит исто така опишува како верувањата на таа група "Надојдоа не само во Јудеја, првиот извор (на овие идеи), туку и во Рим", и продолжува со описот како христијаните беа нашироко мразени, и многу ставени  на смрт во Рим. Сето тоа се сложува со новозаветниот запис на Исус, учениците и апостолите прво го ширеа своето учење во Јудеја, и потоа низ целиот римски свет, вклучувајќи го и Рим, со голем отпор кон нив.

2) Светониј, друг римски историчар, коментираше во владеењето на Клавдиј (41-54 н.е.): "Бидејќи Евреите во Рим прават постојани немири поттикнувани од Хрестус, тој (Клавдиј) ги истера од градот". "Хрестус" е друго пишување за 'Христос'. Случајно, Дела 18:2 опишува како една еврејска двојка Акила и Прискила мораа да го напуштат Рим поради прогонството на Евреите. Светониј коментира подоцна за прогонството на христијаните во времето на Нерон: "По големиот пожар на Рим... Казните беа нанесувани и на христијани, секта која исповедува едно ново пакосно религиозно верување". Оваа препорака за постоењето на група наречена 'христијани' во 1 век предлага дека една личност по име 'Христос' постоела порано во тој век.

3) Ф.Ф Бруце ("Потеклото христијанско" стр.29,30) привлекува внимание кон фактот дека има препораки за историјата на источниот Медитеран пишувана од историчарот Талиј околу 52 н.е. Бруце покажува на друго место ("Новозаветни документи", стр.113) дека еден научник Јулиј Африканиј цитирал од Талиј, и се потсмевал на описот за темницата при распетието на Исус, дека се должело на помрачување на сонцето. Тоа предлага дека Талиј пишувал на сметка на распнувањето на Исус, кое беше неколку години пред тој да ја напише неговата историја во 52 н.е.

4) Плиние, римски владин службеник, на долго го споменува постоењето на една многу активна група луѓе наречени христијани во подоцнежните денови на 1 век. За нивното држење на помен служба вели: "Имаа навика на состанување во одредено предвиден ден пред да се раздени, кога пееја во наизменични стихови химна на Христа" ("Писма од Плиние", преведени од Њ. Мелмотх, вол.2, Џ:96). Римските императори и Трајан и Адријан го спомнаа проблемот за

справување со христијаните. За тие препораки, види "Писмата на Плиние" вол.2, Џ:97 односно Еусебиус' Еццлесиастицал Хисторѕ, ИВ:ИЏ. Постоењето на таа група уште од 1 век и нивната необична истрајност за време на прогонството предлага дека тие беа следбеници на една вистинска историска личност која живеела во 1 век.

5) Талмуд-от, еврејска света книга, во Санхедрин 43а говори за смртта на Исус. Дадено е на знаење дека овој дел од Талмуд-от датира од раниот период на составувањето на таа книга (т.е. 70-200 н.е.):

"Вечерата за Пасха Јешу (Исус) беше обесен. За четириесет дена пред да настане извршувањето, еден гласник појде и викаше, 'Тој ќе биде каменуван бидејќи практикуваше волшебништво и го одвлече Израел во отпадништво. Секој што може да каже нешто во негова одбрана, нека истапи во негова корист.' Но бидејќи ништо не беше изнесено во негова корист тој беше обесен вечерта за Пасха”.

‘Обесен’ може да биде идиом за распетие- така е користено во Новиот завет (Гал.3:13; Лк.23:39 (‘виси’). Овој пасус опишува дека Евреите сакале да го каменуваат Исуса (согласно Мојсеевиот закон, веројатно?), но вели дека всушност бил обесен. Објаснувањето за тоа е дадено од описот во Новиот завет, дека Евреите морале да го применуваат римскиот закон во извршување на смртта на Исус- што би било со бесење.

Санхедрин 43а исто објаснува како пет ученици од Исус беа судени и осудени на смрт, повторно покажувајќи дека Евреите по обичај верувале во постоењето на историскиот Исус. Санхедрин 106б дури вели дека Исус бил 33 години кога умре; точно колку и побарува Новиот завет. Маиер ("Првиот Велигден", стр.117,118) го цитира еврејскиот документ од 5 век "Толедотх Јесу", кој тврди дека неговите ученици се обиделе да го украдат телото на Исус после неговата смрт, но еден градинар по име Јуда слушнал за нивните планови и го преместил телото на Исус на друго место, и покасно им го предал на Евреите. Јустин Мартѕр пишувајќи во 150 н.е. бележи дека Евреите испратиле посебни гласници да тврдат дека телото на Исус било украдено ("Дијалог со Трипио", 108), и Тертулијан ("На спектакли", 30) има сличен приказ кога пишуваше во 200 н.е.

Помеѓу нив овие докази покажуваат дека Евреите од раните векови на н.е. верувале во постоењето и насилната смрт на историскиот Исус.

6) Грчкиот драматург Лукијан, пишувајќи во вториот век се подбива со христијаните кои "обожаваат еден човек до ден денес (кој) беше распнат" (Лукијан, Смртта на Перегрин 11-13 во ‘Делата на Лукијан’ вол.4 преведено од Фоњлер и Фоњлер).

7) Јосифиј е најпознатиот историчар на 1 век. Во неговата "Антиквитети", пишувана во 90-95 н.е., го спомнува Јакова, "братот на Исус, кого го викаа Христос". Тој исто говори во друг оддел на истата книга во изрази кои јасно ја потврдуваат новозаветната слика на Исус:

"Отприлика во ова време Исус, еден мудрец... зашто правеше изненадувачки подвизи... Тој беше Христос... Тој им се појави жив третиот ден, како што претскажаа вдахновените пророци за ова и десет илјади други чудесни работи во врска со него".

Така показателен е овој пасус што некои тврдеа дека е вметнат. Дека сè уште има причина за користење на овој пасус во поддршка на расправата оти имало човек Исус од Назарет кој живеел во 1 век е снабдено со следниве разгледувања:

-Евсибиј (Еццлесиастицал Хисторѕ, 1:ЏИ) го цитира овој оддел од Јосифиј.

-Угледни научници го поддржуваат првото читање дека е изворно, и можат да покажат дека тој оддел е напишан во истиот стил како и остатокот од делото на Јосифиј (види Даниел Ропс, ‘Молкот на Исусовите современици’ стр.21; Ј.Н.Д. Андерсон, ‘Христијанството: сведок на историјата’ стр.20; Ф.Ф. Бруце, "Новозаветни документи" стр.108,109).

-Нема никаков текст во доказ дека ова вметнато.

-Професор Схломо Пинес тврди дека арапската едиција на делата на Јосифиј беше пронајдена скоро сигурно за изворна. Пасусот посочен погоре се појавува

таму, но без јасните научни изјави за воскресението и Месијанството на Исус, кои беа направени во извадокот даден погоре. Тоа е логично, бидејќи Јосифиј беше Евреин. Пинес прво ги обелодени своите наоди во "Тхе Нењ Ѕорк Тимес", фев. 12 1972, во кое го цитира расправаниот пасус на Јосифиј од арапската верзија: "Во ова време имаше еден мудрец по име Исус. Добро воспитан и познат по беспрекорноста. И многу луѓе меѓу Евреите и другите народи станаа негови ученици. Пилат го осуди на распетие и смрт. И оние кои му беа ученици не го напуштија неговото учење. Тие известија дека им се појавил три дена по распетието и дека бил жив; според тоа, можда беше односниот Месија за кого пророците раскажуваа чуда".

Овој приказ прекрасно се совпаѓа со оној од Новиот завет.

**Осврт 23: "Слегов од небото"**

> **"Лебот Божји е Оној, кој слегува од небото и му дава живот на светот... (Јас ) слегов од небото" (Јв.6:33,38).**

Овие зборови, и други слични, се погрешно користени да ја поддржуваат погрешната идеја дека Исус физички постоел на небото пред своето раѓање. Следниве точки, сепак, треба да направат:

1. Тројничарите ги земаат за дословни овие зборови за да ја докажат својата поента. Меѓутоа, ако ги земеме за дословни, тогаш тоа значи дека некако Исус буквално се спуштил низ небото. Не само што Библијата молчи за тоа, туку и јазикот за Исус дека е **зачнат** како бебе во утробата на Марија е направен бесмислен. Јв.6:60 го опишува учењето за маната дека е "тешко за примање" (Моффатт-преводот): т.е. треба да разбереме дека е користен сликовит говор.

2. Во Јован 6, Исус објаснува дека тој беше еден вид мана. Маната беше давана од Бога во смислата дека Бог беше одговорен за нејзиното создавање на земјата; таа не се спушташе физички долу од престолот Божји на небо. Така Христовото доаѓање од небото треба да се сфати исто; тој беше создаден на земјата од Светиот Дух кој дејствуваше врз утробата на Марија (Лк.1:35).

3. Исус вели "лебот што ќе го дадам Јас, е **Моето тело**" (Јв.6:51). Тројничарите тврдат дека 'Божјиот' дел од Исус слегол од небото. Но Исус вели дека 'телото'

му е лебот што слегло од небото. Слично Исус се поврзува себе "Синот **Човечки**" не "Синот Бог" со лебот небесен (Јв.6:62).

4. Во истиов пасус од Јован 6 има обилни докази дека Исус не беше еднаков на Бога. "Ме **прати** живиот Отец" (Јв.6:57) покажува дека Исус и Бог не ја делат соеднаквоста; и фактот "Јас живеам преку Отецот" (Јв.6:57) тешко да е 'со-вечноста' за која говорат тринитарците.

5. Треба да се праша, кога и како Исус 'слегол' од небото? Тројничарите ги користат овие стихови од Јован 6 да 'докажат' дека Исус слегол од небото при своето раѓање. Но Исус говори за себе како "Оној, Кој слегува од небото" (в.33,50), како да е стален процес. Говорејќи за Божјиот дар на Исус, Христос рече "Мојот Отец **ви дава** вистински леб" од небото (в.32). Во време кога Исус ги говореше овие зборови, тој веќе беше 'слезен' во една одредена смисла, дека бил пратен од Бога. Затоа, тој исто така можеше да говори во минато време: "Јас сум живиот леб што **слезе** од небото" (в.51). Но тој исто така говори дека 'слегува' како леб од небото во обликот на својата смрт на крстот : "Лебот што **ќе** го дадам Јас, е Моето тело, што ќе го предадам за животот на светот" (в.51). Значи тука го имаме Исус како говори дека веќе слегол од небото, дека е во процес на 'слегување', и дека сѐ уште треба да 'слезе' во својата смрт на крстот. Овој факт сам по себе треба да докаже дека 'слегувањето' се однесува на Божјото објавување Себе, а не дека се однесува само на Христовото раѓање. Ова е заклучно докажано по сите старозаветни препораки за Божјото 'слегување' кои го имаат тоа исто значење. Така Бог ја виде огорченоста на Својот народ во Египет, и 'слезе' за да ги спаси преку Мојсеј. Тој го виде нашето ропство на гревот, и 'слезе' или Се објави, со праќањето на Исус како еквивалент на Мојсеј да нѐ изведе од ропство.

## Осврт 24: Дали Исус ја создаде земјата?

> **"Првороден пред секоја ствар, бидејќи преку Него (Исус) е создадено сѐ што е на небесата и што е на земјата, видливо и невидливо; било престоли, било господства, било началства, било власти- сѐ е преку Него и за Него создадено. Он е пред сѐ, и сѐ преку Него се држи. И он е глава на телото, односно на Црквата; Он е почеток, првороден меѓу мртвите... (Кол.1:15-18). Ова е типично за оние пасуси кои оставаат впечаток дека Исус всушност ја создал земјата.**

1. Ако ова беше точно, тогаш толку многу други пасуси се противречни кои учат дека Исус не постоел пред своето раѓање. Записот во Битие јасно учи дека Бог беше Создателот. Или Исус или Бог беше творецот; ако кажеме дека Исус беше создател додека Битие вели дека бил Бог, ние велиме дека Исус беше директно еднаков со Бога. Во тој случај е невозможно да се објаснат многуте стихови кои ги покажуваат разликите помеѓу Бога и Исуса (види студија 8.2 за примери на ова).

2. Исус беше '**прквороден**', што вметнува еден почеток. Нема никаков доказ дека Исус беше Божји 'првороден' пред создавањето на дословната земја. Пасуси како 2Цар.7:14 и Пс.88:27) предвидоа дека еден дословен потомок Давидов ќе **биде** Божји првороденец. Јасно дека тој не беше во постоење во времето кога тие пасуси беа пишувани, а према тоа ниту во времето на создавањето во Битие. Исус постана "Син Божји во силата" **преку** воскреснувањето од мртвите (Рим.1:4). Бог "Го воскресна Исуса. Како што е во вториот псалм напишано: Син Мој си Ти. **Денес** Те родив Јас" (Дела 13:32,33). Така, Исус постана Божјиот првороденец со своето воскресение. Забележи и тоа дека еден син кој стои при десната рака на таткото е поврзан со тоа дека е првороден (Бит.48:13-16), и Христос беше вознесен десно од Бога по воскресението (Дела 2:32 Р.В. мг.; Евр.1:3).

3. Во таа смисла Исус е опишан како првороден од мртвите (Кол.1:18), фраза која е еднаква со "првороден пред секоја твар" или создание (Кол.1:15). Тој према тоа говори за себе како за "првороден од мртвите... почетокот на Божјото создание" (Отк.1:5; 3:14). Исус беше првиот од новото создание на бесмртници, чие воскресение и целосно раѓање како бесмртни Божји синови е овозможено преку смртта и воскресението на Исус (Еф.2:10; 4:23,24; 2Кор.5:17). "Во Христа сите (вистински верници) ќе оживеат; но секој по својот ред : прв е Христос, а потоа при Неговото доаѓање, ќе воскреснат сите што се Христови" (1Кор.15:22,23). Ова е истата идеја како во Кол.1. Исус беше првиот кој стана од мртвите и кој доби бесмртност, тој беше прв од своето создание, и вистинските верници ќе го следат тој модел по неговото враќање.

4. Созданието за кое се говори во Кол.1 према тоа се однесува на новото создание, а не на она во Битие. Преку делото на Исус "беа создадени сите работи... престоли... власти" и.т.н. Павле не вели дека Исус ги создал тие работи па потоа да дава примери на реки, планини, птици и.т.н. Елементите на тоа ново создание се однесуваат на наградите кои ќе ги имаме во Божјото царство. "Престоли... власти" и.т.н. се однесува на како воскреснатите верници ќе бидат "цареви и свештеници; и ќе царуваме на земјата" (Отк.5:10). Тие

работи беа овозможени преку делото на Исус. "Преку Него е создадено сè што **е на небесата**" (Кол.1:16). Во Еф.2:6 читаме за верниците кои се **во** Христа како седат на 'небесата'. Така овие стихови учат дека возвишената духовна состојба која можеме сега да ја имаме, како и она што ќе го доживееме во иднината, беше сè овозможено од Христа. "Небесата и земјата" ги содржат сите работи на кои им беше потребно помирување преку крвта Христова на крстот (Кол.1:16,20), покажувајќи дека "сè... небесно" се однесува на верниците кои сега седат во "небесата... во Исус Христос", а не на сите физички работи околу нас.

**Осврт 25: "Јас постојам уште пред да се роди Авраам"**

(Јв.8:58)

**Овие зборови се често погрешно применувани дека Исус постоел пред Авраама. Меѓутоа, поблиското испитување открива дека спротивното е вистина:**

1. Исус не вели "Јас **постоев** уште пред да се роди Авраам". Тој беше ветениот потомок Авраамов; ги правиме бесмислени Божјите ветувања до Авраам ако речеме дека Исус физички постоел пред времето на Авраам.

2. Контекстот на Јв.8:58 е Христовиот јавен говор со Евреите околу Авраама. За нив, Авраам беше најголемиот човек што може да постои. Исус вели "Јас сум **сега**, тука, поважен од Авраам". Како што тие стоеја таму, Исус беше за поудостојување отколку Авраам. Тој вели 'Јас сум **сега**, поважен отколку некогаш Авраам'. (ова е една игра на зборови што не добива смисла со мак. превод "Јас постојам уште пред да се роди Авраам". Во англиската Библија чие отстапување од изв. текстови е минимално стои "Јас сум, пред Авраам" 'пред'= 'порано'; значи Исус вели: 'Јас сум (сега, за вас важен) порано (ви беше важен) Авраам'). Можно е да се сфати она "пред" во Јв.8:58 со некоја препорака на времето, во смисла дека пред да постои Авраам, Христос беше во Божјиот план уште од почетокот на светот. Така, Исус беше "пред" Авраам во смисла дека бил "пред" него во однос на важност.

3. Доказ за тоа има во Јв.8:56. "Авраам, таткото ваш, би се зарадувал да го види Мојот ден; и го види и се зарадува". Едино време запишано дека Авраам се смеел и радувал беше кога му беше ветено дека ќе има семе; тој разбра дека конечно тоа ветување се однесува на Исус (Бит.17:17). Авраам 'виде'

према Христа преку ветувањата до него за Исуса. Тој коментираше за идното жртвување на Исуса: "Господ ќе предвиди" (Бит.22:14 ("Во горатa Господова ќе биде **видено**" евр. текст)). Во таа смисла говореше Исус дека Авраам го **видел** него. Во овој контекст на говорење за ветувањата Исус можеше да рече "Јас постојам уште пред да се роди Авраам". Тој сфаќаше, како што објаснавме во оддел 3.1, дека Божјите ветувања на Авраам го откриваа планот за Исус кој Бог го знаеше од почетокот на светот. Таа цел, која беше "пред Авраам да биде", беше откриена на Авраам во ветувањата до него, и сега беше исполнувана во очите на Евреите од 1 век, како што стоеја во круг околу Исуса, "словото (ветено) направено тело".

4. Често се тврди дека Исус алудира на Божественото Име кога вели, "Јас постојам" ('Јас сум'). Ние објаснавме во Осврт 3 дека Исус всушност и обични луѓе **можат да го носат** името Божјо, без тоа да значи дека се Самиот Бог лично. Меѓутоа, можеби Исус само го користи сегашното време на глаголот 'бев'. Истата грчка творба се појавува во Јв.9:9 неколку стихови покасно. Соседите на слепиот човек кој беше излечен се прашуваа дали тој всушност бил истиот човек кој обично седеше и просеше : "Едни велеа: Тој е, а други Личи на него.Тој, пак, зборуваше: Јас сум". Слепиот човек вели "Јас сум", исто како и Исус што вели "Јас сум" во Јв.8:58. Ако речеме дека фактот што Исус рече "Јас сум" докажува дека е самиот Бог, тогаш треба да заклучиме дека и слепиот човек бил исто "самиот Бог". Меѓутоа, вредно е за бележење дека Јахве, Божественото Име, всушност значи "Јас ќе бидам кој што ќе бидам" (Исх.3:14 Р.С.В. мг.) повеќе отколку "Јас сум".

## Осврт 26: Мелхиседек

Многу ученици на Библијата рекле од срце 'Амин' на зборовите од апостол Петар кога напиша: "возљубениот наш брат Павле... во сите свои посланија, во кои има некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат, како и другите Писма, за своја погибел" (2Пет.3:15,16). Тоа сигурно се применува на коментарот од Павле за Мелхиседека кој е запишан во Евреите; тој самиот призна дека оди длабоко, говорејќи за работи кои можат да се сфатат од зрели верници. Према тоа не е во ред да се темели основна доктрина врз учењето на вакви стихови; ниту би требало пасусите на Мелхиседек да се појавуваат крупно во умот на оние кои уште ги учат основните учења на Писмото.

"Тој Мелхиседек беше цар Салимски (Ерусалим), свештеник на Севишниот Бог, кој што го пресретна Авраама, кога се враќаше од борбата со царевите, и го благослови" за кого се говори дека е “без татко, без мајка, без род (родословје), немаше ни почеток на дните, ниту крај на животот, и по таков начин е уподобен на Синот Божји" (Евр.7:1,3). Од ова е расправано од некои дека Исус дословно постоел пред своето раѓање, и према тоа немал човечки родители.

Исус имал татко (Бог) и мајка (Марија) и родословје (види Мт.1, Лк.3 и ср. Јв.7:27). Затоа 'Мелхиседек' не може да се однесува за него лично. Покрај тоа Мелхиседек беше "уподобен на Синот Божји" (Евр.7:3); тој не беше самиот Исус, но имаше одредени сличности со него кои се користени од писателот за поучни цели. "Кога се воздига слично на Мелхиседека друг свештеник", Исус (Евр.7:15), кој беше поставен свештеник "по чинот Мелхиседеков" (Евр.5:5,6).

Јазикот во Евреите за Мелхиседек напросто не може да се земе буквално. Ако Мелхиседек буквално немал татко или мајка, тогаш единствената особа која тој можеше да биде беше Самиот Бог; Тој е единствената личност без почеток (1Тим.6:16; Пс.89:2). Но ова е забрането од Евр.7:4: "Гледате ли колку е голем оној" човек, и исто така со фактот дека бил гледан од луѓе (а Бог не може да биде) и нудел жртви на Бога. Ако е тој наречен човек, тогаш морал да има буквално родители. Тоа што е "без татко, без мајка, без род" мора да се однесува на фактот дека неговото педигре и родители се незабележани. Родителите на царицата Естира не се запишани, па така и нејзината позадина е опишана на сличен начин. Мардохеј "ја воспитуваше... Естир- ќерка на чичко му, бидејќи таа немаше ни татко ни мајка... а по смртта на татка и, Мардохеј ја прибра при себеси место ќерка" (Естир 2:7).

Книгата на Битие обично нашироко и надолго ги претставува семејните позадини на сите карактери кои ни ги нуди. Но Мелхиседек се појавува на сцената ненајавен, без запис за неговите родители, и исчезнува од приказот со еднаква ненадејност. Сепак нема сомнение дека заслужуваше многу големо уважување; дури големиот Авраам му плаќаше десеток, и беше благословен од него, јасно покажувајќи ја превласта на Мелхиседека врз Авраам (Евр.7:2,7).

Павле не прави само душевна вежба со Писмото. Имаше еден многу реален проблем во 1 век што аргументот на Мелхиседек можеше да го реши. Евреите расудуваа: 'Вие христијани ни велите дека овој Исус сега може да ни биде првосвештеник, кој ќе ги нуди нашите молитви и дела горе на Бога. Но еден свештеник мора да има познат родослов. И секако, сами признавате дека Исус

бил од племето на Јуда (Евр.7:14). Жалиме, за нас Авраам е нашиот врвен лидер и пример (Јв.8:33,39), и нема да го почитуваме овој Исус '.

На што Павле одговара:

'Но сетете се на Мелхиседека. Записот на Битие е составен да покаже дека таков еден голем свештеник немал никаков родослов; и Месијата ќе биде и двете, цар и свештеник, чие свештенство е по угледот на Мелхиседек (Евр.5:6 ср. Пс.109:4). Авраам беше подреден на Мелхиседека, па вашето истакнување треба да го свртете од Авраама на Исуса, и престанете да му придавате толку важност на прашањето за родословот (види 1Тим.1:4). Ако размислувате за тоа колку е Мелхиседек еден вид Исус (т.е. деталите на неговиот живот посочуваа на него), тогаш ќе имате поголемо разбирање за делото Христово '.

И ние можеме да ја сфатиме таа лекција за нас.

## Студија 7: Прашања

1. Наведи две старозаветни пророштва кои се однесуваат за Исус.

2. Дали Исус физички постоел пред своето раѓање?

3. Во која смисла може да се каже дека Исус постоел пред своето раѓање?

а) Како ангел

б) Како дел од тројство

в) Како дух

г) Само во свеста и целта Божја.

4. Кои од следниве изјави се вистинити за Марија?

а) Таа беше совршена, безгрешна жена

б) Таа беше една обична жена

в) Таа забремени со Исус од Светиот Дух

г) Таа ги нуди сега нашите молитви на Исус.

5. Дали Исус ја создал земјата?

6. Што подразбираш под Јв.1:1-3 “во почетокот беше словото”? Што тоа **не** значи?

7. Зошто мислиш дека е важно да се биде сигурен во тоа дали Исус физички постоел пред своето раѓање?

## 8.1 Природата на Исус: вовед

Мора да е една од најголемите трагедии  во христијанското мислење дека Господ Исус Христос не ја добил честа и воздигнувањето заради својата победа врз гревот, преку изградувањето на еден совршен карактер. Распространетото учење кое се држи за 'тројството' го прави Исуса Самиот Бог. Бидејќи Бог не може да биде искушуван (Јак.1:13) и нема никаква можност за грешење, тоа значи дека Исус не морал всушност да се бори против гревот. Неговиот живот на земјата беше према тоа едно преправање, и ги доживувал човечките искуства, без никакво вистинско чувство за духовната и физичката дилема на човечката раса, бидејќи тој не беше лично погоден од нив.

Од другата страна пак, групите како мормони и Јеховини сведоци не успеваат исправно да ја увидат чудесноста на Христа како единороден Син Божји. Како таков, тој не можел да биде еден ангел или природен син на Јосиф. Од некои е предлагано дека за време на својот живот, Христовата природа била како онаа на Адам пред падот. Покрај немањето библиски докази за тоа гледиште, не се увидува дека Адам беше создаден од Бога од правта, а Исус беше 'создаден' со тоа што беше **роден** од Бога во утробата на Марија. Така, иако Исус немаше човечки татко, тој беше зачнат и роден како нас во секој друг поглед. Многумина не можат да прифатат дека еден човек од нашата грешна природа можел да има совршен карактер. Тој факт е препреката кон една вистинска вера во Христа.

Да се верува дека Исус беше од наша природа, а безгрешен во својот карактер и дека **секогаш** ги совладувал своите искушенија, не е лесно. Потребно е многу промислување врз евангелиските записи за неговиот совршен живот, здружено со многуте библиски пасуси кои порекнуваат дека тој беше Бог, за да се дојде до едно цврсто разбирање и вера во вистинскиот Христос. Далеку е полесно да се претпостави дека тој беше Самиот Бог, и према тоа автоматски совршен. Сепак ова гледиште ја понижува големината на победата која Христос ја извори против гревот и човечката природа.

Тој имаше човечка природа; тој ја споделуваше секоја наша грешна склоност (Евр.4:15), сепак тој ги совлада со својата преданост кон Божјите патишта и побара Негова помош да го совлада гревот. Неа Бог благонаклоно му ја даде, дотаму што "го измири светот со Себе преку Христа" преку Својот сопствен Син (2Кор.5:19).

## 8.2 Разлики помеѓу Бога и Исус

Има една фина рамнотежа што треба да се подвлече помеѓу оние пасуси кои го истакнуваат степенот до кој "Бог беше во Христа" и оние кои му ја осветлуваат човечноста. Последнава група пасуси оневозможува библиски да се оправда идејата дека Исус е Самиот Бог, "вистински Бог од вистинскиот Бог", како што погрешно изјавува учењето за тројството. (Фразата "вистински Бог од вистинскиот Бог" беше употребена на Собирот во Никеја во 325 н.е., каде што идејата дека е Бог едно 'тројство' беше прво јавно прогласена; таа беше непозната на раните христијани). Зборот 'тројство' никогаш не се појавува во Библијата. Студија 9 ќе истражува понатаму во Христовата целосна победа врз гревот, и Божјиот удел во тоа. Започнувајќи ги овие студии, да запомнеме дека спасението зависи од едно исправно разбирање за вистинскиот Исус Христос (Јв.3:36; 6:53; 17:3). Еднаш штом дојдеме до тоа вистинско разбирање на неговата победа врз гревот и смртта, можеме да бидеме крстени во него за да го делиме неговото спасение.

Едно од најјасните сумирања на односот помеѓу Бога и Исуса има во 1Тим. 2:5: "**Еден** е Бог, и еден е **Посредникот** помеѓу Бога и луѓето, **Човекот** Христос Исус". Размислувањето врз истакнатите зборови води кон следниве заклучоци:-

-Бидејќи само **еден** е Бог, невозможно е дека Исус може да биде Бог; ако Таткото е Бог и Исус е исто така Бог, тогаш се два Бога. "Сепак ние имаме еден Бог Отец" (1Кор.8:6). 'Богот Отец' е према тоа единствениот Бог, и затоа е невозможно дека може да има едно одделно суштество наречено 'Богот Син', како што тврди лажното учење за тројството. Стариот завет исто така го опишува Јахве, единиот Бог, како Отецот (пр. Иса. 63:16; 64:8).

-Како додаток на овој еден Бог, тука е посредникот, човекот Христос Исус- "...**и** еден Посредник". Буквата 'и' покажува една разлика помеѓу Христа и Бога.

-Бидејќи Христос е ‘Посредник’ значи дека е еден д- помеѓу. Посредник помеѓу грешните луѓе и безгрешниот Бог не може да биде Самиот безгрешен Бог; мораше да биде безгрешниот човек, од грешна човечка природа. "**Човекот** Исус Христос" не нè остава во сомневање за точноста на тоа објаснување. Иако пишуваше по вознесувањето на Исус, Павле не говори за "Богот Христос Исус".

Неколку пати сме потсетувани дека "Бог не е човек" (Бро.23:19; Ос.11:9); сепак Христос беше јасно "синот човечки" како што е често нарекуван во Новиот завет, "**човекот** Христос Исус". Беше "Син на Севишниот" (Лк.1:32). Бог дека е "Севишни**от**" покажува дека само Тој ја има крајната висина; Исус дека е "**Син** на Севишниот" покажува дека тој не можел да биде Самиот Бог лично. Самиот јазик за Татко и Син кој е користен за Бога и Исуса, објаснува дека тие не се исти. Додека еден син може да има одредени сличности со својот татко, тој не може да биде истата една личност, ниту да е стар колку таткото.

Во линија на ова има еден број видни разлики помеѓу Бога и Исуса, кои јасно покажуваат дека Исус не беше самиот Бог:

| **Бог** | **Исус** |
|---|---|
| "Бог не се искушува" (Јак.1:13). | “искусил сè како и ние” (Евр.4:15) |
| Бог не може да умре Тој е бесмртен по природа (Пс.89:2; 1Тим.6:16). | Христос умре за три дена (Мт.12:40;16:21). |
| Бог не може да биде виден од луѓето (1Тим.6:16;Исх.33:20). | Луѓето го гледаа Исуса и го допираа (1Јв.1:1 го истакнува тоа). |

Кога сме искушувани присилени сме на избор помеѓу грев и послушност кон Бога. Често одбираме непослушност кон Бога; Христос ги имаше истите избори, но секогаш одбираше послушност. Тој према тоа ја имаше можноста да греши, иако всушност никогаш не го направи тоа. Незамисливо е дека Бог има било каква можност за грешење. Ние покажавме дека семето Давидово ветено

во 2Цар.7:12-16 дефинитивно беше Христос. Стих 14 говори за Христовата можност на грешење: "**ако** згреши, ќе го казнам".

## 8.3 Природата на Исус

Зборот 'природа' се однесува на она што сме природно, и во основа. Ние покажавме во студија 1 дека Библијата говори за само две природи- онаа Божјата, и онаа на човекот. По природа Бог не може да умре, биде искушуван и.т.н. Очито е дека Христос не беше од Божја природа за време на својот живот. Тој беше према тоа целосно од човечка природа. Од нашиот опис на зборот 'природа' треба да е јасно дека Христос не можел да има две природи истовремено. Битно беше за Христос да биде искушуван како и ние (Евр.4:15), па преку своето совршено совладување на искушението да може да добие проштевање за нас. Погрешните желби кои се основа на нашите искушенија доаѓааат внатре од нас (Мк.7:15-23), од нашата човечка природа (Јак.1:13-15). Требаше, значи, Христос да биде од човечка природа за да може да ги искуси и совлада тие искушенија.

Евр.2:14-18 го објаснува тоа во толку многу зборови:-

> "Бидејќи (ние) децата се учесници во телото и крвта (човечка природа), тоа и Он (Христос) зеде еднакво учество во тоа, та преку смртта да го победи... ѓаволот... оти, навистина, не од ангели прими природа, а од потомството на Авраама прими (природа); затоа должен беше во сè да личи на браќата, па да биде милостив и верен првосвештеник пред Бога, за да ги очисти гревовите народни. Зашто во она што Сам претрпе, откако беше искушан, во тоа ќе може и на искушуваните да им помогне".

Овој пасус вметнува необично значење врз фактот дека Исус имал човечка природа: "Он зеде **еднакво** учество во тоа" (Евр.2:14). Оваа фраза вели ‘он учествуваше во **истото’,** дека зеде еднакво учество во **истата** природа. Евреи 2:16 слично ја обработува точката дека Христос немал ангелска природа, бидејќи тој беше семето Авраамово, кој дојде да донесе спасение за мноштвото верници кои ќе постанат Авраамово семе. Затоа беше потребно Христос да има човечка природа. На **секој** начин требаше "да личи на браќата" (Евр.2:17) за Бог да ни додели проштевање преку Христовата жртва. Да се каже дека Исус не беше целосно од човечка природа е према тоа непознавање на самите основи на благовестието за Христа.

Крстените верници, кога и да згрешат, можат да дојдат до Бога, признавајќи го својот грев во молитва преку Христа (1Јв.1:9); Бог е свесен дека Христос беше искушуван на грев исто како и тие, но дека беше совршен, и го совлада истото искушение кое тие не успеваат. Затоа, "Бог во Христа" може да ни прости (Еф.4:32). Така, важно е да се сфати како Христос беше искушуван исто како нас, и требаше да биде од наша природа за тоа да биде овозможено. "Бог е Дух" (Јв.4:24) по природа и иако Тој има материјално тело, како ‘Дух’ Тој нема месо и крв. Христос имајќи "месна" природа значи дека на ниеден начин не ја имал Божјата природа за време на својот живот.

Претходните обиди од луѓето да го држат Божјиот збор, т.е. да целосно го совладаат искушението, беа сите неуспешни. Затоа "Бог, испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото од гревот и со жртвата за грев, Он го осуди гревот во телото" (Рим.8:3 А.В. мг.).

‘Грев’ се однесува на природната наведнатост над грев која ја имаме по природа. Ние се препуштивме веќе на тоа, и продолжуваме, и "платата на гревот е смрт". Да излезе од таа непријатност, на човекот му беше потребна надворешна помош. Тој самиот не можеше да се усоврши; не беше и не е внатре во телото да го спаси телото. Бог затоа интервенира и ни го даде Својот сопствен Син, кој ја имаше нашата "грешна природа", со сите спремности на гревот кои ние ги имаме. За разлика од секој друг човек, Христос го совлада секое искушение, иако ја имаше можноста за неуспех и грешење исто колку и ние. Рим.8:3 ја опишува Христовата човечка природа како "телото на гревот". Неколку стихови порано Павле говореше за тоа како во телото "не живее доброто", и како телото природно војува против покорноста кон Бога (Рим.7:18-23). Во овој контекст е се попрекрасно да се чита дека Христос имал "тело на гревот" во Рим.8:3. Поради ова беше и неговото совладување на тоа тело, што ние имаме еден пат за оттргнување од нашето тело; Исус беше многу свесен за грешноста на својата природа. Тој еднаш беше ословен со: "Учителе добар" со импликација дека бил ‘добар’ и совршен по природа. Тој одговори: "Зошто ме нарекуваш добар? Никој не е добар, освен единиот Бог" (Мк.10:17,18). Во една друга прилика луѓето почнаа да сведочат за Христовата големина, заради серија на вонредни чуда што ги изврши. Исус не се поведе по тоа, "оти ги познаваше сите, и немаше потреба никој да Му сведочи за човекот, бидејќи Сам знаеше, што има во човекот" (Јв. 2:23-25). Поради своето познавање на човечката природа ("ги познаваше **сите**" во врска со тоа), Христос не сакаше луѓето лично да го фалат по свое право, бидејќи тој знаеше колку зла беше неговата човечка природа.

## 8.4 Човечноста на Исус

Евангелиските записи нудат многу примери за како Исус во целост имал човечка природа. Запишано е дека бил изморен, и морал да седне да се напие од извор (Јв.4:6). "Исус просолзи" кај умрениот Лазар (Јв.11:35). Што е најважно, записот на неговите крајни маки треба да е доволен доказ за неговата човечност: "Душата... Ми се нажали", тој призна кога се молеше на Бога да го спаси од тоа што требаше да помине со неговата смрт на крстот (Јв.12:27). Тој "се молеше и говореше: Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша (на страдање и смрт); но не како Јас што сакам , туку како Ти" (Мт.26:39). Тоа покажува дека на некои начини Христовата 'волја', или желби, беа различни од оние на Бога.

За време на целиот свој живот Христос ја подложи својата волја на онаа од Бога во припремање за таа конечна мака на крстот: "Но Јас ништо не можам да правам Сам од Себе. Како што слушам, така и судам, и Мојот суд е праведен, оти не ја барам волјата Моја, а волјата на Отецот, Кој што Ме пратил" (Јв.5:30). Оваа разлика помеѓу Христовата волја и онаа на Бога е доволен доказ дека Исус не беше Бог.

Низ нашите животи, од нас се очекува повеќе да осознаваме за Бога, учејќи од маките кои ги доживуваме во животот. Во тоа, Исус беше нашиот голем пример. Тој немаше целосно познавање за Бога, взрачено во него ништо повеќе него што имаме ние. Од детството "Исус растеше во мудрост и раст (т.е. духовна зрелост, ср. Еф.4:13), и во благодатта пред Бога и кај луѓето" (Лк.2:52). "Младинецот растеше и крепнеше со духот" (Лк.2:40). Овие два стиха го опишуваат Христовото физичко растење како еднакво со духовниоит развој; процесот на растење се појави во него и природно и духовно. Ако "Синот е Бог", како што изјавува атаназијската вероисповед со 'тројството', тоа не ќе беше возможно. Дури и при крајот на својот живот, Христос призна дека не го знае точното време на своето второ доаѓање, иако Отецот го знаеше (Мк.13:32).

Покорност кон Божјата волја е нешто што  сите треба да научиме за еден временски период. Христос исто така требаше да го помине процесот на учење, покорност кон својот Татко, како и секој син. "Макар и Син, Он се научи на послушност (кон Бога) преку она што пострада, а **откако** се усоврши (т.е. духовно созреа), стана причина (творец) на вечно спасение" во исход на својот завршен и потполн духовен пораст (Евр.5:8,9). Филип. 2:7,8 (понатака

расправано во Осврт 27) го бележи истиот процес на духовно растење во Исус, со неговата смрт на крстот како врв на тоа. Тој "Сам Себе се понизи, **откако зеде** обличје на слуга... **Сам се смири**, откако **стана** послушен до… смрт на крст". Јазикот користен овде прикажува како Исус свесно се проби во својот духовен развој, правејќи се повеќе и повеќе понижен, што конечно"**стана послушен**" на Божјата желба да умре на крстот. Така се "**усоврши**" со исправното одзивање на своите маки.

Со тоа е јасно дека Исус требаше да направи свесен, личен напор да биде праведен; тој никако не беше присилен од Бога на тоа, што би исходило во тоа да биде тек една кукла. Исус вистински нѐ љубеше, и го даде својот живот на крстот од таа причина. Постојаното истакнување на љубовта Христова за нас би било труло ако Бог го присилил да умре на крстот (Еф. 5:2, 25; Отк.1:5; Гал.2:20). Ако Исус бил Бог, тогаш ќе немаше друг избор туку да е совршен и да умре на крстот. Дека Исус **го** имаше тој избор, ни е овозможено да ја увидиме неговата љубов, и да обликуваме еден личен однос со него.

Поради волноста на Христа доброволно да го даде својот живот, Бог беше толку воодушевен со него: "Затоа Ме љуби Отецот, зашто Јас душата Своја си ја полагам... Никој не Ми ја отима, туку Јас Сам од Себе ја давам" (Јв.10:17,18). Бог да е толку задоволен со Христовата волна покорност е тешко да се разбере ако Исус бил Бог, кој живеел еден живот во човечки облик во некој вид симболично поврзување со грешниот човек (Мт.3:17; 12:18; 17:5). Овие записи за воодушевувањето на Отецот во покорноста на Синот, е доволен доказ дека Христос ја имал можноста за непокорност, но свесно одбрал да биде послушен.

## ХРИСТОВАТА ПОТРЕБА ЗА СПАСЕНИЕ

Поради својата човечка природа, Исус доживувал помали болести, замори и.т.н. исто како и ние. Затоа следува дека ако не умрел на крстот, тој ќе умреше секако пр. од старост. Во поглед на тоа, Исус имаше потреба за Божјо спасение од смртта. Јасно увидувајќи го тоа, Исус "со силен вик и солзи упати молби и молитви кон Оној, Кој можеше да Го спаси од смртта, и поради Својата побожност беше чуен" (Евр.5:7). Фактот дека Христос требал да се моли на Бога за да го спаси од смрт ја отфрла секоја можност дека може да е лично Бог. По воскресението на Христа, смртта **немаше** "**веќе** власт над Него" (Рим.6:9), што имплицира дека пред тоа имаше.

Многу од Псалмите пророкуваат за Исус; кога некои стихови се цитирани од Псалма за Христос во Новиот завет, логично е да се помисли дека многу од останатите стихови во Псалмот се исто така за него. Има бројни прилики каде Христовата потреба  за спасение од Бога е истакната:-

-**Пс.90:11,12** е цитиран за Исус во Мт.4:6. Пс.90:16 пророкува како Бог ќе му даде на Исус спасение: "Ќе му дадам многу денови (т.е. вечен живот) и ќе му го јавам спасението од Мене". Пс.68:21 се однесува за Христовото распетие (Мт.27:34); целиот Псалм ги опишува мислите Христови на крстот: "Спаси ме Боже... наклони се кон душата моја и избави ја... нека дојде од Тебе, Боже, спасението за мене" (вс. 1,18,29).

-**Пс.88** е едно излагање врз Божјото ветување на Давида за Христа. За Исус, Пс.88:26 пророкува: "Тој ќе ме призива, Ти си мој Отец, мој Бог и крепост на моето **спасение**". Христовите молитви до Бога за спасение беа слушнати; тој беше слушнат заради својата лична духовност, не поради своето место во едно 'тројство' (Евр.5:7). Дека **Бог** го воскресна и го прослави Исуса со бесмртност е голема тема на Новиот завет:-

-"**Бог**... го воскресна Исуса... **Бог** со десницата Своја Го возвиси Него, Началникот и Спасителот" (Дела 5:30,31).

-"**Бог**... го прослави Својот Син Исуса... Кого **Бог** Го воскресна од мртвите" (Дела 3:13,15).

-"Овој Исус Го воскресна **Бог**" (Дела 2:24, 32,33).

-Самиот Исус го увиде сето тоа кога го праша **Бога** да го прослави (Јв.17:5 ср. 13:32; 8:54).

Доколку Исус беше Самиот Бог, тогаш сите овие истакнувања не се на место, бидејќи Бог не може да умре. Исус не ќе требаше спасение ако бил Бог. Дека Бог го вознесе ја докажува Божјата превласт врз него, и одделноста на Бога и

Исуса. Никако не можел Христос да биде "самиот и вечен Бог (со) две... природи... Божество и мажество", како што изјавува 1 од 39 членови на црквата на Англија. По самото значење на зборот, едно битие може да има само една природа. Ние сме уверени дека доказите се незадржливи дека Христос беше од наша човечка природа.

## 8.5 Божјиот однос со Исуса

Разгледувањето како Бог го воскреснал Исуса нè води во размислување за односот помеѓу Бога и Исуса. Ако се тие "соеднакви... совечни" како што изјавува учењето за тројството, тогаш би очекувале односот да им биде како на еднакви. Ние веќе видовме обилни докази дека тоа не е случај. Односот помеѓу Бога и Христа е сличен на оној помеѓу сопруг и сопруга: "глава на секој маж е Христос; а на жена глава е мажот; на Христа, пак, глава е Бог" (1Кор.11:3). Како што е сопругот глава на сопругата, така и Бог е глава на Христа, иако тие го имаат истото единство во цел какво што би требало да постои помеѓу сопружниците. На овој начин е "Христ Божји" (1Кор.3:23), како што сопругата припаѓа на сопругот.

За Богот Отец често е изјавувано дека е Христов Бог. Фактот дека Бог е опишан како "Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос" (1Пет.1:3; Еф.1:17) дури и по Христовото вознесение на небо, покажува дека таков е нивниот **сегашен** однос, каков што беше и за време на Христовиот смртен живот. Некогаш е расправано од тројничарите дека за Христа е говорено како за помал од Бога само за време на неговиот живот на земјава. Писмата од Новиот завет беа напишани неколку години по Христовото вознесение на небо, сепак сè уште за Бога е говорено како за Христов Бог и Отец. Исус сè уште се однесува кон Отецот како кон свој Бог.

Откровението, последната книга на Новиот завет, беше напишана најмалку 30 години по Христовото прославување и вознесение, сепак тоа говори за Бога како "негов Бог и Отец" (Отк.1:6 Р.В.). Во оваа книга, воскреснатиот и прославен Христос даде пораки до верниците. Тој говори за "храмот на Мојот Бог… името на Мојот Бог... градот на Мојот Бог" (Отк.3:12). Тоа докажува дека Исус дури и сега размислува за Отецот како за свој Бог- и према тоа тој (Исус) не е Бог.

За време на својот смртен живот, Исус се поврзуваше со својот Татко на сличен начин. Тој говореше за вознесението "при Својот Отец и вашиот Отец, при Својот Бог и вашиот Бог" (Јв.20:17). На крстот, Исус ја изложи својата човечност во целост "Боже Мој, Боже Мој, зошто Си Ме оставил?" (Мт.27:46). Овие зборови се невозможни за разбирање ако се изговорени од Самиот Бог. Самиот факт дека Исус се молел на Бога "со силен вик и солзи" само по себе ја покажува вистинската природа на нивниот однос (Евр.5:7; Лк.6:12). Јасно е дека Бог не може да се моли на Себе. Дури и сега Христос се моли на Бога за нас (Рим.8:26,27 Н.И.В. ср. 2Кор.3:18 Р.В. мг.).

Ние сега покажавме дека Христовиот однос со Бога за време на неговиот смртен живот не беше во основа различен од оној сега. Христос се поврзуваше со Бога како негов Татко и негов Бог и Му се молеше; истата состојба е задржана и сега, после Христовото воскресение и вознесение. За време на својот живот на земјава, Христос беше Божји слуга (Дела 3:13,26 Н.И.В.; Иса.42:1; 53:11). Еден слуга ја извршува волјата на својот господар, и на никој начин не е еднаков со својот господар (Јв.13:16). Христос истакна дека моќта и власта што ја поседува беше Божја, а не лично негова: "Јас ништо не можам да правам Сам од Себе... ја барам... волјата на Отецот, Кој што Ме пратил... Синот не може да прави ништо Сам од Себе" (Јв.5:30,19).

**Осврт 27: "Беше во обличје Божјо"**

> **Исус "иако беше во обличје Божјо, сепак не држеше многу до тоа што е еднаков со Бога; Но Сам Себе се понизи, откако зеде обличје на слуга" ((изв. текст: "иако беше во обличје Божјо, држеше дека не ќе е пљачка да е еднаков со Бога; но не направи за себе ниедна слава, и зеде врз себе облик на слуга") Филип.2:5-11). Овие стихови се земени да значат дека Исус бил Бог, но при раѓањето постанал човек. Ако е тоа точно, тогаш сите точки од студиите 7 и 8 мора исто да се објаснат. Подложено е дека не може да се дозволи еден стих да противречи на главната содржина од библиското учење. Показателно е дека ова е скоро единствениот пасус кој може да се изнесе за да се објасни 'алката што недостасува' во расудувањето за тројството- дека Исус се пренел од Бог на небото во бебе во утробата на Марија. Следниве анализи се обид за покажување што овој пасус всушност значи.**

1. Има еден број на скоро случајни фрази во овој пасус кои израмно противречат на идејата за тројството:

а) "Па затоа и **Бог** високо го издигна" Исуса "и Му **даде** име" (в.9) покажува дека Исус не се издигнал самиот- туку Бог го направил тоа. Следува дека тој не беше во состојба да се издигне пред Бог да го направи тоа за него, по неговото воскресение.

б) Сиот процес на Христовото понижување и подоцнежното издигнување од Бога беше "за слава на **Бога Отецот**" (в.11). Богот Отец не е, према тоа, соеднаков со Синот.

2. Контекстот на овој пасус мора да биде внимателно земен во обзир. Павле не почнува да говори за Исус 'од небо па в ребро'. Тој говори за свеста на Исус во 1:8. Назад во Филип.1:27 Павле почнува говор за важноста на состојбата на нашата **свест**. Тоа се одвива во раните стихови на поглавје 2: "бидете еднодушни, и **едномислени**... во понизна **свест**... не грижете се секој само за себе туку и за другите! Бидејќи вие треба да ги имате истите **мисли**, што ги има Исус Христос..." (Филип.2:2-5). Павле значи говори за важноста да се има една **свест** како онаа на Исус, која е предана на понизното служење на други. Стиховите кои следат се значи коментари за понизноста на свеста која ја изложи Исус, а не дека говорат за некаква промена на природата.

3. Исус беше "во обличје Божјо". Ние покажавме во студија 8.3 дека Исус беше од човечка природа, и према тоа ова не може да се однесува на тоа дека Христос имал Божествена природа. Преводот во Н.И.В. (и во мак. изд.) на овој пасус е озбилно погрешен овде. Патем, мора да се забележи дека некои денешни преводи направени за 'лесно читање' се склони на светнување преку точното значење на грчкиот текст, и давање на една парафраза наместо превод во некои пасуси. Филип.2:5-8 е еден класичен пример. Меѓутоа, ова не е за да се оцрнува употребата во други насоки.

Дека "облик" (грчки 'морф') не може да се однесува на суштествена природа е докажано од Филип.2:7 кое вели за Христос дека зема "облик на слуга". Тој го имаше обликот Божји, но го зеде обликот на слуга. Суштествената природа на еден слуга не е поинаква од онаа на било кој човек. Во склад со контекстот, можеме безбедно да го толкуваме тоа со значење дека иако Исус бил совршен, и имаше мошне налик-на-Бога ум, сепак беше волен да го земе држењето на еден слуга. Некои пасуси подоцна Павле нè охрабрува да се "при**способиме** во (Христовата) смрт" (Филип.3:10). Ние треба да го делиме 'морф', обликот на Христос кој го покажа во својата смрт. Тоа не значи дека треба да ја делиме природата што ја имаше тој тогаш, бидејќи ние веќе имаме човечка природа. Ние не треба да се промениме за да имаме човечка природа, туку треба да го

промениме начинот на мислење, така да ја имаме 'морф'-та или душевниот лик што го имаше Христос во својата смрт.

Грчкиот збор 'морф' значи еден лик, впечаток или сличност. За човечките суштества се говори дека имаат "**изглед** ('морф') побожни" (2Тим.3:5). Гал. 4:19 говори за "додека не се **изобрази** во вас (верниците) Исус Христос". Бидејќи тој имаше совршен карактер, еден совршен налик-на-Бога начин на размислување, Исус беше "во обличје Божјо". Затоа не беше 'пљачка' за него да мисли или знае дека во таа смисла беше единствен со Бога. Н.И.В. дава инаков превод на оваа фраза, и вели дека Исус не мислел оти еднаквоста со Бога е "нешто што треба да се зграби". Ако овој превод е точен, (што е поддржано и од Р.С.В.) тогаш ттоа потполн ја побива теоријата дека Исус бил Бог. Према Н.И.В. преводот, Исус ни за миг не ја одгледувал идејата дека е еднаков со Бога; тој знаел дека е Божји субјект, и не соеднаков со Него.

4. Христос "не направи за себе ниедна слава", или "се предаде" (Р.В.), и посочува на пророштвото за неговото распетие во Иса. 53:12: "душата Своја на смрт ја предаде". Тој "зеде обличје (држење) на слуга" со своето налик-на-слуга држење кон своите следбеници (Јв.13:14), врвно изложено со неговата смрт на крстот (Мт.20:28). Иса.52:14 пророкуваше за Христовите страдања на крстот "Толку ликот Негов беше обезличен повеќе, отколку на секој човек и **видот** (обликот) Негов- повеќе, отколку на синовите човечки". Ова напредно понижување себеси "до смрт, дури и смртта на крст" беше нешто што се појави за време на неговиот живот и смрт, не при неговото раѓање. Ние покажавме дека контекстот на овој пасус се однесува на **свеста** на Исус, понизноста која ни се нуди како пример за копирање. Овие стихови према тоа говорат за неговиот живот на земјава, во нашата човечка природа, и како се понизи, макар што имаше ум потполно во склад со Бога, ги зеде во обзир нашите потреби.

5. Ако Христос беше Бог по природа и го оставил тоа зад себе па зел човечка природа, како што што се обидуваат тројничарите да го протолкуваат овој пасус, тогаш Исус не бил 'мошне Бог' додека беше на земјава; сепак тројничарите веруваат дека бил. Сето ова ги покажува противречностите кои се направени од придржувањето на човечки направена дефиниција каква што е тројството.

6. Конечно, една точка која се однесува за фразата "**беше** во обличје Божјо". Грчкиот збор преведен 'беше' не значи 'беше изворно, од вечноста'. Дела 7:55 говорат за Стефан "кој **беше** исполнет со Дух Свети". Тој беше исполнет со

Светиот Дух тогаш и беше веќе некое време пред тоа; но тој не беше **отсекогаш** исполнет со него. Други примери има во Лк.16:23; Дела 2:30; Гал.2:14. Дека Христос "беше во обличје Божјо" према тоа само значи дека тој беше во Божји облик (душевно); тоа не имплицира дека бил во тој облик од почетокот на времето.

## Студија 8: Прашања

1. Дали Библијата учи дека Бог е тројство?

2. Наведи три различности помеѓу Бога и Исуса.

3. Во кои од следниве начини беше Исус поинаков од нас?

а) Никогаш не згреши

б) Тој беше Божјиот единороден Син

в) Не можеше никогаш да згреши

г) Беше присилен од Бога да биде праведен.

4. На кои од следниве начини беше Исус сличен на Бога?

а) Имаше Божја природа во својот живот на земјава

б) Имаше совршен карактер како Бог

в) Знаеше исто колку и Бог

г) Беше директно еднаков со Бога.

5. На кои од следниве начини беше Исус како нас?

а) Ги имаше сите наши искушенија и човечки искуства

б) Грешеше додека беше младо дете

в) Тој требаше спасение

г) Имаше човечка природа.

6. Кои од следниве изјави се вистинити?

а) Исус беше од совршена природа и совршен карактер

б) Исус беше од грешна природа но совршен карактер

в) Беше од двете мошне Бог и мошне човек

г) Исус ја имаше природата на Адама пред гревот.

7. Дали ја имаше Исус можноста за грешење?

## 9.1 Победата на Исус

Претходната Студија изложи како Исус ја имаше нашата човечка природа и беше искушуван на грев исто како и нас. Разликата помеѓу него и нас е тоа што тој целосно го совлада гревот; иако имаше грешна **природа**, тој секогаш покажуваше совршен **карактер**. Чудесноста на ова би требало бескрајно да нѐ инспирира како што сѐ повеќе го цениме тоа. Има повторувани новозаветни истакнувања за Христовиот совршен карактер:

-Тој беше "искусил сѐ како и ние, освен грев" (Евр.4:15).

-Тој "не знаеше грев". "Грев во Него нема" (2Кор.5:21; 1Јв.3:5).

-"не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама" (1Пет.2:22).

-"Свет, незлобив, непорочен, одвоен од грешниците" (Евр.7:26).

Записите на евангелието покажуваат како неговите пријатели увиделе дека совршеноста извира од неговиот карактер, покажана во неговите зборови и дела. Жената на Пилат увиде дека е тој ‘праведник’ (Мт.27:19), кој не заслужува казна; римскиот војник кој го гледаше Христовото држење додека висеше на крстот мораше да коментира, "Навистина Овој Човек бил праведник" (Лк.23:47). Порано во неговиот живот, Исус ги предизвика Евреите со прашањето "Кој од вас може да Ме укори за неправда?" (Јв.8:46). На ова немаше никаков одговор.

Поради својот совршен карактер, Исус беше објавата Божја во тело (1Тим.3:16); се однесуваше и говореше онака како што би правел Бог кога би бил човек. Тој беше према тоа совршениот одраз Божји, "**образ** на невидливиот Бог" (Кол.1:15). Затоа нема никаква потреба смртниците да го видат физички Бога. Како што објасна Исус, кој "Ме видел Мене, Го видел Отецот, и како ти велиш: Покажи ни Го (физички) Отецот?" (Јв.14:9).

Живеејќи во грешниот свет, напаствувани од грев во самата наша природа, тешко е да ја увидеме потполната и бескрајна Христова духовна врвност; дека еден човек од нашата природа може целосно да ја открие праведноста Божја во својот карактер. Верувањето во тоа бара голема вера а не само прифаќање на теолошката идеја дека Христос бил самиот Бог; разбирливо е дека лажните учења на тројството и 'Божественоста Христова' се толку славни, бидејќи се лесни за прифаќање.

Бидејќи ја имаше нашата природа, Христос мораше да умре. Тој беше потомок Адамов преку Марија, и сите Адамови деца мора да умрат (1Кор. 15:22). Сите потомци на Адам мораа да умрат поради неговиот грев, без оглед на нивната лична праведност: "Смртта, пак, царува... преку престапувањето, на еден (Адам) изумреа мнозина... судењето (на сметка) за еден (Адамов) престап води кон осудување (на смрт)... преку непослушноста на еден човек мнозина **станаа** грешни", и према тоа мораа да умрат (Рим.5:14-19 ср. 6:23). Како потомок на Адам, Христос **'стана** грешник' и затоа мораше да умре, како што беа и сите потомци на Адам класификувани како грешници вредни за смрт поради неговиот грев. Бог не го промени тоа начело, Тој допушти да го погоди и Христа. Бог го "**направи** грев за нас, оној кој не знаеше грев" (2Кор.5:21 изв. текст).

Освен Исус, сите потомци на Адам ја заслужуваат таа казна, зошто ние сите сме згрешиле лично. Исус требаше да умре бидејќи беше од наша природа, споделувајќи ја клетвата која дојде врз потомците Адамови. Сепак бидејќи лично не сторил ништо вредно за смрт "Бог Го воскресна, откако Го ослободи од врските на смртта, бидејќи таа немаше сила да го задржи" (Дела 2:24). Христос беше "посведочен како Син Божји во силата по Духот на осветувањето преку воскресението на мртвите" (Рим.1:4). Така поради Христовиот совршен карактер, неговиот "дух осветен", тој беше славно воскреснат.

Христос не умре на крстот **само** зашто беше од човечка природа. Тој волно го даде својот совршен живот како подарок на нас; тој ја покажа својата љубов за нас умирајќи "за нашите гревови" (1Кор.15:3), знаејќи дека со својата смрт конечно ќе ни стекне спасение од грев и смрт (Еф. 5:2,25; Отк.1:5; Гал.2:20). Бидејќи Исус беше совршен по карактер тој можеше да го совлада исходот на гревот со тоа што ќе биде првата личност за воскреснување од мртвите и давање вечен живот. Сите оние кои се идентификуваат со Христа преку крштевањето и налик-на-Христа начин на живот со тоа имаат надеж на слично воскреснување и награда.

Во тоа лежи славното значење на Христовото воскресение. Тоа е ‘уверувањето’ дека ние ќе сме воскреснати и судени (Дела 17:31), и ако сме биле навистина како него, ќе ја споделуваме неговата награда на бесмртен живот, "**знаејќи** (сигурно), дека Кој Го воскресна Господа Исуса и нас ќе нè воскресне преку Исуса" (2Кор.4:14; 1Кор.6:14; Рим.6:3-5). Како грешници ние заслужуваме вечна смрт (Рим.6:23). Сепак поради Христовиот совршен живот, покорна смрт и воскресение, Бог може да ни **подари** вечен живот, во потполна согласност со сите Негови начела.

Да ги отстрани ефектите на нашите гревови, Бог "прима оправдание" (Рим.4:6) од нас преку нашата вера во Неговите ветувања за спасение. Ние знаеме дека гревот носи смрт, затоа ако навистина веруваме дека Бог ќе нè спаси од неа, мора да веруваме дека Тој ќе нè смета за праведни, иако не сме. Христос беше совршен; со тоа што ќе сме навистина **во** Христа, Бог ќе нè смета за совршени, иако лично не сме. Бог го направи Христа "Кој не знаеше грев... место нас Го направи грев, та **преку** Него да станеме правда Божја" (2Кор.5:21), т.е. да бидеме **во** Христа преку крштевање и налик-на-Христа живот. Така за оние "во Исуса Христа", тој "за нас стана... правда, и осветување, и откуп" (1Кор.1:30, 31); следниот стих на тој начин нè охрабрува да го славиме Христа за големите нешта што ги постигна: "Во Евангелието правдата Божја е откриена, правдата која е од вера" (Рим.1:17, Н.И.В.). Увидувањето на овие работи е према тоа нужен дел од познавањето на вистинското евангелие.

Сето ова беше овозможено преку Христовото воскресение. Тој беше "првиот плод" од една цела жетва на човечки суштества кои ќе бидат обесмртени преку неговиот успех (1Кор.15:20), ‘првородениот’ од едно ново духовно семејство на кое ќе се даде Божја природа (Кол.1:18 ср. Еф. 3:15). Христовото воскресение према тоа овозможи на Бога да ги смета верниците во Христа за праведни, бидејќи се покриени со неговата праведност. Христос беше "предаден за нашите гревови и воскреснат за наше оправдание" (Рим.4:25), збор кој значи 'да бидеме праведни'.

Потребна е една свесна промислена вера во овие работи за да бидеме навистина убедени дека ќе сме сметани од Бога за совршени. Христос ќе нè претстави при судот "**безгрешни**... пред славата Своја", и "свети, непорочни и без вина" (Јуда 24; Кол.1:22 ср. Еф.5:27). Со даденава грешна природа и постојани духовни неуспеси, потребна е цврста вера да се верува во тоа навистина. Кревањето тек рака при едно 'крстосување' или давање академска

согласност на една постава од учења не е поврзано со тој вид на вера. Правилното разбирање на Христовото воскресение е тоа што треба да ни ја мотивира верата: Бог "Го воскресна од мртвите... та верата ваша и надежта (на исто воскресение) да ви бидат во Бога" (1Пет.1:21).

Само со правилно крштевање во Христос можеме да бидеме "во Христа" и со тоа да сме покриени со неговата праведност. Со крштевањето ние се поврзуваме со неговата смрт и воскресение (Рим.6:3-5), кои се средствата за отпуштање на нашите гревови, со ‘оправдување’, или врачунета праведност (Рим.4:25).

Чудесните нешта кои ги зедовме во обзир во овој оддел се прилично вон нашиот дофат освен ако сме крстени. Со крштевањето се поврзуваме со крвта Христова пролиена на крстот; верниците "ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Агнецот" (Отк.7:14). Симболично, тие се тогаш облечени во бели алишта, и ја претставуваат праведноста Христова која им беше врачунета ("се даде" (Отк.19:8)). Можно е тие бели алишта да се извалкаат во исход на нашиот грев (Јуда 23); кога ќе го направиме тоа по крштевањето, треба повторно да ја употребиме крвта Христова да ги исппереме со молење на Бога за проштевање преку Христа.

Следува дека по крштевањето сè уште треба да се бориме да останеме во благословената состојба во која сме влегле. Потребно е редовно, дневно самоиспитување од неколку минути, со молитва и барање на опрост. Така секогаш ќе сме понизно уверени дека, поради покриеноста со Христовата праведност, навистина ќе бидеме во царството Божјо. Треба да се трудиме да бидеме најдени настанати **во** Христа на денот на нашата смрт или при Христовото враќање, "не со својата... праведност, туку... преку верата во Христа, односно со праведноста од Бога преку верата" (Филип.3:9).

Повторуваните истакнувања за **верата** која исходи во дадена праведност, покажува дека на никој начин не можеме да го заработиме спасението со нашите дела; спасението е од благодат: "зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас- Божји дар е; не е од дела" (Еф.2:8,9). Како што оправданието и праведноста се 'дарови' (Рим.5:17), така и спасението. Нашата мотивација во било кои работи на христијанска служба треба да е према тоа од благодарност за она што Бог направил за нас- сметајќи нè за праведни во Христа со што ни нуди пат кон спасение. Кобно е да се расудува дека ако чиниме дела тогаш ќе бидеме спасени. Ние едноставно нема да успееме во

здобивањето спасение ако размислуваме вака; тоа е еден **дар** кој не можеме да го заработиме, само со волниот одзив во длабока благодарност, која ќе се одрази во нашите дела. Вистинската вера произведува дела како еден неизбежен спореден производ (Јак.2:17).

## 9.2 Крвта на Исус

Често е наведувано во Новиот Завет дека нашето оправдание и спасение е преку крвта на Исус (пр. 1Јв.1:7; Отк.5:9; 12:11; Рим.5:9). За да се сфати важноста на Христовата крв, треба да го знаеме библиското начело дека "душата на секое тело е во крвта негова" (Лев.17:14). Без крвта едно тело не може да живее; затоа е таа симбол на животот. Тоа ја објаснува прикладноста на Христовите зборови, "ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе" (Јв.6:53).

Гревот исходува во смрт (Рим.6:23), т.е. излевање на крвта, која го носи животот. Затоа од Израелците се очекуваше да излеат крв секогаш кога ќе згрешеа, да се потсетат дека гревот исходува во смрт. "И скоро сѐ според Законот (Мојсеевј) со крв се очисти, и без проливање крв, проштевање не станува" (на гревовите- Евр.9:22). Оттука, покривањето на Адам и Ева со смоквини лисја беше неприфатливо; наместо тоа, Бог погуби едно јагне за да им снабде кожи да го покријат својот грев (Бит. 3:7,21). Слично, жртвувањето животни од Авел беше прифатено повеќе отколку понудите на зеленчук од Каин, бидејќи тој го ценеше начелото дека без проливањето крв не може да има никакво проштевање и прифатлив приод кон Бога (Бит.4:3-5).

Овие настани посочуваат кон возвишената важност на крвта Христова. Ова беше посебно пред-засенето во настаните на Пасха, при што Божјиот народ мораше да стави крв од јагне на своите прагови за да добијат спасение од смртта. Таа крв посочуваше кон онаа на Исус со која треба ние да се покриеме. Пред времето на Христос Евреите мораа да нудат животински жртвувања за своите гревови, према Божјиот закон преку Мојсеј. Меѓутоа, ова проливање на животинска крв беше само заради поучни намери. Гревот се казнува со смрт (Рим.6:23); не беше можно едно човечко суштество да убие животно во замена за својата смрт или како вистински претставник на себе. Понуденото животно немаше никакво поимање за исправност или погрешност; тоа не го претствуваше него: "не е можно телешката и јарешката крв да ги премавне гревовите" (Евр.10:4).

Затоа се поставува прашањето, зошто мораа Евреите да жртвуваат животни кога ќе грешеа? Павле ги сумира разните одговори на тоа прашање во Гал.3:24: "Законот беше за нас воспитувач во Христа". Животните кои ги убиваа за понуда за грев требаше да бидат чисти- без недостаток (Исх.12:5; Лев.1:3,10 и.т.н.). Тие посочуваа кон Христа, "непорочно и чисто Јагне" (1Пет.1:19). Крвта на тие животни према тоа ја **претставуваше** онаа на Христа. Тие беа прифаќани како жртви за грев сè додека посочуваа кон Христовата совршена жртва, која Бог знаеше ќе ја направи. Поради тоа, Бог можеше да ги опрости гревовите на Својот народ кој живееше пред времето Христово. Неговата смрт беше за "откуп на престапите (кои беа направени) од времето на првиот завет" (Евр.9:15), т.е. законот на Мојсеј (Евр.8:5-9). Сите жртви понудени под законот посочуваа кон Христа, совршената понуда за грев, кој "го премавна гревот, откако се принесе Сам Себе како жртва" (Евр.9:26; 13:11,12; Рим.8:3 (Н.И.В.) ср. 2Кор.5:21).

Ние објаснавме во оддел 7.3 дека целиот Стар завет, посебно законот на Мојсеј, посочуваше кон Христа. Под тој закон начинот за пристап кон Бога беше преку првосвештеникот; тој беше посредникот помеѓу Бога и луѓето кои беа под Стариот завет како Христос што е под Новиот завет (Евр.9:15). "Законот за првосвештеници поставува луѓе, што се немоќни; а словото на клетвата... Синот, Кој е вечно совршен" (Евр.7:28). Бидејќи самите беа грешници, тие луѓе не беа во состојба да стекнат вистинско проштевање за луѓето. Животните кои тие ги жртвуваа за грев не беа вистински претставници на грешниците. Она што се бараше беше едно совршено човечко битие, кое што беше на секаков начин претставник на грешен човек, кое би направило прифатливо жртвување за грев од кое луѓето би можеле да се ползуваат преку поврзувањето со таа жртва. На сличен начин, еден совршен Првосвештеник беше потребен кој би можел да сочувствува со грешниците за кои посредува, и ќе биде искушуван исто како нив (Евр.2:14-18).

Исус совршено се вклопува во ова барање- "Таков Првосвештеник и ни требаше: свет, незлобив, непорочен" (Евр.7:26). Тој не треба постојано да се жртвува за своите гревови, ниту е подложен веќе на смрт (Евр.7:23,27). Во светло на ова, Писмото коментира врз Христа како за наш свештеник: "Затоа Он може и за вечно да ги спаси оние, што преку Него доаѓаат кон Бога, бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив" (Евр.7:25). Зашто имаше човечка природа, Христос, како наш идеален Првосвештеник, "може да ги разбира оние, што се неумешни и заблудени, бидејќи **и сам** (беше) со слабости" (Евр.5:2). Ова ја

повикува изјавата за Христос, "**и тој самиот** исто така" зеде учество во нашата човечка природа (Евр.2:14 грч. текст).

Како што еврејските првосвештеници посредуваа само за Божјиот народ, на Израел, така Христос е Свештеник само за духовниот Израел, оние кои се крстени во Христа, откако го разбрале вистинското евангелие. Тој е "Големиот свештеник над **домот Божји**" (Евр.10:21) кој е составен од оние кои се преродени со крштевање (1Пет.2:2-5), кои ја имаат вистинската надеж од евангелието (Евр.3:6). Познавањето на чудесните добробити од Христовото свештенство треба према тоа да нѐ поттикне да се крстиме во него; без тоа, тој не може да посредува за нас.

Откако сме крстени во Христа, треба нестрпливо да правиме полна корист од Христовото свештенство; всушност, ние имаме некои одговорности во поглед на она што треба да достигнеме. "Преку Него, пак, секогаш да Му принесуваме на Бога пофална жртва" (Евр.13:15). Божјиот план да нѐ снабди со Христа како наш свештеник беше за да Го славиме; затоа треба да правиме постојана употреба на нашиот пристап до Бога преку Христа за да го славиме Него. Евр.10:21-25 наведува еден број на одговорности кои ги имаме поради тоа што е Христос наш Голем свештеник: "Го имаме Големиот свештеник над домот Божји:

1. Тогаш да пристапиме (кон Бога) со искрено срце, во полна вера, откако ги очистиме срцата од лукава совест со попрскување и откако го измиеме телото со чиста вода." Разбирањето на Христовото свештенство значи дека треба се крстиме во него ("да го измиеме телото"), и никогаш да не оставиме лоша совест да се развие во нас. Ако веруваме во Христовиот откуп ние сме направени еден со Бога ('ОТ-КУП') со неговата жртва.

2. "Да го држиме исповеданието на надежта цврсто". Не треба да отстапуваме од вистинските учења од кои произлегло нашето разбирање за Христовото свештенство.

3. "И да бидеме внимателни еден кон друг, за да се поттикнуваме кон љубов... не напуштајќи го своето собрание". Треба волно да се здружиме со другите кои разбираат и се ползуваат од Христовото свештенство; посебно преку

заедничкото собирање во заедничката служба, со која ја помниме Христовата жртва (види Оддел 11.3.5).

Разбирањето на овие работи треба да нѐ исполни со понизно убедување дека навистина ќе го достигнеме спасението ако сме крстени и настанати во Христа: "**слободно** да **пристапуваме** кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош" (Евр.4:16).

## 9.3 Понудата за нас и за самиот себе

Еврејскиот првосвештеник требаше да направи понуда прво за своите гревови, и потоа за оние од народот (Евр.5:1-3). Христовата жртва го имаше истиот овој двостран состав. Иако тој лично немаше никаков грев, Исус сѐ уште беше од човечка природа, и му беше потребно спасение од смртта. Ова спасение беше снабдено од Бога поради неговата жртва; така Исус умре за да го стекне своето спасение, и исто така да ни го овозможи нашето. Многу пасуси посочуваат на тоа.

Овој оддел е еден каталог на стихови кои докажуваат дека Христовата жртва беше за негова сопствена корист колку и за наша. Многу е подолг него што е потребно да се докаже точката; но се смета дека оваа тема е битна да се сфати за исправно да се разбере човечноста на нашиот Господ. По завршувањето на оваа книга можеби во некоја идна етапа ќе се посака да се размислува за тие работи на едно подлабоко ниво, и затоа сиот овој материјал е вклучен.

-Големиот свештеник "е должен како за народот, така исто и за своите гревови да принесува... така и Христос" го исполни моделот на Мојсеевиот првосвештеник во тој поглед (Евр.5:3,5). Грчкото "е должен" одредено значи да се има паричен долг- и говори за купувањето на сопственото избавување од нашиот Господ исто како и за нашето. Заради неговата сопствена човечност тој требаше да го направи ова (Евр.5:3). Тоа не значи дека тој имаше некои лични гревови за кои требаше да се откупи. Оваа точка не може да се преистакни. Ние сме откупени со неговата жртвувана крв- а воедно и тој.

За Христос "нема потреба, како и другите првосвештеници, секојдневно да принесува жртва прво за гревовите свои, а потоа и за оние на народот, бидејќи **Он го изврши** тоа еднаш" (Евр.7:27). Нема сомнение дека Павле ја истакнува сличноста помеѓу свештеничкото двојно понудување и она на Христа. Тој повторно го прави тоа во Евр.9:7 (ср. в.12,25). Контрастот е дека Христос го направи тоа еднаш, но првосвештеникот годишно. Ако контрастот беше дека Христос само понудува за народот, тогаш тоа ќе се истакнеше. Забележи дека Христовата жртва беше заради неговите сопствени 'гревови', кои беа одвоени од оние на народот- неговите 'гревови' што ги носеше не беа наши, бидејќи во моделот тој направи една одвоена понуда за нас. Пошто Исус имаше еден совршен, безгрешен карактер, 'гревови' овде е еден друг начин за опишување на грешната човечка природа. Со метонимија, за причината (грешна природа) се говори како за учинок. Но сепак треба да се истакне дека нашиот Господ беше совршен, и не може да биде осуден за грев.

Бог "преку крвта на вечниот завет Го воздигна од мртвите големиот Пастир… Исус" (Евр.13:20), т.е. преку неговата сопствена крв. Така нашиот Господ беше и пастирот и закланата овца, така што самиот се одведе на колење, и преку неговата крв Бог го крена; на истиот начин дека тој беше и понудата и свештеникот.

А.В. маргин на Зах.9:9 се вклопува совршено: "Царот твој доаѓа при тебе, тој е праведен, и се спасува себеси (АВ 'има спасение')". Овие два можни преводи предлагаат дека со спасувањето себе нашиот Господ ни донесол спасение. Со жртвата на крстот, Исус се откупи за својата природа **за да** го постигне нашето избавување. Не е мудро да се размислува за неговата смрт вон контекстот на нејзината намена, за да нè спаси нас.

Мора да се сфати дека сите препораки на проливањето крв со животинските жртви под законот се битни на некој начин за Христовата жртва. Олтарот, симболот на Христос, беше чистен еднаш годишно со крв (Исх.30:10), и покажува како Христос се освети со својата понуда. Всушност целиот храм го претставуваше Христа, и мораше да се очисти со крв (Евр.9:23). Физичкиот мебел на храмот не направил никаков грев, сепак беше потребно чистење поради самата поврзаност со грев. Па така и со нашиот Господ. Самиот првосвештеник требаше да ја почне својата служба со тоа што ќе биде попрскан со крв, и на Христа исто така му беше потребна неговата жртва за да ја почне својата служба за нас на небото.

Тоа што Исус се откупи самиот не значи дека тој лично беше грешен. Давањето понуда за личен грев не секогаш имплицира дека понудувачот згрешил (пр. во Лев.12 една жена требаше да го стори тоа после породувањето).

## 9.4 Исус како наш претставник

Ние видовме дека жртвуваните животни не ги претставуваа во целост грешниците. Исус **беше** наш претставник, во секој поглед "беше во сѐ да личи на браќата" (Евр,2:17). Тој "вкуси смрт за сите" (Евр.2:9). Кога ние ќе направиме грев- пр. се налутиме- Бог може да ни прости заради Христа (Еф.4:32). Ова е поради тоа што Бог може да нѐ спореди со Христа, човек како нас кој беше искушан на грев- пр. да се налути- но кој го совлада секое искушение. Према тоа Бог може да ни го прости гревот- на лутина- зашто сме во Христа, покриени со неговата праведност. Дека е Христос нашиот претставник е према тоа средството по кое Бог може да ни ја покаже Својата благодат, а сепак да ги задржи Своите праведни начела.

Ако Исус беше Бог повеќе отколку да бил само од човечка природа, тој не ќе можеше да биде наш претставник. Ова е уште еден пример каде што една погрешна идеја води кон друга. Затоа, теолозите имаат изградено многу сложени начини за објаснување на Христовата смрт. Познатото видување на апостатот христијански е дека човечките гревови го задолжиле него кон Бога а самиот не можел да исплати. Па, Христос го очистил долгот на секој верник со својата крв, пролиена на крстот. Многу во евангелиска сала проповедници се изразиле вака: "тоа беше како да сме сите построени наспроти еден ѕид, штотуку ѓаволот треба да пука во нас. Тогаш Исус јурна внатре; ѓаволот пукаше во него наместо во нас, па така сме сега слободни".

Овие разработени теории се без никаква библиска поддршка. Тука е очевидната противречност дека ако Христос умрел **наместо** нас, тогаш ние не треба да умираме. Пошто ние сѐ уште имаме човечка природа, ние сѐ уште мораме да умреме; спасението од грев и смрт ќе биде конечно откриено при судот (кога ќе ни се додели бесмртноста). Ние ова не го примивме во времето кога умре Христос. Христовата смрт го уништи ѓаволот (Евр.2:14) а не ѓаволот дека го уништил него.

Библијата учи дека спасението е можно преку Христовата смрт И воскресение, не само со неговата смрт. Христос "умре за нас" еднаш. Теоријата за замена би значела дека тој требаше да умре лично за секој еден од нас.

Ако Христос отплати еден долг со својата крв, нашето спасение постанува нешто што можеме да го очекуваме како едно право. Фактот дека спасението е дар, издејствуван од Божјата благодат и проштевање, се губи од вид ако ја разбереме Христовата жртва како исплата на еден долг. Исто така произлегува дека еден лут Бог се смирил еднаш штом ја видел физичката крв на Исус. Сепак она што Бог го гледа кога ние се покајуваме е Својот Син како наш претставник, кого ние настојуваме да го копираме, наместо да се поврзуваме со Христовата крв како еден талисман. Многу 'христијански' химни и песни содржат едно неверојатно количество на лажно учење во оваа област. Повеќето лажно учење навлегува во човечката свест со музика, наместо рационална библиска подука. Ние секогаш мора да внимаваме на тој вид перење на мозокот.

Трагично, едноставните зборови "Христос умре за нас" (Рим.5:8) се грубо и погрешно разбрани дека значат Христос умре наместо нас. Има еден број на поврзувања меѓу Рим.5 и 1Кор.15 (пр. в.12=1Кор.15:21; в.17=1Кор.15:22). "Христос умре за **нас**" (Рим.5:8) одговара на "Христос умре за нашите **гревови**" (1Кор.15:3). Неговата смрт беше за да се направи еден начин по кој ќе добиеме проштевање за нашите гревови; во таа смисла "Христос умре за нас". Зборот ‘за’ не значи нужно 'наместо'; Христос умре за "нашите гревови", не 'наместо' нив. Затоа, Христос може да посредува за нас (Евр.7:25)- не 'наместо' нас. Ниту ‘за’ значи 'наместо' во Евр.10:12 и Гал.1:4.

## 9.5 Исус и законот Мојсеев

Бидејќи Исус беше совршената жртва за грев и идеалниот Голем свештеник кој стварно можеше да добие проштевање за нас, стариот систем на животински жртвувања и првосвештеници беше премавнат по неговата смрт (Евр.10:5-14). Кога "се промени свештенството (од Левитите на Христа), тогаш станува и потреба да се измени и законот" (Евр.7:12). Христос "стана свештеник не по основ на едно правило по неговите претци (т.е. само човек кој води потомство од Левитите можеше да биде свештеник), но по основ на силата на еден неуништив живот", кој што го доби благодарение на својата совршена жртва (Евр.7:16 Н.И.В.). Затоа "одменувањето на поранешната заповед (т.е. законот Мојсеев) се изврши затоа, што таа беше слаба и безполезна, оти Законот ништо не доведува до совршенство; а се воведе подобра надеж (преку Христа)" (Евр.7:18,19 А.В. со Н.И.В.).

Од ова е јасно дека законот на Мојсеј беше завршен со жртвата на Христос. Да се верува во едно човечко свештенство или сè уште да се нуди животинска жртва значи дека не ја прифаќаме целосноста на Христовата победа. Тие верувања значат дека не ја прифаќаме Христовата жртва за потполно успешна, и оти чувствуваме дека се потребни дела за да го издејствуваме нашето оправдание, наместо вера во самиот Христос. "Преку Законот никој не се оправдува пред Бога... а праведникот преку **верата** ќе живее" (Гал.3:11 ср. Авак.2:4). Нашата челична волја и напор на покорност на словото од Божјите закони нема да нè доведе до оправдание; сигурно секој читател на овие зборови ги прекршил веќе тие закони.

Ако се придржуваме на законот Мојсеев, мора да се обидеме да го пазиме **целиот**. Непокорноста на само еден негов дел значи за оние кои се под него дека се осудени: "сите оние, што се од делата (т.е. се потпираат) на Законот, под клетва се. Оти е напишано: Проклет да е секој, кој не исполнува постојано **сè** што е напишано во книгата на Законот" (Гал.3:10).

Слабоста на нашата човечка природа значи дека наоѓаме за невозможно во целост да го запазуваме законот Мојсев, но заради Христовата целосна покорност на него, ние сме ослободени од обврската да го пазиме. Нашето спасение е поради Божјиот дар преку Христа, а не поради нашите лични дела на покорност. "Она што Законот не можеше да го направи, бидејќи беше ослабен поради телото, го изврши Бог, испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото од гревот, и поради гревот (т.е. понуда за грев види Н.И.В.), Он го осуди гревот во телото" (Рим.8:3). Така "Христос нè искупи од клетвата на Законот, откако поради нас стана клетва" (Гал.3:13).

Затоа, од нас не се бара веќе да пазиме ниеден дел од законот на Мојсеј. Ние видовме во студија 3.4 дека Новиот завет во Христа го замени Стариот завет на Мојсеевиот закон (Евр.8:13). Со својата смрт, Христос го избриша "ракописниот закон, што беше против нас (со нашата неспособност да го пазиме во целост законот), а кого го зеде од средината и го прикова на крстот... никој нека не ве осудува за јадење или пиење (понуди), или за некој празник, или за млад месец или сабота; тоа е сенка на иднината, а сегашноста е Христос" (Кол.2:14-17). Ова е сосема јасно- поради Христовата смрт на крстот, законот се отстрани "од средината" па така треба да му одолеваме на секој притисок врз нас за пазење на делови од законот, пр. празници и саботата. Како и остатокот од законот, целта на тие работи беше да посочат кон Христа. По неговата смрт, нивното типично значење се исполни, и немаше повеќе никаква понатамошна потреба да се проучуваат.

Ранохристијанската црква од 1 век беше под траен притисок од православните Евреи да држи делови од законот. Низ целиот Нов завет има повторувано предупредување за отпор на тие предлози. Наспроти сето тоа, необично е што денес има неколку вероисповеди кои препорачуваат делумна покорност на законот. Ние порано покажавме дека секој обид да се добие спасение преку покорност на законот мора да цели на пазење на **целиот** закон, инаку сме автоматски осудени за непокорност на него (Гал.3:10).

Има нешто во човечката природа што е склоно на идејата за оправдување со дела; сакаме да мислиме дека **правиме** нешто за своето спасение. Оттука, принудниот придонес, носењето на круцификсот, рецитирањето на дадени молитви, молењето во одредена положба и.т.н. се сите познати нешта од повеќето религии, христијански и иначе. Спасението со вера во Христа **само по себе** е едно учење скоро единствено на вистинското библиски основано христијанство.

Предупредувања против држењето на било кој дел од законот Мојсеев за добивање спасение, има низ целиот Нов завет. Некои учеа дека христијаните треба да се обрезуваат према законот Мојсеев, "и да го држат законот". Јаков одлучно ја осуди таа идеја во име на вистинските верници: "**ние** не сме им заповедале" (Дела 15:24). Петар ги опиша оние кои ја учат потребата за покорност на законот како ставање "на вратот на учениците јарем, што не можеа да го поднесат ни нашите татковци, ниту ние. Но ние веруваме дека ќе се спасиме со благодатта на Исуса Христа (наспроти нивните дела на покорност кон законот)" (Дела 15:10,11). Под вдахновение, Павле еднакво говореше, истакнувајќи ја истата поента повремено: "човекот се оправдува не преку делата од Законот, туку само преку верата во Исуса Христа, за да се оправдаме преку верата во Христа, а не преку делата од Законот; оти преку делата од Законот нема да се оправда ниедна плот... преку Законот никој не се оправдува... и од сè, од што не сте можеле да се оправдате преку Законот Мојсеев, преку Него (Христа) се оправдува секој кој верува" (Гал.2:16; 3:11; Дела 13:39).

Сигурен знак на апостазата на денешното христијанство е дека многу од нивните практики се темелени врз елементи од законот Мојсеев- во пркос на јасното изработено учење земено во обзир горе дека христијаните не треба да го извршуваат тој закон, бидејќи е премавнат со Христа. Ние сега ќе ги земеме во обзир позабележителните начини во кои законот на Мојсеј е основа на денешната 'христијанска' пракса:

СВЕШТЕНИЦИ

Католичката и англиканската црква нападно користат еден систем на човечко свештенство. Римокатолиците го гледаат папата како нивен еквивалент на еврејскиот првосвештеник. "**Еден** е Посредникот помеѓу Бога и луѓето- Човекот Христос Исус" (1Тим.2:5). Невозможно е, према тоа, дека папата или свештениците можат да бидат наши посредници како што беа свештениците под Стариот завет. Христос е сега нашиот Голем Свештеник на небото, кој ги нуди нашите молитви на Бога.

Нема апсолутно никакви библиски докази дека поседуваниот авторитет на Духовно надарените старешини од 1 век, пр. Петар, беше предаван на следните генерации или нарочито на папата. Дури и ако беше допуштена таа можност, нема начин за докажување дека папата и свештениците лично се оние врз кои паднала духовната мантија од старешините на 1 век.

Бидејќи се духовните дарови повлечени, сите верници имаат еднаков пристап на духовното слово во Библијата (види студии 2.2 и 2.4). Сите тие се према тоа браќа, никој нема повозвишена духовна положба од другиот. Всушност, **сите** вистински верници се членови на едно ново свештенство по повод нивното крштевање во Христа, во смисла дека ја изнесуваат Божјата светлина во еден мрачен свет (1Пет.2:9). Тие према тоа ќе постанат цареви, свештеници на царството, кога ќе биде уредено на земјата при Христовото враќање (Отк.5:10).

Католичката практика на ословување на своите свештеници 'отец' ('папа' исто така значи 'отец') е во груба противречност со Христовите јасни зборови, "никого на земјата не викајте го свој татко, оти еден е вашиот Отец, Кој е на небесата" (Мт.23:9). Всушност, Исус предупреди против доделувањето на било кој сожител, таков вид духовен углед каков што бараат денешните свештеници : "А вие немојте да се наречувате учители, зашто еден е вашиот Учител-Христос, а вие сте сите браќа" (Мт.23:8).

Нагиздените роби кои се носени од свештениците, епископите и другите свештени лица ги имаат своите основи во посебната облека носена од Мојсеевите свештеници и првосвештеници. Таа облека посочуваше кон совршениот карактер на Христа, и, како и со сиот закон, нејзината намена е

сега исполнета. Всушност очајно е, што облеката која беше наменета да ја величи славата Христова, сега се користи да ја унапредува славата на луѓето кои ја носат, од кои некои признаваат дека не го прифаќаат Христовото воскресение па дури и постоењето на Бога.

Католичката идеја дека Марија е еден свештеник е сосема погрешна. Нашите барања се во името на ХРИСТА, не Марија (Јв.14:13,14; 15:16; 16:23-26). Христос е нашиот единствен Голем свештеник, не Марија, Исус ја прекори Марија кога се обиде да го натера да направи работи за други (Јв.2:2-4). Бог, не Марија, ги носи луѓето кон Христа (Јв.6:44).

ДАВАЧКА

Ова, исто така, беше дел од законот Мојсеев (Бро.18:21), каде што Евреите требаше да даруваат една десетина од своите средства на свештеничкото племе на Левитите. Бидејќи сега нема човечко свештенство, не може повеќе да биде обврзно плаќањето десеток на ниеден црковен старешина. Повторно, една лажна идеја (во овој случај таа се однесува на свештениците) одведе кон друга (т.е. десетокот). На Бога не Му се **потребни** нашите понуди, бидејќи сè Му припаѓа (Пс.49:8-13). Ние само му враќаме Бога она што ни дал. (1Лет.29:14). Невозможно е да добиеме спасение како исход на нашите материјални понуди пр. со парични средства. Во благодарност за Божјиот голем подарок за нас, ние не треба да понудиме само десеток од нашите пари, туку целиот наш живот. Павле даде пример за тоа, вистински применувајќи го проповеданото: "подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, и тоа ќе биде вашата духовна служба" (Рим.12:1).

МЕСО

Еврејскиот закон групира одредени меса за нечисти, една пракса присвоена од некои вероисповеди денес, посебно во однос на свинското. Поради Христовото отстранување на законот, на крстот, "никој нека не ве осудува за јадење или пиење" (Кол.2:14-16). Така Мојсеевите заповеди кои се однесуваа за тие работи се отстранети, бидејќи се појави Христос. Тоа беше тој према кого посочуваше 'чистата' храна.

Исус јасно објасна дека ништо што човекот јаде не може духовно да го осквrни; она што излегува од срцето го прави тоа (Мк.7:15-23). "Говорејќи го ова, Исус ја објави **сета** храна за 'чиста' " (Мк.7:19 Н.И.В.). Петар беше поучен на истата лекција (Дела 10:14,15), како и Павле: "Знам и уверен сум преку Господа Исуса Христа дека нема ништо нечисто само по себе" (Рим.14:14). Порано, Павле мислеше дека одбивањето на одредени меса беше знак на духовна слабост (Рим.14:2). Нашиот став кон месото "не нѐ приближува кон Бога" (1Кор.8:8). Најобвинително во сето тоа е предупредувањето на христијанските апостати дека ќе ги научат луѓето на "воздржување од јадења, што ги создал Бог, верните да ги јадат со благодарност и оние, што ја познаа вистината" (1Тим.4:3).

## 9.6 Саботата

Едно од најраспространетите продолженија меѓу сегашните 'христијански' пракси и Мојсеевиот закон има во идејата дека треба да ја држиме саботата. Некои групи тврдат дека би требало да ја држиме еврејската сабота точно како што е опишана во законот; многу други мислат дека христијаните треба да имаат еден посебен ден од седмицата во кој ќе богослужат, кои често го одредуваат како недела. Прва работа за разјаснување е дека саботата беше последен ден од седмицата, кога Бог отпочина по шест дена создавање (Исх.20:10,11). Бидејќи недела е првиот ден од седмицата, би било неисправно да се држи тој ден како сабота. Саботата беше посебен "знак меѓу Мене и нив (Израел), па да знаат, дека Јас сум Господ што ги осветува" (Јез.20:12). Како таква, никогаш не беше наменета да ги обврзува неЕвреите.

Ние видовме дека преку Христовата смрт на крстот, законот Мојсеев беше отстранет, и дека сега нема потреба за држење на саботата или, всушност, било кој празник, пр. денот на Христовата смрт (Кол.2:14-17). Раните христијани кои се вратиле на држење делови од законот Мојсеев, пр. саботата, се опишани од Павле како враќање "кон слабите и лоши правила, на кои пак сакате одново да им служите. Гледате на деновите (пр. саботата), месеците, времињата и годините (т.е. еврејските празници). Се плашам за вас, да не би случајно залудо да сум се трудел меѓу вас" (Гал.4:9-11). Ова е сериозноста на обидот да се држи саботата, како средство за спасение. Јасно е дека држењето на саботата е неважно за спасението: "Така еден разликува ден од ден (т.е. во духовна значајност), а друг сите денови ги смета еднакви. Секој нека остане уверен во својата мисла. Оној, што ги разликува деновите, ги разликува за Господа; и кој не ги разликува деновите, за Господа не ги разликува" (Рим.14:5,6).

Затоа, разбирливо е што не читаме за раните верници дека ја држат саботата. Всушност, запишано е дека тие се состанале на "**првиот** ден од седмицата", т.е. недела: "во првиот ден од седмицата, кога се беа собрале учениците за да прекршат леб" (Дела 20:7). Дека тоа беше распространета пракса е посочено од Павле кој ги советуваше верниците во Коринт да се собираат "на првиот ден од седмицата" (1Кор.16:2), т.е. на нивните редовни состаноци во тој ден. Сите верници се опишани како свештеници (1Пет. 2:9), кои беа ослободени од држење на саботата (Мт.12:5).

Ако ја држиме саботата, треба да го правиме тоа правилно; порано покажавме дека е кобно да се држи законот Мојсеев делумно, бидејќи тоа ќе исходи во наша осуда (Гал.3:10; Јак.2:10). Спасението е преку држењето на законот од Христа наместо оној од Мојсеј. На Израелот не му беше дозволена никаква работа во сабота: "Секој што ќе работи во тој ден, со смрт да се казни". Им беше заповедано и: во "ден саботен да не палите оган нигде во живеалиштата ваши", значи им беше забрането да припремаат и храна во тој ден (Исх.35:2,3; 16:23). Еден човек кој собираше дрва во сабота, претпоставуваме за да запали оган, беше казнет со смрт заради тоа (Бро.15:32-36).

Оние вероисповеди кои учат дека држењето на саботата е обврска на нивните членови треба према тоа да ги казнат оние членови со смрт кои ќе ја прекршат саботата. Не би требало да има никаво готвење на храна или употреба на оган во било кој облик, пр. возење моторни возила, употребата на грејни системи и.т.н. Православните Евреи даваат еден пример за видот на однесување кој се очекува во сабота: тие остануваат дома цел ден освен за религиозни причини, и лично не се вклучуваат во готвење, превоз и.т.н. Повеќето од оние 'христијани' кои тврдат дека ја држат саботата не се ни оддалеку вакви.

Често е расправано дека држењето на саботата беше една од десетте заповеди дадени на Мојсеј, и дека, додека остатокот од законот на Мојсеј беше отстранет, останува обврската да се држат сите 10 заповеди. Седмиот ден адвентисти прават една разлика помеѓу 'моралниот закон' на десетте заповеди и еден таканаречен 'ритуален закон', за кој веруваат дека бил отстранет од Христа. Таа разлика не е учена во Писмото. Ние покажавме дека Стариот завет посочува на законот Мојсеев, кој беше сменет на крстот со Новиот завет. Може да се покаже дека десетте заповеди, вклучувајќи ја и онаа за саботата, беа дел од Стариот завет кој беше отстранет од Христос:

-Бог "ви (Израел) го објави заветот Свој, и ви заповеда да ги исполнувате десетте заповеди и ги напиша на две камени плочи" (5Мој.4:13).

-Повторно мора да се забележи дека тој завет, основан на десетте заповеди, беше направен меѓу Бог и **Изреал** а не денешниве неЕвреи.

-Мојсеј се искачи на планината Хорив да ги прими камените плочи врз кои Бог ги испиша десетте заповеди. Мојсеј подоцна коментираше околу тоа, "Господ, нашиот Бог, склучи со вас завет на Хорив" (5Мој.5:2), т.е. преку тие 10 заповеди.

-Тогаш, Бог "ги напиша врз плочите зборовите на заветот, десетте заповеди" (Исх.34:28). Истиот завет вклучуваше детали од таканаречениот 'ритуален закон' (Исх.34:27). Ако се расправа дека држењето на заветот направен во 10-те заповеди е потребно, ќе мора исто така да се придржуваме на секој детал од целиот закон, бидејќи тоа сè е дел од истиот завет. Јасно е дека е неможно да се направи тоа.

-Евр.9:4 говори за "плочите на заветот". Десетте заповеди беа запишани на камени плочи, кои го содржеа "заветот (стар)".

-Павле говори за овој завет како за "букви, издлабени во камења", т.е. на камени плочи. Го нарекува "служењето на смртта... служењето на осудувањето... она што престанува" (2Кор.3:7-11). Заветот поврзан со десетте заповеди сигурно не може да даде никаква надеж за спасение.

-Христос го избриша "ракописниот закон, што беше против нас" (Кол. 2:14) на крстот. Тоа алудира на Божјиот ракопис на 10-те заповеди на камените плочи. Слично говори и Павле за "Законот... бевме мртви... старата **буква**" (Рим.7:6), веројатно се однесува за буквите на 10-те заповеди кои беа напишани на камени плочи.

-Само една од 10-те заповеди е назначена ‘закон’ во Рим.7:7 "Законот... велеше: не похотствувај". Претходните стихови во Рим.7:1-7 истакнуваат дека ‘законот’ е отстранет со смртта Христова; ‘законот’ према тоа ги вклучува 10-те заповеди.

Сè ова појаснува дека Стариот завет и 'законот' ги вклучуваат десетте заповеди. Бидејќи се тие отстранети со Новиот завет, 10-те заповеди се према тоа заменети. Меѓутоа девет од 10-те заповеди се обновени, духовно барем, во Новиот завет. Броевите 3,5,6,7,8 и 9 можат да се најдат во 1Тим.1 сами, а броевите 1,2 и 10 во 1Кор.5. Но никогаш четвртата заповед за саботата не се повторува во Новиот завет како обврзна за нас.

Следниов список на пасуси документира понатаму како другите девет се обновени во Новиот завет:

1ва- Еф.4:6; 1Јв.5:21; Мт.4:10

2ра- 1Кор.10:14; Рим.1:25

3та- Јаков 5:12; Мт.5:34,35

5та- Еф.6:1,2; Кол.3:20

6та- 1Јв.3:15; Мт.5:21

7ма- Евр.13:4; Мт.5:27,28

8ма- Рим.2:21; Еф. 4:28

9та- Кол.3:9; Еф. 4:25; 2Тим.3:3

10та- Еф. 5:3; Кол.3:5.

## Осврт 28: Распетието

Распространето е верувањето во христијанството дека Исус Христос бил убиен на крст. Меѓутоа, грчкиот збор 'стаурос', кој е обично преведуван 'крст' во Библијата, всушност значи кол/столб или јарбол. Всушност круцификсниот симбол веројатно има паганско потекло. Се совпаѓа дека Христос умрел со рацете кренати врз неговата глава, а не раширени во вид на круцификс, бидејќи нагоре кренатите раце се еден симбол на Божјите ветувања дека се потврдени (Јез.20:5,6,15; 36:7; 47:14), како и упорната молитва (Плач 2:19; 1Тим.2:8; 2Лет.6:12,13; Пс.27:2) со која што беше зафатен Христос на крстот (Евр.5:7). Тој рече, како што бронзената змија беше кренета на **столб** кога Израелците беа во пустината, така и тој ќе биде јавно кренат за време на своето умирање; така поврзувајќи го 'крстот' со **столбот** (Јв.3:14).

Римокатоличката црква придава големо мистично значење на крстот. Тоа е целосно без библиска поддршка; што исходи во распетието да стане еден талисман, физички знак дека Бог е со нас. Луѓето почнаа да мислат дека со носење на круцификсот или редовно крстење, Бог ќе биде со нив. Тоа е само симболизам; вистинската сила на крстот е преку поврзувањето на Христовата смрт со вера и крштевање, наместо оповикувањето на физичкиот облик на крстот. Ова последново се разбира е полесно.

## Осврт 29: Дали Исус се роди на 25 декември?

Уште една голема грешка на народното христијанство е роденденот на Исус. Овчарите спиеја во полињата со своите стада во времето на Христовото раѓање (Лк.2:8); тие не би го правеле тоа за време Божиќ, во зима. Христос живееше 33.5 години и потоа умре за празникот Пасха, кој е за Велигден. Тој мораше према тоа да е роден шест месеци од другата страна на Велигден- т.е. околу септември/октомври.

25 декември изворно беше датумот на еден пагански празник во претхристијанска Европа. Делата Апостолски бележат како вистинските христијани беа непријатно прогонувани од паганите поради своите верувања. Повремено апостолите предупредуваа дека поради тоа, некои христијани ќе прифатат пагански верувања, за да им се овозможи да ја прилагодат својата религија на околните паганци (пр. Дела 20:30; 1Јв.2:18; 2Сол.2:3; 2Пет.2:1-3). Прифаќањето на 25 декември како христијански празник е основен пример. Божиќните елки, имелата и.т.н сите можат да се следат наназад до паганските обреди практикувани на 25 декември.

Од ова следува дека вистинските христијани не треба да го прославуваат раѓањето Христово на 25 декември. Во пракса, вистинските верници ќе ги искористат повеќето народни празници, пр. Божиќ, за заедничко дружење каде и да било можно.

## Студија 9: Прашања

1. Зошто смртта на Исус, повеќе отколку нечија друга, беше потребна за нашето спасение?

2. Зошто жртвувањата животни од законот Мојсеев не беа доволни да го отстранат гревот?

3. Дали Исус беше наш претставник или замена кога умре?

4. Која од следниве изјави е вистинита?

а) Христос умре наместо ние да умреме

б) Тој нѐ претставуваше нас, и Бог може заради него да ни прости

в) Христос беше како нас но не нѐ претставува нас

г) Христовата смрт значеше дека Бог нема да го смета ниедно човечко суштество виновно за грев.

5. Дали Исус ползуваше од сопствената смрт?

6. Кога Христос умре на крстот, дали

а) Ги укина помалите заповеди на законот Мојсеев но не и 10-те заповеди

б) Го укина целиот закон Мојсеев вклучувајќи ги и 10-те заповеди

в) Го укина законот Мојсеев со исклучок на еврејските празници

г) Немаше никаков ефект на состојбата од законот Мојсеев.

7. Дали треба да ја држиме саботата сега?

8. Наведи причини за одговорот на прашањето 7.

## 9.1 Победата на Исус

Претходната Студија изложи како Исус ја имаше нашата човечка природа и беше искушуван на грев исто како и нас. Разликата помеѓу него и нас е тоа што тој целосно го совлада гревот; иако имаше грешна **природа**, тој секогаш покажуваше совршен **карактер**. Чудесноста на ова би требало бескрајно да нѐ инспирира како што сѐ повеќе го цениме тоа. Има повторувани новозаветни истакнувања за Христовиот совршен карактер:

-Тој беше "искусил сѐ како и ние, освен грев" (Евр.4:15).

-Тој "не знаеше грев". "Грев во Него нема" (2Кор.5:21; 1Јв.3:5).

-"не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама" (1Пет.2:22).

-"Свет, незлобив, непорочен, одвоен од грешниците" (Евр.7:26).

Записите на евангелието покажуваат како неговите пријатели увиделе дека совршеноста извира од неговиот карактер, покажана во неговите зборови и дела. Жената на Пилат увиде дека е тој ‘праведник’ (Мт.27:19), кој не заслужува казна; римскиот војник кој го гледаше Христовото држење додека висеше на крстот мораше да коментира, "Навистина Овој Човек бил праведник" (Лк.23:47). Порано во неговиот живот, Исус ги предизвика Евреите со прашањето "Кој од вас може да Ме укори за неправда?" (Јв.8:46). На ова немаше никаков одговор.

Поради својот совршен карактер, Исус беше објавата Божја во тело (1Тим.3:16); се однесуваше и говореше онака како што би правел Бог кога би бил човек. Тој беше према тоа совршениот одраз Божји, "**образ** на невидливиот Бог" (Кол.1:15). Затоа нема никаква потреба смртниците да го видат физички Бога. Како што објасна Исус, кој "Ме видел Мене, Го видел Отецот, и како ти велиш: Покажи ни Го (физички) Отецот?" (Јв.14:9).

Живеејќи во грешниот свет, напаствувани од грев во самата наша природа, тешко е да ја увидеме потполната и бескрајна Христова духовна врвност; дека еден човек од нашата природа може целосно да ја открие праведноста Божја во својот карактер. Верувањето во тоа бара голема вера а не само прифаќање на теолошката идеја дека Христос бил самиот Бог; разбирливо е дека лажните учења на тројството и 'Божественоста Христова' се толку славни, бидејќи се лесни за прифаќање.

Бидејќи ја имаше нашата природа, Христос мораше да умре. Тој беше потомок Адамов преку Марија, и сите Адамови деца мора да умрат (1Кор. 15:22). Сите потомци на Адам мораа да умрат поради неговиот грев, без оглед на нивната лична праведност: "Смртта, пак, царува... преку престапувањето, на еден (Адам) изумреа мнозина... судењето (на сметка) за еден (Адамов) престап води кон осудување (на смрт)... преку непослушноста на еден човек мнозина **станаа** грешни", и према тоа мораа да умрат (Рим.5:14-19 ср. 6:23). Како потомок на Адам, Христос **'стана** грешник' и затоа мораше да умре, како што беа и сите потомци на Адам класификувани како грешници вредни за смрт поради неговиот грев. Бог не го промени тоа начело, Тој допушти да го погоди и Христа. Бог го "**направи** грев за нас, оној кој не знаеше грев" (2Кор.5:21 изв. текст).

Освен Исус, сите потомци на Адам ја заслужуваат таа казна, зошто ние сите сме згрешиле лично. Исус требаше да умре бидејќи беше од наша природа, споделувајќи ја клетвата која дојде врз потомците Адамови. Сепак бидејќи лично не сторил ништо вредно за смрт "Бог Го воскресна, откако Го ослободи од врските на смртта, бидејќи таа немаше сила да го задржи" (Дела 2:24). Христос беше "посведочен како Син Божји во силата по Духот на осветувањето преку воскресението на мртвите" (Рим.1:4). Така поради Христовиот совршен карактер, неговиот "дух осветен", тој беше славно воскреснат.

Христос не умре на крстот **само** зашто беше од човечка природа. Тој волно го даде својот совршен живот како подарок на нас; тој ја покажа својата љубов за нас умирајќи "за нашите гревови" (1Кор.15:3), знаејќи дека со својата смрт конечно ќе ни стекне спасение од грев и смрт (Еф. 5:2,25; Отк.1:5; Гал.2:20). Бидејќи Исус беше совршен по карактер тој можеше да го совлада исходот на гревот со тоа што ќе биде првата личност за воскреснување од мртвите и давање вечен живот. Сите оние кои се идентификуваат со Христа преку крштевањето и налик-на-Христа начин на живот со тоа имаат надеж на слично воскреснување и награда.

Во тоа лежи славното значење на Христовото воскресение. Тоа е ‘уверувањето’ дека ние ќе сме воскреснати и судени (Дела 17:31), и ако сме биле навистина како него, ќе ја споделуваме неговата награда на бесмртен живот, "**знаејќи** (сигурно), дека Кој Го воскресна Господа Исуса и нас ќе нè воскресне преку Исуса" (2Кор.4:14; 1Кор.6:14; Рим.6:3-5). Како грешници ние заслужуваме вечна смрт (Рим.6:23). Сепак поради Христовиот совршен живот, покорна смрт и воскресение, Бог може да ни **подари** вечен живот, во потполна согласност со сите Негови начела.

Да ги отстрани ефектите на нашите гревови, Бог "прима оправдание" (Рим.4:6) од нас преку нашата вера во Неговите ветувања за спасение. Ние знаеме дека гревот носи смрт, затоа ако навистина веруваме дека Бог ќе нè спаси од неа, мора да веруваме дека Тој ќе нè смета за праведни, иако не сме. Христос беше совршен; со тоа што ќе сме навистина **во** Христа, Бог ќе нè смета за совршени, иако лично не сме. Бог го направи Христа "Кој не знаеше грев... место нас Го направи грев, та **преку** Него да станеме правда Божја" (2Кор.5:21), т.е. да бидеме **во** Христа преку крштевање и налик-на-Христа живот. Така за оние "во Исуса Христа", тој "за нас стана... правда, и осветување, и откуп" (1Кор.1:30, 31); следниот стих на тој начин нè охрабрува да го славиме Христа за големите нешта што ги постигна: "Во Евангелието правдата Божја е откриена, правдата која е од вера" (Рим.1:17, Н.И.В.). Увидувањето на овие работи е према тоа нужен дел од познавањето на вистинското евангелие.

Сето ова беше овозможено преку Христовото воскресение. Тој беше "првиот плод" од една цела жетва на човечки суштества кои ќе бидат обесмртени преку неговиот успех (1Кор.15:20), ‘првородениот’ од едно ново духовно семејство на кое ќе се даде Божја природа (Кол.1:18 ср. Еф. 3:15). Христовото воскресение према тоа овозможи на Бога да ги смета верниците во Христа за праведни, бидејќи се покриени со неговата праведност. Христос беше "предаден за нашите гревови и воскреснат за наше оправдание" (Рим.4:25), збор кој значи 'да бидеме праведни'.

Потребна е една свесна промислена вера во овие работи за да бидеме навистина убедени дека ќе сме сметани од Бога за совршени. Христос ќе нè претстави при судот "**безгрешни**... пред славата Своја", и "свети, непорочни и без вина" (Јуда 24; Кол.1:22 ср. Еф.5:27). Со даденава грешна природа и постојани духовни неуспеси, потребна е цврста вера да се верува во тоа навистина. Кревањето тек рака при едно 'крстосување' или давање академска

согласност на една постава од учења не е поврзано со тој вид на вера. Правилното разбирање на Христовото воскресение е тоа што треба да ни ја мотивира верата: Бог "Го воскресна од мртвите... **та** верата ваша и надежта (на исто воскресение) да ви бидат во Бога" (1Пет.1:21).

Само со правилно крштевање во Христос можеме да бидеме "во Христа" и со тоа да сме покриени со неговата праведност. Со крштевањето ние се поврзуваме со неговата смрт и воскресение (Рим.6:3-5), кои се средствата за отпуштање на нашите гревови, со 'оправдување', или врачунета праведност (Рим.4:25).

Чудесните нешта кои ги зедовме во обзир во овој оддел се прилично вон нашиот дофат освен ако сме крстени. Со крштевањето се поврзуваме со крвта Христова пролиена на крстот; верниците "ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Агнецот" (Отк.7:14). Симболично, тие се тогаш облечени во бели алишта, и ја претставуваат праведноста Христова која им беше врачунета ("се даде" (Отк.19:8)). Можно е тие бели алишта да се извалкаат во исход на нашиот грев (Јуда 23); кога ќе го направиме тоа по крштевањето, треба повторно да ја употребиме крвта Христова да ги исопереме со молење на Бога за проштевање преку Христа.

Следува дека по крштевањето сè уште треба да се бориме да останеме во благословената состојба во која сме влегле. Потребно е редовно, дневно самоиспитување од неколку минути, со молитва и барање на опрост. Така секогаш ќе сме понизно уверени дека, поради покриеноста со Христовата праведност, навистина ќе бидеме во царството Божјо. Треба да се трудиме да бидеме најдени настанати **во** Христа на денот на нашата смрт или при Христовото враќање, "не со својата... праведност, туку... преку верата во Христа, односно со праведноста од Бога преку верата" (Филип.3:9).

Повторуваните истакнувања за **верата** која исходи во дадена праведност, покажува дека на никој начин не можеме да го заработиме спасението со нашите дела; спасението е од благодат: "зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас- Божји дар е; не е од дела" (Еф.2:8,9). Како што оправданието и праведноста се 'дарови' (Рим.5:17), така и спасението. Нашата мотивација во било кои работи на христијанска служба треба да е према тоа од благодарност за она што Бог направил за нас- сметајќи нè за праведни во Христа со што ни нуди пат кон спасение. Кобно е да се расудува дека ако чиниме дела тогаш ќе бидеме спасени. Ние едноставно нема да успееме во

здобивањето спасение ако размислуваме вака; тоа е еден **дар** кој не можеме да го заработиме, само со волниот одзив во длабока благодарност, која ќе се одрази во нашите дела. Вистинската вера произведува дела како еден неизбежен спореден производ (Јак.2:17).

## 9.2 Крвта на Исус

Често е наведувано во Новиот Завет дека нашето оправдание и спасение е преку крвта на Исус (пр. 1Јв.1:7; Отк.5:9; 12:11; Рим.5:9). За да се сфати важноста на Христовата крв, треба да го знаеме библиското начело дека "душата на секое тело е во крвта негова" (Лев.17:14). Без крвта едно тело не може да живее; затоа е таа симбол на животот. Тоа ја објаснува прикладноста на Христовите зборови, "ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе" (Јв.6:53).

Гревот исходува во смрт (Рим.6:23), т.е. излевање на крвта, која го носи животот. Затоа од Израелците се очекуваше да излеат крв секогаш кога ќе згрешеа, да се потсетат дека гревот исходува во смрт. "И скоро сè според Законот (Мојсеевј) со крв се очисти, и без проливање крв, проштевање не станува" (на гревовите- Евр.9:22). Оттука, покривањето на Адам и Ева со смоквини лисја беше неприфатливо; наместо тоа, Бог погуби едно јагне за да им снабде кожи да го покријат својот грев (Бит. 3:7,21). Слично, жртвувањето животни од Авел беше прифатено повеќе отколку понудите на зеленчук од Каин, бидејќи тој го ценеше начелото дека без проливањето крв не може да има никакво проштевање и прифатлив приод кон Бога (Бит.4:3-5).

Овие настани посочуваат кон возвишената важност на крвта Христова. Ова беше посебно пред-засенето во настаните на Пасха, при што Божјиот народ мораше да стави крв од јагне на своите прагови за да добијат спасение од смртта. Таа крв посочуваше кон онаа на Исус со која треба ние да се покриеме. Пред времето на Христос Евреите мораа да нудат животински жртвувања за своите гревови, према Божјиот закон преку Мојсеј. Меѓутоа, ова проливање на животинска крв беше само заради поучни намери. Гревот се казнува со смрт (Рим.6:23); не беше можно едно човечко суштество да убие животно во замена за својата смрт или како вистински претставник на себе. Понуденото животно немаше никакво поимање за исправност или погрешност; тоа не го претствуваше него: "не е можно телешката и јарешката крв да ги премавне гревовите" (Евр.10:4).

Затоа се поставува прашањето, зошто мораа Евреите да жртвуваат животни кога ќе грешеа? Павле ги сумира разните одговори на тоа прашање во Гал.3:24: "Законот беше за нас воспитувач во Христа". Животните кои ги убиваа за понуда за грев требаше да бидат чисти- без недостаток (Исх.12:5; Лев.1:3,10 и.т.н.). Тие посочуваа кон Христа, "непорочно и чисто Јагне" (1Пет.1:19). Крвта на тие животни према тоа ја **претставуваше** онаа на Христа. Тие беа прифаќани како жртви за грев сè додека посочуваа кон Христовата совршена жртва, која Бог знаеше ќе ја направи. Поради тоа, Бог можеше да ги опрости гревовите на Својот народ кој живееше пред времето Христово. Неговата смрт беше за "откуп на престапите (кои беа направени) од времето на првиот завет" (Евр.9:15), т.е. законот на Мојсеј (Евр.8:5-9). Сите жртви понудени под законот посочуваа кон Христа, совршената понуда за грев, кој "го премавна гревот, откако се принесе Сам Себе како жртва" (Евр.9:26; 13:11,12; Рим.8:3 (Н.И.В.) ср. 2Кор.5:21).

Ние објаснавме во оддел 7.3 дека целиот Стар завет, посебно законот на Мојсеј, посочуваше кон Христа. Под тој закон начинот за пристап кон Бога беше преку првосвештеникот; тој беше посредникот помеѓу Бога и луѓето кои беа под Стариот завет како Христос што е под Новиот завет (Евр.9:15). "Законот за првосвештеници поставува луѓе, што се немоќни; а словото на клетвата... Синот, Кој е вечно совршен" (Евр.7:28). Бидејќи самите беа грешници, тие луѓе не беа во состојба да стекнат вистинско проштевање за луѓето. Животните кои тие ги жртвуваа за грев не беа вистински претставници на грешниците. Она што се бараше беше едно совршено човечко битие, кое што беше на секаков начин претставник на грешен човек, кое би направило прифатливо жртвување за грев од кое луѓето би можеле да се ползуваат преку поврзувањето со таа жртва. На сличен начин, еден совршен Првосвештеник беше потребен кој би можел да сочувствува со грешниците за кои посредува, и ќе биде искушуван исто како нив (Евр.2:14-18).

Исус совршено се вклопува во ова барање- "Таков Првосвештеник и ни требаше: свет, незлобив, непорочен" (Евр.7:26). Тој не треба постојано да се жртвува за своите гревови, ниту е подложен веќе на смрт (Евр.7:23,27). Во светло на ова, Писмото коментира врз Христа како за наш свештеник: "Затоа Он може и за вечно да ги спаси оние, што преку Него доаѓаат кон Бога, бидејќи е секогаш жив за да се моли за нив" (Евр.7:25). Зашто имаше човечка природа, Христос, како наш идеален Првосвештеник, "може да ги разбира оние, што се неумешни и заблудени, бидејќи **и сам** (беше) со слабости" (Евр.5:2). Ова ја

повикува изјавата за Христос, "**и тој самиот** исто така" зеде учество во нашата човечка природа (Евр.2:14 грч. текст).

Како што еврејските првосвештеници посредуваа само за Божјиот народ, на Израел, така Христос е Свештеник само за духовниот Израел, оние кои се крстени во Христа, откако го разбрале вистинското евангелие. Тој е "Големиот свештеник над **домот Божји**" (Евр.10:21) кој е составен од оние кои се преродени со крштевање (1Пет.2:2-5), кои ја имаат вистинската надеж од евангелието (Евр.3:6). Познавањето на чудесните добробити од Христовото свештенство треба према тоа да нè поттикне да се крстиме во него; без тоа, тој не може да посредува за нас.

Откако сме крстени во Христа, треба нестрпливо да правиме полна корист од Христовото свештенство; всушност, ние имаме некои одговорности во поглед на она што треба да достигнеме. "Преку Него, пак, секогаш да Му принесуваме на Бога пофална жртва" (Евр.13:15). Божјиот план да нè снабди со Христа како наш свештеник беше за да Го славиме; затоа треба да правиме постојана употреба на нашиот пристап до Бога преку Христа за да го славиме Него. Евр.10:21-25 наведува еден број на одговорности кои ги имаме поради тоа што е Христос наш Голем свештеник: "Го имаме Големиот свештеник над домот Божји:

1. Тогаш да пристапиме (кон Бога) со искрено срце, во полна вера, откако ги очистиме срцата од лукава совест со попрскување и откако го измиеме телото со чиста вода." Разбирањето на Христовото свештенство значи дека треба се крстиме во него ("да го измиеме телото"), и никогаш да не оставиме лоша совест да се развие во нас. Ако веруваме во Христовиот откуп ние сме направени еден со Бога ('ОТ-КУП') со неговата жртва.

2. "Да го држиме исповеданието на надежта цврсто". Не треба да отстапуваме од вистинските учења од кои произлегло нашето разбирање за Христовото свештенство.

3. "И да бидеме внимателни еден кон друг, за да се поттикнуваме кон љубов... не напуштајќи го своето собрание". Треба волно да се здружиме со другите кои разбираат и се ползуваат од Христовото свештенство; посебно преку

заедничкото собирање во заедничката служба, со која ја помниме Христовата жртва (види Оддел 11.3.5).

Разбирањето на овие работи треба да нè исполни со понизно убедување дека навистина ќе го достигнеме спасението ако сме крстени и настанати во Христа: "**слободно** да **пристапуваме** кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош" (Евр.4:16).

## 9.3 Понудата за нас и за самиот себе

Еврејскиот првосвештеник требаше да направи понуда прво за своите гревови, и потоа за оние од народот (Евр.5:1-3). Христовата жртва го имаше истиот овој двостран состав. Иако тој лично немаше никаков грев, Исус сè уште беше од човечка природа, и му беше потребно спасение од смртта. Ова спасение беше снабдено од Бога поради неговата жртва; така Исус умре за да го стекне своето спасение, и исто така да ни го овозможи нашето. Многу пасуси посочуваат на тоа.

Овој оддел е еден каталог на стихови кои докажуваат дека Христовата жртва беше за негова сопствена корист колку и за наша. Многу е подолг него што е потребно да се докаже точката; но се смета дека оваа тема е битна да се сфати за исправно да се разбере човечноста на нашиот Господ. По завршувањето на оваа книга можеби во некоја идна етапа ќе се посака да се размислува за тие работи на едно подлабоко ниво, и затоа сиот овој материјал е вклучен.

-Големиот свештеник "е должен како за народот, така исто и за своите гревови да принесува... така и Христос" го исполни моделот на Мојсеевиот првосвештеник во тој поглед (Евр.5:3,5). Грчкото "е должен" одредено значи да се има паричен долг- и говори за купувањето на сопственото избавување од нашиот Господ исто како и за нашето. Заради неговата сопствена човечност тој требаше да го направи ова (Евр.5:3). Тоа не значи дека тој имаше некои лични гревови за кои требаше да се откупи. Оваа точка не може да се преистакни. Ние сме откупени со неговата жртвувана крв- а воедно и тој.

За Христос "нема потреба, како и другите првосвештеници, секојдневно да принесува жртва прво за гревовите свои, а потоа и за оние на народот, бидејќи **Он го изврши** тоа еднаш" (Евр.7:27). Нема сомнение дека Павле ја истакнува сличноста помеѓу свештеничкото двојно понудување и она на Христа. Тој повторно го прави тоа во Евр.9:7 (ср. в.12,25). Контрастот е дека Христос го направи тоа еднаш, но првосвештеникот годишно. Ако контрастот беше дека Христос само понудува за народот, тогаш тоа ќе се истакнеше. Забележи дека Христовата жртва беше заради неговите сопствени 'гревови', кои беа одвоени од оние на народот- неговите 'гревови' што ги носеше не беа наши, бидејќи во моделот тој направи една одвоена понуда за нас. Пошто Исус имаше еден совршен, безгрешен карактер, 'гревови' овде е еден друг начин за опишување на грешната човечка природа. Со метонимија, за причината (грешна природа) се говори како за учинок. Но сепак треба да се истакне дека нашиот Господ беше совршен, и не може да биде осуден за грев.

Бог "преку крвта на вечниот завет Го воздигна од мртвите големиот Пастир… Исус" (Евр.13:20), т.е. преку неговата сопствена крв. Така нашиот Господ беше и пастирот и закланата овца, така што самиот се одведе на колење, и преку неговата крв Бог го крена; на истиот начин дека тој беше и понудата и свештеникот.

А.В. маргин на Зах.9:9 се вклопува совршено: "Царот твој доаѓа при тебе, тој е праведен, и се спасува себеси (АВ 'има спасение')". Овие два можни преводи предлагаат дека со спасувањето себе нашиот Господ ни донесол спасение. Со жртвата на крстот, Исус се откупи за својата природа **за да** го постигне нашето избавување. Не е мудро да се размислува за неговата смрт вон контекстот на нејзината намена, за да нè спаси нас.

Мора да се сфати дека сите препораки на проливањето крв со животинските жртви под законот се битни на некој начин за Христовата жртва. Олтарот, симболот на Христос, беше чистен еднаш годишно со крв (Исх.30:10), и покажува како Христос се освети со својата понуда. Всушност целиот храм го претставуваше Христа, и мораше да се очисти со крв (Евр.9:23). Физичкиот мебел на храмот не направил никаков грев, сепак беше потребно чистење поради самата поврзаност со грев. Па така и со нашиот Господ. Самиот првосвештеник требаше да ја почне својата служба со тоа што ќе биде попрскан со крв, и на Христа исто така му беше потребна неговата жртва за да ја почне својата служба за нас на небото.

Тоа што Исус се откупи самиот не значи дека тој лично беше грешен. Давањето понуда за личен грев не секогаш имплицира дека понудувачот згрешил (пр. во Лев.12 една жена требаше да го стори тоа после породувањето).

### 9.4 Исус како наш претставник

Ние видовме дека жртвуваните животни не ги претставуваа во целост грешниците. Исус **беше** наш претставник, во секој поглед "беше во сѐ да личи на браќата" (Евр,2:17). Тој "вкуси смрт за сите" (Евр.2:9). Кога ние ќе направиме грев- пр. се налутиме- Бог може да ни прости заради Христа (Еф.4:32). Ова е поради тоа што Бог може да нѐ спореди со Христа, човек како нас кој беше искушан на грев- пр. да се налути- но кој го совлада секое искушение. Према тоа Бог може да ни го прости гревот- на лутина- зашто сме во Христа, покриени со неговата праведност. Дека е Христос нашиот претставник е према тоа средството по кое Бог може да ни ја покаже Својата благодат, а сепак да ги задржи Своите праведни начела.

Ако Исус беше Бог повеќе отколку да бил само од човечка природа, тој не ќе можеше да биде наш претставник. Ова е уште еден пример каде што една погрешна идеја води кон друга. Затоа, теолозите имаат изградено многу сложени начини за објаснување на Христовата смрт. Познатото видување на апостатот христијански е дека човечките гревови го задолжиле него кон Бога а самиот не можел да исплати. Па, Христос го очистил долгот на секој верник со својата крв, пролиена на крстот. Многу во евангелиска сала проповедници се изразиле вака: "тоа беше како да сме сите построени наспроти еден ѕид, штотуку ѓаволот треба да пука во нас. Тогаш Исус јурна внатре; ѓаволот пукаше во него наместо во нас, па така сме сега слободни".

Овие разработени теории се без никаква библиска поддршка. Тука е очевидната противречност дека ако Христос умрел **наместо** нас, тогаш ние не треба да умираме. Пошто ние сѐ уште имаме човечка природа, ние сѐ уште мораме да умреме; спасението од грев и смрт ќе биде конечно откриено при судот (кога ќе ни се додели бесмртноста). Ние ова не го примивме во времето кога умре Христос. Христовата смрт го уништи ѓаволот (Евр.2:14) а не ѓаволот дека го уништил него.

Библијата учи дека спасението е можно преку Христовата смрт И воскресение, не само со неговата смрт. Христос "умре за нас" еднаш. Теоријата за замена би значела дека тој требаше да умре лично за секој еден од нас.

Ако Христос отплати еден долг со својата крв, нашето спасение постанува нешто што можеме да го очекуваме како едно право. Фактот дека спасението е дар, издејствуван од Божјата благодат и проштевање, се губи од вид ако ја разбереме Христовата жртва како исплата на еден долг. Исто така произлегува дека еден лут Бог се смирил еднаш штом ја видел физичката крв на Исус. Сепак она што Бог го гледа кога ние се покајуваме е Својот Син како наш претставник, кого ние настојуваме да го копираме, наместо да се поврзуваме со Христовата крв како еден талисман. Многу 'христијански' химни и песни содржат едно неверојатно количество на лажно учење во оваа област. Повеќето лажно учење навлегува во човечката свест со музика, наместо рационална библиска подука. Ние секогаш мора да внимаваме на тој вид перење на мозокот.

Трагично, едноставните зборови "Христос умре за нас" (Рим.5:8) се грубо и погрешно разбрани дека значат Христос умре наместо нас. Има еден број на поврзувања меѓу Рим.5 и 1Кор.15 (пр. в.12=1Кор.15:21; в.17=1Кор.15:22). "Христос умре за **нас**" (Рим.5:8) одговара на "Христос умре за нашите **гревови**" (1Кор.15:3). Неговата смрт беше за да се направи еден начин по кој ќе добиеме проштевање за нашите гревови; во таа смисла "Христос умре за нас". Зборот ‘за’ не значи нужно 'наместо'; Христос умре за "нашите гревови", не 'наместо' нив. Затоа, Христос може да посредува за нас (Евр.7:25)- не 'наместо' нас. Ниту ‘за’ значи 'наместо' во Евр.10:12 и Гал.1:4.

## 9.5 Исус и законот Мојсеев

Бидејќи Исус беше совршената жртва за грев и идеалниот Голем свештеник кој стварно можеше да добие проштевање за нас, стариот систем на животински жртвувања и првосвештеници беше премавнат по неговата смрт (Евр.10:5-14). Кога "се промени свештенството (од Левитите на Христа), тогаш станува и потреба да се измени и законот" (Евр.7:12). Христос "стана свештеник не по основ на едно правило по неговите претци (т.е. само човек кој води потомство од Левитите можеше да биде свештеник), но по основ на силата на еден неуништив живот", кој што го доби благодарение на својата совршена жртва (Евр.7:16 Н.И.В.). Затоа "одменувањето на поранешната заповед (т.е. законот Мојсеев) се изврши затоа, што таа беше слаба и безполезна, оти Законот ништо не доведува до совршенство; а се воведе подобра надеж (преку Христа)" (Евр.7:18,19 А.В. со Н.И.В.).

Од ова е јасно дека законот на Мојсеј беше завршен со жртвата на Христос. Да се верува во едно човечко свештенство или сè уште да се нуди животинска жртва значи дека не ја прифаќаме целосноста на Христовата победа. Тие верувања значат дека не ја прифаќаме Христовата жртва за потполно успешна, и оти чувствуваме дека се потребни дела за да го издејствуваме нашето оправдание, наместо вера во самиот Христос. "Преку Законот никој не се оправдува пред Бога... а праведникот преку **верата** ќе живее" (Гал.3:11 ср. Авак.2:4). Нашата челична волја и напор на покорност на словото од Божјите закони нема да нè доведе до оправдание; сигурно секој читател на овие зборови ги прекршил веќе тие закони.

Ако се придржуваме на законот Мојсеев, мора да се обидеме да го пазиме **целиот**. Непокорноста на само еден негов дел значи за оние кои се под него дека се осудени: "сите оние, што се од делата (т.е. се потпираат) на Законот, под клетва се. Оти е напишано: Проклет да е секој, кој не исполнува постојано **сè** што е напишано во книгата на Законот" (Гал.3:10).

Слабоста на нашата човечка природа значи дека наоѓаме за невозможно во целост да го запазуваме законот Мојсев, но заради Христовата целосна покорност на него, ние сме ослободени од обврската да го пазиме. Нашето спасение е поради Божјиот дар преку Христа, а не поради нашите лични дела на покорност. "Она што Законот не можеше да го направи, бидејќи беше ослабен поради телото, го изврши Бог, испраќајќи Го Синот Свој во тело, слично на телото од гревот, и поради гревот (т.е. понуда за грев види Н.И.В.), Он го осуди гревот во телото" (Рим.8:3). Така "Христос нè искупи од клетвата на Законот, откако поради нас стана клетва" (Гал.3:13).

Затоа, од нас не се бара веќе да пазиме ниеден дел од законот на Мојсеј. Ние видовме во студија 3.4 дека Новиот завет во Христа го замени Стариот завет на Мојсеевиот закон (Евр.8:13). Со својата смрт, Христос го избриша "ракописниот закон, што беше против нас (со нашата неспособност да го пазиме во целост законот), а кого го зеде од средината и го прикова на крстот... никој нека не ве осудува за јадење или пиење (понуди), или за некој празник, или за млад месец или сабота; тоа е сенка на иднината, а сегашноста е Христос" (Кол.2:14-17). Ова е сосема јасно- поради Христовата смрт на крстот, законот се отстрани "од средината" па така треба да му одолеваме на секој притисок врз нас за пазење на делови од законот, пр. празници и саботата. Како и остатокот од законот, целта на тие работи беше да посочат кон Христа. По неговата смрт, нивното типично значење се исполни, и немаше повеќе никаква понатамошна потреба да се проучуваат.

Ранохристијанската црква од 1 век беше под траен притисок од православните Евреи да држи делови од законот. Низ целиот Нов завет има повторувано предупредување за отпор на тие предлози. Наспроти сето тоа, необично е што денес има неколку вероисповеди кои препорачуваат делумна покорност на законот. Ние порано покажавме дека секој обид да се добие спасение преку покорност на законот мора да цели на пазење на **целиот** закон, инаку сме автоматски осудени за непокорност на него (Гал.3:10).

Има нешто во човечката природа што е склоно на идејата за оправдување со дела; сакаме да мислиме дека **правиме** нешто за своето спасение. Оттука, принудниот придонес, носењето на круцификсот, рецитирањето на дадени молитви, молењето во одредена положба и.т.н. се сите познати нешта од повеќето религии, христијански и иначе. Спасението со вера во Христа **само по себе** е едно учење скоро единствено на вистинското библиски основано христијанство.

Предупредувања против држењето на било кој дел од законот Мојсеев за добивање спасение, има низ целиот Нов завет. Некои учеа дека христијаните треба да се обрезуваат према законот Мојсеев, "и да го држат законот". Јаков одлучно ја осуди таа идеја во име на вистинските верници: "**ние** не сме им заповедале" (Дела 15:24). Петар ги опиша оние кои ја учат потребата за покорност на законот како ставање "на вратот на учениците јарем, што не можеа да го поднесат ни нашите татковци, ниту ние. Но ние веруваме дека ќе се спасиме со благодатта на Исуса Христа (наспроти нивните дела на покорност кон законот)" (Дела 15:10,11). Под вдахновение, Павле еднакво говореше, истакнувајќи ја истата поента повремено: "човекот се оправдува не преку делата од Законот, туку само преку верата во Исуса Христа, за да се оправдаме преку верата во Христа, а не преку делата од Законот; оти преку делата од Законот нема да се оправда ниедна плот... преку Законот никој не се оправдува... и од сè, од што не сте можеле да се оправдате преку Законот Мојсеев, преку Него (Христа) се оправдува секој кој верува" (Гал.2:16; 3:11; Дела 13:39).

Сигурен знак на апостазата на денешното христијанство е дека многу од нивните практики се темелени врз елементи од законот Мојсеев- во пркос на јасното изработено учење земено во обзир горе дека христијаните не треба да го извршуваат тој закон, бидејќи е премавнат со Христа. Ние сега ќе ги земеме во обзир позабележителните начини во кои законот на Мојсеј е основа на денешната 'христијанска' пракса:

СВЕШТЕНИЦИ

Католичката и англиканската црква нападно користат еден систем на човечко свештенство. Римокатолиците го гледаат папата како нивен еквивалент на еврејскиот првосвештеник. "**Еден** е Посредникот помеѓу Бога и луѓето- Човекот Христос Исус" (1Тим.2:5). Невозможно е, према тоа, дека папата или свештениците можат да бидат наши посредници како што беа свештениците под Стариот завет. Христос е сега нашиот Голем Свештеник на небото, кој ги нуди нашите молитви на Бога.

Нема апсолутно никакви библиски докази дека поседуваниот авторитет на Духовно надарените старешини од 1 век, пр. Петар, беше предаван на следните генерации или нарочито на папата. Дури и ако беше допуштена таа можност, нема начин за докажување дека папата и свештениците лично се оние врз кои паднала духовната мантија од старешините на 1 век.

Бидејќи се духовните дарови повлечени, сите верници имаат еднаков пристап на духовното слово во Библијата (види студии 2.2 и 2.4). Сите тие се према тоа браќа, никој нема повозвишена духовна положба од другиот. Всушност, **сите** вистински верници се членови на едно ново свештенство по повод нивното крштевање во Христа, во смисла дека ја изнесуваат Божјата светлина во еден мрачен свет (1Пет.2:9). Тие према тоа ќе постанат цареви, свештеници на царството, кога ќе биде уредено на земјата при Христовото враќање (Отк.5:10).

Католичката практика на ословување на своите свештеници 'отец' ('папа' исто така значи 'отец') е во груба противречност со Христовите јасни зборови, "никого на земјата не викајте го свој татко, оти еден е вашиот Отец, Кој е на небесата" (Мт.23:9). Всушност, Исус предупреди против доделувањето на било кој сожител, таков вид духовен углед каков што бараат денешните свештеници : "А вие немојте да се наречувате учители, зашто еден е вашиот Учител-Христос, а вие сте сите браќа" (Мт.23:8).

Нагиздените роби кои се носени од свештениците, епископите и другите свештени лица ги имаат своите основи во посебната облека носена од Мојсеевите свештеници и првосвештеници. Таа облека посочуваше кон совршениот карактер на Христа, и, како и со сиот закон, нејзината намена е

сега исполнета. Всушност очајно е, што облеката која беше наменета да ја величи славата Христова, сега се користи да ја унапредува славата на луѓето кои ја носат, од кои некои признаваат дека не го прифаќаат Христовото воскресение па дури и постоењето на Бога.

Католичката идеја дека Марија е еден свештеник е сосема погрешна. Нашите барања се во името на ХРИСТА, не Марија (Јв.14:13,14; 15:16; 16:23-26). Христос е нашиот единствен Голем свештеник, не Марија, Исус ја прекори Марија кога се обиде да го натера да направи работи за други (Јв.2:2-4). Бог, не Марија, ги носи луѓето кон Христа (Јв.6:44).

## ДАВАЧКА

Ова, исто така, беше дел од законот Мојсеев (Бро.18:21), каде што Евреите требаше да даруваат една десетина од своите средства на свештеничкото племе на Левитите. Бидејќи сега нема човечко свештенство, не може повеќе да биде обврзно плаќањето десеток на ниеден црковен старешина. Повторно, една лажна идеја (во овој случај таа се однесува на свештениците) одведе кон друга (т.е. десетокот). На Бога не Му се **потребни** нашите понуди, бидејќи сè Му припаѓа (Пс.49:8-13). Ние само му враќаме Бога она што ни дал. (1Лет.29:14). Невозможно е да добиеме спасение како исход на нашите материјални понуди пр. со парични средства. Во благодарност за Божјиот голем подарок за нас, ние не треба да понудиме само десеток од нашите пари, туку целиот наш живот. Павле даде пример за тоа, вистински применувајќи го проповеданото: "подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, и тоа ќе биде вашата духовна служба" (Рим.12:1).

## МЕСО

Еврејскиот закон групира одредени меса за нечисти, една пракса присвоена од некои вероисповеди денес, посебно во однос на свинското. Поради Христовото отстранување на законот, на крстот, "никој нека не ве осудува за јадење или пиење" (Кол.2:14-16). Така Мојсеевите заповеди кои се однесуваа за тие работи се отстранети, бидејќи се појави Христос. Тоа беше тој према кого посочуваше 'чистата' храна.

Исус јасно објасна дека ништо што човекот јаде не може духовно да го оскврни; она што излегува од срцето го прави тоа (Мк.7:15-23). "Говорејќи го ова, Исус ја објави **сета** храна за 'чиста' " (Мк.7:19 Н.И.В.). Петар беше поучен на истата лекција (Дела 10:14,15), како и Павле: "Знам и уверен сум преку Господа Исуса Христа дека нема ништо нечисто само по себе" (Рим.14:14). Порано, Павле мислеше дека одбивањето на одредени меса беше знак на духовна слабост (Рим.14:2). Нашиот став кон месото "не нè приближува кон Бога" (1Кор.8:8). Најобвинително во сето тоа е предупредувањето на христијанските апостати дека ќе ги научат луѓето на "воздржување од јадења, што ги создал Бог, верните да ги јадат со благодарност и оние, што ја познаа вистината" (1Тим.4:3).

## 9.6 Саботата

Едно од најраспространетите продолженија меѓу сегашните 'христијански' пракси и Мојсеевиот закон има во идејата дека треба да ја држиме саботата. Некои групи тврдат дека би требало да ја држиме еврејската сабота точно како што е опишана во законот; многу други мислат дека христијаните треба да имаат еден посебен ден од седмицата во кој ќе богослужат, кои често го одредуваат како недела. Прва работа за разјаснување е дека саботата беше последен ден од седмицата, кога Бог отпочина по шест дена создавање (Исх.20:10,11). Бидејќи недела е првиот ден од седмицата, би било неисправно да се држи тој ден како сабота. Саботата беше посебен "знак меѓу Мене и нив (Израел), па да знаат, дека Јас сум Господ што ги осветува" (Јез.20:12). Како таква, никогаш не беше наменета да ги обврзува неЕвреите.

Ние видовме дека преку Христовата смрт на крстот, законот Мојсеев беше отстранет, и дека сега нема потреба за држење на саботата или, всушност, било кој празник, пр. денот на Христовата смрт (Кол.2:14-17). Раните христијани кои се вратиле на држење делови од законот Мојсеев, пр. саботата, се опишани од Павле како враќање "кон слабите и лоши правила, на кои пак сакате одново да им служите. Гледате на деновите (пр. саботата), месеците, времињата и годините (т.е. еврејските празници). Се плашам за вас, да не би случајно залудо да сум се трудел меѓу вас" (Гал.4:9-11). Ова е сериозноста на обидот да се држи саботата, како средство за спасение. Јасно е дека држењето на саботата е неважно за спасението: "Така еден разликува ден од ден (т.е. во духовна значајност), а друг сите денови ги смета еднакви. Секој нека остане уверен во својата мисла. Оној, што ги разликува деновите, ги разликува за Господа; и кој не ги разликува деновите, за Господа не ги разликува" (Рим.14:5,6).

Затоа, разбирливо е што не читаме за раните верници дека ја држат саботата. Всушност, запишано е дека тие се состанале на "**првиот** ден од седмицата", т.е. недела: "во првиот ден од седмицата, кога се беа собрале учениците за да прекршат леб" (Дела 20:7). Дека тоа беше распространета пракса е посочено од Павле кој ги советуваше верниците во Коринт да се собираат "на првиот ден од седмицата" (1Кор.16:2), т.е. на нивните редовни состаноци во тој ден. Сите верници се опишани како свештеници (1Пет. 2:9), кои беа ослободени од држење на саботата (Мт.12:5).

Ако ја држиме саботата, треба да го правиме тоа правилно; порано покажавме дека е кобно да се држи законот Мојсеев делумно, бидејќи тоа ќе исходи во наша осуда (Гал.3:10; Јак.2:10). Спасението е преку држењето на законот од Христа наместо оној од Мојсеј. На Израелот не му беше дозволена никаква работа во сабота: "Секој што ќе работи во тој ден, со смрт да се казни". Им беше заповедано и: во "ден саботен да не палите оган нигде во живеалиштата ваши", значи им беше забрането да припремаат и храна во тој ден (Исх.35:2,3; 16:23). Еден човек кој собираше дрва во сабота, претпоставуваме за да запали оган, беше казнет со смрт заради тоа (Бро.15:32-36).

Оние вероисповеди кои учат дека држењето на саботата е обврска на нивните членови треба према тоа да ги казнат оние членови со смрт кои ќе ја прекршат саботата. Не би требало да има никаво готвење на храна или употреба на оган во било кој облик, пр. возење моторни возила, употребата на грејни системи и.т.н. Православните Евреи даваат еден пример за видот на однесување кој се очекува во сабота: тие остануваат дома цел ден освен за религиозни причини, и лично не се вклучуваат во готвење, превоз и.т.н. Повеќето од оние 'христијани' кои тврдат дека ја држат саботата не се ни оддалеку вакви.

Често е расправано дека држењето на саботата беше една од десетте заповеди дадени на Мојсеј, и дека, додека остатокот од законот на Мојсеј беше отстранет, останува обврската да се држат сите 10 заповеди. Седмиот ден адвентисти прават една разлика помеѓу 'моралниот закон' на десетте заповеди и еден таканаречен 'ритуален закон', за кој веруваат дека бил отстранет од Христа. Таа разлика не е учена во Писмото. Ние покажавме дека Стариот завет посочува на законот Мојсеев, кој беше сменет на крстот со Новиот завет. Може да се покаже дека десетте заповеди, вклучувајќи ја и онаа за саботата, беа дел од Стариот завет кој беше отстранет од Христос:

-Бог "ви (Израел) го објави заветот Свој, и ви заповеда да ги исполнувате десетте заповеди и ги напиша на две камени плочи" (5Мој.4:13).

-Повторно мора да се забележи дека тој завет, основан на десетте заповеди, беше направен меѓу Бог и **Израел** а не денешниве неЕвреи.

-Мојсеј се искачи на планината Хорив да ги прими камените плочи врз кои Бог ги испиша десетте заповеди. Мојсеј подоцна коментираше околу тоа, "Господ, нашиот Бог, склучи со вас завет на Хорив" (5Мој.5:2), т.е. преку тие 10 заповеди.

-Тогаш, Бог "ги напиша врз плочите зборовите на заветот, десетте заповеди" (Исх.34:28). Истиот завет вклучуваше детали од таканаречениот 'ритуален закон' (Исх.34:27). Ако се расправа дека држењето на заветот направен во 10-те заповеди е потребно, ќе мора исто така да се придржуваме на секој детал од целиот закон, бидејќи тоа сè е дел од истиот завет. Јасно е дека е неможно да се направи тоа.

-Евр.9:4 говори за "плочите на заветот". Десетте заповеди беа запишани на камени плочи, кои го содржеа "заветот (стар)".

-Павле говори за овој завет како за "букви, издлабени во камења", т.е. на камени плочи. Го нарекува "служењето на смртта... служењето на осудувањето... она што престанува" (2Кор.3:7-11). Заветот поврзан со десетте заповеди сигурно не може да даде никаква надеж за спасение.

-Христос го избриша "ракописниот закон, што беше против нас" (Кол. 2:14) на крстот. Тоа алудира на Божјиот ракопис на 10-те заповеди на камените плочи. Слично говори и Павле за "Законот... бевме мртви... старата **буква**" (Рим.7:6), веројатно се однесува за буквите на 10-те заповеди кои беа напишани на камени плочи.

-Само една од 10-те заповеди е назначена 'закон' во Рим.7:7 "Законот... велеше: не похотствувај". Претходните стихови во Рим.7:1-7 истакнуваат дека 'законот' е отстранет со смртта Христова; 'законот' према тоа ги вклучува 10-те заповеди.

Сè ова појаснува дека Стариот завет и ‘законот’ ги вклучуваат десетте заповеди. Бидејќи се тие отстранети со Новиот завет, 10-те заповеди се према тоа заменети. Меѓутоа девет од 10-те заповеди се обновени, духовно барем, во Новиот завет. Броевите 3,5,6,7,8 и 9 можат да се најдат во 1Тим.1 сами, а броевите 1,2 и 10 во 1Кор.5. Но никогаш четвртата заповед за саботата не се повторува во Новиот завет како обврзна за нас.

Следниов список на пасуси документира понатаму како другите девет се обновени во Новиот завет:

1ва- Еф.4:6; 1Јв.5:21; Мт.4:10

2ра- 1Кор.10:14; Рим.1:25

3та- Јаков 5:12; Мт.5:34,35

5та- Еф.6:1,2; Кол.3:20

6та- 1Јв.3:15; Мт.5:21

7ма- Евр.13:4; Мт.5:27,28

8ма- Рим.2:21; Еф. 4:28

9та- Кол.3:9; Еф. 4:25; 2Тим.3:3

10та- Еф. 5:3; Кол.3:5.

## Осврт 28: Распетието

Распространето е верувањето во христијанството дека Исус Христос бил убиен на крст. Меѓутоа, грчкиот збор 'стаурос', кој е обично преведуван 'крст' во Библијата, всушност значи кол/столб или јарбол. Всушност круцификсниот симбол веројатно има паганско потекло. Се совпаѓа дека Христос умрел со рацете кренати врз неговата глава, а не раширени во вид на круцификс, бидејќи нагоре кренатите раце се еден симбол на Божјите ветувања дека се потврдени (Јез.20:5,6,15; 36:7; 47:14), како и упорната молитва (Плач 2:19; 1Тим.2:8; 2Лет.6:12,13; Пс.27:2) со која што беше зафатен Христос на крстот (Евр.5:7). Тој рече, како што бронзената змија беше крената на **столб** кога Израелците беа во пустината, така и тој ќе биде јавно кренат за време на своето умирање; така поврзувајќи го 'крстот' со **столбот** (Јв.3:14).

Римокатоличката црква придава големо мистично значење на крстот. Тоа е целосно без библиска поддршка; што исходи во распетието да стане еден талисман, физички знак дека Бог е со нас. Луѓето почнаа да мислат дека со носење на круцификсот или редовно крстење, Бог ќе биде со нив. Тоа е само симболизам; вистинската сила на крстот е преку поврзувањето на Христовата смрт со вера и крштевање, наместо оповикувањето на физичкиот облик на крстот. Ова последново се разбира е полесно.

### Осврт 29: Дали Исус се роди на 25 декември?

Уште една голема грешка на народното христијанство е роденденот на Исус. Овчарите спиеја во полињата со своите стада во времето на Христовото раѓање (Лк.2:8); тие не би го правеле тоа за време Божиќ, во зима. Христос живееше 33.5 години и потоа умре за празникот Пасха, кој е за Велигден. Тој мораше према тоа да е роден шест месеци од другата страна на Велигден- т.е. околу септември/октомври.

25 декември изворно беше датумот на еден пагански празник во претхристијанска Европа. Делата Апостолски бележат како вистинските христијани беа непријатно прогонувани од паганите поради своите верувања. Повремено апостолите предупредуваа дека поради тоа, некои христијани ќе прифатат пагански верувања, за да им се овозможи да ја прилагодат својата религија на околните паганци (пр. Дела 20:30; 1Јв.2:18; 2Сол.2:3; 2Пет.2:1-3). Прифаќањето на 25 декември како христијански празник е основен пример. Божиќните елки, имелата и.т.н сите можат да се следат наназад до паганските обреди практикувани на 25 декември.

Од ова следува дека вистинските христијани не треба да го прославуваат раѓањето Христово на 25 декември. Во пракса, вистинските верници ќе ги искористат повеќето народни празници, пр. Божиќ, за заедничко дружење каде и да било можно.

## Студија 9: Прашања

1. Зошто смртта на Исус, повеќе отколку нечија друга, беше потребна за нашето спасение?

2. Зошто жртвувањата животни од законот Мојсеев не беа доволни да го отстранат гревот?

3. Дали Исус беше наш претставник или замена кога умре?

4. Која од следниве изјави е вистинита?

а) Христос умре наместо ние да умреме

б) Тој нè претставуваше нас, и Бог може заради него да ни прости

в) Христос беше како нас но не нè претставува нас

г) Христовата смрт значеше дека Бог нема да го смета ниедно човечко суштество виновно за грев.

5. Дали Исус ползуваше од сопствената смрт?

6. Кога Христос умре на крстот, дали

а) Ги укина помалите заповеди на законот Мојсеев но не и 10-те заповеди

б) Го укина целиот закон Мојсеев вклучувајќи ги и 10-те заповеди

в) Го укина законот Мојсеев со исклучок на еврејските празници

г) Немаше никаков ефект на состојбата од законот Мојсеев.

7. Дали треба да ја држиме саботата сега?

8. Наведи причини за одговорот на прашањето 7.

## 10.1 Суштественото значење на крштевањето

Неколку пати во претходните студии ја спомнавме важноста на крштевањето; тоа е првиот чекор на покорност кон пораката на евангелието. Евр.6:2 говори за крштевањето како за едно од најосновните учења. Разгледувањето на тоа го оставивме до сега зашто вистинското крштевање може да настане само по исправното разбирање на основните вистини кои ги содржи евангелието. Сега го завршивме учењето за нив; ако се посакува вистинско поврзување со големата надеж која ја нуди Библијата преку Исус Христос, тогаш крштевањето е апсолутна нужност.

"Спасението е од Јудејците" (Јв.4:22) во смисла дека ветувањата кои се однесуваа за спасение беа дадени само на Авраам и неговото семе. Ние можеме да ги имаме тие ветувања до нас, само ако постанеме **семе**, со тоа што ќе се крстиме **во** Христа (Гал.3:22-29).

Затоа Исус јасно им заповеда на своите следбеници: "Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието (кое е содржано во ветувањата до Авраам-Гал.3:8) на секое создание. Кој ќе поверува **и** се крсти, ќе биде спасен" (Мк.16:16). Размислувањето врз буквата "и" открива дека верата во евангелието сама по себе не може да нè спаси; крштевањето не е само дополнителен избор во христијанскиот живот, туку битен предуслов за спасение. Ова не е за да се каже дека самиот чин на крштевање ќе нè спаси; тоа мора да биде следено од постојана покорност на Божјото Слово во целиот живот. Исус го истакна: "Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо" (Јв.3:5).

Ова раѓање "од вода" се однесува на едно лице кое излегува од водите на крштевање; после тоа тој мора повторно да се роди од духот. Тоа е процес што продолжува понатаму: "преродени... преку словото на живиот Бог" (1Пет.1:23). Значи преку непрекинатото одзивање на духовното Слово се раѓаме од духот (види студија 2.2).

Ние сме крстени '**во** Христа' (Гал.3:27), **во** неговото име (Дела 19:5; 8:16; Мт.28:19). Забележи дека ние сме крстени во **Христа** не во христаделфијанците или некоја човечка организација. Без крштевањето ние не сме 'во Христа', и према тоа не сме покриени од неговото дело на спасение (Дела 4:12) . Петар

ткае една парабола околу овој факт: тој го споредува ковчегот во времето на Ное со Христа, и покажува како ковчегот го спасил на Ное и неговото семејство од надојдениот суд врз грешниците, така крштевањето во Христа ќе ги спаси верниците од вечната смрт (1Пет.3:21). Влегувањето на Ное во ковчегот е споредено со нашето влегување во Христа со крштевањето. Сите оние надвор од ковчегот беа уништени од потопот; да се стоело до ковчегот или да се било пријател на Ное било сосема неважно. Единствениот пат за спасение е, и беше, да се биде во Христа/ковчегот. Јасно е дека ИИ доаѓање, кое го претставуваше потопот (Лк.17:26,27), е близу врз нас (види Додаток 3). Влегувањето во Христа/ковчегот со крштевање е према тоа од крајна итност. Зборовите не можат да ја доловат смислата на итноста; библискиот стил на влегување во ковчегот во времето на Ное е поизразит.

Раните христијани ја послушаа Христовата заповед да патуваат по светот и да го проповедаат евангелието и да крштеваат; книгата на Дела е запис за тоа. Доказ за битната важност на крштевањето има во начинот на кој записот истакнува како **веднаш** луѓето беа крштевани по прифаќањето на евангелието (пр. Дела 8:12, 36-39; 9:18; 10:47; 16:15). Ова истакнување е разбирливо штом се сфати дека без крштевање е залудно нашето учење за евангелието; крштевањето е еден нужен стадиум низ кој се минува од патот кон спасението. Во некои случаи вдахновениот запис осветлува како во пркос на многуте причини за одложување на крштевањето, и многуте потешкотии во извршувањето на чинот, многу е важно луѓето да направат секаков обид да го совладаат сето тоа, со Божја помош.

Чуварот на затворот во Филипи наеднаш се најде вовлечен во животен стрес од големиот земјотрес кој сосема го сруши добро чуваниот затвор. Затворениците имаа можност за бегство, нешто што тој би го платил со својот живот. Неговата вера во евангелието тогаш стана стварна, толку што "ноќта во тоа време... веднаш се покрсти" (Дела 16:33). Ако некој имал изговор за одложување на крштевањето тоа бил тој. Најлошиот земјотрес во Грција за 3000 години, една орда од луди затвореници кои штотуку да настапат во најдраматичното бегство од затвор во историјата, и заканата од погубување поради запоставување на должноста што му беше над глава, сепак тој јасно виде што беше единствениот најважен чин за извршување во целиот негов живот и вечна судбина. Така тој ги совлада моменталните проблеми на својата околина (т.е. земјотресот), секојдневните притисоци од работата и траумата во која се најде- да биде покрстен. Кандидатот кој се двоуми за крштевање може да извлече стварна инспирација од тој човек. Дека тој можел да направи таков чин на вера е доволен доказ дека веќе имал подробно знаење за евангелието,

бидејќи таква вистинска вера едино доаѓа од слушање на Словото Божјо. (Рим.10:17 ср. Дела 17:11).

Дела 8:26-40 бележи како еден Етиопјанин, властелин, ја читал својата Библија додека се возел во една кочија низ пустината. Тој го сретна Филипа, кој опсежно му го објасна евангелието, како и потребата за крштевање. Човечки речено, мора да изгледало невозможно извршувањето на заповедта за крштевање во таа пустина без вода. Сепак Бог не би дал една заповед за која знае дека некои луѓе не ќе можат да ја извршат. "Одејќи така патем, тие стигнаа до една вода", т.е. оаза, каде крштевањето беше можно (Дела 8:36). Овој настан дава одговор на неоснованите предлози дека крстењето со потопување било наменето да се извршува само во места на обилни, лесно достапни води. Бог секогаш ќе обезбеди еден реален начин во кој ќе се извршат Неговите заповеди.

Апостолот Павле прими една драматична визија од Христа која толку му ја гризеше совеста што најскоро што можеше "прогледа и, кога стана, се покрсти" (Дела 9:18). Повторно, мораше да му е примамливо да го одложи своето крштевање, мислејќи на истакнатата општествена положба и убава кариера трасирана за него во јудизмот. Но оваа ѕвезда што изгреваше во еврејскиот свет направи исправна и моментална одлука да се крсти и отворено се откаже од претходниот начин на живот. Тој подоцна забележа за својот избор да биде крстен: "тоа што беше за мене придобивка, поради Христа го сметав за штета... се одреков од сè (т.е. сè што гледаше за 'придобивка'), и се сметам за отпад, само за да Го придобијам Христа... го заборавам она што е зад мене ('придобивките' на претходниот еврејски живот), а се стремам кон она што е пред мене, трчам кон целта- кон наградата" (Филип.3:7,8,13,14).

Тоа е јазикот на атлетичар кој настојува да ја скине завршната лента. Таква концентрација на духовно и физичко настојување треба да ги одликува нашите животи после крштевањето. Мора да се сфати дека крштевањето е почеток на една трка кон царството Божјо; не е само знак на менување цркви и вери, ниту е пасивно влегување во еден опуштен живот на лесна преданост во неколку неодредено наведени христијански начела. Крштевањето нè поврзува во една трајна смисла со распетието и воскресението на Исус (Рим.6:3-5) нешта исполнети со крајна динамичност во секој поглед.

Како изморен, духовно победоносен старец, Павле можеше да се сеќава: "јас не се воспротивив на небесното видение" (Дела 26:19). Како што беше вистина

за Павле, така е и за сите кои се правилно крстени: крштевањето е една одлука која никогаш нема да го разочара некого. Целиот наш живот ќе бидеме свесни дека го направивме правилниот избор. За малку човечки одлуки можеме да бидеме толку сигурни. На прашањето треба озбилно да се одговори: 'зошто јас не би се крстил'?

## 10.2 Како треба да сме крстени?

Распространето е гледиштето дека крштевањето може да се изведе, посебно кај бебиња, со прскање вода на нивните чела (т.е. 'покрстување'). Ова е многу спротивно од библиското барање за крштевање.

Грчкиот збор 'баптизо', кој е преведен 'крштевање' во Библијата, **не** значи попрскување; тоа значи целосно перење и потопување во течност (види дефиниции во Роберт Ѕоунг и Јамес Стронг цонцорданцес). Тој збор се користи во класичниот грчки јазик за бродови кои тонат и се 'баптизирани' (т.е. потонати) во вода. Исто така се користи со препорака на штоф кој се бојадисува од една боја во друга со 'баптизирање', или потопување во боја. Да се смени бојата на штофот, јасно е дека треба потполно де се потопи под течноста, а не да се попрска со бојата. Дека потопувањето е всушност исправниот облик на крштевање е поткрепено од следниве стихови:

-"Јован крштаваше во Енон, близу Салим, зашто таму имаше многу вода; и доаѓаа и се крштаваа" (Јв.3:23). Тоа покажува дека "многу вода" беше потребна за крстење; ако било правено со прскање на неколку капки вода, тогаш една кофа вода би била доволна за стотици луѓе. Луѓето дошле тука на бреговите од реката Јордан за крштевање, наместо Јован да оди кај нив со шише вода.

-Исус, исто така, беше крстен од Јован во реката Јордан: "И штом се крсти, Исус веднаш излезе од водата" (Мт.3:13-16). Неговото крштевање беше јасно со потопување- тој "**излезе** од водата" после крштевањето. Една од причините за крштевањето на Исус беше за да се постави пример, така никој да не може озбилно да тврди дека го следи без копирање на неговиот пример за крштевање со потопување.

-Така, Филип и Етиопјанинот, властелин "слегнаа **во** водата обајцата... и го крсти. А кога **излегоа од** водата..." (Дела 8:38,39). Запомни дека властелинот побарал да се крсти кога ја видел оазата: "Еве вода! Што ми пречи да се крстам?" (Дела 8:36). Скоро е сигурно дека човекот не би тргнал на патување низ пустината без барем нешто вода со него, пр. едно шише. Ако крштевањето било со попрскување, ќе се извршеше према тоа без потреба од оазата.

-Крштевањето е еден погреб (Кол.2:12), кое имплицира едно целосно покривање.

-Крштевањето е наречено едно 'очистување' на гревовите (Дела22:16). Значењето на вистинското преобраќање е поистоветено со 'измивање' во Отк.1:5; Тит 3:5; 2Пет.2:22; Евр.10:22 и.т.н. Овој јазик кој говори за миење е далеку поумесен за крштевање со потопување отколку со попрскување.

Има неколку показатели во Стариот завет дека прифатливиот пристап до Бога беше преку некој вид миење.

Свештениците мораа целосно да се измијат во една бања наречена 'Лавер' пред да му се приближат на Бога во служба (Лев.8:6; Исх.40:32). Израелците требаше да се измијат за да се очистат од некои нечистотии (пр. 5Мој.23:11), кои претставуваа грев.

Еден човек наречен Нееман лепрозен безбожник побара да биде излечен од Богот на Израел. Како таков тој претставуваше од грев- погоден човек, делотворно минувајќи низ жива смрт заради гревот. Неговото излекување беше со потопување во Јордан. Отпрвин тој го најде овој едноставен чин тежок за прифаќање, мислејќи дека Бог би сакал да направи некаков драматичен чин, или да се потопи во една голема и позната река, пр. Авана. Слично, ние можеме да најдеме тешко за верување  дека ваков еден едноставен чин може конечно да нè одведе до нашето спасение. Попривлечно е да се мисли дека нашите дела и јавното поврзување со една голема, добро позната црква (ср. реката Авана) можат да нè спасат, наместо овој едноставен чин на поврзување со вистинската надеж на Израел. После потопувањето во Јордан телото на Нееман "се обнови како телото на мало дете и се исчисти" (4 Цар.5:9-14).

Сега би требало да има малку простор за сомневање дека 'крштевањето' се однесува на едно целосно потопување во вода откако прво се сфати основната порака на евангелието. Овој библиски основан опис за крштевање не прави никакви препораки за статусот на лицето кое всушност физички го врши крштевањето. Бидејќи крштевањето е едно потопување во вода после верувањето во евангелието, теоретски е можно некој да се крсти самиот. Меѓутоа, бидејќи крштевањето е крштевање од причина на исправните учења кои се држат во времето на потопувањето, конечно е препорачливо да се биде крстен од еден друг верник на вистинските учења, кој пред сè ќе го процени степенот на знаење кое го има лицето пред своето потопување во дадениот момент.

Постои према тоа традиција меѓу христаделфијанците за држење на обавезен разговор со секој кандидат за крштевање пред односното потопување. Еден список на прашања како оние на крајот од секоја студија во оваа книга можат да ја обликуваат основата за таков еден разговор. Христаделфијанците имаат патувано илјадници милји да помогнат за само една особа да се крсти; таква е извонредноста од само една особа која доаѓа кон вистинската надеж на вечен живот, што не сме првенствено загрижени за бројот на обратеници. Квалитет подобро отколку квантитет е основното начело на нашиот пристап.

## 10.3 Значењето на крштевањето

Една од причините за крштевање со потопување е дека заронувањето под вода го симболизира нашето влегување во гроб- и нè поврзува со смртта на Христа, и ја покажува нашето 'умирање' во претходниот живот на грев и непознавање.

Излегувањето од вода нè поврзува со воскресението на Христа, и нè доведува во сродство со надежта на воскресение во вечен живот при неговото враќање, како и живеењето на еден нов живот сега, духовно победоносни врз гревот поради Христовата победа постигната со неговата смрт и воскресение.

"Сите ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме. И така, ние се погребавме со Него преку крштавањето во смртта, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, така и ние да одиме (т.е. секојдневно да живееме) во обновен живот. Зашто ако сме сраснати со Него во еднаква смрт (со крштевка), ќе бидеме соучесници и во воскресението" (Рим.6:3-5).

Бидејќи спасението е овозможено само со Христовата смрт и воскресение, важно е да се поврзиме со тие работи ако сме за спасување. Симболичното умирање и воскреснување со Христа, кое го дава крштевањето, е единствениот начин да се направи тоа. Треба да се забележи дека попрскувањето не ја исполнува таа симболика. При крштевањето, "нашиот стар човек (начинот на живот) е распнат" заедно со Христа на крстот (Рим.6:6); Бог "нѐ оживе со Христа" по крштевањето (Еф.2:5). Меѓутоа ние сѐ уште имаме човечка природа по крштевањето, и затоа телесниот начин на живот и понатака ќе ја крева главата. 'Распнувањето' е затоа еден процес кој продолжува понатаму, кој само **почнува** по крштевањето, оттука Исус му кажа на верникот да го зема својот крст секој ден и да го следи, како во поворката кон Калварија (Лк.9:23; 14:27). Додека животот на вистинско распнување со Христа не е лесен, постои и голема утеха и радост во соединувањето со Христовото воскресение.

Христос донесе "мир со крвта на Неговиот крст" (Кол.1:20)- "мирот Божји, што надвишува секој ум" (Филип.4:7). Околу тоа, Исус вети, "Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам; Јас ви го давам не како што го дава светот" (Јв.14:27). Тој мир и вистинска духовна радост повеќе него ја урамнотежува болката и потешкотијата на нашето отворено поврзување со распнатиот Христос: "како што се умножуваат Христовите страдања во нас, така се умножува и утехата наша преку Христа" (2Кор.1:5).

Има и слобода која доаѓа од познавањето дека нашето природно јас е навистина мртво и дека Исус многу делотворно живее со нас низ секоја потешкотија. Големиот апостол Павле можеше да говори од големо искуство на сѐ ова од долгите полни со настани години на својот живот: "за да живеам со Бога, се распнав со Христа; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји" (Гал.2:20).

"Крштавањето... нѐ спасува сега и нас преку воскресението на Исуса Христа" (1Пет.3:21) бидејќи нашето поврзување со воскресението на Христос во вечен живот ни дава пристап до истото при неговото враќање. Со споделување на

тоа воскресение, ние ќе сме конечно спасени. Исус ова го изјави во многу јасни термини: "зашто Јас живеам и вие ќе живеете" (Јв.14:19). Слично така и Павле: "се помиривме со Бога преку смртта на Неговиот Син... ќе се спасиме преку Неговиот живот" (воскресение; Рим.5:10).

Повремено се истакнува дека со поврзувањето со Христовата смрт и страдања во крштевањето, и со подоцнежниот начин на живот, ние сигурно ќе го делиме неговото славно воскресение:

-"Ако со (Христа) сме умреле, со Него и ќе оживееме. Ако трпиме, со Него и ќе царуваме" (2Тим.2:11,12).

-"Секогаш во телото наше ја носиме смртта на Господа Исуса, така што и животот Исусов да се открие во телото наше... знаејќи, дека Кој го воскресна Господа Исуса и нас ќе нè воскресне преку Исуса" (2Кор.4:10,11,14).

-Павле го делеше "учеството во Неговите страдања, грижејќи се (со своето тешко животно искуство) мојата смрт да биде слична со Неговата; та некако да го достигнам воскресението на мртвите" (Филип.3:10,11 ср. Гал.6:14).

## 10.4 Крштевањето и спасеннието

Крштевањето поврзувајќи нè со смртта Христова значи дека само преку крштевањето можеме да имаме пристап до проштевање. Ние сме погребани со Христа во крштевањето, во кој заедно со него и воскреснуваме преку "силата на Бога, Кој Го воскресна од мртвите. И вас, кои бевте мртви во гревовите... Он заедно со Него ве оживи, простувајќи ви ги сите гревови" (Кол.2:12,13). Ние сме измиени "во името на нашиот Господ Исус Христос" (1Кор.6:11)- т.е. крштевањето во името на Исус е средството со кое нашите гревови се очистени. Тоа беше моделирано назад во Бро.19:13, каде оние без водата за чистење требаше да умрат. Ние покажавме во студија 10.2 како крштевањето е едно очистување на гревовите (ср. Дела 22:16). Описите за верниците кои се миени од своите гревови во крвта Христова према тоа се однесува за нивното правење на тоа со крштевањето како средство (Отк.1:5; 7:14; Тит 3:5 (Н.И.В.) говорат за ова како за "бањата на преродување", а се однесуваат на нашето раѓање од вода при крштевањето (Јв.3:5).

Во светло на сето ова, разбирливо е дека одговорот на Петар на прашањето, "што да правиме?" (за спасение) беше, "Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа **за** простување на гревовите" (Дела 2:37,38). Крштевањето во Христовото име е **за** простување на гревовите; без тоа не може да има никакво простување на грев, и некрстениот мора према тоа да ја прими платата на гревот- смрт (Рим. 6:23). Нема спасение освен во името на Исус (Дела 4:12), а ние едино можеме да го делиме тоа име со тоа што ќе се крстиме во него. Овој факт значи дека нехристијанските религии не можат на никаков начин да водат кон спасение. Ниеден вистински библиски верник не може да прифати дека можат; фактот дека католицизмот и поширокото екуменско движење прифаќаат, е жален одраз на нивниот став кон Светото Писмо.

Христовото воскресение во вечен живот беше знак на неговиот личен триумф врз гревот. Со крштевањето ние се поврзуваме со тоа, и према тоа за нас се говори дека сме воскреснати заедно со Христа, а гревот нема веќе власт врз нас, како што немаше ни врз него. Со крштевањето значи сме ослободени "од гревот... гревот не треба да господари над вас" после крштевањето (Рим.6:18,14). Меѓутоа, после крштевањето ние сè уште грешиме (1Јв.1:8,9); гревот сè уште може да нè зароби повторно ако се свртиме од Христа. Ние значи сега ја споделуваме Христовата смрт и страдања, а крштевањето покажува дека сме поврзани и со Христовото воскресение, за кое се надеваме дека ќе го делиме при неговото враќање.

Само во перспектива сме ние ослободени од грев. "Кој ќе поверува и се крсти **ќе биде** спасен" (Мк.16:16) при Христовото ИИ доаѓање. Конечното спасение не настанува веднаш по крштевањето, туку кај судот (1Кор.3:15). Всушност, нема никаква потреба од учењето за судот ако го добиваме спасението при крштевањето, ниту треба да умираме. "Кој претрпи до крај, **ќе биде** спасен" (Мт.10:22).

Дури и по своето крштевање, Павле (и сите христијани) мораа да се борат кон спасението (Филип.3:10-13; 1Кор.9:27); тој говореше за **надежта** на вечен живот (Тит 1:2; 3:7; 1Сол.5:8; Рим.8:24) и дека ќе сме **наследници** "на спасението" (Евр.1:14). Кај судот, праведните ќе влезат **во** вечен живот (Мт.25:46). Прекрасната инспирирана логика на Павле свети низ Рим.13:11 -тој расудува дека по крштевањето ќе знаеме дека секој проживеан ден и поднесување е ден поблиску до ИИ доаѓање на Христа и дека треба да се радуваме што е сега

"нашето спасение поблизу, него кога ние верувавме". Нашето спасение значи не е сега во посед. Спасението е условено; ние ќе бидеме спасени **ако** цврсто ја држиме вистинската вера (Евр.3:12-14), **ако** ги памтиме основните учења кои се содржани во евангелието (1Тим.4:16; 1Кор.15:1,2), и **ако** ги правиме нештата прилични на големата надеж (2Пет.1:10).

Затоа грчкиот глагол преведен 'спасен' е некогаш користен во трајно време, покажувајќи дека спасението е еден процес кој трае, кој се појавува во нас поради нашата непрекината покорност на евангелието. Така, за верниците се говори како "за оние кои *се* спасуваат" преку нивниот одзив на евангелието (1Кор.1:18 Р.С.В.; други примери за оваа трајна тема се Дела 2:47 и 2Кор.2:15). Грчкиот збор за 'спасен' е употребен во минато време само во врска со големото спасение кое Христос го овозможи на крстот и со кое можеме да се поврзиме со баптизмот (2Тим.1:9;Тит 3:5).

Сето ова е објаснато со примери од Божјите справувања со природниот Израел, кои ги обликуваа темелите за Неговиот однос со духовниот Израел, т.е. верниците. Израел го напушти Египет, претставувајќи го светот на телото и лажната религија со која сме ние поврзани пред крштевањето. Тие поминаа низ Црвено море и потоа патуваа низ пустината Синај во ветената земја, каде што беа потполно утврдени за Божјо царство. Нивниот премин низ Црвено море е типичен на нашето крштевање (1Кор.10:1,2); пустинското патување на нашиов сегашен живот, а Ханаан на царството Божјо. Јуда 5 опишува колку од нив биле уништени за време на патувањето: "Господ, откако го избави народот од египетската земја, ги погуби оние, што не веруваа". Израел беше значи 'спасен' од Египет, како што се и оние кои се крстени 'спасени' од грев. Ако еден од тие Израелци беше прашан, "дали си спасен?" одговорот би можел да биде, 'да', но тоа не би значело дека тие ќе се **конечно** спасени.

Исто како што Израел се сврти кон Египет во своето срце (Дела 7:39) и се врати на еден живот на телесно задоволување и лажно учење, па така и оние кои се 'спасени' од грев со крштевањето можат исто така да отпаднат од благословената состојба во која стојат. Можноста за ние да го направиме истото што и природниот Израел во пустината е осветлена во 1Кор.10:1-12; Евр.4:1,2 и Рим.11:17-21. Има бројни примери во Писмото за оние кои еднаш биле 'спасени' од грев со крштевање, а потоа паднале во состојба која значеше дека тие ќе бидат осудени при враќањето Христово (пр. Евр.3:12-14; 6:4-6; 10:20-29). Учењето 'еднаш спасени засекогаш спасени' на ревносните 'евангелиски' проповедници се разоткрива за она што е од вакви пасуси- мошне телесно задоволувачко мудрување.

Како и со сите работи, една исправна смисла за рамнотежа е потребна во барањето за утврдување до кој степен сме ние ‘спасени’ со крштевањето. Чинот не треба да се гледа како доделување на нас **прилика** за спасение- една подобра можност за тоа отколку без крштевање. Со постанувањето "во Христа" со крштевањето, ние сме спасени во перспектива; и навистина имаме **сигурна** надеж да бидеме во Божјото царство ако продолжиме да боравиме во Христа какви што сме кога излегуваме од водите на крштевањето. Во било кој момент од времето по нашето крштевање треба да имаме понизна доверба дека сигурно ќе сме прифатени во царството при Христовото враќање. Ние не можеме да бидеме **крајно** сигурни, бидејќи можеме да отпаднеме следниот ден; ние не ја познаваме нашата лична духовна иднина на овој живот.

Треба да направиме сè можно за да ја чуваме добрата совест што ја имаме со Бога при крштевањето. Крштевањето е "ветување добра совест" (1Пет.3:21); кандидатот за крштевање ветува чување на таа добра совест со Бога.

Додека крштевањето е од битна важност во доделувањето пристап на нас кон големото спасение кое е достапно во Христа, треба да сме внимателни да не оставаме впечаток дека со самиот чин или ‘дело’ на крштевање ние ќе сме спасени. Ние веќе покажавме како еден живот на постојан однос со Христовото распетие е неопходен: "Ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо" (Јв.3:5). Споредбата на ова со 1Пет. 1:23 покажува дека раѓањето од Духот кое се појавува после крштевањето мора да се однесува на нашето постепено обновување од Духот/Словото. Спасението не е само поради крштевањето: тоа е исход на благодат (Еф. 2:8), вера (Рим.1:5) и надеж (Рим.8:24), меѓу останатото. Понекогаш се слуша расправа дека спасението е само преку верата, и затоа едно ‘дело’ како крштевањето е неважно. Меѓутоа, Јак.2:17-24 објаснува дека таквото расудување прави една лажна разлика помеѓу верата и делата; вистинската вера, пр. во евангелието, е покажана за оригинална вера по делата во кои исходува, пр. крштевање. "Човекот се оправдува со дела, а не само со вера" (Јак.2:24). Во неколку случаи на крштевање, верникот праша што треба да "направи" да се спаси; одговорот секогаш го вклучуваше крштевањето (Дела 2:37; 9:6; 10:6; 16:30). 'Правењето' на 'делото' крштевање е значи нужен показател на нашето верување во евангелието за спасение. Делото за наше спасување е конечно направено од Бога и Христа, но ние треба да направиме "дела достојни за покајание" и верување во тоа (Дела 26:20 ср. Мк.16:15,16).

Порано покажавме дека јазикот за очистување на гревовите се однесува на Божјото проштевање поради нашето крштевање во Христа. Во некои пасуси за

нас се говори дека се очистуваме од гревовите со нашата вера и покајување (Дела 22:16; Отк.7:14; Јер.4:14; Иса.1:16); во други Бог е виден како оној кој ги очистува нашите гревови (Јез.6:9; Пс.50:2,7; 1Кор.6:11). Тоа убаво покажува дека ако ние го направиме нашиот дел со крштевање, Бог ќе ги очисти нашите гревови. Значи 'делото', или чинот на крштевање е важен чекор во земањето во посед на Божјата евангелиска благодат ('незаслужна милост'), која ни е понудена во Неговото Слово.

## Осврт 30: Повторното крштевање

Некои луѓе се многу воздржани да се крстат после она што тие мислеле дека е некакво 'крштевање', или попрскани како мали, или со потполно потопување во друга црква. Меѓутоа, пред крштевањето мора да има покајание и исправно верување во вистинското евангелие (Дела 2:38; Мк.16:15,16). Крштевањето е единствено тоа ако тие работи се во ред пред потопувањето во вода. Мт.28:19,20 го поврзува крштевањето со прво слушање на објаснатите учења за Христос. Едно мало дете е неспособно за покајување или разбирање на евангелието; во секој случај попрскувањето не е крштевање. Еден пливач кој нурка во базен можеби е потопен во вода, но тоа не е крштевање, бидејќи лицето не се одзива свесно кон вистинското евангелие. Тоа е така и со оние кои се потопуваат додека веруваат во лажно учење; тие се потопени но не и крстени.

Има само ‘една вера’, т.е. постава на учења кои го содржат вистинското евангелие, и према тоа само ‘едно крштевање’- крштевањето кое настанува после верувањето во ‘едината вера’. "Едно тело (т.е. една вистинска црква)... како што сте и повикани кон една надеж на вашето звање. Еден е Господ, една е верата, едно е крштевањето, еден е Бог" (Еф.  4:4-6). Нема две надежи, како што веруваат некои велат дека не е важно дали веруваме дека нашата награда ќе е на небо или на земја. Има само "еден Бог"- Исус према тоа не е Бог. Следува дека ако, кога се крстивме, не успеавме да ги разбереме основните учења, како царството Божјо, природата Божја и на Исус, тогаш првото 'крштевање' не било исправно.

Јован крстител ги потопуваше луѓето, повикувајќи ги на покајание, и учејќи ги одредени работи за Исус (Мк.1:4; Лк.1:77). Меѓутоа, ова беше недоволно. Дела 19:1-5 бележи дека некои кои Јован ги крсти мораа да бидат прекрстени поради нивното нецелосно сфаќање на одредено учење. Како и тие кои Јован ги крсти, можеме да мислиме дека при нашето прво потопување сме направиле

оригинално покајание и нов почеток. Тоа можеби е така, но не ја отстранува потребата да се прими "едно (вистинско) крштевање" кое може да настане само после сфаќањето на сите елементи од "една (та) вера".

## Осврт 31: Степенот на знаење потребен за крштевање

Многу читатели биле соочени со оние во 'евангелиските' цркви кои расудуваат дека учењето е неважно за спасение, и дека едно едноставно усмено признание 'верувам дека Исус Христос е Синот Божји' е основниот предуслов за спасение. Површно ова звучи веројатно поради начинот на кој се запишани преобраќањата во Дела, кои исто така повикуваат на идеите за 'љубов' и 'толеранција' кои се духот на нашиов век.

### ЗОШТО ТОЛКУ БРЗО?

Нема сомнение дека едно брзо читање на Делата дава впечаток дека многуте крштевања беа извршувани со многу малку подучување за основите на евангелието, и со само едно сожето признание на вера во Христа како Божји син. Изговарањето само три збора 'верувам во Христа' е очито бесмислено како начин за спасение- и мнозинството 'евангелисти' ќе допуштат дека мора да има и некое друго знаење или разбирање во свеста на лицето кое ги говори тие зборови за тие  да имаат значење. Оваа точка не треба да е тешка за воспоставување. Потешкотијата е, тогаш, да се расправа дека пасусите, кои ги бележат признанијата на вера во Христа како син Божји, докажуваат дека говорењето на тие зборови е сѐ што е потребно. Скоро да е логично да се каже дека само велењето  една сожета реченица, без оглед на чувствата и верувањата од лицето, не може да го стави на патот кон спасение тоа лице. Следниве точки можат да помогнат во објаснувањето на овие привидно брзи преобраќања:

-Записот во Дела- како и многу други во Писмото- е нужно збиен. Интересна вежба е гласно да се читаат некои од говорите запишани во Делата и да се забележи времето кое е потребно за тоа; прилично е сигурно дека би им требаше многу повеќе време во реалност, вклучувајќи го и повеќето што не е запишано. Неколку примери:

Одбраната на Павле во Ерусалим зема 4 мин. за читање (Дела22); онаа пред Феликс 1 мин.; пред Агрипа 4; Петровиот говор за Педесетницата само 4; она за Корнилије 3 мин.; Господовиот говор по нахранувањето 5000 (Јв.6) души 6 мин.; проповедта на гората 18 минути. Петровото проповедање во Дела 3:12-16 зема околу 2 минути за гласно читање; но во реалност беше доволно долго за вестите околу содржината на неговото проповедање да се рашират до "свештениците, старешината на храмот и садукеите" и за нивно настапување на сцената (Дела 4:1).

Според тоа фактот дека подолги 'подуки' на кандидатите за крштевање не се спомнуваат не е доказ дека не се случиле. Расправата од тишина е многу неизвесна во овој случај.

-Имањето "(чудесен) дар за знаење... за распознавање на духови (умови)" ги оспособило раните проповедници правилно да ги проценуваат оние на кои им проповедаа, така правењето едно цело доктринерско интервју, какво што ни треба нам, беше непотребно.

-Има причина за верување дека масовното крштевање на Евреите во Ерусалим на почетокот од христијанството беше еден посебен случај. Не постојат никакви докази дека такви методи и размери на крштевање беа извршувани подоцна во 1 век. Ако обраќањата би продолжиле со таков степен тогаш целиот Ерусалим за неколку години ќе беше христијански. Тие луѓе бидејќи Евреи би значело дека имале едно прилично знаење за Стариот завет и патиштата Божји. Длабината на Павловото писмо до Евреите и она на Петар (исто до Евреите) покажуваат дека нивното читателство можело да ги сфати многуте старозаветни алузии кои се направени. Ударно е она што Павле опишува, кога говори за Мелхиседека како за млекото на светот, жалејќи се дека не може да говори подробно за него поради нивната духовна незрелост (Евр.5:11,12). Тоа го покажува нивното ниво на знаење во времето на нивното преобраќање, па Павле ги обвинува за ненапредувањето многу од тогаш. Изгледа дека тие писма беа прво пишувани до еклезијата во Ерусалим, од кои повеќето од нив би биле крстени во раните денови запишани на почетокот од Делата.

-Ние се надеваме да покажеме дека проповедањето за името на Христа и признавањето на тоа како што е опишано во Делата беше еднакво на разбирањето на едно прилично подетално тело на учење.

-Би произлегло од 1Кор.1:17 дека Павле (и други апостоли?) работеше во припрема со еден делотворен тим на придружни подучувачи и крстители, па така тој проведаше само едно релативно кратко време насекаде.

## ИМЕТО НА ИСУС

Името Божјо вклучува многу учење за Него и Неговите начини- Божјите Имиња и титули го одразуваат Неговиот карактер и цел. Името на Исус Христос исто така не е само име, туку една подлабока изјава на учење.

Верувањето во името на Исус е поистоветено со крштевање (Јв.3:5,18,23). Гал. 3:26,27 ја прави верата во Христа цврсто поврзана со крштевањето во него: "Оти сите сте синови Божји преку верата во Христа Исуса; сите, ШТО се крстивте во Христа, во Христа се облековте". Понатамошни примери за таа поврзаност помеѓу верувањето и крштевањето има во Дела 19:4; 10:42 ср. 48; 2:37,38; Лк.24:47. Аполос го ‘знаеше’ Јовановото крштевање (Дела 18:25), кое покажува дека крштевањето не е само чин, туку вклучува и знаење на одредено учење.

"Филип... им благовестеше за Христа" (Дела 8:5) звучи како само да им рекол 'верувајте во Исус'; но “Христос” е одреден во Дела 8:12: "кога му поверуваа на Филипа, кој го проповедаше евангелието за царството Божјо и за името на Исуса Христа, се крштеваа". Забележи дека ‘проповедаше’ не е само една сожета изјава за Христа; и да се 'проповеда Христос' исто така го вклучуваше учењето на крштевање. Јв.6:40 ни кажува дека е волјата Божја "секој што ќе Го види (разбере) Синот, и поверува во Него, да има живот вечен"; а подоцна Исус вели дека "ако некој сака да ја врши волјата (Божја) Негова, ќе разбере дали е ова учење од Бога" (Јв.7:17). Така познавањето на учењето е исто што и да се ‘види’ Синот. Христовите зборови "го запази словото Мое, и не одречувај се од името Мое" (Отк.3:8) исто така покажуваат дека словото на Христа е поистоветено со Неговото Име. Христос вдахновен го цитира Иса.42:4, "народите ќе се надеваат на (Христовиот) закон" како и "во Неговото име народите ќе се надеваат" (Мт.12:21), и повторно го поистоветува Неговото име со евангелието за него. Второто и третото писмо од Јован содржат препораки за проповедниците кои патуваа "Добро ќе направиш, ако ги приготвиш пред Бога како што треба. Бидејќи поради Неговото име тргнаа" (3Јв.6,7). Ова веројатно алудира на овластувањето на Мк.16:15,16 да оди по светот и да го проповеда евангелието; значи името на Христа и Неговото евангелие се поистоветени. Да се 'верува во Христа' библиски према тоа вклучува и да се

биде крстен: "сите сте синови Божји преку верата во Христа Исуса; сите, **што** (т.е. бидејќи) се крстивте во Христа, во Христа се облековте" (Гал.3:26,27). Павле говори како нивното имање вера во Христа природно го вклучуваше нивното изразување на таа вера во крштевање. Значи верувањето во Христа е еден процес на разбирање проследен од покорност, повеќе отколку едно брзо усмено признание 'верувам во Христа'. Тоа е изнесено од Јв.6:35 "кој доаѓа при Мене, нема да огладни, и, кој верува во Мене нема никогаш да ожедни", кое го поистоветува верувањето во Христа со ДОАЃАЊЕТО при него- и покажува дека верувањето е еден процес.

Проповедта за 'Христа' према тоа опфаќаше една серија на учења. Вака Лк.9:11 го опишува Христа проповедувајќи го евангелието на царството Божјо (ср, Мт.4:23), додека истиот приказ во Мк.6:34 говори за него дека 'поучуваше' и проповедаше. Евангелието вклучуваше 'поучување'- а не само една сожета изјава за Христа која може да се направи за една минута. Оттука ние читаме фрази, "го проповедаа Евангелието во тој град и мнозина придобија и научија" (Дела 14:21), кои го изедначуваат учењето и проповедањето. Тој јазик би бил непотребен ако евангелието беше само неколку едноставни изјави. Павловата проповед во Бер исходи во дневно пребарување низ Писмото од народот (со копии на Стариот завет во синагогата?) да го проверат она што Павле ги учеше (Дела 17:11). Евангелието кое го учеше Павле беше према тоа основано на Стариот завет, и поради процесот на библиското проучување тие по слушањето поверуваа- "И мнозина од нив поверуваа" (Дела 17:12). Кога се справуваме со луѓе кои малку ја познаваат Библијата и не ја пребаруваат често дневно после еден разговор, не е ни чудо дека времето за подука е многу подолго него во 1 век. "Секој, кој верува дека Исус е Христос, од Бога е роден" (1Јв.5:1) јасно содејствува со стиховите "Он нè роди по Своја волја преку словото на вистината" (Јак.1:18), "преродени... преку словото на живиот Бог... а тоа е словото, кое ви е благовестено" (1Пет.1:23,25). Тоа покажува дека верувањето дека Христос е Син Божји е еден збир на фактот дека е разбрано евангелието содржано во Словото Божјо.

## ЦАРОТ НА ЦАРСТВОТО

Истакнувањето на 'верување во Христа' станува позначајно еднаш штом се сфати дека титулата 'Христос' може да се чита како синоним за царството на Христа во некои пасуси. Така, нашиот Господ им кажа на фарисеите да не одат наоколу да го бараат дојдениот Месија, бидејќи тој веќе стоеше во нивната средина. Тој го изразува тоа со зборовите "царството Божјо е меѓу вас" (Лк.17:21 А.В. мг.), покажувајќи дека 'царството' е истоветно со царот на

царството. Јовановата проповед дека царството Божјо беше близу према тоа се однесува на неговото огласување на објавувањето Христово. Каменот кој го удира ликот на Навуходоносора го претставува Божјото царство (Дан.2:44); тоа е каменот/царството кое "ќе ги победи и разруши сите (други) царства", и покажува дека каменот е царството кога го удира ликот, како и после неговото уништување. Во слична црта параболата од Језекија на виновата лоза опишува "нежно гранче" од неговите гранки откинато и посадено, па тоа постана величенствен кедар "и ќе се собираат под него секаков вид птици, секаков вид пернати" (Јез.17:22,23). Тоа мора да се однесува на Христа, "младо дрвце" од Иса.53:2; сепак има јасни врски со параболата за синаповото зрно, во која царството Божјо е споредено со едно мало зрно кое порасна во величенствено дрво, под кое секаков вид на птици дојдоа да живеат. Оваа поврзаност помеѓу словото за царството и самиот Исус покажува дека тој се виде како живото слово за царството. Во светло на ова разбирливо е дека 'верувањето во Христа' и верувањето во целото евангелие за царството Божјо е истоветно.

## ШТО Е ЕВАНГЕЛИЕТО?

Сега доаѓаме до подробна расправа за тоа што беше сметано за важно учење помеѓу верниците во 1 век. Треба да се увиди дека постоеше едно тело на учење во времето на Новиот завет, нешто слично на нашата "Изјава на Вера". Еден друг важен чинител за паметење беше постоењето на браќа со дарот за пророштво- 'претскажување' на директно откровение од Бога под вдахновение. Има причина за верување дека со време некои од овие вдахновени изјави беа придадени на тоа тело на учење.

## ТЕЛО НА УЧЕЊЕ

Павле можеше да каже дека оние во римската еклезија барем беа "од сè срце... послушни на оној вид учење, на кое му се” предадоа (Рим.6:17) пред нивното крштевање. Грчкиот збор за ‘вид’ е истиот кој е преведен ‘пример’ и ‘модел’ како да се однесува на едно тело на учење кое беше копирано од друго место. Препораката на Павле за тоа ја покажува важноста за едно одредено тело на учење за разбирање пред крштевањето, и дека не беа само неколку сожети изјави кои ќе се спомнеа пред крштевањето. Некои во еклезијата би биле "на изглед побожни, а од силата на Бога се одрекле" (2Тим.3:5), и можеби предлага дека тие можат да ги држат основните учења на верата но да не ја увидуваат стварната сила на Вистината во своите дневни животи. Павле

можеше да ги потсети Галатјаните дека "Исус Христос беше изобразен, а сега, еве меѓу вас се распна" (Гал.3:1). Грчкиот збор за ‘изобразен’ значи дословно 'насликан во пишани зборови', како, почетната подука на Галатјаните, да беше преку некаков пишан облик на прирачна подука.

Кога го одредуваше учењето за воскресението, Павле можеше да каже "Ви го предадов најнапред она, што го бев и примил, дека Христос умре..." (1Кор.15:3), и покажува како тој примил едно откровение за тие работи и им го предава како учење да се прифати за основа. 2Пет.2:21,22 убаво се вклопува овде: "За нив би било подобро, да не беа го познале патот на правдата отколку... да се вратат назад од светата заповед, која им е предадена... (но) искапената (во крштевање) свиња (се вратила)- во калта". Овде ‘патот’ и ‘светата заповед’ кои им беа ‘предадени’ се поврзани со миењето во крштевање, како патот и заповедта да им беа познати пред крштевањето. Ние покажавме дека не беше само една заповед што требаше да се сфати пред крштевањето; према тоа ‘заповедта’ во еднина може да предлага дека имало едно тело на учење многу јасно одредено кое што требаше да се разбере пред крштевањето. Има неколку пасуси кои говорат за 'примањето' поучување околу учењето и ‘евангелието’: Гал.1:9,12; Филип.4:9; Кол.2:6; 1Сол.1:6; 2:13; 4:1. Тоа потврдува дека 'евангелието' беше содржано од едно одредено тело на учења кои беа 'примени' прво од апостолите а потоа од оние на кои проповедаа.

## ‘ВЕРАТА’

Јуда исто така говори за "вера, која им е дадена на светците еднаш (за сите) засекогаш" (Јуда 3). Со тоа ‘вера’ е поистоветена со "вид на учење" што им беше предадена пред крштевањето, и е само една друга фраза во речникот на 1 век која говори за тоа тело на учење. Поттикнувањето на Павле "да го држиме исповеданието на надежта цврсто" (Евр.10:23) може да алудира на нивното јавно исповедување на верувањето во ‘верата’ пред нивното крштевање. Да се сочува "вистинското слово" (Тит 1:9) главно би се однесувало на придржување на таа 'Изјава на Вера' на која што прво беа научени. "Заедничката вера" (Тит 1:4) покажува дека тоа тело на учење беше делено од сите верници; имаше само "една вера" (Еф.4:5). ‘Верата’ и името на Христос се поврзани во Дела 3:16. Ние видовме дека името Христово е едно друго име за истото учење содржано во ‘верата’.  Во пракса (1Тим.6:10) и учење (1Тим.4:1) Павле предупреди дека некои ќе "отстапат од верата". Првата етапа во тоа одметнување би било велењето дека ‘верата’ е невозможна за одредување.

## НАЧИНИ НА ПРАКСА

Начините на пракса беа исто така дел од тоа тело на учење. "Верата во Христа" вклучуваше и разбирање за "правда, за воздржување и за идниот суд" (Дела 24:24, 25). Павле говори за подучувањата за кршење леб како и за учењето околу воскресението: "Јас го примив од Господа она, што ви го предадов” (1Кор.11:2,3). Изгледа дека имало една група од тие практични нешта, која Павле подоцна ја прошири да го вклучува учењето за местото на сестри во еклезијата: "ги држите заповедите така, како што сум ви ги предал. Сакам уште да знаете дека... на жена глава е мажот" (1Кор.11:2,3). Тоа покажува дека објаснувањето на тие нешта треба да е пред крштевањето, и беа дел од телото на учењето кое беше настојувано во 1 век. Грчкиот збор за ‘заповеди’ е исто така преведен ‘предание’ во 2Сол.3:6 и 2:15: "да се двоите од секој брат, кој живее... не според преданието, што го добија од нас... стојте и држете ги преданијата, што ги научивте, било преку (вдахновено пророчко) нашето слово, било преку нашето послание". Тоа ја покажува битната важност на држење кон тоа тело на учење, и потребата од одделување од оние кои не му се покоруваат: "се држи според вистинското слово (друг опис за истото тело на учење), онака како што е научен, та да биде силен и да поучува во здравото учење, и да ги изобличува оние, кои се противат" (Тит 1:9).

Ние знаеме дека имаше "лажни пророци" во раните еклезии, кои тврдеа дека имале Божји откровенија околу учењето кои треба да се додадат на прифатеното тело на учење. Затоа Павле истакнува што е "вистинското слово" на вдахновено откровение на учењето (Тит 1:9: 3:8; 2Тим.2:11; 1Тим.4:9), кои се "достојни за секакво примање" (1Тим.1:15; 4:9)- т.е. во телото на учењето што ја опфаќа ‘верата’. Затоа Јован предупреди да не се верува "на секој дух" кој тврди вдахновеност (1Јв.4:1).

## ОДРЕДЕНИ ПОЕДИНОСТИ

Следниве се неколку јасни примери каде учењата, за разлика од едноставното 'верување во Христа', се учени како дел од основното евангелие кое требаше да биде разбрано пред крштевањето:

-"според моето благовестие (т.е. она што го проповедаше Павле; Рим.2: 16), Бог преку Исуса Христа ќе ги суди тајните на луѓето". Учењето за судот и одговорноста е према тоа земено во обзир како 'прво начело'- види исто Дела 24:25; Евр.6:1,2.

-Идејата дека обрежувањето било потребно за спасение беше опишано од Павле како "друго благовестие" (Гал.1:6). Така знаењето дека не треба да го држиме законот Мојсеев, пр. саботата, е дел од разбирањето на вистинското евангелие.

-"Евангелието за царството" не е само за Христа туку и за неговото идно царство; Иса.52:7 (ср. Рим.10:15) го опишува проповедникот на евангелието кој говори за времето кога ќе може да му се рече на Сион "Твојот Бог се зацари"- т.е. во царството.

-Исправното разбирање на 'пофините црти' од Христовата природа беше прашање на дружење (2Јв.7:10); затоа евангелието ги вклучува проповедите за Христа (Дела 8:12). Повторно, само да се рече дека се верува во Христа не е доволно.

-Важноста на ветувањата за царството е еден важен дел од евангелието. Преку ветувањата евангелието беше проповедано на Авраам (Гал.3:8) и Израел (Евр.4:2). Така, Павле говореше за своето проповедање околу ветувањата до Давид како за "словото на ова спасение" (Дела 13:23,26). Тие беа значи еден битен дел од пораката за спасение. Оттука, тој вели "сега ви соопштуваме (истиот збор преведен 'проповедаме' на други места) вам благовестие (евангелие) за ветувањето, дадено на нашите татковци" (Дела 13:32 Р.В.). Слично Рим.1:1-4: "Благовестието Божјо... за Својот Син, по тело роден од семето Давидово".

-Да се разберат ветувањата бара одредено познавање на историјата од Израел. Една студија на Павловото проповедање во Антиохија во Дела 13 го прикажува како ја оцртува израелската историја со посебно истакнување на ветувањата, и потенцира како тие беа исполнети во Исуса. Неговата проповед беше значи темелена на историјата од Израел, и беше едно изложување заклучно со предупредувањето за последиците при судот за неодзивање на

словото што го проповедаше (Дела 13:40,41). Содржината на нашето проповедање треба да е слична.

## ЗАКЛУЧОЦИ

Важноста на сето ова не може да се преистакне. "Пази на себе и на учењето; биди постојано во тоа, оти, ако постапуваш така, ќе се спасиш и сам и оние што те слушаат" (1Тим.4:13-16). Списоци на важни учења како оние дадени во Додаток 1 од оваа книга очито не се вдахновени, но по наше мислење е еден чесен збир на многу од посебните теми спомнати во библиските пасуси кои говорат за нешта кои се дел од ‘верата’, ‘преданијата’ и.т.н. Се надеваме оваа студија покажа дека има конечна потреба за едно тело на учење кое сите го прифаќаме и не сме спори во потврдувањето на нашата верност кон него. Содржините на тоа тело на учење треба да ги обликува нашите подуки на кандидатите за баптизам, и е само чесно кон нив да се провери со разговор пред нивното потопување дали потполно го разбираат она што го научиле. Често верниците беа охрабрувани да се прилепат кон ‘верата’ кога им е тешко. "Темелите Божји стојат сигурни". Нашето запознавање со првите начела, со чудесниот начин на кои се одржува целосната Божја цел, треба да ни е само по себе едно охрабрување. Само со редовното проповедање или повторно учење на тие работи ќе ја имаме таа добробит и длабока увереност, и како Павле во својот мрачен час на осаменост ќе можеме да речеме "патот го завршив, верата ја запазив... знам во Кого сум поверувал и уверен сум дека Он е моќен мојот залог (нашиот живот, нашето сѐ) да го запази за оној ден" (2Тим.4:7; 1:12).

## ФУСНОТА: ИСПОВЕДУВАЈЌИ ГО ГОСПОДА ИСУСА

> "Ако со устата Го исповедаш Господа Исуса и со срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш" (Рим.10:9).

Треба да се направат следниве точки:

-Ние покажавме дека 'Господ Исус' е веројатно еден синоним за едно цело тело на учење кое ги содржи "евангелието за царството Божјо и за името на Исуса Христа", вклучувајќи го и крштевањето (Дела 8:5 ср. в.12). 'Исповедта' за која говори Павле можеби била при крштевањето. Тој во овој случај би алудирал на

Мк.16:16 "Кој ќе поверува (ср. исповедувајќи со устата) и се крсти (ср. воскреснува со Христа од мртвите), ќе биде спасен".

-Да се сфати воскресението Христово вклучува познавање на библиското учење за пеколот и природата човечка.

-Рим.10:8,9 изгледа паралелно со в.13: "Бидејќи, секој , кој го призове (врз себе, грчки текст) името Господово, ќе се спаси". Павле е опишан како се крштева и вака го повикува врз себе името Гсподово (Дела 22:16); единствено крштевањето ни дава влез во името Господово (Мт.28:19).

-Откако ја истакна важноста на крштевањето, неколку поглавја порано во Рим.6, невозможно е дека Павле сега би учел дека е непотребно за спасение во поглавје 10.

-Рим.10:9 е претходено од в.6-8: "Да не речеш во срцето свое: Кој ќе се возвиси на небото? ...Кој ќе слезе во бездната? ...Но што вели Писмото: Блиску до тебе е словото, во твојата уста и во твоето срце, односно словото на верата, што го проповедаме". "Словото на верата" беше према тоа она што требаше да се исповеда, и е паралелно со "Господа Исус" во в.9. Ние видовме дека 'верата' го опишува целото тело на учење кое го опфаќа евангелието. Павле цитира од 5Мој.30:11-14: "Оваа заповед, што денес ти ја давам... не е на небото... ниту е преку море ('во бездната')... Но оваа заповед е многу блиска до тебе". Тој изгледа го толкува "словото... оваа заповед" дека се однесува на Христа. Така, ако Израел го држеше словото ќе беше благословен (5Мој.30:16), па ако новиот Израел верува во словото за Христа ќе биде спасен. Исповедувајќи го Христа со устата, према тоа содејствува со согласувањето со ова учење за Христа. "Ако го слушаш гласот на Господа" (5Мој.30:10) одговара со Рим.10:9: "Ако со устата го исповедаш Господа Исуса". Оваа паралела повторно покажува дека 'Господ Исус' е титула која го сумира основното учење за словото Божјо.

## Осврт 32: Распнатиот крадец

**Крадецот "Му рече на Исуса: Сети се на мене, Господи, кога ќе дојдеш во царството Свое. А Исус му рече: Вистина ти велам: денес ќе бидеш со Мене во рајот" (Лк.23:42,43). Овие стихови се земени дека значат дека крштевањето не е битно за спасение, и дека ние одиме право на небо при смртта. Одделно**

**од сите други докази за спротивното, едно поблиско читање на пасусот го открива следново:**

1. Заповедта за крштевање во Христовата смрт и воскресение беше дадена **после** Христовото воскресение (Мк.16:15,16). Крадецот сè уште живееше под законот Мојсеев кога Христос му говореше.

2. Вистинското крштевање е во смртта и воскресението на Исус. Бидејќи кога Исус му проговори на крадецот ништо од тоа не беше случено, крштевањето во Христа не беше можно.

3. Крштевањето го претставува нашето умирање со Христа (Рим.6:3-5). Крадецот беше единствената личност која дословно го направи тоа.

4. Многу е веројатно дека крадецот бил еден од оние кои беа крстени од Јована крстител. Многу од неговите преобратеници биле претходно сомнителни карактери (Мт.21:32). Да се рече дека крадецот не бил крстен е расправање од тишина; што е едвај едно цврсто начело врз кое ќе се оправдаме од заповедта за крштевање. Исто така, пасусот молчи околу зборовите 'душа' и 'небо'.

5. Крадецот го праша Исуса да се сети на него, кога Исус ќе дојде "во царството Свое". Према тоа тој не беше незапознат со евангелието за царството Божјо кое Исус го проповедаше (Мт. 4:23). Тој знаеше дека ќе има суден ден при уредувањето на царството, и затоа го замоли Исуса, за кој знаеше дека ќе воскресне и ќе е конечно судија во тој ден, да го запомни. Крадецот сигурно не беше незапознат; тој увиде дека спасението во денот на воскресението и судот ќе биде објавено од устата Христова.

6. Исус одговори дека крадецот **ќе биде** со него во ‘рајот’. Овој грчки збор секогаш се однесува за една идеална состојба на **земјата**. Употребен е во врска со обновената градина едемска која ќе биде видена во идното царство Божјо на земјава (Отк.2:7). За време на царството Божјо, светот ќе се врати во налик на рајските услови од градината на Едем (Иса.51:3; Јез.36:35), заради отстранетата клетва (Отк.22:3). Грчкиот Стар завет (Септагинтот) го употребува истиот грчки збор за ‘рај’ во врска со една идилична состојба на земјава во

Проп.2:5; Неем.2:8; Песна 4:13; Бит.13:10. 'Рај' едино стана поврзан со небото преку употребата во фикцијата како 'Изгубениот рај' на Милтон. Ветувањето од Исус за едно место за крадецот во рајот беше во одговор на желбата да биде во Христовото царство.  Ние покажавме во студија 5 дека царството ќе биде на земјава; и 'рајот' према тоа ќе биде тука.

7. Начинот на кој в.43 е обично преведуван прави да изгледа дека Христос и крадецот ќе бидат заедно тој исти ден во 'рајот'. Но очевидно е дека царството сѐ уште не е уредено на земјава. Тие не отидоа во царството тој ден. Исус отиде в гроб (Дела 2:32); како што пророкуваше, тој беше "во срцето на земјата три дни и три ноќи" (Мт.12:40 ср. 16:21) после неговата смрт на крстот. Дури и по воскресението тој рече "Не допирај се до Мене, оти **уште** не сум се вратил при Мојот Отец" (Јв.20:17). Па така Исус не отиде на небо дента кога умре.

Сепак се чини дека Исус му ветува на крадецот "**денес** ќе бидеш со Мене во рајот". Одговорот на оваа очевидна противвречност може да се најде во фактот што во изворните еврејски и грчки текстови на Библијата, нема никаква интерпункција дури ни големи букви. Можно е да се репунктира па да читаме "Исус му рече: Вистина ти велам **денес, ќе** бидеш со мене во рајот" (Лк.23:43). Ротхерхам'с Транслатион всушност ја става запирката после ‘денес’. Тоа прекрасно се вклопува во контекстот. Крадецот го замоли Исуса да се сети на него на денот на судот; тој знаеше дека е одговорен и дека ќе се појави таму. А Исус му даде чудесно уверување- 'Јас можам да ти кажам веднаш **сега**! Не мора да чекаш до тогаш за да ја дознаеш мојата пресуда за тебе- ти **ќе** бидеш со мене во царството!'.

8. Од точките бележани погоре, може да се направи список на учењата кои крадецот очевидно ги сфатил:

-Божјото царство

-Второто доаѓање на Христа

-Воскресението и судот

-Одговорноста

-Спасение преку вера во Христа

-Воскресението Христово

-Совршеноста Христова ("Он ништо лошо не направил")

-Потребата да се следи Христос (го нарече "Господи")

-Грешноста на човекот ("ние сме праведно осудени")

И према тоа не приличи да се користи овој човек за изговор во мислењето дека секој може да биде спасен ако покаже и најмал интерес за христијанството, мора тука да постои видот на доктринерска темелност која ја имаше тој. Без тоа, тој не ќе ја достигнеше верата што ја имаше. Христос не направи никаква понуда на спасение до другиот крадец, чиј став беше, "Ако си Ти Христос, спаси Себеси и нас". Тоа беше човек кој вели, 'Ако има нешто во оваа Исусова работа, не гледам зошто не би добил и јас нешто'. Поради недостигот на доктринерско разбирање кое го имаше вториот крадец, беше неспособен да најде вистинско спасение на крајот од своите дни, неговиот минлив интерес во Христа не истраи.

## Осврт 33: Еден пример на крштевка

Да се даде една идеја за извршување на исправно крштевање, следново е приказ на крштевка извршена од христаделфијанците во Хартлепоол, Англија во едно саботно попладне во ноември, 1990. Меѓутоа, треба да се забележи дека крштевањето е во основа едно потопување во вода пропратено со едно вистинско покајание и вера во евангелието. 'Службата' е само дополнителен избор кој дава соодветна смисла на важност на настанот. Редоследот на постапката беше следен:

Воведна молитва

Читање на Рим.6

Кратко обраќање за крштевката (долу; имињата се променети)

Молитва

Потопување на лицето во базен

Молитва

### ЧИН НА КРШТЕВАЊЕ

Несомнено е денес најважниот ден во животот на Дејв; за неколку мига тој ќе зарони под вода и ќе изрони потполно "во Христа", семето Авраамово, и ќе ги има тие славни ветувања кои го сочинуваат евангелието, направени до него.

Крајната едноставност на тој чин може да е измамлива, сепак Дејв и сите ние овде потполно веруваме дека тоа потопување ќе го поврзе со смртта и воскресението на Исус, како што читаме во Рим.6:3-5:

> "Зар не знаете дека сите ние што се крстивме во Исуса Христа, во Неговата смрт се крстивме. И така, ние се погребавме со Него во смртта, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, така и ние да одиме во обновен живот. Зашто, ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во воскресението.

За неколку мига да се обидеме да го замислиме призорот на воскреснувањето на Исус, бидејќи видовме дека кога Дејв ќе изрони од водата ќе биде поврзан со воскресението на Исус.

Можеме да ја замислиме свежината и тишината на ноќниот воздух, и величенственото чувство на новиот живот во Исуса. Тој ќе можеше да ги види светлата во Ерусалим како светкаат во далечина; луѓето таму беа потполно несвесни за чудесното нешто што се случуваше до нив- еден човек воскреснуваше во обновен живот.

Па така и Дејв кога ќе изрони од водата, околниот свет нема да има увид во славното нешто што се случува; сè што ќе можат да видат, ако се потрудат да погледнат, ќе е мала група на луѓе кои чекорат кон еден базен и еден човек како го потопува другиот. Но како што ангелите се радуваа при воскресението на Исус, така и сега, невидливи за нас, ангелите се радуваат за еден грешник кој се покајува.

Ние читавме во Рим.6 дека треба да "**одиме** во обновен живот"- радоста која ќе ја има Дејв сега треба остане со него и понатаму во неговиот животен д. Како што прочитавме, тој веќе нема да му робува на гревот, туку на Бога, и ќе извршува Неговата волја како што е откровена во Библијата. Примамливо е да се расудува дека треба да си посакуваме слобода, но со служењето себе не сме слободни, ние сме робови на гревот. Дејв сега менува господари, да му

служи на Бога. Повремено ќе изгледа дека очевидните пречки кои живеењето на новиот живот ни ги наметнува се премногу за поднесување, и сме искушувани да се ослободиме од нив. Но со тоа, ние не ќе сме слободни, ние повторно ќе му служиме на гревот.

Павле објаснува во 1Кор.10:1,2, дека нашето поминување низ водите на крштевањето е како поминувањето на Израел низ водите од Црвеното море. Еден вид парабола може да се развие од ова, со многу поуки за нас. Израелците робуваа во Египет, и живееја еден живот без смисла, работеа тешко во своето ропство и им служеа на идолите од Египет. Низ своето животно искуство тие заплакаа кон Господа да најдат некој начин за бегство, иако веројатно немаа никаков поим како Тој ќе им одговори.

Во одговор Бог им го прати Мојсеј да ги одведе од Египет, низ Црвено море и потоа низ пустината, да влезат во Ветената Земја. Израелците во Египет беа како Дејв и сите кои доаѓаат до крштевање; сега Дејв е доведен, како и тие, на бреговите од Црвено море. Штом ќе помине низ водата, тој нема веднаш да биде во Ветената Земја на царството, тој ќе ни се придружи на нас останатите овде во чекорењето низ пустината. Бог го водеше на Израел низ пустината со ангел, кој беше постојано со нив ден и ноќ. Така, исто, секој од нас има ангел кој се улогорува околу нас и нè води низ нашиот живот кон спасение (Пс.33:7; Евр.1:14).

Израелците беа хранети секој ден со мана, која Исус ја толкува во Јв.6 како Божјо Слово. Ако тие не ја јадеа наскоро ќе умреа во таа пустина- таму немаше друга храна за јадење. На Израелците им беше речено да не се обидуваат да собираат неколку дневна мана во само еден ден, туку да се прави секојдневен напор да се излегува и да се собира. Нашето хранење со Словото треба да е дневно. Како што не би го заборавиле природното јадење, така треба нагонски да го правиме дневниот обид за хранење со Словото Божјо; така, Јов можеше да каже дека ги цени зборовите Божји "повеќе отколку мојата потребна храна".

Израелците исто така пиеја од потокот што извираше од удрената карпа; 1Кор.10 ни кажува дека таа го претставува ‘Христа’.

Така ние треба да јадеме и пиеме по примерот на Исус, кое што можеме да го правиме со помен службата секоја седмица. Говорејќи за состаноци, треба да ни е природна желба состанувањето со други кои ја делат нашата Надеж. Еден патник во дословна пустина би скокнал при некаква можност да се сретне со

друг патник да разговора за можните проблеми кои можат да наидат, да поделат искуства. Па ние во пустината на животот од овој зол свет треба да правиме секаков обид да држиме контакт едни со други. Често тие средби не се можни колку што би сакале, но треба да ја земеме секоја прилика за држење врска со допишување, читање списанија и.т.н.

Ние говоревме за одговорностите на новиот живот, но погрешно е да даваме впечаток дека ако правиме некои работи, како е дневно читање на Библијата, дека Бог ќе мора да нѐ награди. Божја добра волја, Негово задоволство, е да ни го даде царството како дар, не како плата за нашите дела (Рим.6:23). Погрешно би било за нас да мислиме дека крштевањето е добра идеја зашто ќе имаме чесна прилика за влегување во царството. Вистината и љубовта Божја, победата Христова, се многу попозитивни од тоа. Бог навистина **сака** Дејв и сите ние да бидеме во царството. Тој факт е толку величенствен што треба повремено да се потсетуваме дека е вистина и дека во тоа светло треба да се одзвиеме кон Божјата љубов.

Кога Израелците излегуваа од Црвено море беа радосни; Мојсеј ја пееше својата песна и сите луѓе се радуваа. Пс.104:35-41 добро го изразува тоа, и покажува како Бог обезбеди сѐ што беше потребно за нивното патување:

> "И ја изедоа (Господ) сета трева по земјата (египетска), ги испојадоа сите плодови на нивите нивни. И го порази секое првородено во земјата нивна, првините од сиот нивни труд. Ги изведе Израелците со сребро и злато, и немаше болен во племињата нивни. Се зарадува Египет поради нивното излегување, бидејќи го беше обзел страв од нив. Им простре облак како покрив и оган, за да им свети ноќе. Бараа, и Он им прати потполошки и со леб небесен ги наситуваше. Расцепи камен и потекоа води, потекоа како река по безводната земја".

Таа радост е и наша радоста, на твоите идни браќа и сестри, кои се овде да го сведочат твоето крштевање. Тоа е радоста Божја, од Исуса и од ангелите кои упорно нѐ гледаат сега. Нека секој од нас ја држи оваа Надеж и радост "истрајно до крајот", за да чекориме заедно во царството.

**Сега ќе слеземе во пресоблекувалните, па потоа ќе одиме во базенот...**

## Студија 10: Прашања

1. Можеме ли да бидеме спасени без крштевање?

2. Што значи зборот 'крштевање'?

а) Обврска

б) Попрскување

в) Верување

г) Потопување/ заронување

3. Кое е значењето на крштевањето објаснато во Рим.6:3-5?

4. Кога треба да се крстиме?

а) Откако се научи вистинското евангелие и покајување

б) Како мали бебиња

в) Откако ќе се заинтересираме во Библијата

г) Кога сакаме да се придружиме на некоја црква.

5. Во што сме крстени?

а) Во црквата која нѐ крштева

б) Во словото Божјо

в) Во Христа

г) Во Светиот Дух

6. Што од следниве се случува после крштевањет?

а) Ние сме дел од семето Авраамово

б) Никогаш повеќе нема да грешиме

в) Конечно сме спасени засекогаш

г) Нашите гревови се простени.

7. Дали крштевањето само по себе може да нѐ спаси?

8. Дали ги примаме чудесните дарови на Светиот Дух по крштевањето?

## 11.1 Вовед

Крштевањето ни дава една сигурна надеж за имање вечен живот во Божјото царство. Што повеќе веруваме и ја цениме сигурноста на таа надеж, станува поочито дека има и некои одговорности за нас. Тие се однесуваат на живеењето живот кој е соодветен за некој кој ја има надежта дека ќе му се даде Божја природа (2Пет.1:4), дека всушност ќе го дели Неговото Име (Отк.3:12) со тоа што ќе е осовршен во секој поглед.

Ние објаснавме во студија 10.3 дека после крштевањето сме обврзани на еден живот на постојано распнување на злите желби на нашата природа (Рим.6:6). Ако не сакаме да го правиме, тогаш крштевањето е без смисла. Тоа едино треба да се случи ако лицето е подготвено да ги прифати одговорностите на новиот живот кои би следеле.

Во крштевањето ние умираме во овој стар, природен начин на живот, и сме симболично воскреснати во Христа. "Ако сте воскреснале заедно со Христа (во крштевање), барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога: мислете за небесното, а не за земното. Зашто вие умревте... Затоа умртвете ги... блудството, нечистотата... лакомството" (Кол.3:1-5). После крштевањето ние се обврзуваме на еден живот каде ќе ги гледаме работите од Божјата небесна перспектива, и ќе размислуваме за небесни (т.е. духовни) работи, заменувајќи го светскиот стремеж, со еден стремеж да ги совладуваме телесните склоности и со тоа да влеземе во Божјото царство.

Склоност на човечката природа е повремено да покажува волност за покорност на Бога. Често Бог нè предупредува против тоа. За Своите заповеди, вели "она преку кое човекот, откако ќе го исполнува, ќе биде жив" (Јез.20:21). Ако сме свесни за Божјите заповеди, и почнеме да ги извршуваме во крштевањето, треба да им сме предани цел живот.

## 11.2 Светост

"Свет, свет, свет е Господ" (Иса.6:3). Тројното истакнување во овој стих е еден од многуте пасуси кои ја истакнуваат Божјата светост. 'Светост' во основа значи 'одвоеност'- одвоеност **од** несвети нешта, и одвоеност **во** духовни нешта.

Ни е речено да ‘да се угледаме на Бога’, како Негови деца (Еф.5:1). Затоа "по примерот на Светецот, Кој ве повика, и вие самите бидете светци во сите ваши постапки (т.е. практичен начин на живот). Оти е напишано: Бидете свети, бидејќи Јас сум свет" (1Пет.1:15,16; Лев.11:44).

Природниот Израел беше повикани од Египет со своето крштевање во Црвено море да биде "еден свет народ" (Исх.19:6). По нашето крштевање, членовите на духовниот Израел и до нас има повик "кон свето звање" (2Тим.1:9). После крштевањето стануваме "служители на... светост" (Рим. 6:19,22 и контекст).

Бидејќи е светоста таков еден суштествен дел од самото Божјо битие, таа мора да е основна грижа на сите оние кои се обидуваат да се ‘угледаат на Бога’. Ако го правиме тоа, ние ќе "учествуваме во Неговата светост" кога ќе ни се додели Неговата природа (Евр.12:10; 2Пет.1:4). Затоа без светост во овој живот, верникот "нема да Го види Господа" (Евр.12:14)- т.е. не ќе биди всушност способен да Го види и се поврзе со Него на едно лично ниво во царството ако тој не ја изложил светоста во овој живот.

Тоа што ни се дало таква голема надеж значи дека треба да се одвоиме од околниот свет кој ја нема таа надеж, одвојувајќи се **во** вечно споделување на Божјата природа. Нашата 'одвоеност' не треба значи да е нешто што ќе се сфати како присиленост; поради одвоеноста **во** тој возвишен повик и надеж, треба да е тек природно чувството за одвоеност **од** нештата на овој свет, каде преовладуваат телесните начела.

Сега ќе земеме во обзир некои работи **од** кои треба да се чувствуваме одвоени, а во студија 11.3 ќе проучиме **во** што практично се одвојуваме.

## 11.2.1 УПОТРЕБА НА СИЛА

Ние живееме во свет каде преовладува гревот. Ние видовме во Оддел 6.1 дека човечките влади можат да се наречат 'ѓавол' бидејќи се организирани врз желбите на телото, библискиот 'ѓавол'.

Повторувана порака на Библијата е дека, краткорочно, гревот и семето на змијата ќе се чини дека триумфираат, додека после привременото страдање на разни начини, семето на жената конечно ќе биде оправдано. Од таа причина на верникот постојано му се заповеда "да не се противите на злото" (Мт.5:39; Рим.12:17; 1Сол.5:15; 1Пет.3:9).

Ние видовме дека злото е конечно допуштено и донесено од Бога (Иса.45:7; Амос 3:6 ср. студија 6.1). Делотворниот отпор кон злото значи борење против Бога. Затоа Исус ни заповеда физички да не се опираме на силите од злото: "Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот. А оној што сака да се суди со тебе и да ти ја земе кошулата, дај му ја и горната облека" (Мт.5:39,40). Христос е примерот по тоа: "Грбот Свој го **подметнав** на оние што Ме биеја" (Иса.50:6).

Христовите зборови го поврзуваат законското спорење со активностите на светот кој е спротивен на верникот. Да се прави тоа е основен пример на отпор кон злото, и не би било направено од некој кој има цврста вера во Божјото ветување дека "Одмаздата е Моја. Јас ќе отплатувам- вели Господ" (Рим.12:19). "Не вели: Ќе му се одмаздам на непријателот, туку остави на Господа, Он ќе ти помогне" (Изрек.20:22 ср. 5Мој.32:35). Затоа Павле отворено ги укори Коринтјаните поради парничење (1Кор.6:1-7).

Во поглед на големината на нашата Надеж, ние не треба да сме толку загрижени за неправдите на сегашниов живот: "**Смее** ли некој од вас, кога има тужба против друг, да се суди... Не знаете ли дека светците ќе го судат светот?" (1Кор.6:1,2). Парничењето, било за земја било за бракоразводни постапки, треба значи да е незамисливо за вистинскиот верник.

За потиснување на силите на злото, како и за (во некои случаи) одржување на зли луѓе на власт, војнички и полициски сили се користат од човечки влади. Тоа се установени облици за отпор на злото, и поради тоа вистинскиот верник не треба да има никакво учество во нив. "Сите што се фаќаат за нож, од нож ќе загинат" (Мт.26:52). Тоа го повторува едно многу рано Божествено начело: "кој ќе пролее крв човечка (намерно), и неговата крв ќе се пролее од човечка рака; зашто човекот го создадов според образот Божји" (Бит.9:6). Секое волно насилство против нашиот сожител е значи насилство против Бога, освен ако Тој не го одредил тоа.

За христијанското управување, ни е речено, "љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат" (Мт.5:44; Лк.6:27). Вооружените сили и полициските сили работат во изравна спротивност на овие начела и затоа вистинскиот верник ќе го избегне секое поврзување со нив. Дури и ако неизравно вклучен во извршувањето насилие, работењето во овие организации или вклученоста во служба поврзана со нив, е јасно непрепорачливо; всушност секоја служба која вклучува полагање заклетва на верност кон неа, ја заробува нашата совест од покорување на Божјите заповеди. Вистинските верници, биле поради тоа секогаш совесни противници на војничката и полициската служба во било кој облик, иако секогаш волни да прифатат алтернативна служба за време на национални кризи од што би им ползувал сожителот.

### 11.2.2 ПОЛИТИКА

Јасното разбирање за, и цврстата вера во, Божјото идно царство значи увидување дека човечката влада е неспособна да постигне совршенство. Секое вклучување во политиката е према тоа несодветно со надежта на царството. Исус прорече дека нештата ќе се влошат во ‘последните дни’ што ќе го претходат неговото доаѓање (Лк.21:9-11,25-27). Не е можно да се верува во неговите зборови а истовремено да се обидува за подобрување на положбата во светот преку политика или помошни посредувања. Параболата за добриот Самарјанин покажува како христијанот треба да го помага околниот свет- со правење добро на сите луѓе према околностите (Гал.6:10).

Записот за раните верници ги покажува дека биле обврзани да живеат еден духовен живот во предвиденото Христово враќање, главно ја покажувале својата грижа за околниот свет преку проповедањето на нив. Нема никаков запис за нивно обраќање на социјалните, економските и политичките проблеми на околниот свет.

"Не е во власта на оној кој оди, за да ги исправа стапките свои" (Јер.10:23); увидувањето на основното зло и грешката на човечката природа значи признавање дека човечкото водење е неприкладно за Божјиот народ. Гласањето према тоа е недоследно на вистинското разбирање за тоа. "Севишниот владее над човечкото царство и дека го дава кому сака" (Дан.4:29). На човечките владетели им е според тоа, конечно дадена нивната моќ од Бога (Рим.13:1); да се гласа во еден демократски систем, може према тоа да

вклучува гласање против оној кого Бог го одредил да биде на власт. Оттука е запишано дека Бог **дал** некои народи под управа на Навуходоносора царот на Вавилон (Јер.27:5,6).

Поради нашето познавање дека Бог дал народи во рацете на нивните владетели, треба да сме многу внимателни да бидеме примерни граѓани, и да се придржуваме на законите од земјата во која живееме, ако не се во противност со законот на Христос. "Секоја душа да им се потчинува на претпоставените власти, зашто нема власт, што не е дадена од Бога... Затоа и данок плаќате... така, дајте секому што сте му должни: кому данок -данок... кому чест- чест" сте му должни (Рим.13:1-7).

Вклученоста на таканаречените христијански организации во облици на политички протести и даночни штрајкови е значи еден показател на нивно смислено запоставување на тие основни библиски начела. Меѓутоа, примерот на Петар каде продолжи да го проповеда Христа кога му беше забрането од владата да го прави тоа, е еден показател дека едино можеме да се покоруваме на човечки заповеди кога не се противни со законот Христов: "Судете дали е справедливо пред Бога- вас да ве слушаме повеќе отколку Бога" (Дела 4:17-20; 5:28,29).

Христаделфијанскиот став за принудната војничка служба во недамнешни години е друг пример.

### 11.2.3 СВЕТСКИ ЗАДОВОЛСТВА

Поради недостаток на вистински однос со Бога и стварна надеж за иднината, светот измисли безброј врсти на задоволства. Оние кои бараат да го задоволат телото треба да се избегнуваат од оние кои се обидуваат да развијат духовна свест. "Телото сака противни работи на духот, а духот- противни на телото" (Гал.5:17). Поради таа основна спротивност, неможно е да се расудува дека можеме да се предадеме на телото а исто така да тврдиме дека го следиме Духот. Светот е составен од "похотта на телото, желбата на очите и гордоста на животот" (1Јв.2:16). "Кој сака да му е пријател на светот, му станува

непријател на Бога" (Јак.4:4). Да се има светски пријатели, гледањето светски филмови итн. е 'пријателување со светот'. Желбите на светот наскоро ќе поминат, и оние кои биле на негова страна сега ќе поминат со него (1Јв.2:15-17). "Безбожниот свет (т.е. општество)" ќе биде уништен од ИИ доаѓање (2Пет.2:5), бидејќи "целиот свет лежи во зло" (1Јв.5:19). Ако сакаме да го избегнеме тоа уништување, треба да не сме "од светот" (Јв.17:16 ср. Отк.18:4).

Многу од светските начини за удоволување на телото го нудат тоа по цена на телесното здравје: пушење, дрогирање и неумереното пиење се примери за тоа. Нашето физичко здравје, нашите пари, всушност сè што имаме му припаѓа на Бога. Према тоа не сме слободни да ги користиме тие работи како што сакаме, туку треба да се однесуваме како управници на она што ни дал Бог. Од нас ќе се побара сметка за нашето управување со нив при судот (Лк.19:12-26). Навиките како пушењето и пиењето се злоупотреба и на нашите пари и на нашето здравје. "Не знаете ли вие дека сте храм Божји, и Духот Божји живее во вас? Ако некој го разори Божјиот храм, него Бог ќе го разори... вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас... не припаѓате само на себеси. Скапо сте купени. Затоа прославете Го Бога во своите тела" (1Кор.3:16,17; 6:19,20). Злоупотребата на телото преку навики како пушењето е значи озбилна работа.

Сепак, познато е дека ако тие навики постоеле веќе пред обраќањето, може да е невозможно да се прекинат веднаш. Она што се очекува е едно признавање дека навиката е лоша, и да се направи еден вистински обид за прекинување. Животните стресови треба да се дочекуваат со помош на Словото Божјо и молитва, а не со некаков човечки облик на опуштање.

## 11.3 Практичен христијански живот

### 11.3.1 УЧЕЊЕ НА БИБЛИЈАТА

По крштевањето, ние треба да донесуваме ‘плод во’ светоста, да живееме еден живот воден од Духот наместо од телото (Рим.6:22; 8:1; Гал.5:16,25). Преку Божјото Слово кое борави во нас ние донесуваме духовен плод (Јв.15:7,8). Ние видовме дека ние сме водени од Духот во смисла дека Божјиот Дух е во Неговото Слово. Целиот наш живот треба да се држиме близу до тоа Слово преку редовно библиско читање и проучување.

Темелното проучување на Словото исходува во тоа лицето да ја сфати потребата за крштевање, и значи, да го изврши тој чин. Тој процес на допуштање на Словото да влијае на нашите дела и да го управува нашиот живот треба да продолжи; крштевањето е само првиот чекор во еден животен век на покорност кон Божјото Слово. Постои една многу реална опасност од запознавањето со Библијата и основните учења на евангелието, кои ќе не доведат во состојба каде Словото повеќе не би влијаело на нас: каде што зборовите кои ги читаме нема да имаат никаков практичен учинок врз нас (види Додаток 2). Затоа е мудро да се каже една сожета молитва пред секое читање на Писмото: "Отвори ги очите мои, и ќе ги разберам чудесата од Твојот закон" (Пс.118:18).

Божјото Слово треба да е нашата дневна храна- всушност, да сме зависни од него, и природната желба за тоа, треба да е дури поголема од нашиот нагон за храна, "ги вреднував зборовите од Неговата уста **повеќе** отколку мојата неопходна храна" беше чувството на Јов (Јов 23:12 евр. текст). Јеремија исто: "Ги најдов зборовите Твои и ги проголтав; Твоето Слово ми беше за радост и веселба на срцето мое" (Јер.15:16). Да се најде време во текот на денот за редовно библиско читање е значи важно нешто да се направи во секојдневниот животен шаблон. Едни непрекинати 30 мин. на библиско проучување како прво нешто наутро обврзува да го започнеме денот со права духовна спрема. Навиките кои ја обликуваат верата ќе вредат злато во судниот ден.

Да се избегне природната склоност да се читаат само оние делови од Писмото кои природно ни се привлечни, христаделфијанците измислија програма наречена ‘Библиски прирачник’ (на располагање од издавачите на оваа книга). Овој нуди еден број на поглавја да се читаат секој ден, и исходува во читање на Новиот завет два пати и Стариот завет еднаш во текот на 1 година. Како што ги читаме поглавјата дневно, се охрабруваме со мислата дека илјадници други верници ги читаат истите поглавја. Било кога да се сретнеме, значи имаме една моментална врска; неодамна прочитаните поглавја ќе ја обликуваат основата на нашиот разговор.

## 11.3.2 МОЛИТВА

Една друга важна пракса за изградување е молитвата. Ние сме потсетени дека "еден е Посредникот помеѓу Бога и луѓето- Човекот Христос Исус, Кој Се даде Себеси како откуп за сите", Павле го посочува практичниот исход од разбирањето на Христовото дело, "мажите сакам да се молат на секое место... без гнев и сомневање" (1Тим.2:5-8). "Оти, ние немаме таков Првосвештеник, што не може да не соучествува во нашите слабости, туку таков, Кој искусил сè како и ние, освен грев. **И така,** слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта, за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош" (Евр.4:15,16).

Вистинското ценење дека Христос е нашиот личен Првосвештеник кој ги нуди моќно, нашите молитви до Бога, треба да нè инспирира за редовна молитва во вера. Меѓутоа, молитвата не треба да е само 'список на желби' понудени на Бога; благодарењето за храната пред оброците, за безбедно патување и. т.н. , треба да сочинуваат еден битен дел од нашите молитви.

Самото поставување на нашите проблеми пред Господа во молитва треба, само по себе, да даде големо чувство на мир "во сè (ништо не е безначајно) преку молитва... со благодарност изјавувајте ги пред Бога своите барања, и мирот Божји, што  го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и мисли" (Филип.4:6,7).

Ако молитвите ни се во согласност со Божјата волја, тие сигурно ќе бидат одговорени (1Јв.5:14). Ние можеме да ја запознаеме Божјата волја преку нашето проучување на Неговото Слово, кое ни го открива Неговиот Дух/ ум. Значи библиското проучување треба да нè научи како и за што да се молиме, така, правејќи ги нашите молитви силни. Затоа ако се "зборовите Мои во вас, тогаш, што и да посакате, барајте, и ќе ви биде" (Јв.15:7).

Има многу примери за редовна молитва во Писмото (Пс.118:164; Дан.6:10). Утро и вечер, со неколку кратки молитви на благодарност преку денот барем најмалку.

## 11.3.3 ПРОПОВЕДАЊЕ

Едно од најголемите искушенија кое настанува кај познавањето на вистинското евангелие е духовната себичност. Можеме да сме толку задоволни со личниот однос со Бога, и вовлечени во библиското учење и духовност, што можеме да го запоставиме делењето на тие работи со другите наши соверници и со околниот свет. Словото Божјо и вистинското евангелие кое е основано во него, е споредено со едно светло или светилка која гори во темно (Пс.118:105; Изрек.4:18). Исус посочи  дека никој кој има такво светло не го покрива, туку јавно го изложува (Мт.5:15). "Вие сте светлината на светот" поради крштевањето во Христа "светлината на светот" (Мт.5:14; Јв.8:12). "Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв  планина", продолжи Христос  (Мт.5:14).

Ако навистина живееме еден живот према вистинското евангелие кое го разбираме, нашата 'светост' ќе биде очевидна на оние со кои живееме. Ние не ќе можеме да го прикриеме фактот дека сме 'одвоени во' надежта на царството, и исто така 'одвоени од' нивните светски работи.

На еден тактичен начин треба да бараме да го делиме нашето знаење на Вистината со сите оние со кои сме во додир: насочувајќи ги разговорите околу духовните работи; да го расправаме учењето со членови од други цркви; доставување брошури, па дури и ставање мали реклами во месните медиуми, сите тие се начини на кои ќе допуштиме да свети нашето светло. Не треба да мислиме дека можеме да ја оставиме работата на сведочење на други верници; секој од нас има една поединечна одговорност. Христаделфијанците имаат релативно неколку организирани, поразмерни иницијативи за проповедање во споредба со другите групи. Ние, секој поединечно, правиме што можеме, главно на сопствен трошок.

Еден од најуспешните начини на проповедање е преку објаснување на нашите верувања, на нашите семејства и на оние со кои сме во непосреден додир. Оние чии партнери не се во верата треба јасно да им ги објаснат своите верувања, и откако ќе се направи тоа не е мудро да се продолжи со поттикнување на темата или да се врши некаков притисок врз нив. Бог не сака присилени обратеници. Наша должност е да сведочиме на Вистината без претерана грижа за размерот на одзив кон неа. Имаме голема одговорност да го правиме тоа сведочење (Јез.3:17-21); ако дојде Христос во текот на нашиот живот "двајца ќе бидат на нива: едниот ќе го земат, а другиот ќе го остават" (Лк.17:36). Навистина би било необично ако не сме разговарале со нашето семејство и со пријателите од работа за ИИ доаѓање Господово кога тоа ќе се случи.

## 11.3.4 ЖИВОТ ВО ЕКЛЕЗИЈАТА

Досега во оваа студија говоревме за личните духовни одговорности. Но, имаме и обврска за среќавање со другите кои ја делат нашата надеж. Повторно, тоа треба да е нешто што природно ќе го посакаме. Ние покажавме дека по крштевањето започнуваме едно пустинско патување кон царството. Тек е природно да сакаме да контактираме со сопатници. Ние живееме во последните дни пред доаѓањето на Христа; за да ги совладаме многуте сложни тешкотии кои нè напаѓаат во ова време, треба да се дружиме со оние кои се во иста состојба, "не напуштајќи го своето собрание... туку да се поучуваме еден друг, и тоа во толку повеќе, до колку гледате дека се приближува судниот ден" (на ИИ доаѓање Евр.10:25 ср. Мал.3:16). Верниците треба значи да прават секаков обид за меѓусебно контактирање со писма и да патуваат во меѓусебна средба да го поделат библиското проучување, заедничката служба, и активностите за проповед.

Секој од нас поединечно е 'повикан' во големата надеж за царството. Зборот 'светец' значи 'повикана особа', и може да се однесува до сите вистински верници а не само на неколку забележливи верници од минатото. Грчкиот збор кој е преведен 'црква' во Библијата е 'еклезија', и значи 'собир на повикани', т.е. верници. Према тоа 'црква' се однесува на групата верници, а не на физичката градба каде се состануваат. Да се избегне забуната во употребата на овој израз, христаделфијанците се склони да ги нарекуваат своите 'цркви'  'еклезии'.

Каде и да има еден број на верници во некој град или област, логично е дека ќе најдат место за состанок каде ќе се среќаваат редовно. Тоа може да е нечиј дом или изнајмена сала. Христаделфијански еклезии има ширум светот во места како, општински центри, хотелски сали, сали кои ги изградиле сами или приватни куќи. Целта на еклезијата е да ги изгради верниците со здружено библиско проучување, а и здружено да сведочи на светот со допуштање на нивното светло да свети преку проповедта. Типичниот распоред за христаделфијанската еклезија е нешто ваков:

| | |
|---|---|
| НЕДЕЛА | 11:00 Служба на кршење леб |
| | 18:00 Активност на јавно проповедање |
| СРЕДА | 20:00 Библиско проучување |

Еклезијата е дел од Божјото семејство. Во секое тесно поврзано општество, секој член треба да е приемчив и покорен на другите; самиот Христос беше врвен пример за тоа. Во пркос на неговата очита духовна надмоќ, тој се однесуваше како ‘слуга на сите’, на учениците им ги изми нозете додека тие се расправаа меѓу себе кој е најголем меѓу нив. Исус ни заповеда да го следиме неговиот пример во тоа (Јв.13:14,15; Мт.20:25-28).

Сега бидејќи се чудесните дарови на Светиот Дух повлечени, нема никакво место за 'старешини' како што имаше во раната црква; "зашто еден е вашиот Учител- Христос, а вие сте сите браќа" (Мт.23:8). Затоа христаделфијанците меѓусебно сеословуваат со 'брат' или 'сестра', и се нарекуваат по име без оглед на нивната различна положба во светниот живот. Вака речено, јасно е дека треба да има почит кон верниците кои го познавале вистинскиот Бог многу години, или кои брзо созреале во духовните работи преку своето извршување на Божјото Слово. Советот на тие верници треба да се цени од оние кои бараат да го следат Божјото Слово. Меѓутоа, тие едино ќе го прифатат советот на другите верници ако е согласен одраз на Божјото Слово.

Учењето кое се нуди во еклезијата треба јасно да е темелено врз Божјото Слово. Оние кои го вршат јавното говорење во еклезијата, према тоа го одразуваат Бога, говорејќи во Негово име. Бидејќи Бог е машки пол, следува дека единствено браќата треба да ја вршат јавната подука од Божјото Слово. 1Кор.14:34 не може да биде појасно: "Жените ваши по црквите да молчат: ним не им е позволено да зборуваат". 1Тим.2:11-15 ја следи причината за тоа во настаните од градината едемска; бидејќи Ева го поучи Адама да згреши, жената не треба сега да го учи мажот. Фактот што Бог го создаде Адама пред Ева е знак дека "на жена глава е мажот" (1Кор.11:3), и затоа мажот треба духовно да ја води жената а не обратно.

Поради сите овие работи, "Жената да се учи во мир и потполно покорство. На жена не и позволувам да поучува, ниту да господари над мажот, туку да биде мирна. Бидејќи порано беше создаден Адам, а потоа Ева; и Адам не беше измамен, туку жената беше измамена и направи престап : но ќе се спаси преку раѓање деца, ако остане во верата, љубовта и во светоста со чесност" (1Тим.2:11-15).

Од ова е јасно дека Библијата одредува некои посебни улоги за мажите и жените верници. На жените им е заповедано во некои случаи "да се мажат, да раѓаат деца, да вртат куќа" (1Тим.5:14), покажува дека нивната сфера на

духовен труд е онаа на домот. Јавната работа во еклезијата е значи оставена на мажот. Ова е во остра противност со хуманистичките теории за полова еднаквост, каде жената од кариера може да тврди еднаквост со својот сопруг во секој поглед, од управување со семејниот буџет до носење на унисекс облека. Раѓањето деца е сведено на непријатна должност, на која се гледа како потреба да се сочува едно ниво на душевен разум во целосно материјалистичкиот и себичен свет. Вистинските верници ќе го избегнат тој дух на времето, иако, како и секогаш, една рамнотежа е потребна.

Сопругот не смее да господари врз сопругата, но да ја љуби како што Христос нè љубеше (Еф.5:25).

> "Така и вие, мажите, живејте со своите жени разумно (т.е. третирајте ги грижливо, согласно познавањето на Божјото Слово), и почитувајте ги како послабо суштество, и како сонаследници на благодатниот живот" (1Пет.3:7).

Во духовен поглед, крштевањето во Христа ги прави мажот и жената еднакви (Гал.3:27,28 ср. 1Кор.11:11). Но, тоа не влијае врз јасното правило дека 'на жена глава е мажот' (1Кор.11:3) во практични и духовни работи, во семејството и во еклезијата.

За да се изложи познавањето на тоа правило, верничката треба да носи покривало на главата кога еден брат предава од Божјото Слово. Тоа во пракса значи дека еден шешир или шамија треба да се носи на сите средби во еклезијата. Разликата во улогите помеѓу мажот и жената треба да се истакне по начинот на кој тие ги носат косите (1Кор.11:14,15). "Секоја жена, која се моли... гологлава, ја срамоти главата своја (т.е. својот сопруг в.3), зашто сеедно е- како да е истрижена. Ако жената не сака да се покрива, тогаш нека се стриже; ако, пак, е срамно жена да се стриже или бричи, тогаш нека се покрива... Затоа жената треба да има на главата своја знак од власта на мажот над неа" (1Кор.11:5,6,10 А.В. мг.).

'Непокриената' глава "**како да е** истрижена", покажува дека една непокриена глава не е онаа без коса. Према тоа една 'покриена' глава не е една со коса, туку една која свесно набавила покривало. Без покривало на главата жената не може да се ослони на своето природно покривало, косата; да се направи тоа, е како да е без коса пред Бога. Погрешно е мажот да има покривало на главата

(1Кор.11:7); тоа не се однесува на имањето коса, туку носење на одредено покривало на главата.

Во околните култури во времето на Новиот завет, единственото време кога една жена ја бричела главата било кога ќе се откриела за курва или прељубница, или кога ќе го жалела изгубениот сопруг. За жена да биде бричена би покажало дека го изгубила или се откажала од сопругот- т.е. Христа еден вид.

Жената ја претставува еклезијата, додека мажот го претставува Христа. Како што ние треба да направиме свесна одлука да ги покриеме нашите гревови со Христа, така и жената треба да направи свесна одлука да ја покрива својата глава. Да верува во природната покриеност со косата е исто како верувањето дека нашата сопствена праведност ќе нѐ спаси наспроти онаа од Христа.

Пошто долгата коса кај жената "е (од Бога дадена) слава за неа, бидејќи косата и е дадена место покривало" (1Кор.11:15 А.В. мг.), жената треба да ја расте косата на начин кој ќе ја истакне нејзината различност од мажот. Разликите помеѓу машките и женските фризури треба да се искористи од жената како можност за истакнување на својата посебна улога.

По овие прашања за жената да има долга коса и да носи покривало на главата, мора да сме внимателни да не направиме од тоа еден вид симболизам. Ако сестрата има вистинско духовно и покорно однесување (ср. 1Пет.3:5), таа ќе е подложна на браќата како што се верниците кон Христа, и ќе биде воодушевена да ја покаже таа покорност во секој поглед, вклучувајќи го и носењето покривало на главата. Ако причината за овие заповеди е разбрана, како и со сите Божји заповеди, тогаш ќе нема никаква несклоност во согласувањето со неа.

Секогаш има работа за сестри во еклезијата- училишна настава во недела, и домаќинка на други должности кои не вклучуваат јавно предавање или говорење, пр. сметководство. Духовно зрелите жени можат да бидат охрабрени да водат наставни сесии за помладите сестри (Тит 2:3,4 ср. Маријам ги води жените израелски, Исх.15:20).

### 11.3.5 КРШЕЊЕ ЛЕБ

Заедно со молитвата и читањето на Библијата, редовната покорност на Христовата заповед да се крши леб и да се пие вино во спомен на неговата жртва е важно. "Правете го ова за Мој спомен", заповеда Исус (Лк.22:19). Негова желба беше неговите следбеници редовно да го прават тоа до неговото ИИ доаѓање, кога Исус пак ќе го дели лебот и виното со нив (1Кор.11:26; Лк.22:16-18).

Лебот го претставува Христовото тело кое беше понудено на крстот, а виното неговата крв (1Кор.11:23-27). Раните верници изгледа ја држеа оваа служба често (Дела 2:42,46), веројатно еднаш неделно (Дела 20:7). Ако ние навистина го љубиме Христа, ние ќе се покориме на неговите заповеди (Јв.15:11-14). Ако имаме вистински личен однос со него, ние ќе посакаме да се потсетиме на неговата жртва како што тој ни кажа, и при тоа да се охрабриме со големото спасение кое го постигна. Периодот на тивко размислување врз неговите маки на крстот ќе ги избледи нашите сопствени маки до безначајност во споредба со оние на нашиот Господ.

Кршењето леб во основа е една **спомен** служба; ништо волшебно не се случува во исход на тоа. Тоа е еквивалент на празникот Пасха под законот Мојсеев (Лк.22:15; 1Кор.5:7,8). Тоа беше средство за спомнување на големото избавување од Египет кое Бог го издејствува преку Мојсеј кај Црвеното море. Службата на кршење леб нè враќа кон нашето спасение од грев преку Христа, кое беше овозможено на крстот и со кое се поврзавме со крштевањето. Затоа држењето на таа заповед треба да е нешто што природно ќе сакаме да правиме.

Земањето на лебот и виното ја прави љубовта Христова за нас, и всушност сите работи во врска со нашето спасение, да бидат повторно толку вистински. Кршењето леб еднаш неделно е значи знак на една здрава духовна состојба. Ако некој не може да го стори тоа со соверници на Вистината треба да се стори тоа насамо. Ништо не треба да нè спречи во држењето на таа заповед. Треба да направиме секаков обид за имање залиха на леб и вино со нас за службата, иако и во крајни околности дури и недостатокот на тоа не треба да нè спречи во спомнувањето на Христа на одредениот начин најдобро што можеме. Исус го употреби "лозовиот плод" (Лк.22:18), затоа и ние треба да користиме црвено вино од грозје.

Да се земат симболите на Христовите страдања и жртва е врвната чест која може да ја има еден човек. Да се учествува во нив со неприлично внимание од она што тие претставуваат е близу до хулење, бидејќи "кога ќе го јадете овој леб и кога ќе ја пиете оваа чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господа... Затоа, оној што недостојно јаде од овој леб и пие од чашата Господова, виновен ќе биде спрема телото и крвта на Господа" (1Кор.11:26,27). Службата на кршење леб поради тоа треба да се држи во време и место каде што ќе нема одвраќања и прекинувања на мисловниот тек. Тоа можда ќе значи да се прави тоа рано наутро или доцна во ноќта, во спална соба или друго прикладно место. Ние сме понатака советувани, "Но, човекот да се испита самиот себе и **потоа** (во тој понизен дух на самоиспитување) да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша" (1Кор.11:28). Ние треба значи да се усредоточиме на Христовата жртва, можеби со погледнување низ записите во евангелието за неговото распетие, пред да ги земеме симболите. Со исправното правење на тоа, ние неминовно ќе ја испитаме и сопствената совест кон Христа.

Еден прикладен ред на службата за кршење леб е следен:

1. Молитва- молење за Божји благослов врз средбата; да ни ги отвори очите за Неговото Слово; спомнување на потребите од другите верници; славење на Него за Неговата љубов, посебно како што е покажана во Христа, и молитви за некои други работи.

2. Читање на Библијата за тој ден према "Библискиот прирачник".

3. Размислување врз лекциите да се поучиме од нив, или читање едно 'светување'- библиско проучување на оние поглавја кои нè водат кон целта на нашата служба- спомнувањето за Христа.

4. Читање 1Кор.11:23-29

5. Период на самоиспитување во тишина.

6. Молитва за лебот.

7. Се крши лебот и се јаде мало парче од него.

8. Молитва за виното.

9. Се зема мала голтка.

10. Заклучна молитва.

Целата служба треба да трае нешто преку еден час.

## 11.4 Брак

Ние ќе го почнеме овој оддел со земањето во обзир на положбата од оние кои се самци во време на крштевањето. Ние распраравме во студија 5.3 за потребата да се венчаваат само крстени верници. Има неколку пасуси, здружени со примерите од Исус, Павле и други, кои ги охрабруваат оние кои се самци барем да размислат врз изборот на останување самци за да можат целосно да се предадат на Господовото дело (1Кор.7:7-9, 32-38 ср. 2 Тим.2:4; Мт.19:11,12,29; Проп.9:9). "Но, ако се ожениш, нема да згрешиш" (1Кор.7:28). Многу од апостолите беа женети (1Кор.9:5), и бракот како што намеруваше Бог е направен да донесе многу физички и духовни ползи. "Бракот на сите треба да е чесен, и (употребата на) брачното легло - чисто" (Евр.13:4). "Не е добро за човекот да биде сам", освен ако се снајде со едно високо ниво на вршење духовни работи, и така Бог го установи бракот (Бит.2:18-24). Оттука "Кој нашол добра жена, нашол добро и добил благодат од Господа... разумна жена е дар од Господа" (Изрек.18:23; 19:14).

Даден ни е еден урамнотежен збир на состојбата во 1Кор.7:1,2: "добро е човек да не се допира до жена. Но, за да се избегне блудството, секој нека си има своја жена, и секоја жена свој маж" (ср. в.9).

Импликацијата на овие стихови е дека предавањето на сексуалните желби вон бракот е блуд. Предупредувања против блудот (секс помеѓу небрачни партнери), прељубата (секс каде едната или двете партии се во брак со други партнери) и секој облик на неморалност се чести низ целиот Нов завет; скоро

секое писмо ги содржи. Следниве се тек некои од нив: Дела 15:20; Рим.1:29; 1Кор.6:9-18; 10:8; 2Кор.12:21; Гал.5:19; Еф.5:3; Кол.3:5; 1Сол.4:3; Јуда 7; 1Пет.4:3; Отк.2:21.

Во светло на сите овие повторувани истакнувања, да се оди против јасно изразената волја Божја е всушност озбилно нешто. Додека гревовите на моментална слабост, ако се покајат, Бог радосно ги простува, (Давидовата прељуба со Вирсавија на пр.), да се живее еден живот со вакви редовни постапки може да исходи само во осуда. Павле често говореше "прељубодејство, блудство... и други слични работи; однапред (судот) ви велам, како што ви реков и порано, дека оние што (постојано) го прават тоа, нема да го наследат царството Божјо" (Гал.5:19,21), затоа "Бегајте од блудството (ср. 2Тим.2:22)! Секој грев, што го прави човекот, е надвор од телото, а блудникот греши против своето сопствено тело" (1Кор.6:18).

Се прифаќа скоро во целиот свет дека млади парови можат да живеат заедно пред бракот, уживајќи во полни сексуални односи. Употребата на називот 'граѓански брак' да се опише тоа е придавање сосема погрешен назив. Бракот за верникот треба да е во согласност со Божјата одредба за него; ние не можеме да допуштиме една дефиниција создадена од околниот телесно задоволувачки свет да превладува врз Божјите изјави за бракот- најпосле, бракот беше востановен од Бога а не од човекот. Библиски бракот е составен барем од три елементи:

1. Еден вид брачен ритуал, колку и да бил едноставен. Записот за Воз каде се жени за Рут во Рут 3:9- 4:13 покажува дека бракот не е однос во кој само ќе се вплови; треба да има еден одреден момент кога некој потполно влегува во брак. Христос е поистоветен со младоженец а верниците со невеста, за која тој ќе се 'жени' во неговото ИИ доаѓање. Ќе има и "свадбена вечера при Агнецот" за да се прослави тоа (Отк.19:7-9). Односот помеѓу сопругот и сопругата е типичен за оној помеѓу Христа и верниците (Еф.5:25-30); како што ќе има една одредена точка за стапување во брак помеѓу нас, така треба да има и венчавање меѓу верниците со кое им почнува бракот, кој ќе го претставува обединувањето Христово со нас при судот.

2. Божјиот брак со Израел вклучуваше влегување во меѓусебен духовен завет на верност (Јез.16:8), тоа исто така треба да се појави во бракот на верниците.

3. Сексуалниот однос е нужен за да се потполни бракот (5Мој.21:13; Бит.24:67; 29:21; 3Цар.11:2). Затоа, 1Кор.6:15,16 објаснува зошто полното општење вон бракот е толку погрешно. Полното општење означува, во физичка смисла, како Бог го составил венчаниот пар заедно (Бит.2:24). Да се биде здружен како "едно тело" во привремен однос е према тоа една злоупотреба на телата што ни ги даде Бог. Тој ги направил за да можат да го употребуваат во физичка смисла она што Тој го соединил во брак.

Од ова следува дека паровите кои 'живеат заедно' пред бракот всушност живеат во грев. Освен ако го формализираат својот однос со исправно венчавање- или да се одвојат- нема никаква смисла за нивно крштевање.

Потешкотија настанува во некои култури од светот во развој каде што нема никаква претстава за брачен ритуал или договор за обичните луѓе. Еден пар можеби живеел заедно веќе долги години без тоа, а се сметаат за венчани. Препорака на присутниот писател е дека во тој случај оние кои го изведуваат крштевањето треба да му ја објаснат положбата на кандидатот за крштевање, и да ги натераат со партнерот да потпишат некој вид брачен договор. Односот тогаш треба да се завери во односната државна управа што е можно поскоро.

Оние кои се крстени, а нивниот партнер не, не треба во никој случај да ги остават (1Кор.7:13-15), туку да прават секаков обид да ги љубат, и така да покажат, со своето однесување во животот дека имаат, едно оригинално верување во вистинскиот Бог, наместо дека само ги промениле религиите. 1Пет.3:1-6 ги охрабрува оние во таква состојба дека тоа, само по себе, може да биде средство за преобраќање на партнерот кој не верува.

Начелата кои го управуваат бракот се сожети во Божјата изјава која се однесува за него: "Затоа ќе го остави човекот таткото свој и мајката своја и ќе се прилепи кон жената своја; и обата ќе бидат едно тело" (Бит.2:24). Ова настојување за соединување помеѓу мажот и жената на сите можни начини е слично на нашиот непрекинат напор за соединување со Христа, преку совладувањето на основниот грев и себичност на нашите природи. Тоа настојување е против нас самите повеќе отколку против Христа или нашиот партнер. Колку повеќе успеваме во тоа, посреќен и поуспешен ќе биде нашиот однос.

Меѓутоа, ние живееме во еден вистински свет од грев и неуспех, од неможност на потполно истрајување до крајните мерила на светоста кои ни се поставени во Библијата, и во примерот за љубовта Божја и Христова. Идеалното мерило дадено во Бит.2:24 е од еден маж и една жена, кои живеат заедно во целосна соединетост за живот.

Верниците треба да се подготвени да прифатат дека некогаш тоа мерило нема да биде постигнато во нивниот живот како ни во оној од другите верници. Сопружниците можат да се препираат и ја изгубат таа обединост на свеста која би требало да ја имаат; може да е физички невозможно да се дополнува бракот; еден маж може да има неколку жени, земени пред неговото крштевање, ако живеат во општество каде е допуштено многуженството. Во тој случај треба да остане со жените, но да не зема повеќе. Затоа апостол Павле, еден мајсторски спој на човечко сочувство и непоколеблива преданост на Божјите начела, го препорача одвојувањето за можно во крајни случаи на неподносливост: "жената да не се разделува од мажот,- **ако, пак, и се** раздели, нека не се премажува" (1Кор.7:10-11).

Тоа нудење на идеално мерило, но волноста да се прифати едно пониско мерило, сѐ додека не се подбива со едно основно Божјо начело (пр. дека прељубата е погрешна), е многу вообичаена појава во Писмото. Советот на Павле во 1Кор.7:10-11 е сроден со 1Кор.7:27,28: "разврзан ли си од жена, не барај жена (остани сам). **Но, ако се** ожениш, нема да згрешиш". Меѓутоа, волниот развод **е** засновано потсмевање на Божјото начело дека луѓето треба да признаат декаТој ги здружил во едно тело, дури ако и во практични работи го најдат тоа тешко за применување. Христовите зборови се болно едноставни:

> "Во почетокот на светот, пак, Бог ги создаде маж и жена. Затоа човек ќе го остави татка си и мајка си, и ќе се прилепи до жената своја, и обата ќе бидат едно тело; и така, (Исус истакнува) тие веќе не се двајца, а едно тело. А Бог што составил, човек да не разделува (со развод)... Кој ќе ја напушти својата жена и се ожени со друга, тој прељубодејствува спрема неа; а и жена ако го напушти својот маж и се омажи за друг, прељубодејствува" (Мк.10:6-12).

Во оваа сфера на сексуални односи, телото е како рака која лесно тупка кон уверливи изговори за оправдување на предавањето кон природните желби. Оние кои ќе се најдат во нарочито примамливи ситуации едино ќе најдат сила и духовна издржливост која им е потребна од повторувано размислување врз стиховите цитирани во овој оддел. Некои се обиделе да ја оправдаат

хомосексуалноста и лезбејството за законски, природни желби. Меѓутоа, не постои никакво сомневање дека тие пракси се сѐвкупна одвратност пред Бога.

Основното начело во Бит.2:24 го изложува гревот на хомосексуалноста; Божјата намера е мажот и жената да се земаат и прилепуваат еден кон друг. Бог ја создаде жената да му помага на Адам, а не еден друг маж. Сексуални врски помеѓу мажи се повторувано осудувани во Библијата. Тоа беше еден од гревовите за кои беше Содом уништен (Бит.18,19); апостолот Павле многу појаснува дека истрајувањето во тие пракси изложува на гневот Божји, и исклучување од Неговото царство (Рим.1:18-32; 1Кор.6:9,10).

Фактот за некогашната вклученост во тие работи, не треба да нѐ прави да мислиме дека сме далеку од Божјата помош. Во Бога **постои** простување, за да Му се оддаде почитување со љубов од оние кои ќе го искусат Неговото простување (Пс.129:4). Коринтската еклезија имаше добар свој дел на плаsbos-и покајници: "такви беа и некои од вас; туку се измивте (во крштевање), се осветивте, се оправдавте (со крштевање), во името на нашиот Господ Исус" (1 Кор.6:9-11).

Поплаката дека некој не е природно привлечен од спротивниот пол делува како обвинување дека Бог е неправеден со тоа што ни забранува да ја задоволуваме хомосексуалноста, а нѐ создал со тоа силно искушение. Бог не би допуштил да сме искушувани повеќе од она што би можеле да издржиме без да даде пат за излез (1Кор.10:13). Со неумереното предавање, во секоја смисла, на телото, може да се стигне до точка, каде што ќе е тоа нечиј природен одраз. Така, еден алкохоличар или зависник од дрога не може да живее без редовното внесување на некои супстанци; но од него се бара да го промени својот поглед, и со помош на терапија да се врати на еден урамнотежен, нормален начин на живеење.

Хомосексуалците мора да поминат низ истиот процес. Бог ќе ги потврди човечките напори во тоа; ако тие целосно се предадат, на попуштање на природните желби, Бог ќе ги третира како стариот Израел:

> "Затоа Бог ги предаде на срамни страсти: жените нивни природните потреби ги заменија со противприродни; и мажите исто така; оставајќи го природното зближување со женскиот пол, се распалија со желби еден кон друг, и вршеа

срамни работи мажи со мажи, добивајќи (во своите тела) отплата каква што одговараше на нивната заблуда" (Рим.1:26,27).

Само намерното слепило може да не успее да види тука едно јасно пророштво за СИДА, и ударниот принос на други сексуално преносиви заболувања кои нашиот расипан свет сега ги жнее.

## 11.5 Дружење

Грчките зборови преведени 'дружење' и 'заедница' во основа опишуваат една состојба на имање нешто заедничко: општина. 'Општина' е во сродство со зборот 'општење'. Поради познавањето и практикувањето на Божјите начини, ние се дружиме со Него и со сите други кои го прават истото со тоа што се "во Христа". Лесно е да се запоставаат одговорностите кои ги имаме за дружење со другите: "а доброчинството и милосрдноста (изв. ‘дружењето’) не ги заборавајте" (Евр.13:16). Филип.1:5 говори за нашето "дружење во Евангелието"; основите на нашето дружење се значи учењата кои го содржат вистинското евангелие. Затоа дружењето уживано од вистинските верници е далеку поголемо отколку кај некоја друга организација или црква. Поради тоа дружење тие патуваат големи далечини да бидат еден со друг и да посетуваат одделни верници, и треба секогаш да ги користат поштенските и телефонските услуги. Павле говори за "дружење со Духот" (Филип.2:1) т.е. дружење кое се темели врз заедничкото следење на Духот/умот Божји, како што е откриен во Неговото Дух/Слово.

Една од најголемите изразитости на нашето дружење е со заедничката служба на кршење леб. Раните верници "беа постојани во учењето апостолско, во општувањето, во кршењето леб и во молитвите... кршејќи леб... со радост и едно срце" (Дела 2:42,46). Симболите го претставуваат средишниот столб на нашата надеж, заедничкото делење, треба да нѐ здружи во "едно срце". "Чашата на благословот, која ја благословуваме, не е ли општување (делење) со крвта Христова? Лебот, што го кршиме, не е ли општување со телото Христово? Бидејќи лебот е само еден, едно тело сме ние многуте, зашто сите се причестуваме од еден леб", т.е. Христос (1Кор.10:16,17). Поради тоа имаме обврска да ги делиме симболите на Христовата жртва со сите оние кои ползуваат од неговото дело, кои се "соучесници на тој еден леб". Само оние кои се исправно крстени во Христа, после познавањето на вистината, се во таа состојба, и потсмевање е на  симболите, да се делат со било кој освен нив.

Јован се сеќава како го делеше евангелието на вечен живот со други "та и вие да имате оппштење со нас; а нашето општење е со Отецот и Неговиот Син, Исус Христос" (1Јв.1:2,3). Ова покажува дека дружењето е темелено врз едно заедничко разбирање на вистинското евангелие, и дека ова нè води во дружење со други вистински верници, и исто така со Бога и Исуса на едно лично ниво. Што повеќе го применуваме евангелието во нашиот живот, совладувајќи ги нашите грешни склоности, и колку подлабоко напредуваме во нашето разбирање на Божјото Слово, толку подлабоко ќе биде нашето дружење со Бога и Христа.

Нашето дружење со Бога и Христа и други верници не зависи само од заедничката согласност на научните вистини кои ја опфаќаат "едината вера". Нашиот начин на живот мора да е соодветен на начелата кои се изразени во нив. "Бог е светлина, и во Него нема никаква темнина. А ако речеме дека со Него општиме, а одиме во темнина, тогаш лажеме и не постапуваме според вистината. А ако пак, во светлина одиме, како што е Он самиот во светлина, тоа значи дека ние еден со друг општиме, и крвта на Исуса Христа, Неговиот Син, нè очистува од секаков грев" (1Јв.1:5-7).

'Одењето во темнина' мора да се однесува за еден начин на живот кој е непрекинато и јавно во несклад со светлото на Божјото Слово (Пс.118:105; Изрек.4:18); тоа не се однесува на нашите повремени гревови од слабост, бидејќи следниот стих продолжува, "Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината (т.е. Божјото Слово- Јв.17:17; 3:21; Еф.5:13) не е во нас" (1Јв.1:8).

Оттука е јасно дека дружењето престанува кога еден верник почнува со учења, или живее живот, кои се отворено спротивни на јасното библиско учење: "Не учествувајте во бесплодните дела на темнината, туку изобличувајте ги" (Еф.5:11). Секаков напор треба да се направи да се придобијат назад по примерот на добриот овчар кој ја барал изгубената овца (Лк.15:1-7). Ако братот или сестрата се упорни во лажното учење или погрешното однесување, нужно е да се завери настанатиот прекид на дружење (Мт.18:15-17). Во пракса тоа се прави преку интервју со одговорни членови од една еклезија, и известување за фактот во едно христаделфијанско списание. Меѓутоа, не може да се преистакне дека тој процес се става во дејство само во отворено јасни случаи на држење лажно учење или настојување во недуховен начин на живот. Секој треба да знае дека има малку заедничко помеѓу нас, поради отстапувањето од библиските основни учења, и дека формалното раздружување е нужно.

Еден од најјасните пасуси кој говори за дружењето се наоѓа во 2Кор.6:14-18: "Не впрегнувањете се заедно со неверниците; зашто какво општување постои помеѓу правдата и беззаконието? Што општо има меѓу светлината и темнината? Затоа излезете од нивната средина и одделете се! Вели Господ... и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Отец, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот".

Ние покажавме дека Словото Божјо е светло. Овие стихови објаснуваат зошто не треба да се дружиме со цркви кои учат лажни учења; зошто да не стапуваме во брак со оние кои не ја познаваат Вистината, и да ги избегнуваме светските начини. Поради нашата одвоеност од светот ние имаме голема чест да постанеме синови и ќерки на Самиот Бог, дел од едно светски распространето семејство од други, кои го имаат истиот однос- нашите браќа и сестри. Има само "едно тело", т.е. една вистинска црква (Еф.1:23), која е основана врз оние кои држат една надеж- еден Бог, едно крштевање и "една вера", т.е. едната вистинска постава на учења кои ја сочинуваат едната вера (Еф.4:4-6). Не е можно да се биде дел од тоа "едно тело" и исто така да се дружи со други религиозни организации кои не ја држат вистинската вера. Бидејќи светлото нема ништо заедничко со темнината, ние се изјаснуваме за темнина ако одбереме дружење со неа.

Ако навистина го цениме целиот систем на научната вистина откриена во Писмото, ќе видиме дека оние кои веруваат во лажно учење во име на христијанството, немаат ништо поголемо дружење со Бога од атеистите.

Ако внимателно се следеа студииве, треба да е јасно дека не може да има никаква на пола-пат позиција во односот со Бога. Или сме во Христа со крштевањето во него, или сме надвор од него. Или сме во светло поради нашето држење на вистинското учење и практикуваната покорност на него, или во темнина. Не може некој да држи една нога во два логора.

Нашето познавање на тие работи ни дава еден степен на одговорност кон Бога. Ние сега не одиме по улица ниту продолжуваме со секојдневниот живот како просечниот човек. Бог упорно го очекува нашиот одзив. Тој, како и Господ Исус и сите вистински верници можат скоро да те 'одлучат' во вистинскиот избор. Но како и Бог, Христос и ние ќе направиме сè што можеме да помогнеме- а во Божјиот случај до таму што го дал Својот единствен Син да умре за нас- конечно твоето спасение зависи од волната одлука да се прифати големата Надеж што е сега понудена.

## Студија 11: Прашања

1. Кои промени треба да настанат во нечиј живот при крштевањето?

2. Што значи 'светост'?

а) Да се нема никаков контакт со неверници

б) Да се биде одвоен **од** гревот и **во** Божјите работи

в) Одење во црква

г) Правење добро на другите.

3. Кои дејности се неприкладни за еден вистински христијанин?

4. Што значат зборовите 'светец' и 'еклезија'?

5. Кои од следниве изјави се вистинити за кршењето леб?

а) Треба да го правиме тоа еднаш неделно

б) Треба да го правиме тоа еднаш годишно за време Пасха

в) Лебот и виното се претвораат дословно во телото и крвта на Исус

г) Лебот и виното го претставуваат телото и крвта на Исус.

6. Кои од следниве изјави се вистинити за бракот?

а) Треба да стапуваме во брак само со вистински верници

б) Разводот е допустлив за верниците

в) Брачниот верник чиј партнер е неверник треба да се обиде да остане со него.

г) Во бракот, мажот го претставува Христа а жената верниците.

7. Дали жените треба да држат настава во еклезијата?

8. Дали по крштевањето и запознавањето на вистината, треба сѐ уште да се членува во цркви кои не ја учат целосната вистина?

## Додаток 1: Збир на основните библиски учења

### 1. БОГ

1.1 Постои едно суштествено битие наречено Бог

1.2 кој има одредена локација на Небото

1.3 има вистинско, телесно постоење,

1.4 чиј одраз го имаме ние.

1.5 Ангелите се Негови гласници

1.6 кои не можат да грешат,

1.7 ја делат Божјата природа.

1.8 Има само еден облик на постоење за кој Библијата учи- постоењето во телесен облик. Бог и ангелите постојат во телесен облик.

1.9 Христијанската надеж е дека ќе се добие Божја природа во телесен облик при Христовото враќање.

### 2. БОЖЈИОТ ДУХ

2.1 Божјиот Дух се однесува на Неговата сила, здив и ум,

2.2 преку која ги постигнува сите работи

2.3 и е присутен насекаде.

2.4 Св. Дух се однесува за таа сила користена да се постигнат некои цели.

2.5 Во различни времиња во минатото, луѓето ги имале даровите на Духот.

2.6 Тие се сега повлечени,

2.7 Божјата сила ни е сега откриена преку Неговото слово.

2.8 Св. Дух не ги присилува луѓето на духовност против нивната волја.

2.9 Библијата беше целосно вдахновена од Божјиот Дух.

2.10 Библијата е нашиот единствен авторитет во нашиот однос со Бога.

## 3. ВЕТУВАЊАТА БОЖЈИ

3.1 Евангелието беше проповедано во облик на ветувањата дадени на еврејските татковци.

3.2 Семето на жената во Бит.3:15 се однесува на Христа и праведниците, кои се и беа привремено 'ранети' од гревот, семето змиино.

3.3 Во исполнување на Божјите ветувања, планетата земја никогаш нема да биде уништена.

3.4 Христос беше семето Давидово и Авраамово;

3.5 ние можеме да бидеме во Христа со вера и крштевање,

3.6 така да тие ветувања добијат однос кон вистинските верници.

## 4. БОГ И СМРТ

4.1 По природа човекот е смртник, наведнат над грев и

4.2 е проколнат во исход на Адамовиот грев.

4.3 Христос ја имаше таа човечка природа.

4.4 Душата се однесува на 'нас', нашето тело, мисли или личност.

4.5 Духот се однесува на нашата животна сила/здив и склоност.

4.6 Никој не може да постои како дух без тело.

4.7 Смртта е бесвесна состојба.

4.8 При Христовото враќање ќе има телесно воскреснување само на оние кои го познавале вистинското евангелие.

4.9 Знаењето и ценењето на Божјото слово ќе е основата на тоа судење.

4.10 Целосното доделување на бесмртност ќе биде кај судот.

4.11 Казната на одговорните зли ќе биде вечна смрт.

4.12 'Пекол' се однесува на гробот.

4.13 Гехена беше место до Ерусалим каде отпадот и криминалците беа горени.

## 5. БОЖЈОТО ЦАРСТВО

5.1 Народот на Израел беше царството Божјо во минатото.

5.2 Со тоа е сега завршено, но ќе се преуреди при Христовото враќање,

5.3 во облик на светски распространето царство на земјата, управувано од Христа во Божјо име.

5.4 Првите 1000 год. од царството ќе се видени од вистинските верници на сите векови кои ќе управуваат врз смртниците кои ќе се живи при Христовото враќање.

5.5 Царството према тоа не е сега политички уредено.

5.6 Ние сме спасени од доброчинство преку нашата вера, не нашите дела.

## 6. БОГ И ЗЛО

6.1 'Ѓавол' како збор значи 'лажен обвинител' или 'клеветник'.

6.2 'Сатана' како збор значи 'противник',

6.3 и може да се однесува за добри и лоши луѓе.

6.4 Симболично, ѓавол и сатана можат да се однесуваат на грев и телото.

6.5 Змијата во Едем беше дословно животно;

6.6 записот во Битие за создавањето на човекот и неговиот пад треба да се сфати дословно, а не во чиста симболична смисла.

6.7 'Демони' како грешни, одвоени духови или сили на гревот не постојат.

6.8 Христос каде 'истерува демони' може да се сфати како дел од говорниот јазик кој делотворно значи дека лечел болести.

6.9 Луцифер не се однесува на еден грешен ангел.

6.10 Бог е семоќен; и не ја дели Својата моќ со никакво грешно битие спротивставено на Неговите начини.

6.11 Тешкотиите во животот на верникот конечно се од Бога, а не, дека се

исход на 'лоша среќа' или на грешно битие наречено ѓавол.

## 7. ИСУС ХРИСТОС

7.1 'Тројството' како што е широко сфатено во христијанството е учење кое не е учено во Библијата.

7.2 Христос беше роден од дева Марија

7.3 која беше обична жена од човечка природа.

7.4 Исус имаше човечка природа,

7.5 но совршен, безгрешен карактер,

7.6 сепак Бог не го присили Исуса да не греши; Исус умре како совршена понуда за грев по своја слободна волја.

7.7 Исус беше воскреснат после својата смрт на крстот.

7.8 Исус физички не постоеше пред своето раѓање;

7.9 иако беше во Божјиот ум/намера од почетокот.

7.10 Исус умре како една жртва за нашите гревови

7.11 за да се здобие со спасение за нас и за себе.

7.12 Исус умре како наш претставник,

7.13 не како замена како што нашироко се верува во христијанството.

7.14 Законот на Мојсеј беше окончан со Христовата смрт,

7.15 затоа не треба да го држиме сега, вклучувајќи ја и саботата.

## 8. КРШТЕВАЊЕ

8.1 Без крштевање, не може да има никаква надеж за спасение;

8.2 верувањето и крштевањето ни допуштаат споделување во ветувањата до Авраам,

8.3 и е за опростување на гревовите.

8.4 Крштевањето е со потполно потопување под вода

8.5 на возрасен кој го познава евангелието.

8.6 Оние потопени без целосно познавање на вистинското евангелие треба да се крстат повторно, исправно.

8.7 Разбирање на евангелието е потребно за исправно крштевање.

## 9. ЖИВОТ ВО ХРИСТА

9.1 После крштевањето, верникот треба да прави разумен напор да се одвојува од начините на овој грешен свет,

9.2 и да развие налик на Христа особини.

9.3 Учество во дејности и задоволства кои водат во кршење на Божјите заповеди, пр. употребата на сила и пијанчење, се неприлични на вистинскиот христијански живот.

9.4 Крстените верници се должни да се состануваат и дружат меѓусебе, секогаш и секаде можно.

9.5 Крстените верници треба редовно да кршат леб и пијат вино во спомен на Христовата жртва.

9.6 Редовна молитва и читање на Библијата се нужни за крстениот верник.

9.7 Крстениот верник се дружи само со оние кои го држат вистинското учење и навистина се обидуваат да го применуваат.

9.8 Затоа оние кои престанале да веруваат и не ја применуваат Вистината престануваат да се во заедница со телото на вистинските верници.

**Забелешка: Формалната 'Изјава на едината Вера' која е во употреба преку 100 години е достапна од издавачите.**

Додаток 2: нашиот став за учење на библиската вистина

Сосема е можно да се проучуваат сите основни библиски учења а сепак сè уште да не се сфати личната реалност на пораката. Тој факт може да е многу мачен за оние кои користат ваков прирачник за подучување други кои потоа не успеваат да ги сфатат обработените начела.

Имаше многу оригинален одзив на проповеданото евангелието во 1 век. Луѓето "**од срце** ги примија" зборовите на евангелието и **поради тоа** беа крстени (Дела 2:41). Без искрено чувство за одзив на пораката, едно "верување со љубов", како што Роберт Робертс често го опишуваше тоа, нема никаква смисла за крштевање. Оние кои ќе го примат единствено поради притисок од својот партнер или родители нема да се доследни. Бидејќи сме заинтересирани за доведување луѓе кон спасението повеќе отколку во бројот на крштевки, вреди да се отстапи време во нашето проповедање на евангелието за да се осигураме, дека нашите обратеници ќе дојдат до крштевање со исправниот став.

Оние од Бер "го примија словото со голема усрдност и секој ден го испитуваа Писмото" да проверат што им проповедаше Павле (Дела 17:11). Овој прирачник, всушност секоја човечка литература, е само обид за соодветно одразување на библиското учење. За да има вистински одзив кон евангелието, треба да постои приемчивост за Словото, и вистинска желба да се пребарува Писмото на лично ниво. Тоа нешто проповедникот на евангелието не може нужно да го издејствува; ние можеме само да посочиме на односните библиски пасуси. Верниците во Рим "**од сè срце** му станаа послушни на оној вид учење, кое им се предаде" пред да се крстат (Рим.6:17).

Оние кои тврдоглаво се упорни во телесноста никогаш не ќе можат исправно да ја сфатат вистинската порака на евангелието; тие ќе завршат "на изглед побожни, а од силата... се одрекле... секогаш се учат и никогаш не можат да дојдат до познавањето на вистината" (2Тим.3:1-7). Ние никогаш не ќе го разбереме она што не сакаме. Ако немаме никаква вистинска љубов за праведност, никаква вистинска желба да ги доведиме нашите животи под Божја управа, никогаш не ќе можеме да 'дојдеме до познавањето на вистината', во пркос на сето наше читање на Библијата; нашето проучување ќе биде само една академска вежба.

Има неколку примери на луѓе кои го читаат Писмото, но на некој начин не го читаат. Тоа е болест над која сме сите склони. Евреите во времето на Христа се чинеше дека се многу ревни за Божјото слово; веруваа во записите на Стариот завет дека се вдахновени (Јв.5:45; Дела 6:11); знаеја дека преку проучувањата на тие Писма можат да имаат надеж за вечен живот (Јв.5:39), и секоја седмица јавно ги читаа (Дела 15:21). Покрај тоа, некои од нив поблиску ги проучуваа тие пасуси во текот на седмицата. Меѓутоа, тие потполно не успеваа да го сфатат вистинското значење на Писмата, дека тие посочуваа кон Христа. Исус им кажа едноставно: "Прегледајте го Писмото... оти, ако бевте му верувале на Мојсеја, и Мене ќе Ми поверувавте, зашто тој пишуваше за Мене. Ако, пак, на неговите напишани работи не поверувавте, како тогаш ќе им поверувате на Моите зборови? Мојсеја и пророците не ги (слушате)" (Јв5:39,46,47; Лк.16:29-31).

Можеме да го замислиме гневот на Евреите: 'Но **ја** читаме Библијата! Ние **веруваме** во неа!' Но поради својата тесноградост, всушност не го правеа тоа, тие читаа, но не разбираа; гледаа, но не видоа. Навистина нема толку слепи како оние кои не сакаат да видат. Во секој стадиум од нашиот духовен развој треба да се чуваме од тоа.

## Додаток 3: Близината на Христовото враќање

Христовите зборови во Мт.24:36 јасни се во тоа дека никогаш нема да го знаеме точното време на неговото ИИ доаѓање: "за тој ден и час никој не знае, ниту ангелите небесни, а само Мојот Отец" (ср. Дела 1:7). Меѓутоа кога учениците прашаа "Каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање?" (Мт.24 :3), тој не им кажа дека на прашањето е невозможно да се одговори. Туку им даде знаци кои ќе бидат видени во светот и кои ќе го претходат неговото враќање. Исус немаше да ги даде нив освен ако намераваше генерацијата која ќе живее тек пред неговото доаѓање да може јасно да увиди дека навистина живее во "последните дни". Постои добра причина за надевање и верување дека сме во самите тие последни дни.

## ЗНАЦИ НА ХРИСТОВОТО ДОАЃАЊЕ

Во Матеј 24 и Лука 21, Исус говореше за едно време кога

1) Ќе има лажни пророци кои ќе тврдат дека се Христос
2) Војна и насилие ќе ја исполнат земјата
3) Ќе "има глад, и зарази, и земјотреси"
4) Ќе има и апостаза од вистината
5) Срцата на луѓето ќе им застанат од страв поради очајната состојба на настаните врз земјата; "загрижени од она што ќе го снајде светот" (Лк.21:26 Н.И.В.).

Вистина е дека светот стално бил напаѓан од едно секогаш во пораст ниво на проблеми од овој вид. Исус очито беше свесен за тој факт; затоа е логично да се претпостави дека тој говореше за време кога тие проблеми ќе се толку големи што ќе се заканууваат со уништување на планетава. Несомнено е, за секој внимателен посматрач во светот, дека таква е всушност сегашнава состојба. Неверојатниот оптимизам на човечката природа и нејзиното одбивање реално да се соочи со состојбата, отежнува да се сфати таа реалност.

Следново е само дел од доказите кои се достапни, и покажува дека зборовите на Христа се сега во исполнување:

1) Скоро во секој континент има една постојана струја на шарлатани и харизматици кои ги водат луѓето по нив.

2) Следниве статистики покажуваат колку драматично проблемот на војна е во пораст, во пркос согласноста на човечките напори, како никогаш порано, да се спречи:

| Век | воени жртви (милиони) | број на поголеми војни |
|---|---|---|
| 17ти | 3.3 | ? |
| 18ти | 5.0 | ? |
| 19ти | 5.5 | ? |
| 1900-1945 | 40.5 | 19 |
| 1945-1975 | 50.7 | 119 |

(Извор: Институте Оф Цонфлицт Студиес, Университѕ Оф Лондон)

3) Масовните проблеми на глад и чума ни се добро познати. Сидата е надалеку најголемата светски распространета епидемија за која се знае. Се заканува драматично да ја намали светската популација долгорочно. Освен зборовите на Христа во Мт.24 и Лк.21, има неколку други пасуси кои ги поврзуваат земјотресите со неговото враќање: Иса.2:19-22; Јез.38: 20; Јоил 3:16; Агеј 2:7; Зах.14:3,4. Релативно скората појава на земјотреси кои настануваа во неочекувани места со животни загуби без преседан, можат да посочат дека почнуваме да го гледаме и исполнувањето на знакот за земјотреси. Следниве статистики за земјотреси направени од У.С. Говернмент Департмент оф тхе Интериор, се исто така показателни:

| Година | Заверен број на земјотреси |
| --- | --- |
| 1948 | 620 |
| 1949 | 1152 |
| 1950 | 2023 |
| 1964 | 5154 |
| 1965 | 6686 |
| 1976 | 7180 |

4) Намаленото истакнување на важноста за основно следење на Библијата за да се стекне вистинското учење има исходено во масовна апостаза од библиската вистина. Филозофијата за човечкото единство по секоја цена која сега проникнува во општеството го има забрзано тој процес.

5) Ескападите кои се во пораст видени во секое општество денес се доволен доказ за човечкиот страв од иднината, економистите и екологистите се сложуваат дека светот не може да продолжи каков што е сега. Исцрпувањето и расипувањето на природните ресурси, загадувањето на воздухот, морето и озонската обвивка, здружени со заканите од епидемии и нуклеарно уништување посочуваат на идното уништување на сегашниов свет. Меѓутоа, Бог вети дека тоа нема да се случи (види Осврт 9). За да го одржи тоа ветување, Бог мора наскоро да го прати Исуса за драматично да ја измени оваа планета со уредување на царството врз неа.

## ПРЕПОРОДОТ НА ИЗРАЕЛ

Исус го заокружи својот список на знаци со смелата изјава: "И **тогаш** ќе го видат Синот Човечки како доаѓа на облаци, со сила и слава голема" (Лк.21 :27). Следниот стих нуди охрабрување само на оние кои биле крстени и живеат во добра совест пред Бога: "кога ќе почне тоа да станува (т.е. сега!), исправете се и подигнете ги главите свои, зашто се приближува вашето спасение" (Лк.21:28).

Исус тогаш додаде еден додаток на овие пророштва за своето ИИ доаѓање, во вид на парабола за смоквиното дрво: "Погледајте ја смоквата и сите дрва; кога ќе видите дека потеруваат, сами знаете дека летото е веќе близу. Па така кога ќе видите дека станува ова, знајте оти се приближи царството Божјо (и значи Христовото ИИ доаѓање). Вистина ви велам, нема да премине овој род, дури сето тоа не се исполни" (Лк.21:29-32). Со пупењето на растенијата, ние нагонски знаеме на пролет дека летото или сезонска смена наидува; па така кога 'смоквиното дрво' ќе пропупи, треба исто така да знаеме дека нашата генерација ќе го види второто доаѓање. Смоквиното дрво е библиски симбол за народот на Израел (Јоил 1:7; Ос.9 :10; Јер.24:2 ср. Јез.36:8). Тој посебен знак на Христовото враќање према тоа се однесува за препородот ('потерувањето') на Израел на некој начин. Драматичните настани поврзани со порастот на Израел уште од неговото уредување во 1948 сигурно е показателно во оваа смисла.

## ИДНАТА ИНВАЗИЈА НА ИЗРАЕЛ

Многу библиски пасуси опишуваат една голема инвазија на Израел која ќе настане околу времето на Христовото враќање. Пс.82 ги опишува околните народи на Израел дека ќе се здружат против него, изјавувајќи "Да отидеме и да го истребиме меѓу народите, па да не се спомнува повеќе името Израел... Да го присвоиме за себе светилиштето Божјо" (Пс.82:4,5, 12). Забележи дека оваа инвазија на Израел во последниот ден, ќе настане кога Израел ќе биде еден народ. Нивниот сегашен препород во народ е затоа една нужна предигра во таа голема конечна инвазија на нацијата. Учениците на Библијата го претскажаа препородот на Израел во нација многу години пред да се случи (види пр. Јохн Тхомас,'**Елпис Исраел**', прво издаден во 1848. Препечатеното дело може да се набави од издавачите). Ставот на напаѓачите на Израел подвлечен во Пс.82 е ист како денешниот став на арапските соседи од Израел. Тие постојано ја изјавуваат својата непомирлива омраза кон Израел, и го бараат Ерусалим за свој свет, исламски град. Псалмот продолжува со опишувањето како нивната агресија ќе биде окончана со Божјата драматична интервенција, со исход дека Неговото царство ќе биде уредено ширум светот (Пс.82:13-18).

Многу други пророштва ја опишуваат оваа иста серија на настани: инвазијата на Израел од неговите арапски, северни и други непријатели, што ќе исходи во Божјата интервенција преку Христовото враќање да го уреди царството (пр. Јез.38-40; Дан.11:40-45). Внимателната студија на овие пророштва, обликува важен дел од нашиот духовен пораст наскоро по крштевањето. Зах.14:2-4 е

еден од најјасните од нив "Ќе ги соберам сите народи во војна против Ерусалим; градот ќе биде преземен (ср. Лк.21:24), и домовите разграбени; жените ќе бидат обесчестени... Тогаш ќе излезе Господ и ќе се сврти против тие народи, како што војуваше во борбен  ден (т.е. чудесно ќе се вмеша во светските настани како што направил и порано). И ќе застанат нозете Негови на Елеонската Гора во оној ден, што се наоѓа спроти Ерусалим од источната страна".

Оваа голема инвазија на Израел може да настане во секој момент сега, по дадената брзина која е во пораст на војувања и политички напади. Не е добро размислувањето да чекаме до инвазијата за одзив на евангелието, имајќи ги на ум зборовите на Павле: "кога ќе речат: Мир и безопасност!, тогаш ненадејно ќе ги стигне погибел" (1Сол.5:1-3). Ние никогаш не ќе можеме точно да одредиме кога Христос ќе се врати; ние само знаеме дека тоа е поврзано со една инвазија на Израел од север, и дека таа инвазија има изгледи да настане скоро. Можеби ќе има и други инвазии на Израел пред онаа за која се говори во пророштвата кои ги зедовме во обзир; сепак учениците на Библијата ќе продолжат со внимателното следење на положбата на Израел. Ние знаеме дека Бог конечно ќе се вмеша и дека нозете на Христа ќе стојат на елеонската гора. Од таа гора беше Христовото вознесение на небо, и на неа тој ќе се врати. "Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небото", ангелите им рекоа на учениците додека стоеја на таа гора, и заминаа по својот Господ кој се вознесуваше (Дела 1:9-12).

Ние треба да сме урамнотежени во нашето сфаќање за близината на Христовото враќање. Пророштвата кои се однесуваат за светските настани околу неговото враќање се дадени на големо да ја потврдат верата на оние кои веќе се предале на Христа со крштевањето. Меѓутоа, јасното совпаѓање помеѓу нив и сегашната светска состојба, мора сигурно да ги пленува оние кои тек ќе го направат тој чекор, и исто така ќе ја зацврстат нашата вера во сигурноста на Божјото вдахновено Слово. Ние не треба да сме поттикнувани во нашата покорност кон Бога, од чувство на страв од неизбежното ИИ доаѓање. Само оние кои навистина го "посакуваат Неговото доаѓање" (2Тим.4:8) ќе добијат награда. Сепак итноста на нашата положба, кои живееме на самиот крај на времето и човечката судбина каква што ја знаеме, не треба да престане да притиска врз нас секој ден што го живееме.

Додаток 4: Праведноста Божја

Поучувањето ученици на Библијата откри дека еден број  на поврзани прашања често се појавуваат во времето кога курсот на студијата е завршен. Сите тие се усредоточени околу праведноста Божја. Примерите вклучуваат:

**'Не е чесно тоа што не се сите повикани од Бога да го знаат евангелието'.**

**'Зошто Бог дозволил Адам и Ева да згрешат, па така да доведат маки и потешкотии во животот на своите милијарди потомци?'**

**'Зошто Бог само го одбрал Израел за Свој народ во Стариот завет наместо да му дадеше на секого прилика?'**

Овие проблеми ќе се појавуваат кај сите нас, во било кој стадиум на односот со Бога во кој ќе сме. Наоѓањето на овие работи тешки за сфаќање не е само по себе причина да се одложи одзивот на Божјиот повик. Оваа страна од Христовото враќање, никогаш нема да може крајно да ги осознае нив. Пред 2000 години, еден човек "извика и со солзи рече: Верувам, Господи, помогни му на моето неверие" (Мк.9:24). Ние сите ја имаме таа подвоена личност; дел од нас верува, но другиот дел етикетиран 'неверие' очајно му треба Господовата помош да замолкне. Во деновите или неделите пред крштевање, ова е вообичаено чувство, и донекаде ќе се повторува во сите наши денови.

Нашето 'неверие' често ќе ја зема формата од видот на прашања за Бога дадени горе. Основното нешто за увидување е дека, е незамисливо да го обвинуваме Бога за нечесност или неправедност. Ако го правиме тоа, ние Го судиме Семоќниот во изрази од **наши** перцепции. Велиме кога би биле Бог, **ние** би работеле поинаку. Еден од најголемите човечки неуспеси е несфаќањето на крајната човечка грешност, и конечната праведност Божја. Ако Бог не е крајно праведен, тогаш нема морална појдовна точка во целосното постоење. А со тоа, **нема** вистинска замисла за исправно и погрешно. Целата идеја за религија во Бога станува беспредметна. Како што децата можат да расудуваат за возрасните само во своите ограничени перцепции и парадигми на расудување, така и децата Божји за својот Отец. Но и повеќе; како што е кучето према човекот, така е и човекот према Бога. Јеремија се прашуваше за Божјите начини, но во обид повеќе да го сфати Бога кого го прифати за крајно праведен: "Праведен си Ти, Господи, ако би се оправдал со Тебе; но ќе проговорам за судовите Твои" (Јер.12:1, ср. Пс.88:19,34,39,52).

Сугестијата дека Бог може да е нечесен вметнува дека ние имаме некои права, кои на некој начин Тој ги нарушува. Фактот дека Бог е нашиот Создател и е нашиот постојан Седржител значи дека немаме **никакви** права. Ние живееме **постојано** во Неговата милост, не само кога грешиме. 'Човекови права' е човечки концепт, создаден од луѓето да се оправдаат. Ние дојдовме во овој свет без ништо, и ќе отидеме без ништо. Сè она што сме и што имаме е целосен дар, даден за кратко време да се види како ќе реагираме на тоа. Ако Бог нè повика во поблизок однос со Него, треба радосно да се одзвиеме. Да се одбие тоа зашто други не се поканети,  е да се повреди Бог во еден од најболните можни начини.

Ние сите сме животни по природа (Проп.3:18-20). Можеме да речеме, 'Зошто е одбран човекот да има однос со Бога наместо некое друго животно?' Точните причини не ќе можеме да ги сфатиме, дури кога би ни и се кажале. Така е и со записот за создавањето во Битие. Научното објаснување за како Бог ја создал материјата и ја организирал во бескрајното чудо на универзумот е зад можноста на човечката наука некогаш да сфати. Затоа Бог ги изрази Своите дела на создавање во јазик кој само оние налик-на-деца можат да го прифатат. Така е  со моралните дилеми кои ги наведовме во почетокот на овој додаток. Оваа книга го оцрта библиското учење во врска со тие теми. Нашиот ум не е природно понизен на Божјото Слово; и ќе имаме потешкотии да прифатиме некои од тие работи во начинот на кој Библијата ги изразува. Но треба да увидиме дека проблемот е **наш,** не Божји. Нам на големо ни недостига самоспознавањето потребно за да се прифати дека нашето размислување е во основа манливо и грешно. Треба да го увидиме фактот дека сме озбилно душевно оштетени во споредба со Бога. Нашиот начин на размислување не е само едно скалило подолу од оној на Бога; тоа е еден во основа **различен** мисловен процес од Неговиот. Затоа од нас се бара да го земеме умот Христов, да научиме од Божјото Слово да го сфатиме Неговиот начин на размислување, и се обидеме да го направиме наш сопствен.

Ние сите ќе признаеме дека има многу елементи од Божјото создавање кои се јасно многу добри; очигледно постои некаков концепт на праведност кој извира од нашиот создател, и е откриен во Неговото создание. Проблемот е во тоа, што има други работи во нашето човечко искуство кои се јасно зли и негативни. Тие создаваат некоја забуна за Божјата праведност. Тажно, многу тогаш продолжуваат да се сомневаат во Божјата правичност, па дури и дали Тој постои. Сепак не е ли далеку подобро да кажеме дека веруваме оти Бог е во

основа добар и праведен, како што тврди во Своето Слово, но дека **имаме** проблеми во **разбирањето** на местото од злото во Неговото создание?

"Она што е тајно, му припаѓа на Господа нашиот Бог а она што е откриено ни припаѓа нам" (5Мој.29:29 евр. текст). Евангелието е наречено "она, кое може да се знае за Бога" (Рим.1:19), и имплицира дека има уште многу што не може да се знае. Постојат одредени вистинити начела кои можеме јасно да ги видиме во Божјото Слово; и има многу други фасети од Божјиот карактер кон кои овие нè водат. Но има безброј други "тајни работи" за Божјите начини, до кои немаме пристап во овој живот. Затоа Павле можеше да рече дека во некоја смисла го познавал Христа и Бога, како што можеме и ние (2Тим.1:12; 2Кор.5:16; Гал.4:9; Евр.10:30; 1Јв.2:13), посебно преку лично доживување на Божјата љубов и одзивање на неа (1Јв.4:7,8); но во една друга смисла тој само "знаеше по нешто" (1Кор.13:9, 12), копнејќи за враќањето на Христос, "за да Го познавам (тогаш) Него, и силата на Неговото воскресение" (Филип.3:10).

Како што сме изложени сè повеќе на праведноста Божја преку проучувањето на Неговото Слово, сè повеќе ќе копнееме за доаѓањето на Неговото царство, кога најпосле Неговите праведни особини ќе бидат едноставно, физички изложени на начин за кој сите Негови луѓе радосно ќе знаат и љубат. Тогаш ќе се види крајното решение на сите трауми кои сега ги мачат Божјите деца- умствени, морални и физички: "сега гледаме нејасно преку едно стакло, темно; а тогаш лице во лице: сега знаеме делумно; но тогаш ќе знаеме, како што и ние ќе сме познати" (1 Кор.13:12,13).

**The Christadelphian Advancement Trust**

**49 The Woodfields, Sanderstead, Surrey, CR2 0HJ England**

**Registered Charity No. 1014651**

“Bible Basics” in Macedonian

Duncan Heaster

Carelinks, PO Box 152, Menai NSW 2234 AUSTRALIA

www.carelinks.net info@carelinks.net